СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 3 | Год. LXV | Петок, 9 јануари 2009 | Цена на овој број е 450 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
19.	**Одлука** за прогласување на Амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија.....	**4**
20.	**Одлука** за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Горанското друштво во Република Македонија Скопје.....	**4**
21.	**Одлука** за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски додатоци на општините за 2009 година.....	**4**
22.	**Одлука** за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на интегралната целина Острово за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.....	**5**
23.	**Одлука** за давање на согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G).....	**5**
24.	**Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2009 година.....	**5**
25.	**Одлука** за давање согласност на Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2009 година.....	**5**
26.	**Одлука** за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2009 година.....	**6**
27.	**Одлука** за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на општина Берово.....	**6**
28.	**Одлука** за изменување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар.....	**6**
29.	**Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2009 година на ЈП ХС „Злетовица“ – Пробиштип.....	**6**

		Стр.
30.	**Одлука** за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за работната 2009 година.....	**7**
31.	**Одлука** за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура за 2009 година.....	**7**
32.	**Одлука** за висината на надоместокот што се плаќа за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за другите работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта.....	**7**
33.	**Одлука** за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини со јавен повик.....	**8**
34.	**Решение** за именување членови и нивни заменици за Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.....	**12**
35.	**Решение** за овластување на Здружение на туристички водичи на Македонија за издавање на легитимации за туристички водич и туристички придружник.....	**12**
36.	**Решение** за изменување на Решението за именување на раководител, заменик раководител, секретар и членови на координативното тело за интелектуална сопственост.....	**12**
37.	**Програма** за финансирање, изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на јавните обвинителства за 2009 година.....	**13**
38.	**Програма** за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија.....	**14**
39.	**Програма** за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2009 година…	**17**
40.	**Програма** за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година..	**23**
41.	**Програма** за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година….	**36**
42.	**Програма** за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2009 година……	**47**
43.	**Програма** за развој на туризмот за 2009 година……	**49**
44.	**Програма** за здравје на растенијата во 2009 година……...	**53**
45.	**Програма** за семе и саден материјал во 2009 година……...	**56**
46.	**Програма** за работа на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2009 година……	**60**
47.	**Програма** за здравје за сите и континуирана медицинска едукација за 2009 година……	**67**
48.	**Програма** за вработување на припадниците на заедниците за 2009 година..	**74**
49.	**Програма** за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во Република Македонија за 2009 година……	**82**
50.	**Програма** за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија за 2009 година……..	**87**
51.	**Програма** за геолошко информативниот систем - (GIS) за 2009 година…..	**93**
52.	**Програма** за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги во 2009 година……	**95**
53.	**Програма** за изградба и реконструкција на основни училишта за 2009 година…….	**100**
54.	**Програма** за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2009 година…	**105**
55.	**Програма** за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2009 година……	**109**
56.	**Програма** за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи за 2009 година……	**119**
57.	**Програма** за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија за 2009 година.....	**123**
58.	**Програма** за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година.....	**151**

		Стр.
59.	**Програма** за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија во Република Македонија за 2009 година.....	**173**
60.	**Програма** за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2009 година.....	**181**
61.	**Програма** за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија во 2009 година.....	**183**
62.	**Програма** за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2009 година.....	**199**
63.	**Програма** за ревитализација на селата во 2009 година.....	**215**
64.	**Програма** за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2009 година.....	**217**
65.	**Програма** за развој на спорт и млади за 2009 година.....	**225**
66.	**Годишен план** за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура за 2009 година.....	**232**
67.	**Програма** за остварување на социјалната заштита за 2009 година.....	**233**
68.	**Програма** за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2009 година.....	**243**
69.	**Програма** за развој на заштитата на децата 2009 година.....	**249**
70.	**Програма** за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија во 2009 година	**262**
71.	**Програма** за рамномерен и одржлив регионален развој во 2009 година.....	**267**
72.	**Програма** за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации за 2009 година.....	**270**
73.	**Програма** за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2009 година.....	**272**
74.	**Програма** за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2009 година.....	**274**
75.	**Програма** за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2009 година.....	**277**
76.	**Програма** за основни геолошки истражувања за 2009 година.....	**285**
77.	**Програма** за здравствена заштита на одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани за 2009 година во Република Македонија.....	**287**
78.	**Програма** за остварување на научно – истражувачката дејност, технолошкиот развој и техничката култура во Република Македонија за 2009 година	**292**
79.	**Програма** за проширена репродукција на шумите за 2009 година.....	**298**
80.	**Програма** за детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини за 2009 година.....	**302**
81.	**Програма** "Атрактивни плански региони за 2009 година".....	**304**
82.	**Програма** за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2009 година....	**306**
83.	**Годишна програма** за финансирање на изработка на урбанистички планови во Република Македонија во 2009 година.....	**316**
84.	**Годишна програма** за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2009 година.....	**317**
85.	**Програма** за ревитализација на текстилната индустрија во Република Македонија.....	**320**
86.	**Програма** за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2009 година.....	**324**
87.	**Програма** за превентивна здравствена заштита во Република Македонија за 2009 година.....	**328**
88.	**Правилник** за изменување и дополнувања на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници и за формата и содржината на образецот на дозволата и на возниот ред.....	**399**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

19.

Врз основа на член 131 став 5 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 јануари 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНОТ XXXI НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јануари 2009 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-124/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ПРЕДЛОГ НА АМАНДМАН XXXI НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овој амандман е составен дел на Уставот на Република Македонија и влегува во сила со денот на неговото прогласување

АМАНДМАН XXXI

1. За претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од 40% од избирачите.

2. Со овој амандман се заменува ставот 5 на членот 81 од Уставот на Република Македонија.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

20.

Врз основа на член 20 став 1, а во врска со член 16 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ГОРАНСКОТО ДРУШТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижна ствар – деловна просторија бр. 129 (на втори кат во објектот на Домот на Армијата на Република Македонија во Скопје, КП 12064 КО Центар 1 Скопје, заведена на ИЛ. бр. 9101.

Недвижната ствар од став 1 на овој член, сопственост на Република Македонија, се дава на користење на Горанското друштво на Република Македонија – Скопје.

Член 2

Недвижаната ствар од член 1 на оваа одлука, се дава на времено користење без надомест за периодот од една година од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и Горанското друштво на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7051/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

21.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), а во врска со член 2 од Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОСТВАРЕНИ ПО ОСНОВ НА НАДОМЕСТОК ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ФОСИЛНИ ГОРИВА КАКО НАМЕНСКИ ДОДАТОЦИ НА ОПШТИНИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се распределуваат средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините, во износ од 36.723.132 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распределуваат согласно критериумите утврдени во членовите 4, 5, 6 и 7 од Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/08), на следните општини:

Општина	Износ во денари
Новаци	4.115.256 денари
Битола	15.945.152 денари
Могила	3.388.344 денари
Осломеј	2.094.640 денари
Зајас	672.706 денари
Кичево	5.726.966 денари
Вранештица	113.082 денари
Неготино	1.411.978 денари
Кавадарци	970.561 денари
Демир Капија	355.083 денари
Гази Баба	315.221 денари
Аеродром	174.276 денари
Центар	174.276 денари
Кисела Вода	88.407 денари
Чаир	973.745 денари

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6978/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Грувески,** с.р.

22.

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06 и 84/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПОВТОРНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИНТЕГРАЛНАТА ЦЕЛИНА ОСТРОВО ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈАТА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за повторно прогласување на интегралната целина Острово во категоријата споменик на природата

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7102/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

23.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08) и член 62 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/05, 14/07, 55/07 и 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.01.2009, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ПОЧЕТНИОТ ИЗНОС НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИТЕ, КАКО ЕДНОКРАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ МОБИЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ ОД ТРЕТАТА ГЕНЕРАЦИЈА (3G)

Член 1

Се дава согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, предложен од страна на Агенцијата за електронски комуникации, како еднократен надоместок за доделување на 2 (две) одобренија за користење на радиофреквенции за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација (3G) според стандардот IMT – 2000/UMTS, во Република Македонија.

Член 2

Почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, од член 1 на оваа одлука изнесува 5.000.000 евра по одобрение.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-158/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

24.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2009 година број 02-5449/1 од 29.12.2008 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Службен весник на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-187/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

25.

Врз основа на член 13, став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08 и 130/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА 2009 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2009 година бр. 02-1789/3 од 29.12.2008 година, донесена од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на 29.12.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник Република Македонија“.

Бр. 19-7123/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

26.

Врз основа на член 18 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05) и во согласност со член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2009 година бр. 02-467/7 од 15.12.2008 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 15.12.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6343/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

27.

Врз основа на член 16, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 08/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНА БЕРОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава на времено користење недвижниот имот – Дом на културата „Димитар Беровски“ – Берово, евидентиран во Имотен лист бр. 62, катастарска парцела 1602 со вкупна површина од 511м2, за катастарска општина Берово – Поединеч, во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење за време од 10 годиниа, без надоместок на општина Берово, за потребите на Домот на културата „Димтар Беровски“ – Берово.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 на оваа одлука да се изврши помеѓу општина Берово и Министерството за култура, во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6959/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м- р **Никола Груевски,** с.р.

28.

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 02.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

Во Одлуката за давање на користење на недвижна ствар бр. 19-3969/1 од 19 август 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/2008), во член 1 точката 1 се брише.

Точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7052/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

29.

Врз основа на член 11, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2009 ГОДИНА НА ЈП ХС „ЗЛЕТОВИЦА“ – ПРОБИШТИП

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма за 2009 година на ЈП ХС „Злетовица“ – Пробиштип бр. 0202-1628/4 од 24.12.2008 година донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие на седницата одржана на 24.12.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6336/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

30.

Врз основа на член 9 од Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТНАТА 2009 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за работната 2009 година бр. 02-20468/4-2 од 24.12.2008 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие на седницата, одржана на 24.12.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7091/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м р **Никола Груевски,** с.р.

31.

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05 и 24/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2009 ГОДИНА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура број 22171/1-5 од 17.12.2008 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје на седницата одржана на 17.12.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6849/2
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

32.

Врз основа на член 64 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА ДАВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ И ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МОТОРИЗИРАНИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА, ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ ОД ЈАВНИТЕ ПАТИШТА НА ОШТЕТЕНИТЕ ВОЗИЛА И ВОЗИЛА ВО ДЕФЕКТ, КАКО И ЗА ДРУГИТЕ РАБОТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината на надоместокот за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта.

Член 2

Висината на надоместокот од член 1 на оваа одлука изнесува:

1. За патнички автомобили, автобуси,
товарни моторни возила.....100,00 денари.
2. За мотоциклите.....50,00 денари.

Член 3

Сите станици за технички преглед на возилата се должни при регистрација на возилата задолжително да го наплаќаат утврдениот надоместок од член 2 од оваа одлука.

Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за висина на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила („Службен весник на СРМ“ бр. 14/86, 10/87, 39/87, 15/88, 49/88, 17/89, 35/89, 45/89).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5005/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

33.

Врз основа на член 10, став 2 од Законот за минерални суровини(„Службен весник на Република Македонија" бр.24/07 и 88/08) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.12.2008 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ СО ЈАВЕН ПОВИК

1. Со јавен повик ќе се додели концесија за вршење на детални геолошки истражувања за неметалични минерални суровини, метални минерални суровини, украсен камен и подземни води на локалитетите утврдени во Програмата за детални геолошки истражувања за 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 141/2008) и тоа:

I - НЕМЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

- Т-1/1. минерална суровина гипс на локалитетот "Мелничани"– Дебар;
- Т-1/2. минерална суровина гипс на локалитетот "Мелничани"– Дебар
- Т-1/3. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Ѓопчели"–Дојран;
- Т-1/4. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Глуво" – Чучер Сандево;
- Т-1/5. минерална суровина варовник на локалитетот "Глереждино" – Сопиште;
- Т-1/6. минерална суровина варовник на локалитетот "Ласкарце" – Сарај;
- Т-1/7. минерална суровина варовник на локалитетот "Вртекица" с. Горно Количани – Гази Баба;
- Т-1/8. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Бороец" – Струга;
- Т-1/9. минерална суровина опалска бреча на локалитетот "с. Спанчево" – Чешиново - Облешево;
- Т-1/10. минерална суровина глина на локалитетот "Ергела" – Новаци;
- Т-1/11. минерална суровина собирен кварц на локалитетот "Садоица" – Чашка;
- Т-1/13. минерална суровина кварцит на локалитетот "Црвен Камен" – Липково;
- Т-1/14. минерална суровина кварц на локалитетот "Голозинци" – Свети Николе;
- Т-1/15. минерална суровина кварц на локалитетот "Штавица" – Прилеп;
- Т-1/16. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Возарци" – Кавадарци;
- Т-1/17. минерална суровина кварц на локалитетот "Дисаќи" с. Ораов Дол – Чашка;
- Т-1/18. минерална суровина кварц на локалитетот "Пржани" – Кочани;
- Т-1/19. минерална суровина песок и чакал на локалитетот "с. Добрешинци" – Струмица;
- Т-1/20. минерална суровина песок и чакал на локалитетот "с. Младо Негоричане" – Куманово;
- Т-1/21. минерална суровина песок и чакал на локалитетот "Динк", Мацари – Гази Баба;
- Т-1/22. минерална суровина варовник на локалитетот "Сушички Мост", с. Д. Бањица - Гостивар;
- Т-1/23. минерална суровина доломит на локалитетот "Сушички Мост", с. Д. Бањица - Гостивар;
- Т-1/25. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Капиново" – Чашка;
- Т-1/26. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Лабуништа" – Струга;
- Т-1/27. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Чајле" – Гостивар;
- Т-1/28. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Форино" – Гостивар;
- Т-1/29. минерална суровина варовник на локалитетот "Требински равенци" с. Суво Дол – Македонски Брод;

- Т-1/30. минерална суровина варовник на локалитетот "Долги Рид" с. Суво Дол – Македонски Брод;
- Т-1/31. минерална суровина доломит на локалитетот "с. Суводол" – Македонски Брод;
- Т-1/32. минерална суровина варовник на локалитетот "Кара Тарла" с. Шашаварлија – Карбинци;
- Т-1/33. минерална суровина варовник на локалитетот "Камено брдо", с. Никоман – Карбинци;
- Т-1/36. минерална суровина варовник на локалитетот "Рамниште", с. Вишни - Струга;
- Т-1/38. минерална суровина собирен кварц на локалитетот "с. Слепче" – Долнени;
- Т-1/39. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Калишта" – Струга;
- Т-1/46. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Теово" – Велес;
- Т-1/53. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Радање" - Штип;
- Т-1/58. минерална суровина туф на локалитетот "Габер", с. Макреш - Куманово;
- Т-1/59. минерална суровина туф на локалитетот "Расје", с. Макреш - Куманово;
- Т-1/64. минерална суровина глина на локалитетот "с. Ајватовци" – Гази Баба;
- Т-1/67. минерална суровина глина на локалитетот "с. Љубинци – с. Петралица" - Ранковце;
- Т-1/71. минерална суровина песок на локалитетот "Шупли Камен" - Куманово;
- Т-1/76. минерална суровина туф на локалитетот "с. Трипатанци" - Пробиштип;
- Т-1/82. минерална суровина дијабаз на локалитетот "с. Удово" - Гевгелија;
- Т-1/85. минерална суровина песок на локалитетот "с. Моране" - Петровец;
- Т-1/86. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Мало Рувци" - Прилеп;
- Т-1/87. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Тополчани" - Прилеп;
- Т-1/88. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Вепрчани" - Прилеп;
- Т-1/89. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Страчинци" – Гази Баба;
- Т-1/91. минерална суровина песок и чакал на локалитетот "с. Горно Коњаре" - Петровец;
- Т-1/92. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Извор" - Велес;
- Т-1/94. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Бигла" - Делчево;
- Т-1/106. минерална суровина кварц на локалитетот "Чукарица" – Ранковце;
- Т-1/107. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Пелинце" - Куманово;
- Т-1/108. минерална суровина кварц на локалитетот "Малиште" - Ранковце;
- Т-1/111. минерална суровина туф на локалитетот "Стари Лозја" – Кратово;
- Т-1/112. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Псача" – Крива Паланка;
- Т-1/115. минерална суровина кварц на локалитетот "Бријa", с. Мојанци - Арачиново;
- Т-1/116. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Подмол" - Прилеп;
- Т-1/117. минерална суровина варовник на локалитетот "Цуцул", с. Говрљево - Сопиште;
- Т-1/118. минерална суровина туф на локалитетот "Карацин Крст", с. Шопско Рудари - Кратово;
- Т-1/120. минерална суровина варовник и кварц на локалитетот "с. Отља" - Липково;
- Т-1/121. минерална суровина варовник на локалитетот "Краста", с. Бороец - Струга;
- Т-1/124. минерална суровина варовник на локалитетот "Каратаж", с. Горна Бањица - Гостивар;
- Т-1/126. минерална суровина варовник на локалитетот "Краста", с. Лабуништа - Струга;
- Т-1/128. минерална суровина варовник на локалитетот "Радибуш" - Ранковце;
- Т-1/131. минерална суровина варовник на локалитетот "Чурјан" – Маврово - Ростуше;
- Т-1/132. минерална суровина варовник на локалитетот "Краста", с. Делгожда - Струга;
- Т-1/133. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Рогле" - Желино;
- Т-1/134. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Тројаци" - Прилеп;

- Т-1/135. минерална суровина варовник на локалитетот "Дебарско Езеро" - Дебар;
- Т-1/136. минерална суровина варовник на локалитетот "Голем Габер" – Карбинци;
- Т-1/141. минерална суровина шкрилец на локалитетот "Мал Габер" – Штип;
- Т-1/142. минерална суровина кварц на локалитетот "с. Селце" – Крушево;
- Т-1/144. минерална суровина кајанит на локалитетот "Кашка", с. Кишино – Велес;
- Т-1/157. минерална суровина варовник на локалитетот "с. Горна Бањица" – Гостивар;
- Т-1/159. минерална суровина песок и чакал на локалитетот "с. Трубарево" – Аеродром;
- Т-1/163. минерална суровина кварцен песок на локалитетот "Петрова Слатина", с. Младо Негоричани – Старо Негоричане;
- Т-1/170. минерална суровина бентонитска глина на локалитетот „Крива круша„ и „Ранковци„ – Ранковце;

II. МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

- Т-2/2. минерална суровина олово и цинк на локалитетот "Аниште" – Крива Паланка;
- Т-2/4. минерална суровина хром на локалитетот "Арничко", с. Рожден – Кавадарци;
- Т-2/5. минерална суровина злато, бакар, сребро и др. на локалитетот "Коњско" – Гевгелија;
- Т-2/6. минерална суровина бакар, злато, сребро и др. на локалитетот "Иберли" – Конче;
- Т-2/8. минерална суровина злато, бакар, сребро и др на локалитетот "Плавуш" – Валандово;
- Т-2/9. минерална суровина злато, бакар, сребро и др на локалитетот "Садишка Река" – Крива Паланка;
- Т-2/10 минерална суровина олово и цинк на локалитетот "Сокол - Тораница" – Крива Паланка;
- Т-2/15. минерална суровина злато, бакар, сребро и др на локалитетот "Серменин" – Гевгелија и
- Т-2/19. минерална суровина олово и цинк на локалитетот "Зеленград", с. Јамиште – Пробиштип.

III. УКРАСЕН КАМЕН

- Т-3/1. минерална суровина мермер на локалитетот "Црн Габер", с. Бабино – Демир Хисар;
- Т-3/2. минерална суровина гранит на локалитетот "Косовска Река", с. Чаниште – Прилеп;
- Т-3/4. минерална суровина мермер на локалитетот "Кладник", с. Козица – Кичево;
- Т-3/5. минерална суровина оникс и травертин на локалитетот "Рамна Шума", с. Бешиште – Прилеп;
- Т-3/6. минерална суровина гранит на локалитетот "Чашките", с. Пештани – Прилеп;
- Т-3/7. минерална суровина травертин на локалитетот "Поличе", с. Манастир – Прилеп;
- Т-3/9. минерална суровина мермер на локалитетот "Гробишта", с. Палчиште – Тетово;
- Т-3/10. минерална суровина оникс и травертин на локалитетот "Поле", с. Бешиште – Прилеп;
- Т-3/12. минерална суровина мермер на локалитетот "Дуф" Маброво – Ростуше;
- Т-3/15. минерална суровина мермер на локалитетот "Рамниште", с. Мелница – Прилеп;
- Т-3/16. минерална суровина мермер на локалитетот "Скрка", с. Вепрчани – Прилеп;
- Т-3/17. минерална суровина мермер на локалитетот "Цуцулето", с. Вепрчани – Прилеп;

- Т-3/18. минерална суровина мермер на локалитетот "Тумба", с. Беловодица – Прилеп;
- Т-3/19. минерална суровина мермер на локалитетот "Гумниште", с. Беловодица – Прилеп;
- Т-3/20. минерална суровина мермер на локалитетот "Голем Раст", с. Бешиште – Прилеп;
- Т-3/21. минерална суровина мермер на локалитетот "Мала Скрка", с. Бешиште – Прилеп;
- Т-3/22. минерална суровина мермер на локалитетот "Краста", с. Дебреште – Прилеп и
- Т-3/23. минерална суровина оникс на локалитетот "Гулабова пештера", с. Бешиште – Прилеп.

IV. ПОДЗЕМНИ ВОДИ

- Т-4/1. минерална суровина подземна вода на локалитетот "с. Габрово" – Струмица;
- Т-4/2. минерална суровина подземна вода на локалитетот "с. Горна Белица" – Струга;
- Т-4/3. минерална суровина минерална вода и гас CO_2 на локалитетот "с. Пирок" – Боговиње;
- Т-4/6. минерална суровина подземна вода на локалитетот "с. Крушеани" – Кривогаштани;
- Т-4/7. минерална суровина подземна вода на локалитетот "Панчарица", с. Бачишта - Зајас;
- Т-4/8. минерална суровина подземна вода на локалитетот "с. Драгожел" – Кавадарци;
- Т-4/10. минерална суровина подземна, минерална, термоминерална и термална вода на локалитетот "Рудо поле", с. Стрновец – Старо Негоричане;
- Т-4/11. минерална суровина подземна вода на локалитетот "Маркови Кули" – Кавадарци;
- Т-4/13. минерална суровина подземна вода на локалитетот "с. Гари" – Дебар;
- Т-4/15. минерална суровина подземна вода на локалитетот "Клисе Баир" – Штип;
- Т-4/16. минерална суровина подземна вода на локалитетот "с. Лешок" – Теарце;
- Т-4/17. минерална суровина подземна вода на локалитетот "Рушена црква", с. Ничипур – с. Нистрово, Мавровo - Ростуше;
- Т-4/18. минерална суровина подземна вода на локалитетот "Михајлова ливада", с. Ничипур, Мавровo - Ростуше;
- Т-4/19.минерална суровина подземна, минерална, термоминерална и термална вода на локалитетот "Мала Боска - Топлак", с. Николиќ – Дојран и
- Т-4/21.минерална суровина подземна, минерална, термоминерална и термална вода на локалитетот "Виничка Вада" – Кочани.

2. Јавниот повик ќе се организира и спроведе како постапка за доделување концесија со отворен повик.

3. Јавниот повик од точка 1 на оваа одлука го објавува Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија формирана од страна на министерот за економија.

4. По одобрување на тендерската документација за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини со јавен повик Комисијата од точка 3 на оваа одлука во рок од пет дена ќе го објави јавниот повик во домашни јавни гласила.

5. Министерот за економија ќе ја формира Комисијата од точка 3 на оваа одлука во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6219/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,**

34.

Врз основа на член 4 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/05 и 84/07) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Член 1

Се формира Комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст: Комисија).

1. За членови на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба се именуваат:

- Билјана Д. Стојановска, Министерство за економија,
- Антонио Тодоровски, Министерство за одбрана,
- Драган Арнаудовски, Министерство за внатрешни работи,
- Горан Стевчевски, Министерство за надворешни работи,
- Елизабета Николовска, Царинска управа на Република Македонија,
- Оливера Нечовска, Секретаријат за законодавство,
- Слободан Стојановски, Генерален секретаријат.

2. За заменици членови на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба се именуваат:

- Илир Шабани, Министерство за економија,
- Елена Јовановска, Министерство за одбрана,
- Тихомир Серафимовски, Министерство за внатрешни работи,
- Мајкл Сибиновски, Министерство за надворешни работи,
- Бобан Станковски, Царинска управа на Република Македонија,
- Ирена Јованова, Секретаријат за законодавство,
- Зоран Брњарчевски, Генерален секретаријат.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6568/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

35.

Врз основа на член 44, став 4 и член 48, став 4 од Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04 и 89/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИИ ЗА ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ И ТУРИСТИЧКИ ПРИДРУЖНИК

1. Се овластува Здружението на туристички водичи на Македонија да издава легитимации за туристички водич и туристички придружник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7053/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

36.

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛ, ЗАМЕНИК РАКОВОДИТЕЛ, СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

1. Во Решението за именување на раководител, заменик раководител, секретар и членови на Координативното тело за интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/07, 116/07 и 32/08) во точката 1, потточка в) алинеја 1 се менува и гласи:

„- Сашо Аќимоски, директор на Државниот пазарен инспекторат при Министерството за економија“.

Во алинејата 2 зборовите: „раководител на Сектор за внатрешен пазар“, се заменуваат со зборовите: „Државен советник“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7038/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

37.

Врз основа на член 92, став 2 и 3 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/07 и 11/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредуваат висината и намената на средствата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на јавните обвинителства како и извор на средствата и орган надлежен за реализација на Програмата.

II

За извршување на активностите до декември 2009 година се предвидуваат инвестициони активности во вкупна висина од 600.000,00 денари обезбедени од Буџетот на Република Македонија, во Министерството за правда на Раздел 07001, Потпрограма 1Б – реконструкција и опремување на јавните обвинителства:

Ставка	Износ	Корисник
481 – градежни објекти	500.000,00	Совет за јавни обвинители
483 – Купување на мебел, опрема, возила и машини	100.000,00	Совет за јавни обвинители

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6527/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

38.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07,19/08 и 82/08),Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2 Јануари 2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА КЛАСТЕРСКОТО ЗДРУЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија за 2009 година (во натамошниот текст: Програма) се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за користење на средства од Буџетот на Република Македонија за 2009 година, наменети за зголемена конкурентност на македонската економија која води кон економски раст, развој и иновации (во натамошниот текст Буџет).

Средствата од Буџетот наменети за Програмата, ги распоредува Министерството за економија.

1

Средствата од Буџетот во вкупен износ од **2.200.000,00 денари** наменети поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија и услуги во 2009 година, ќе се користат за следниве намени:

1.1. Изработка на каталог-карта и веб страна на кластерите во износ од 300.000,00 денари

Постапката за избор на изготвувач на каталог-карта и веб страна на кластерите, ќе се спроведе во Министерството за економија во согласност со Законот за јавни набавки (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 136/2007 и 130/08).

Каталог-картата и веб страната на постојните и потенцијалните кластери во Република Македонија, ќе придонесе за популаризација на самиот процес на кластеринг, подигање на свеста за полезноста од ваквиот начин на здружување, интернационализација на кластерите и нивниот потенцијал во европски и светски рамки.

1.2. Обука за унапредување на менаџментот во износ од 300.000,00 денари

Постапката за избор на понудувач за организирање на обуки за унапредување на менаџментот на кластерите, ќе се спроведе во Министерството за економија во согласност со Законот за јавни набавки (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 136/2007 и 130/08).

Изборот на водечките претприемници се зачнува низ индивидуални разговори. Во оваа фаза водечка улога игра надворешниот координатор (развојна агенција), која мора да ги избере и да ја придобие довербата на водечките

менаџери во избраните претпријатија, кои се спремни да соработуваат при обликувањето и водењето на гроздот. Водечката група во почетната фаза е обликувана неформално, покасно водењето на гроздот се формализира.
Планирањето на работата на деловниот грозд мора да биде насочено кон иднината. Во примерот на планирање на краток рок – вообичаено тоа е една година- па моделот се нарекува тактичко планирање. Со краткорочното планирање се поврзуваат среднорочните развојни задачи.

1.3. Регионално поврзување и вмрежување со кластерски асоцијации во регионот и ЕУ во износ од 300.000,00 денари

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на повик во јавните гласила за покажување на интерес за вмрежување со кластери и кластерски асоцијации во регионот и ЕУ, со поднесување на програма за планирани активности и докажување на трошоците поврзани со соодветните активности.

Важна карактеристика на водечките пазарни стопанства е воведување на различни облици на меѓу-организациска соработка, која ги дополнува и во некои случаи и ги заменува хиерархиските облици на водење на посебните и јавните институции. Врските се воспоставуваат како од внатре во претпријатијата, така и меѓу претпријатијата – на пример меѓу претпријатието и неговите добавувачи, конкуренти или купувачи. Исто така може да се работи и за поврзување на претпријатието со јавна институција или пак поврзување меѓу јавни институции

1.4. Поддшка за формирање на нови кластери во износ од 300.000,000 денари

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на повик во јавните гласила за покажување на интерес за кластерско организирање, со поднесување докази за хоризонтално и вертикално поврзување на претпријатија, научни и R&D институции.

Присутноста на претпријатијата, добавувачите и институциите на определена локација создава потенцијал за создавање на економска вредност, но не обезбедува нејзина вистинска реализација. Поради блиѕината на претпријатијата и институциите се формира некаков облик на заедница, во која расте бројот и интензитетот на интеракциите. Тие во успешните гроздови прераснуваат во трајни врски меѓу поединците, претпријатијата и институциите, а меѓусебните односи, пак, можат значително да влијаат врз продуктивноста и иновативноста

* * *

Трошоците наменети за точките 1.3 и 1.4 , ќе им бидат исплатени на кластерските здруженија во зависност од расположивите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во Архивата на Министерствтото за економија.

1.5. Организирање на конференција за кластерите во износ од 1.000.000,00 денари

Во функција на размена на добри практики и искуства, како и оценка на процесот на кластеринг во Република Македонија, Министерството за економија ќе

организира Регионална конференција за кластеринг. Предвидени трошоци кои се поврзани со организација на конференцијата:

- изнајмување на просторија за Конференцијата
- потребна опрема и материјали
- ангажирање на предавачи и преведувачи
- коктел.

Развојот на конкурентските капацитети на македонската економија во мегународни рамки, унапредување на производство базирано на знаења, примена на високи технологии, истражување и развој, захтеваат значајни барања кон кои една извозно ориентирана економија треба се стреми.

Во функција на унапредување на интернационалниот капацитет за конкурентност, унапредување на структурата на капиталот и знаењата базирани на вискои технологии, истражување и развој, Република Македонија гради извозно ориентирана стратегија и модел базиран на индустријализација. Кластерската политика се користи како алатка за поддршка на социјалниот и економскиот развој на Република Македонија.

Иновативноста е интерактивен процес помеѓу приватниот сектор, јавните истражувачи и иновативните актери. Концептот на кластерска политика треба да биде насочен кон зацврстување на јавно приватно партнерство во правец на поттикнување на растот на технолошките сектори, како и на традиционалните индустрии.

2

Министерството за економија за реализација на буџетските средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Макеонија за реализација на Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија во 2009 година, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31 Јануари 2010 година. Извештајот ќе содржи и индикатори за успешност од реализацијата на Програмата и тоа: број на новооформени кластери, број на мрежни поврзувања на кластерите, број на спроведени обуки.

3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија,, .

Бр. 19-6398/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

39.

Врз основа на член 32, став 1, точка 10 од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Болестите на зависности се сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски последици на поединецот, семејството и општеството во целост.

Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различни субјекти во општеството, во рамките на ресорните институции и организации, како и организациите во граѓанскиот сектор.

Болестите на зависност, односно растројствата во поведението и душевните растројства предизвикани со употреба на психоактивни супстанци во нашето општество се шират со загрижувачки брзо темпо, пред се меѓу младите, а се почесто дури и кај малолетните лица. Во Република Македонија во изминатите години се бележи постојан и прогресивен пораст на употреба и злоупотреба на разни психоактивни супстанци, на легалните и нелегалните дроги, поради што во последните години, голем број на лица и нивни семејства побарале помош и третман.

Употребата и злоупотребата на психоактивни супстанци често води до развивање на зависност, која по правило има хроничен, рецидивантен и прогресивен тек. Најчесто и најмасовно користени легални психоактивни супстанци, кај нас и во светот се: кофеинот, никотинот и алкохолот, како и седативно - хипнотични лекови и аналгетици, додека од илегалните - марихуаната. Во последно време се почесто користени недозволени супстанци се хероинот и кокаинот.

Точниот број лица што употребуваат, злоупотребуваат или се зависни од разни видови психоактивни супстанци останува непознат. Според достапните извори на податоци се претпоставува дека во Република Македонија 20.000-30.000 претежно млади лица доаѓаат во контакт со разни видови психоактивни супстанци, во кои не се вбројуваат зависниците од тутун и алкохол.

Од легалните психоактивни супстанци во Република Македонија најчесто и најмасовно злоупотребуван е алкохолот. Се смета дека околу 60.000 лица во Републиката имаат проблеми поврзани со консумирање алкохолни пијалоци. Во последните десетина години постои тенденција за зголемување на бројот на млади лица (и под 16 год. возраст), како и на возрасни лица во нивниот најпродуктивен период од животот кои злоупотребуваат алкохол со можност за развивање на зависност. Посебно загрижува фактот дека се почесто се евидентираат бремени жени кои со злоупотребата на алкохол негативно влијаат врз растот и развојот на плодот. Истовремено забележан е пораст на бројот на здравствени, се-

мејни и социјални проблеми, но и пораст на девијантното однесување кај младите, на криминалитетот и сообраќајните деликти поврзани со употребата и злоупотребата на алкохол во Републиката.

Злоупотребата на психоактивни супстанци кои легално се препишуваат, пред се седативно-хипнотичните лекови и аналгетици е исто така честа, па дури и масовна појава во Република Македонија, како меѓу возрасните, така и меѓу младите, а се почеста и загрижувачка е и комбинација на овие лекови со алкохол.

Од илегалните дроги најмасовно користена дрога е марихуаната, а помеѓу 8 -10.000 лица се зависници од хероин, кои во околу 90% хероинот го злоупотребуваат по интравенозен пат. Зависниците од хероин се со сериозни здравствени и социјални проблеми. Високото ризичното однесување при интравенозната злоупотреба, т.е. опасноста од ширење на бројни преносливи инфекции, како по крвен и така и по сексуален пат, пред се оние предизвикани од вирусите на ХИВ и Хепатитис Б и Ц доведуваат до висок ризик од смртен исход при истото.

Освен тоа, во последниве години, во светот и кај нас се бележи пораст на користење и на синтетски дроги од типот на екстази, ЛСД и др., но се зголемува и бројот на лица што злоупотребуваат кокаин и крек, дрога со чие навлегување во заедницата се смета дека се нарушува социјалниот мир и безбедност. Злоупотребата како на легалните така и на илегални дроги придонесува и за зголемување на криминалот како и на здравствените, социјалните и економските последици.

И покрај вака алармантните состојби, во изминатиот период третманот на овие сериозни социо-медицински појави е скоро целосно препуштен на медицинските институции, пред се на психијатриските и се одвива на товар на здравството и здравственото осигурување, давајќи скромни резултати, во услови на целосно отсуство на подршка од другите неопходни системи.

Третманот на лицата зависни од алкохол актуелно е со доминантна психијатријска ориентација и се одвива пред се во болнички услови, во трите големи психијатриски болници во државата (Скопје, Демир Хисар и Негорци), а се врши болнички и дневноболнички. Лицата зависни од алкохол помалку се лекуваат на одделенијата за невропсихијатрија во општите болници во Републиката. Со оглед на бројот на зависници од алкохол во Републиката (околу 60 000) оваа бројка е недоволна.

Министерството за здравство со поддршка на СЗО, а во согласност со нејзините препораки подготви Стратегија за намалување на штетните последици од злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во Република Македонија 2008-2012 година, која е усвоена на седница на Владата на РМ во август 2007 година, а истовремено Министерството планира во 2008 год. да започне процес на дисперзија на служби за превенција и третман на злоупотреба на алкохол низ Републиката. Со ова ќе се подобри превенцијата на злоупотреба на алкохол кај младата популација, третманот на лицата-зависници од алкохол и на членовите на нивниот семејства, ќе се намалат последиците предизвикани од злоупотреба на алкохол како што се повреди и смртни случаи од сообраќајни незгоди, повреди на работа, инвалидитет, намалување на хроничните болести како последица на алкохолната болест, и

ќе се обезбедат достапни информации за штетите кои ги предизвикува злоупотребата на алкохол кај целокупното население.

Во Република Македонија, се почесто се појавува и семејното насилство за кое, во околу 80% е виновна злоупотребата на алкохол од страна на насилниците. Заради тоа, заложбите на Министерството за здравство заедно со Министерството за труд и социјална политика се усмерени кон донесување на Програми за нивни третман кој што може да биде болнички, дневно болнички и во советувалишта со интердисциплинарен пристап.

Лицата зависни од нелегални дроги се хоспитално третирани во Психијатриската болница Скопје и во психијатриските болници во Демир Хисар и Негорци, додека дневно-болнички третман се спроведува во Центарот за превенција и третман на злоупотреба и зависност од дроги во Кисела Вода (кој претставува одделение на Психијатриска болница Скопје) и во 7 други центри во Републиката - Штип, Гевгелија, Охрид, Битола, Струмица, Куманово и Тетово. Хоспиталниот третман се спроведува на 40-тина лица на Одделението за детоксикација како и на другите одделенија во Психијатриските болници). Во многу помал број овие лица се третираат на невропсихијатриските одделенија во општите болници низ Републиката (Струмица, Штип, Куманово, Охрид, Битола и др). пред се со програми за детоксикација кои даваа скромни резултати кај мал процент лица зависни од хероин.

Креирањето на ефикасни и достапни терапевтски програми за лицата што злоупотребуваат дроги, пред се по интравенски пат, со што едновремено успешно ке се превенира и ширењето на вирусите на ХИВ, Б и Ц жолтицата и други по крвен и сексуален пат преносливи инфекции меѓу истите, како и на европските и светски стандарди за достапни, флексибилни, ефикасни и економични служби, почнато во 2005 година по препораките на СЗО, продолжува и понатаму. Досегашните резултати постигнати во соработка со Глобалниот фонд е: дисперзија на централизираните служби за превенција и третман на злоупотреба на дроги со вклучување и на терапијата на одржување со метадон, организирани по принцип на дневни болници. Во овие служби се лекуваат преку 300 лица зависни од хероин, а нивниот број секојдневно расте. Отворена е служба за превенција и третман на злоупотреба на дроги во КПУ Идризово, со капацитет од најмалку 150 до 200 лица третирани со метадон. 80 неосигурени.

Според сето ова, во трите специјализирани психијатриски болници дневно хоспитално се третираат околу 200 пациенти со болести на зависност, (алкохолизам и зависност од дроги), најчесто во период од три месеци од кои 50 пациенти се со судска одлука со изречена мерка задолжително лекување и чување во болнички услови, а 50 пациенти не се осигурани по ниту еден основ согласно Законот за здравствено осигурување. Од наведените показатели видно е дека во Републиката се лекуваат 100 лица кои немаат основ за осигурување како и 240 лица кои се лекуваат над 30 до 90 дена. Освен тоа, голем број лица се лекуваат и во дневните болници.

Во натамошниот период, дел од активностите на Глобалниот фонд ги презема Министерството за здравство, а ќе бидат опфатени превен-

тивно - промотивните активности и третманот на пациентите (медиумска кампања - аудио/видео, печатени материјали, дистрибуција на информативни материјали). Притоа е предвидено отворање на 5 нови Центри за превенција и третман од злоупотреба од дроги во Велес, Кавадарци и 3 во Скопје.

За третман на еден пациент со метадонска терапија месечно потребно е:

		Количина	Единечна цена	Вкуп.износ во денари
1.	Метадон (просечно 66 мг./на ден по пациент)	2000мг/мес.	0,681 за мг.	1 362
2.	Чаши	35	1 денар	35
3.	Пластично шише	9	6 денари	54
4.	Ракавици	3	3 денари	9
5.	Спирт	1	7 денари	7
6.	Бетадине	1	30 денари	30
7.	Игла	28	1 денар	28
8.	Маска	4	10 денари	40
9	Шприц	28	2 денари	56
10.	Вата	1	11 денари	11
11.	Стикови	4	95 денари	380
	ВКУПНО			**2 012**

Третманот на пациентот е мултипрофесионален и опфаќа терапии – индивидуални и групни со доктор, психолог, социјален работник, контрола од специјалист психијатар (најмалку една неделно), како и работа со работен терапевт.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2009 година се потребни средства за:

- обезбедување на метадон на 600 лица во дневно-болнички третман во Центрите за превенција и третман од злоупотреба од дроги на дневно-болнички третман,
- зависници кои не се здравствено осигурани по ниеден основ,
- зависници - судски случаи
- зависници кои се третираат над 30 до 90 дена,

Потребни се следните средства:

А.	**Метадон / Пациенти**	**Број на дози**	**Годишно**	**Единечна цена**	**Износ**
1.	**За обезбедување метадон за 600 лица со болести на зависност**	**1.200.000 мг./месец**	**14.400.000 мг/година**	**0,681**	**9.806.400,00**
	ВКУПНО:				**9.806.400,00**

Б.	Болничко лекување	Број на пациенти	Цена на болн. ден со лекови	Денови лекување	Износ
1.	Судски случаи - зависници	60	400,00	365	8.760.000,00
2.	Зависници - неосигурени лица	50	400,00	60	1.200.000,00
3.	Зависници од дрога во акутна состојба над 30 - 90 дена	98	400,00	60	2.352.000,00
4.	Зависници од алкохол во акутна состојба над 30 - 90 дена	98	400,00	60	2.352.000,00
	ВКУПНО:	310			14.664.000,00

1. Судски случаи - зависници: доколку Министерството за правда не обезбеди средства за овие лица, услугите за нив ќе се финансираат од вкупните средства на ова Програма.

В.	Лекување во Дневни болници	Број на пациенти	Цена на болн. ден	Денови лекување	Износ
1.	Зависници од алкохол над 30 до 90 дена	200	110,00	60	1.320.000,00
2.	Зависници од дрога без метадон над 30 до 90 дена	50	110,00	60	330.000,00
3.	Зависници од дрога со метадон над 30 дена	700	110,00	335	25.795.000,00
4.	Зависници од дрога со метадон - неосигурени лица	50	110,00	365	2.007.500,00
	ВКУПНО:	1050			29.452.500,00

Г.	Партиципација	Број на пациенти	Партиципација	Износ
1.	Зависници во акутна состојба сместени во Болница	150	900,00	135.000,00
2.	Зависници од алкохол во Дневни болници	200	900,00	180.000,00
3.	Зависници од дрога без метадон во Дневни болници	50	900,00	45.000,00
4.	Зависници од дрога со метадон во Дневни болници	750	900,00	675.000,00
5.	Зависници од дрога со метадон - неосигурени лица	50	900,00	45.000,00
	ВКУПНО:	1200		1.080.000,00

Рекапитулар:

А.	За обезбедување метадон за 600 лица со болести на зависност	9.806.400,00 денари
Б.	Болничко лекување	14.664.000,00 денари
В.	Лекување во Дневни болници	29.452.500,00денари
Г.	Партиципација	1.080.000,00 денари
	ВКУПНО:	55.002.900,00 ден.

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година во висина од **55.000.000,00** денари, од кои за партиципација на ФЗО **1.080.000,00** денари,а за лекување **53.920.000,00** денари,

Во вкупниот број на пациенти на болничко лекување спаѓаат и 50 судски случаи со изречена мерка задолжително лекување, за кои Министерството за правда нема обезбедено посебни средства, заради што услугите за нив ќе се финансираат од вкупните средства на оваа Програма.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не може да се предвиди апсолутно точен број на заболените, така да е можно трансфер на средствата од една во друга позиција.

Извршители на Програмата се Психијатриските болници и Центрите за превенција и третман од злоупотреба од дроги.

Мерките и активностите предвидени со оваа Програма за осигурените лица се финансираат според Законот за здравствено осигурување и општите акти на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Здравствените установи кои се извршители на Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6317/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

40.

Врз основа на член 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04, 77/07 и 103/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
ЗА ПЕРИОДОТ 2009 – 2010 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Националниот интерес и стратешка цел на Владата на Република Македонија за исполнување на условите за полноправно членство во Европската Унија, а воедно јакнење на владеењето на правото, демократијата и пазарната економија, значи преземање мерки за остварување на конзистентна политика за заштита на правата на потрошувачите.

Во Република Македонија потрошувачката политика се идентификува како посебна политика од 2000 година, во рамки на првиот Закон за заштита на потрошувачите од 2000 година.

Следејќи ги сознанијата во Европската Унија за регулирање на правата на потрошувачите, *се наметна потребата од донесување на нов Закон за заштита на* потрошувачите во 2004 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04, 77/07 и 103/08), во кој потрошувачката политика во голема мера е усогласена со прописите на Европската Унија и насоките на Обединетите Нации.

Со Законот за заштита на потрошувачите, како и со другите закони се создадени услови за воспоставување на правна и институционална рамка за примена на потрошувачката политика во интерес на потрошувачот. Приоритет во потрошувачката политика е овозможување на потрошувачот слободен пристап на пазарот, за донесување на исправни одлуки при купување на стоки и избор на услуги. Комерцијалната практика и третманот на потрошувачите со кои се почитуваат нивните права и интереси е од особено значење за сите учесници на пазарот и во таа смисла остварувањето на правата на потрошувачите е еден од основните услови за функционирање на пазарната економија.

II. ПРАВНА РАМКА

Правен основ за усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија, во делот на заштитата на потрошувачите е членот 97 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, која во себе ги содржи обврските за усогласување на стандардите за заштитата на потрошувачите на Република Македонија со оние на Европската Унија.

Законот за заштита на потрошувачите, како основен закон за подрачјето на заштитата на потрошувачите е правен основ за донесување на Програмата за заштита на потрошувачите, со која треба да се овозможат организирани и координирани активности за спроведување на потрошувачкото право во Република Македонија.

Покрај Законот за заштита на потрошувачите во Република Македонија постојат голем број други закони кои директно или индиректно влијаат на заштитата на потрошувачите како што се: Закон за стандардизација, Закон за акредитација, Закон за сопственост и други стварни права, Закон за трговија, Закон за заштита на потрошувачите

при договори за потрошувачки кредити, Закон за локална самоуправа, Закон за безбедност на производите, Закон за безбедност на храна и материјалите и предметите што доаѓаат во контакт со храната, Закон за туризам, Закон за угостителство, Закон за заштита на животна средина, Закон за домување, Закон за заштита на правата на пациентите, Закон за јавните услуги, Закон за енергетика, законите што ги регулираат надлежностите на инспекциските органи и друго. Одредени прашања во врска со заштитата на потрошувачите регулирани се и со други прописи. На заштитата на потрошувачите во договорните односи кои не се регулирани со Законот за заштита на потрошувачите, се применува Законот за облигациони односи како "lex generalis". Значи, Законот за заштита на потрошувачите се применува заедно со постојните, како и со законите кои ќе бидат донесени во наредниот период.

Согласно членот 121 од Законот за заштита на потрошувачите, Програмата за заштита на потрошувачите ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за економија за период од две години. Во април 2005 година Владата на Република Македонија ја донесе првата Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2005-2006 година („Службен весник на Република Македонија" бр.28/05), а во декември 2006 година се донесе втората Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2007-2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр.137/06).

Според членот 122 од Законот за заштита на потрошувачите со Програмата се определува:

- политиката за заштита на потрошувачите;
- мерките и активностите за остварување на политиката за заштита на потрошувачите;
- советување, едукација и информирање на потрошувачите;
- средства за реализација на Програмата.

III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Согласно Законот за заштита на потрошувачите, основна цел на Програмата за заштита на потрошувачите, а воедно и на политиката за заштита на потрошувачите е подигање на заштитата на потрошувачите на повисоко ниво.

Цели на Програмата се:

- остварување и заштита на правата и интересите на потрошувачите во согласност со Законот за заштита на потрошувачите;
- јакнење на институционалните и административните капацитети;
- понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија;
- унапредување на заштитата на потрошувачите во другите области како делови на вкупната политика за заштита на потрошувачите;
- зголемување на образовното ниво и информирање на трговците и давателите на услуги, одделни вработени во државните органи, локалната самоуправа, јавните и други установи чии надлежности се поврзани со областа за заштита на потрошувачите, како основен предуслов за остварување и почитување на правата на потрошувачите;
- јакнење на положбата на потрошувачите на пазарот;
- подигање на свеста на потрошувачите по однос на нивните права и улогата во пазарната економија;
- заштита на здравјето и сигурноста на потрошувачите;
- давање на информации и запознавање на јавноста со правата на потрошувачите;

- брза и ефикасна судска заштита на потрошувачите;
- промовирање на алтернативните начини за решавање на потрошувачките спорови;
- меѓусебна поврзаност на сите носители на заштитата на потрошувачите;
- соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите.

За да се остварат програмските цели, активностите треба да бидат насочени кон:

- понатамошен развој на законодавството во областа на заштитата на потрошувачите заради обезбедување на поцелосна правна рамка во оваа област;
- јакнење на институционалната рамка на сите нивоа и воспоставување на соработка помеѓу субјектите релевантни за заштита на потрошувачите, со посебен акцент на државните инспекциски органи за спроведување на пазарниот надзор;
- создавање на услови за давање правна помош и поддршка на потрошувачите во остварувањето на нивните права, посебно по пат на вонсудска заштита;
- обезбедување на услови за остварување на улогата на невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите;
- подигање на свеста на потрошувачите по пат на образование и информирање.

Посебни области во кои се обезбедува заштитата на потрошувачите се:

- безбедноста на производите;
- прехранбена потрошувачка;
- трговија и индустрија;
- туризам и угостителство;
- заштита на животната средина;
- домување;
- здравствени услуги;
- јавни услуги од интерес на потрошувачите;
- финансиски услуги (потрошувачки кредити, банкарство, осигурување);
- образование и информирање;
- начинот на остварување на правата за заштита на потрошувачите од страна на државните инспекциски органи и судовите;
- создавање услови за одржлива потрошувачка;
- услуги кои респективно ги обезбедува Владата и единиците на локалната самоуправа;
- поттикнување на развојот и работењето на здруженијата на потрошувачите;
- друго.

IV. УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

1. Развој на системот на правна заштита на потрошувачите

Заради обезбедување на владеењето на правото во функција на заштита на потрошувачите потребна е имплементација на постојните закони и натамошно усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија.

Активности без чија реализација не е можно да се остварат овие цели се:

- спроведување на Законот за заштита на потрошувачите и донесување на подзаконски акти со цел подготовки за потполна хармонизација на потрошувачкото право;
- спроведување на останатите прописи од другите области кои ја регулираат заштитата на потрошувачите;
- усвојување на нови законски прописи со цел комплетирање на регулативата која се однесува на заштита на потрошувачите, како и усогласување на постојните прописи и опфаќање на подрачјата кои досега не биле регулирани;
- изградба на системот за вонсудско решавање на потрошувачките спорови со пропишаната поддршка на невладините организации и бизнис секторот.

2. Унапредување на институционалните услови

За воспоставување на единствен систем на заштита на правата на потрошувачите на сите нивоа потребно е понатамошно јакнење на институционалната соработка помеѓу органите и организациите вклучени во системот на заштитата на потрошувачите, следејќи ги насоките на Европската Унија неопходно е воспоставување на единствен (интегрален) систем на заштитата на правата на потрошувачите на сите нивоа. За остварување на овие цели потребни се следните активности:

- поврзување на институциите и субјектите – носители на заштитата на потрошувачите, заради создавање на услови за безбедност на производите;
- подобрување на квалитетот на јавните и финансиските услуги, услуги во туризмот и угостителството, трговијата, здравствената заштита, образованието, заштита на животната средина и друго;
- развивање на информациониот систем и соодветна мрежа за проток на информации;
- оспособување на кадарот во инспекциските служби;
- унапредување и зајакнување на независните, непрофитабилните невладини организации за заштита на потрошувачите;
- јакнење на одделенијата за заштита на потрошувачите;
- јакнење на меѓуресорска соработка за изработка и имплементација на Програмата;
- воспоставување на различни видови соработка помеѓу соодветни меѓународни организации и институции (регионална соработка, посебно со земјите во непосредното окружување, земјите членки на Европската Унија и соодветните тела надлежни за заштита на потрошувачите во Европската Унија).

3. Услови за функционирање на организациите на потрошувачите

Заради создавање на услови за ефикасно функционирање на организациите за заштита на потрошувачите потребно е создавање на материјални и други претпоставки за нивната работа, развој и можност за учество во сите активности кои се пропишани, со што ќе се оствари активната улога на организациите за заштита на потрошувачите, а се со цел подигање на нивото на заштитата на потрошувачите на што повисоко ниво.

V. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2009 И 2010 ГОДИНА

А. АКТИВНОСТИ ЗА 2009 ГОДИНА

1. Министерство за економија

- Со цел спроведување и следење на имплементацијата на Законот за заштита на потрошувачите во областа на прометот со стоки и услуги, договори склучени на далечина и договори за временски ограничено право на користење на одредени недвижности - TIME SHARING, ќе се организираат регионални семинари во поодделни општини со Државниот пазарен инспекторат, стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Семинари ќе се организираат во: Штип, Тетово, Битола, Куманово и Кичево.

Потребни средства----------110.000 денари.

- Заради согледување на примената на подзаконските акти донесени согласно Законот за заштита на потрошувачите, со цел пласирање на пазарот на безбедни и квалитетни производи – детски играчки, ќе се организира работна средба со бизнис заедницата, во соработка со Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен пазарен инспекторат, стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Работната средба ќе се организира во: Велес.

Потребни средства ----------10.000 денари.

- Заради подигање на јавната свест на потрошувачите за нивните права кои произлегуваат од Законот за индустриската сопственост, ќе се реализира медиумска кампања во соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија, Стопанските комори, Државниот пазарен инспекторат и Министерството за економија.

Кампањата ќе се реализира во: Кочани, Кичево и Прилеп.

Потребни средства---------- 108.000 денари.

- Поаѓајќи од значењето на законската регулатива од областа на трговијата, а со цел имплементација на измените и дополнувањата на Законот за трговија врзано со продажба на алкохолни пијалоци и казнените мерки, како и контрола на декларацијата, гаранцијата, техничкото упатство, упаството за користење, попис на овластени сервиси и слично на внатрешниот пазар, ќе се организира работа средба со бизнис заедницата, во соработка со Државниот пазарен инспекторат, стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Работната средба ќе се организира во Скопје.

Потребни средства----------10.000 денари.

- Заради согледување на состојбите во областа на туризмот и угостителството од аспект на правата и обврските на потрошувачите и давателите на овие услуги, а со цел подобрување на состојбите во оваа област, ќе се организира работна средба со стопанските комори, претставници на туристичките агенции (АТАМ и ХОТАМ), Државниот пазарен инспекторат и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Работната средба ќе се организира во Струга.

Потребни средства---------- 10.000 денари.

- За работата на Советот за заштита на потрошувачите за надоместок на членовите на Советот.

Потребни средства---------- 300.000 денари.

- За финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за чланарина во Европската организација на потрошувачите - BEUC и Светската потрошувачка организација - Consumers International, средствата се планирани од буџетската програма на Секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија.

Потребни средства---------- 90.000 денари.

- За финансиска подршка на здруженијата на потрошувачите согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр77/07), како и утврдени основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓани и фондации кои учествуваат на јавен конкурс, кој се објавува со рок од 30 дена, за добивање средства од Буџетот на Република Македонија, согласно член 2 и член 4 од Кодексот на добри практики за финансиска подршка на здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр130/07).

Потребни средства----------710.000 денари.

- За објавување на јавен повик во три весници за финансиска подршка на здруженијата на потрошувачите.

Потребни средства---------- 45.000 денари

- За обележување на 15 март - Светски ден на правата на потрошувачите.

Потребни средства----------20.000 денари.

- За работата на Координативното тело за интелектуална сопственост, за надомест на членовите на телото.

Потребни средства---------- 432.000 денари

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА :----------
---------- 1.845.000 денари

2. Надлежни министерства и институции

2.1. Министерство за здравство

2.1.1 Дирекција за храна

- Со цел следење на имплементацијата на Правилникот за означување на храната, ќе се организираат регионални семинари во соработка со Стопанските комори и организациите на потрошувачите. Означувањето претставува значајна информација за потрошувачите, а семинарите ќе бидат организирани за едукативна и информативна цел.

Семинарите ќе се организираат во: Битола, Штип, Тетово и Гевгелија.

Потребни средства----------150.000 денари.

- Со цел да се намалат ризиците за појава на заболувања кои настануваат како резултат на неправилна исхрана, како што се гојазност, шеќерна болест, кардиоваскуларни заболувања и слично посебно кај младата популација, ќе се врши едукација во рамки на работилници на потрошувачите за правилна исхрана во соработка со Министерство за здравство - Сектор за примарна здравствена заштита, Републички завод за здравствена заштита - Скопје, Организација на потрошувачите на Македонија и локалната самоуправа.

Работилници ќе се организираат во: Крива Паланка, Прилеп, Струмица и Гостивар.

Потребни средства----------150.000 денари.

- Со цел информирање на потрошувачите за безбедноста и квалитетот на храната ќе се организираат:

1. Активности за збогатување на Порталот за безбедност на храната во Дирекцијата за храна
2. Работилници со Организација на потрошувачите на Македонија и претставници од локални самоуправи во врска со презентирање на порталот.
3. Изготвување и печатење на брошура за потрошувачите.

Работилници ќе се организираат во : Неготино, Берово, Демир Капија, Куманово и Кочани.

Потребни средства---------- 300.000 денари.

- Заради согледување на состојбите на пазарот со прехранбените производи, утврдени со инспекцискиот надзор, ќе се одржи работна средба на која ќе се презентираат извршените контроли и преземените мерки и активности во 2009 година со споредбени показатели од предходните две години. Работната средба ќе се одржи со претставници на Министерство за економија, Организациите на потрошувачи и стопанските комори.

Работната средба ќе се организира во Тетово и Велес.

Потребни средства---------- 50.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ХРАНА :----------
---------- 650.000 денари.

2.1.2 Државен санитарен и здравствен инспекторат

- Со цел спроведување на имплементацијата на Законот за заштита на правата на пациентите ќе се организираат обуки на Државните санитарни и здравствени инспектори од Република Македонија (15 подрачни одделенија), во соработка со Министерството за здравство и Организацијата на потрошувачите на Македонија. Во текот на првата половина на 2009 година ќе се организира една обука.

Потребни средства:---------- 60.000 денари.

- Заради согледување на состојбите од областа на заштитата на правата на пациентите, правата и обврските на здравствените установи, како и правата и обврските на здравствените работници и правата и обврските на пациентите, ќе се организираат средби на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со претставници на здравствените установи, здравствените работници, Фонд за здравствено осигурување, Лекарската Комора, Македонското лекарско здружение и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства:---------- 20.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ----------80.000 денари.

2.2 Министерство за транспорт и врски

- Со цел анализа на состојбите во областа на јавните услуги од аспект на заштитата на потрошувачите, како и предлагање на мерки заради подобрување на состојбите во оваа област, ќе се организираат работни средби со АД Т-ХОМЕ, Т-мобиле, Космофон, Он-нет, ВИП, Кабелтел, Државен пазарен инспекторат, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенција за електронски комуникации, Советот за радио дифузија, Народниот правобранител и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Работните средби ќе се организира во сите општини во Скопје.

Потребни средства ---------- 100.000 денари.

- Заради промовирање на новиот Законот за домување, согласно Стратегијата за домување на Република Македонија (2007- 2012), ќе се изработат и испечатат брошури во соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства ---------- 300.000 денари.

- Со цел информирање на потрошувачите – станарите за нивните права и обврки кои произлегуваат од новиот Законот за домување ќе се организирааат стручни советувања во соработка со локалната самоуправа, Министерството за економија, Организацијата на потрошувачите на Македонија и бизнис заедницата .

Советувањата ќе се организираат во: Пехчево, Велес, Штип, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Ресен, Струмица, Гевгелија и Дебар.

Потребни средства:----------300.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ---- ---------- 700.000 денари.

2.3 Министерство за образование и наука

Биро за развој на образованието

Заради продолжување на процесот на едукација на младата популација од областа на заштита на потрошувачите во јавните детски градинки - предучилишни установи, основни и средни училишта, ќе се реализираат следните активности:

- Со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование во Република Македонија, во делот од Наставниот план во изборниот наставен предмет: Вештини за живеење, застапена е и темата - Ученикот како потрошувач.

Овој наставен предмет почнува да се реализира од септември 2008/2009 година и за таа цел ќе се организираат стручни посети - работилници во основни училишта во соработка со Министерството за економија и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Стручните посети ќе се реализираат во : Штип иТетово.

Потребни средства----------10.000 денари.

- Формирање на канцеларии за заштита на ученикот - потрошувач во основните училишта. Подготовка на едукативен материјал за исхрана - флаери/инфотека, содржини-активности кои ќе се користат од страна на наставниците и учениците.

Организирање на едукативни работилници во избраните училишта во кои ќе се отвараат канцелариите: Скопје, Битола и Куманово.

Активностите ќе се реализираат во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за економија и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства----------50.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО -------- ----------60.000 денари.

Б. А К Т И В Н О С Т И З А 2 0 1 0 Г О Д И Н А

1. Министерство за економија

- Со цел согледување на состојбите на пазарот со непрехранбени производи преку системот RAPEX во надлежност на Државниот пазарен инспекторат, кој активно ќе соработува со други инспекциски органи надлежни за надзор на непрехранбени производи, навремено да ги информираат потрошувачите доколку на пазарот се појави опасен производ кој влијае на безбедноста на здравјето на потрошувачот и негово

повлекување од пазарот, како и од домот на потрошувачот. Преку овој систем, ќе се овозможи подигање на свеста на потрошувачите за купување и користење на безбеден непрехранбен производ (технички или индустриски производ). Ќе се организира работна средба со Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за земјоделство, Министерството за транспорт и врски, Институтот за стандардизација на Република Македонија, Институтот за акредитација на Република Македонија, судовите, Стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

- Работната средба ќе се организира во Куманово.

Потребни средства----------10.000 денари.

- Заради спроведување и следење на имплементацијата на измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите, ќе се организираат регионални семинари во поодделни општини за активно учество на локалниот невладен сектор за соработка со граѓанинот, односно потрошувачот, при поднесување на поплаки и пријави по кои ќе постапуваат државните инспекциски органи, во соработка со Државниот пазарен инспекторат, Стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Семинарите ќе се организираат во: Гостивар, Велес, Кочани, Прилеп, Струмица, Струга и Крушево.

Потребни средства----------280.000 денари.

- Поаѓајќи од значењето на рекламирањето на производите и услугите на пазарот, а особено во случаеви на нечесно рекламирање со што директно се предизвикува штета на економските интереси на потрошувачите, а индиректно предизвикува штета на економските интереси на чесна конкуренција, имајќи ги предвид прописите на Европската Унија од оваа област, ќе се организира работна средба со Министерството за транспорт и врски, Советот за радиодифузија, Стопанските комори, Државниот пазарен инспекторат и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Работната средба ќе се организира во Велес.

Потребни средства----------10.000 денари.

- Подигање на потрошувачка свест за заштита на потрошувачките права во однос на користење пиратски и фалсфикувани производи со кои се повредуваат правата на индустриска сопственост,авторското право и сродните права.Печатење на флаери,брошури и други рекламни материјали во интерсес на потрошувачите.

Потребни средства----------300.000 денари.

- За работата на Советот за заштита на потрошувачите за надоместок на членовите на Советот.

Потребни средства----------500.000 денари.

- За финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за членарина за Европската организација на потрошувачите -BEUC и Светската потрошувачка организација - Consumers International, средства се планирани од буџетската програма на Секторот за внатрешен пазар во Министерство за економија.

Потребни средства----------90.000 денари.

- За финансиска подршка на здруженијата на потрошувачите согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 77/07), како и утврдени основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓани и фондации кои учествуваат на јавен конкурс, кој се објавува со рок од 30 дена, за добивање средства од Буџетот на Република Македонија, согласно член 2 и член 4 од Кодексот на добри практики за финансиска подршка на здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр130/07).

.

Потребни средства----------1.500.000 денари.

- За обележување на 15 март - Светски ден на правата на потрошувачите.

Потребни средства----------20.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА: ---------- ---------- 2.710.000 денари.

2. Надлежни министерства и институции

2.1. Министерство за здравство

2.1.1 Дирекција за храна

- Со цел транспарентност во работењето ќе се организираат семинари на кои ќе се презентираат активностите на одделението за заштита на потрошувачите во Дирекцијата за храна, со Стопанските комори и организациите на потрошувачи. На истите е предвидено и прибирање на сугестии од страна на учесниците за планирање на идни активности на одделението.

Семинарите ќе се организираат во: Кичево, Прилеп, Струмица, Гостивар и Македонски Брод.

Потребни средства---------- 150.000 денари.

- Со цел информирање на потрошувачите за безбедноста и квалитетот на одделни видови на храна, ќе следи изготвување и печатење на брошури.

Потребни средства----------150.000 денари.

- Заради согледување на состојбите со воведување на задолжителниот безбедносен HACCP систем, а со цел подигање на свеста на сите субјекти во ланецот на храната, ќе се одржат работни средби во соработка со стопанските комори и организациите на потрошувачите.

Работните средби ќе се организираат во: Свети Николе, Радовиш, Битола, Штип и Тетово.

Потребни средства----------150.000 денари.

- Заради согледување на состојбите на пазарот со прехранбените производи, утврдени со инспекцискиот надзор, ќе се одржи работна средба на која ќе се презентираат извршените контроли и преземените мерки и активности во 2010 година со споредбени

показатели од предходните две години. Работната средба ќе се одржи со претставници на Министерството за економија, Организациите на потрошувачите и Стопанските комори.

Работната средба ќе се организира во Битола.

Потребни средства----------50.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ХРАНА ----------500.000 денари.

2.1.2 Државен санитарен и здравствен инспекторат

- Потреба од средби со институции од регионот, како и земји членки на Европската Унија, за размена на искуства и практична примена на на Законот за заштита на правата на пациентите,врзано со соодветна имплементација на истиот во интерес на потрошувачите.

Потребни средства----------100.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ---------- 100.000 денари.

2.2. Министерство за транспорт и врски

- Со цел анализа на состојбите во областа на јавните услуги од аспект на заштитата на потрошувачите, со посебен акцент на спроведување на жалбените постапки, ќе се организираат работни средби со АД Т-ХОМЕ, Т-мобиле, Космофон, Он-нет, ВИП, Кабелтел, Државен пазарен инспекторат, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенција за електронски комуникации, Совет за радиодифузија, Народниот правобранител и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Работните средби ќе се организира во: Тетово, Струга, Куманово, Пробиштип и Валандово.

Потребни средства----------200.000 денари.

- Заради продолжување на активностите за информирање и едукација на потрошувачите – станарите за нивните права и обврки кои произлегуваат од Законот за домување, ќе се организираат трибини во соработка со локалната самоуправа, Министерството за економија, Организацијата на потрошувачите на Македонија и бизнис заедницата.

Трибините ќе се организираат во: Виница, Струга, Кавадарци, Куманово, Кочани, Кичево, Делчево, Македонска Каменица и Берово.

Потребни средства----------300.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ----------500.000 денари.

2.3. Министерство за образование и наука

Биро за развој на образованието

- Со цел продолжување на процесот на едукацијата на младата популација од областа на заштита на потрошувачите, ќе продолжи организирање на еднодневни работилници во детските градинки/предучилишни установи и основните училишта, во соработка со Министерството за економија и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Работилници ќе се организираат во: Штип, Куманово и Кочани.

Потребни средства ----------25.000 денари.

- Заради продолжување на процесот на формирање и опремување на канцеларии за заштита на потрошувачи во основните училишта ќе се опремат нови училишта со едукативен материјал (како во претходната година) и тоа: Струмица (2), Кичево(2), , Демир Хисар (1), Гостивар (1) и Дебар (1).

Активностите ќе се реализираат во соработка со Министерството за економија и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства.----------150.000 денари.

- Изработка на ВЕБ страна со содржини од областа на заштитата на потрошувачите за училиштата од средното образование (законски прописи, текстови, совети, насоки и слично). Организирање на училиштата заради информирање, користење и поврзување со ВЕБ страницата. Целта е да се едуцираат и учениците од средните училишта и да работат на заеднички проекти од таа проблематика.

Активностите ќе се реализираат во соработка со Министерството за економија и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства----------100.000 денари.

ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО:---------- ----------275.000 денари.

VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Активностите од оваа програма ќе се реализираат во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009- 2010 година.

Надлежните министерства и институции поодделните активности од програмата ќе ги реализираат од сопствени буџетски средства одобрени за тековната година.

За 2009 година за реализација на активностите од програмата потребни се вкупно 3.335.000 денари, а за 2010 година вкупно 4.085.000 денари.

Министертвото за економија ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализацијата на оваа програма, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуални отстапувања од планираните активности, најдоцна еден месец по завршувањето на извештајниот период.

VII. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" .

Бр. 19-6373/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

41.

Врз основа на член 31 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
ЗА 2009 ГОДИНА

I

(1) Средствата за реализација на оваа програма во 2009 година во износ од 420.000.000 денари, согласно раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст Агенцијата), Програма 2 – Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Под-програма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, Категорија 48 – Капитални расходи, Ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации и согласно раздел 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошен текст Министерството), Програма 3 – Земјоделство и рурален развој, Подпрограма 34 – Рурален развој, Категорија 42 - Стоки и услуги, Ставка 425 - во износ од 2.000.000,00 денари, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.166/2008) и тоа за следниве мерки:

1.	Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства, вклучително и аква култура	192.000.000
2.	Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи	80.000.000
3.	Инвестиции за рурална инфраструктура	110.000.000
4.	Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам	6.000.000
5.	Инвестиции за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство	8.000.000
6.	Поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства	6.000.000
7.	Инвестиции за производство и користење на обновливи енергии во рурални средини	18.000.000
8.	Материјални трошоци за имплементација на програмата	2.000.000
ВКУПНО		422.000.000

(2) Средствата од став (1) на овој дел можат да бидат наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, за оперативни трошоци (надомест за работна рака, монтажа, инсталирање) поврзани со набавените основни средства и останати трошоци предвидени со оваа Програма.

(3) Средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од 50% од вредноста на одобрената инвестиција, доколку поинаку не е утврдено со оваа Програма.

(4) Вкупната вредност на одобрената инвестиција не ја вклучува вредноста на јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, закупнина, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

II

(1) Средствата од Дел I став (1) точка 1 на оваа програма во износ од 192.000.000,00 денари се наменети за следново:

1.	Инвестиции за модернизација на лозарството, овоштарството и градинарството (на отворено)	33.000.000
2.	Инвестиции за подигнување на нови оранжерии (стакленици или пластеници) за производство на расад (расадници) или вон-сезонско одгледување на зеленчук, вклучително и режано цвеќе и опрема за производство на зеленчук вклучително и режано цвеќе	32.000.000
3.	Инвестиции за зголемување на рентабилноста на производството на житни и индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун) вклучително и производство на компир	62.000.000
4.	Инвестиции за модернизација на сточарски фарми вклучително и живинарски фарми за одгледување на несилки и бројлери	28.000.000
5.	Инвестиции за модернизација на пчеларството	9.000.000
6.	Инвестиции за обновување и подигнување нови капацитети за аквакултура и опремување на рибници	28.000.000
ВКУПНО		192.000.000

(2) Средствата од став (1) точка 1 во износ од 33.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:
- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење или за берење;
- набавка на опрема за пакување и складирање на свежи производи;
- набавка на опрема за инсталирање на модерни и ефикасни системи за наводнување, со придружен компјутерски софтвер, набавка на генератори и агрегати за обезбедување на енергија за работа на компјутери за контрола на наводнување, вклучително и набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на контролната опрема за наводнување;
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема, вклучително и софтвер.

(3) Средствата од став (1) точка 2 во износ од 32.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување на нови оранжерии (стаклености или пластеници);
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција од метал или алуминиум вклучително и прекривки од стакло или пластична прекривка;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење и за берење;
- набавка на опрема за инсталирање на модерни и ефикасни системи за наводнување исклучиво наменети за новите површини под оранжерии, со придружен компјутерски софтвер вкучително и набавка на генератори или агрегати за обезбедување на енергија за работа на системот на наводнување;
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(4) Средствата од став (1) точка 3 во износ од 62.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:
- набавка на земјоделска механизација, приклучна механизација и опрема за примарно производство на житни и индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун), вклучително и производство на компир.
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема.

(5) Средствата од став (1) точка 4 во износ од 28.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:
- набавка на опрема за поставување на системи за хранење вклучително и опрема за подготовка на премикси и складирање на добиточна храна;
- набавка на опрема за системи за поење;
- набавка на опрема за системи за молзење и чување на млеко
- набавка на опрема за оградување на просторот за одгледување и испаша на добитокот;
- набавка на опрема за одгледување на несилки;
- набавка на инкубатори за живина;
- набавка на опрема за чистење на просторот за чување на добиток или живина и транспорт;
- набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на арско ѓубриво;
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(6) Средствата од став (1) точка 5 во износ од 9.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:
- набавка на рамки и сандаци за пчелни семејства;
- набавка на опрема за одгледување на пчели;
- набавка на опрема производство на мед и пчелни производи;
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема.

(7) Средствата од став (1) точка 6 во износ од 28.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:
- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и подигнување нови капацитети за аквакултура;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалиште и гоилиште за слатководна риба;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на кафези за кафезно одгледување на слатководна риба;
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за складирање на риба опремено со систем за испуштање на течен кислород или фрижидери;
- набавка на ледомати;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(8) Корисник на средствата од став (1) освен точка 6 од овој дел е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој со следната големина на земјоделски производни капацитети:

а) За инвестиции од став (2) на овој дел, да располага со:
- минимум 0,2 ха површина под лозови или овошни насади или градинарски култури на отворено;

б) За инвестиции од став (3) на овој дел, да располага со:
- минимум 0,1 ха површина наменета за подигнување на нови оранжерии (стакленици);
- минимум 0,2 ха површина наменета за подигнување на нови оранжерии (пластеници);
- минимум 0,05 ха површина наменета за подигнување на нови расадници (стакленици или пластеници).

в) За инвестиции од став (4) на овој дел, да располага со:
- минимум 0,5 ха површина наменета за житни или индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун);
- минимум 0,3 ха површина наменета за производство на компир.

г) За инвестиции од став (5) на овој дел, да располага со:
- минимум 5 до максимум 130 грла млечни крави;
- минимум 7 до максимум 100 грла говеда за тов годишно;
- минимум 150 до максимум 700 овци од сите категории;
- минимум 50 до максимум 350 кози од сите категории;
- минимум 20 до максимум 50 маторици или минимум 400 до максимум 1000 свински гоеници годишно;
- минимум 1000 до максимум 15 000 несилки;
- минимум 2500 до 10000 бројлери по турнус.

д) За инвестиции од став (6) на овој дел, да располага со:
- минимум 10 пчелни семејства.

(9) Корисник на мерките став (1) точка 6 од овој дел се правни и физички лица кои исполнуваат општи услови за вршење на риболовна дејност и се регистрирани согласно Законот за рибарство и аквакултура.

(10) Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи:
- не повеќе од 3.500.000 денари за инвестициите од став (2) на овој дел;
- не повеќе од 6.000.000 денари за инвестициите од став (3) на овој дел;
- не повеќе од 4.000.000 денари за инвестициите од став (4) на овој дел;
- не повеќе од 5.000.000 денари за инвестициите од став (5) на овој дел;
- не повеќе од 500.000 денари за инвестициите од став (6) на овој дел.
- не повеќе од 6.500.000 денари за инвестициите од став (7) на овој дел.

(11) По исклучок од став (2) од Дел I, средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од:
- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;

(12) Во случај на поголем број барања во однос на расположивите средства од став (1) освен точка 6, предност имаат физички лица регистрирани согласно Закон за вршење земјоделска дејност, физички лица-трговци поединци регистрирани согласно Закон за трговски друштва и индивидуални земјоделци кои се стекнале со статус на осигуреник согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

III

(1) Средствата од Дел I став (1) точка 2 на оваа програма во износ од 80.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:
- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка, пакување и складирање на овошни сокови, џемови, мармалад или кандирано овошје, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка, пакување и складирање на житарки и прозводство на мелнички производи и интегрални производи, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка на маслодајна репа, маслодајни семиња и житарки, пакување и складирање на произведено нерафинирано масло за јадење, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка, производство, пакување и складирање на добиточна храна, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка, производство, пакување и складирање на млеко во прав и производство на путер, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;

- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка, производство, пакување и складирање на јајца во прав и меланж, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка, производство и складирање на вино (освен опрема за стабилизација и финализација);
- набавка на опрема за прием на суровина, подготовка за преработка и преработка на месо, пакување и складирање на месни преработки, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- набавка на опрема за прием, преработка, пакување и складирање на мед и пчелни производи, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и опрема за постигнување на стандардите за безбедност на храна согласно Законот за безбедност на храна и Законот за ветеринарно јавно здравство.
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(2) Корисници на мерките од став (1) од овој дел се правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва или Законот за задругите со број на вработени не помал од 3 лица и не поголем од 50 лица, кои ги исполнуваат минималните услови за вршење на соодветната дејност согласно закон.

(3) Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да изнесува повеќе од 13.000.000 денари за инвестициите од став (1) на овој дел.

IV

(1) Средствата од Дел I став (1) точка 3 на оваа програма во износ од 110.000.000,00 денари се наменети за следново:

1.	Инвестиции во создавање на основни предуслови за развој на сточарството	13.000.000
2.	Инвестиции за рехабилитација на системите за наводнување на Водни заедници	8.000.000
3.	Инвестиции во реконструкција или изградба на патна инфраструктура во рурални подрачја	89.000.000
ВКУПНО		110.000.000

(2) Средствата од став (1) точка 1 во износ од 13.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:

- интелектуални услуги за изработка на градежен или електрификациски проект;
- набавка на опрема за поврзување на одгледувалиштата на добиток со електрична енергија, вклучително и набавка на агрегати или генератори и придружна инсталациона опрема за снабдување со електрична енергија;
- набавка на опрема за водоснабдување на одгледувалиштата на добиток;
- набавка на градежен материјал и елементи за изградба на зафати на вода и резервоари за водопоила на пасишта и изградба на водопоила;
- набавка на опрема за оградување на пасишта и воведување на системи на контролна испаша со струјни насочувања, вклучително и компјутерска опрема и софтвер;

- оперативни трошоци за изведување на градба и инсталација на опрема;
- надомест на нето-плата на вработени лица за чување на добиток.

(3) Средствата од став (1) точка 2 во износ од 8.000.000,00 денари се наменети за инвестиции за обновување и модернизација на системите за наводнување и за одводнување (одводните канали) со кои раководат Водните заедници, вклучително и изградба на системи за подземно дренирање на водата од почвата, односно за следниве инвестиции:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за изградба или реконструкција на систем за наводнување;
- набавка на градежен материјал и елементи за конструкција (пумпи, филтри, цевки);
- оперативни трошоци за чистење и подготовка на теренот за градба;
- оперативни трошоци за изведување на градба и инсталирање на опрема.

(4) Средствата од став (1) точка 3 во износ од 89.000.000,00 денари се наменети за реконструкција или изградба на земјоделски пат, макадамски пат и некатегоризиран пат, вклучително и покривање на селски улици, наменети за поврзување на село со општински пат; поврзување на село со друго село (општински пат); поврзување на селото со природни реткости, културни или останати објекти од значење на населението во селото; пробивање, израмнување и покривање на земјоделски пат; со должина на патот која не надминува 1км и широчина на патот која не надминува 6м, односно за следниве инвестиции:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за изградба или реконструкција на пат;
- набавка на градежен материјал и материјал за прекривање на површината на патот вклучително и покривни елементи (бекатон плочки, камени плочки или коцки или слични површински покривни елементи);
- оперативни трошоци за чистење и подготовка на теренот;
- оперативни трошоци за изведување на градба и прекривање на површината на патот.

(5) Корисник на средствата од став (2) освен алинеја 5 од овој дел е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој кој е сопственик или корисник на пасиште и е со следната големина на земјоделски производни капацитети:

- минимум 15 грла млечни крави;
- минимум 15 грла говеда за тов годишно;
- минимум 300 овци од сите категории;
- минимум 150 кози од сите категории;
- минимум 50 маторици или минимум 1000 свински гоеници годишно

(6) Корисник на средствата од став (2) алинеја 5 од овој дел е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој и е со следната големина на земјоделски производни капацитети:

- минимум 300 овци од сите категории;
- минимум 150 кози од сите категории;

(7) Корисник на средствата од став (3) од овој дел се регистрирани Водни Заедници согласно Законот за водни заедници и на кои им се предадени системите на управување од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(8) Корисник на средствата од став (4) од овој дел може да биде самостојно локалната самоуправа каде се наоѓа селото или јавно-приватно партнерство каде како носител се јавува или локалната самоуправа или месната заедница на селото регистрирана од локалната самоуправа.

(9) Корисниците на средствата од став (7) и став (8) од овој Дел мора да ја спроведат одобрената инвестиција согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

(10) Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи:

- не повеќе од 3.000.000 денари за инвестициите од став (2) на овој дел;
- не повеќе од 5.000.000 денари за инвестициите од став (3) на овој дел;
- не повеќе од 10.000.000 денари за инвестициите од став (4) на овој дел;

(11) По исклучок од став (2) од Дел I, средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство, освен за инвестиции од став (4) од овој Дел;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје, освен за инвестиции од став (4) од овој Дел;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје, освен за инвестиции од став (4) од овој Дел;
- 70% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции од став (4) од овој Дел.
- 80% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции од став (4) од овој Дел наменети за село класифицирано како ридско-планинско рурално подрачје.

V

(1) Средствата од Дел I точка 4 на оваа програма во износ од 6.000.000,00 денари се наменети финансирање на трошоци за изработка на промотивни материјали за рурален туризам, односно за следниве инвестиции:

- интелектуални услуги или авторски хонорар за изработка на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости за одредено рурално подрачје;
- интелектуални услуги или авторски хонорар за графичка подготовка за печатење на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости за одредено рурално подрачје;
- набавка на услуги за печатење на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости за одредено рурално подрачје во не повеќе од 1.000 примероци;

- набавка на услуги за дизајн и изработка на соодветни знаци за одбележување и унапредување на шумски патеки;
- оперативни трошоци за поставување на соодветни знаци за одбележување и унапредување на шумски патеки.

(2) Корисници на мерките од став (1) од овој дел се здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации или правни лица регистрирани согласно Законот за задругите со седиште во рурално подрачје.

(3) Како корисник на инвестициите од алинеја 4 и 5 од став (1) може да се јави и локалната самоуправа каде се наоѓа руралното подрачје или месната заедница на руралното подрачје.

(4) Корисниците на средствата од став (3) од овој Дел мора да ја спроведат одобрената инвестиција согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

(5) Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи:
- не повеќе од 180.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 1 на овој дел;
- не повеќе од 300.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 2 на овој дел;
- не повеќе од 450.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 3 на овој дел;
- не повеќе од 150.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 4 на овој дел;
- не повеќе од 250.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 5 на овој дел;

(6) По исклучок од став (2) од Дел I, средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од 70% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции во ридско-планинско рурално подрачје;

VI

(1) Средствата од Дел I став (1) точка 5 на оваа програма во износ од 8.000.000,00 денари се наменети за следново:
- трошоци за изработка и печатење на едукативни материјали и тренинг упатства во не повеќе од 1.000 примероци
- трошоци за организација и оддржување на обуки и тренинзи на индивидуални земјоделски производители;
- трошоци за надомест на авторски хонорари со исклучок на данок на персонален доход
- набавка на опрема за обуки со исклучок на компјутерска опрема и мебел.

(2) Корисници на мерките од став (1) од овој дел се здруженија и фондации регистрирани согласно ,Законот за здруженија на граѓани и фондации, јавни научни установи од областа на земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Законот за научно истражувачка дејност, образовна институција или установа која ги исполнува условите согласно Закон за високото образование, Закон за средното образование, Закон за сстручното образование и обука, Закон за образование на возрасните, правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва и правни лица регистрирани согласно Закон за задругите.

(3) Вкупната вредност на одобрената инвестиција по поединечен корисник не може да изнесува повеќе од 4.000.000 денари.

VII

(1) Средствата од Дел I став (1) точка 6 на оваа програма во износ од 6.000.000,00 денари ќе се користат за следните инвестиции:

- оперативни трошоци за формирање на земјоделски задруги и правни лица формирани од здруженија на земјоделски производители формирани по 01.01.2009 година,
- набавка на опрема за канцелариски простории и компјутерска опрема за земјоделски задруги и правни лица формирани од здруженија на земјоделски производители формирани по 01.01.2009 година,
- надомест на трошоци за водење на сметководство,
- надомест на бруто-плата на управителот на новоформирана земјоделска задруга или правното лице формирано од здружение на земјоделски производители формирани по 01.01.2009 година за период 01.01-30.10.2009 година.
- надомест на бруто-плата на управителот на земјоделска задруга или правното лице формирано од здружение на земјоделски производители по 01.01.2008 година за период 01.11.2008 година-30.10.2009 година.
- надомест на бруто-плата на управителот на земјоделска задруга или правното лице формирано од здружение на земјоделски производители формирани пред 01.01.2007 година за период 01.01.2008-30.10.2009 година.

(2) Корисници на мерките од став (1) од овој дел се задруги и правни лица основани од здруженија на земјоделски производители кои се занимаваат со земјоделска дејност.

(3) Вкупната вредност на расходите по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи:

- не повеќе од 30.000 денари за трошоците од став (1) алинеја 1 на овој дел;
- не повеќе од 60.000 денари за трошоците од став (1) алинеја 2 на овој дел;
- не повеќе од 75.000 денари за трошоците од став (1) алинеја 3 на овој дел;
- не повеќе од просечната годишна плата во дејноста за трошоците од став (1) алинеја 4 на овој дел;

VIII

(1) Средствата од Дел I став (1) точка 7 на оваа програма во износ од 18.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:

- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на соларна енергија
- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на био-гас
- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на ветерот како извор на енергија
- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на гео-термална енергија
- оперативни трошоци за инсталација на опрема.

(2) Корисник на средствата од став (1) од овој дел е семејно земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој.

IX

(1) Средствата од Дел I став (1) точка 8 на оваа програма во износ од 2.000.000,00 денари се наменети за покривање на материјални трошоци за спроведување на оваа програма.

X

(1) Исплатата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на претходно одобрени барања со склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој и одобрени барања за исплата.
(2) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка од дел I став (1) на оваа програма во оригален примерок. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања по различни мерки од дел I став (1) на оваа програма.
(3) Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа Програма во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа Програма.
(4) Инвестиции кои се исплатени од Програма за финансиска поддршка во руралниот развој во 2008 година неможе да се поднесуваат за финансирање од средствата предвидени со оваа Програма.
(5) Сите права на интелектуална сопственост и авторски права со кои се стекнал корисникот на оваа Програма мора да бидат отстапени на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
(6) Во случај кога за реализација на поединечна мерка од Дел I се потребни повеќе средства од предвидените со програмата, а друга мерка е нецелосно реализирана, може да се врши пренамена во рамките на вкупно расположливите средства.
(7) За реализација на оваа Програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а извршувањето на Програмата ја врши Агенцијата.
(8) Извршувањето на сите мерки предвидени со оваа Програма е по пат на јавен оглас кој го објавува Агенцијата во рок не подоцна од 15 работни дена од денот на влегување во сила на Програмата. Доколку средствата од Програмата не се реализираат во целост со првиот јавен оглас, Агенцијата е должна да го повтори огласот не подоцна од 20 работни дена од последниот ден за поднесување на барања предвиден со претходниот јавен оглас. Краен рок за реализација на оваа Програма е 30 ноември, 2009 година.

XI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7193/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

42.

Врз основа на член 7 од Законот за ученички стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/05) и член 39 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА
ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2009 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2009 година е изготвена врз основа на обезбедените средства со Буџетот на Република Македонија за 2009 година, согласно Законот за ученички стандард и Програмата за работа на единките корисници на средства - ученички домови.

Финансирањето на ученичките домови се врши согласно член 73 став 1 од Законот за ученички стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/05).

Во Република Македонија постојат 19 ученички домови, од кои во 14 финансирањето е од страна на Министерството за образование и наука, додека четири ученички дома (кои се за посебни образовни потреби, како ученички дом за деца со оштетен вид, слух и говор и деца со пречки во развојот) се финансираат комбинирано преку Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

Сместувањето и исхраната на учениците во ученичките домови е организирано според Правилникот за работа на домовите и програмата за воспитно-образовната дејност.

Во учебната 2008/2009 година во ученичките домови во Република Македонија, сместување и исхрана користат околу 1.800 ученици. Цената, која што ја плаќа Министерството за образование и наука за фискалната 2009 година, месечно за еден ученик од II, III и IV година изнесува 4.950 денари и тоа за 10 месеци во годината, додека за еден ученик од I година цената е 9.900 денари месечно за 10 месеци во годината.

Со Програма во системот на стипендирање опфатени се:

- талентирани ученици од средното образование со месечна стипендија од 2.420 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во учебната година;
- стипендии за децата-ученици на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр.02/02; 17/03) и добиваат износ од 2.420 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во годината;

- стипендии за ученици-Роми и тоа во износ од 2.420 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во годината;
- стипендирање на деца со посебни потреби и деца без родители и тоа во износ од 2.420 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во годината;
- стипендии по други основи .

Во Потпрограма SИ – Реконструкција на ученички домови, заради ограничените финансиски средства, се планираат санациони зафати кај дел од ученичките домови.

Согласно одобрените средства со Буџетот за 2009 година, вкупните финансиски средства од раздел 16001 – Министерство за образование и наука за Програма 5 – Ученички стандард и Потпрограма SИ - Реконструкција на ученички домови, се следните:

Програма/ Потпрограма	Ставка	Опис	Намена	Износ
Програма 5			**Вкупно:**	**132.400.000**
Потпрограма 50	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	1.500.000
Потпрограма 50	464	Разни трансфери	Стипендии за подршка на талентирани ученици	125.900.000
Потпрограма 50	464	Разни трансфери	Плаќања за сместување и исхрана во ученички домови	
Потпрограма 50	483	Купување на мебел, опрема, возила и др.	Купување на опрема за ученички домови	5.000.000
Потпрограма SИ	482		**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ**	**4.200.000**
		Битола	ДУД "Мирка Гинова"	1.200.000
		Кратово	УД "Митко Пенџуклиски"	500.000
		Македонски Брод	УД "Св. Наум Охридски"	500.000
		Свети Николе	УД "Кочо Рацин"	800.000
		Скопје	ЦОР "Св. Наум Охридски"	300.000
		Скопје	ЦОР "Партенија Зографски"	300.000
		Скопје	ЗРО "Димитар Влахов"	300.000
		Штип	ЦССНО "Искра"	300.000

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-7207/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

43.

Врз основа на член 9, став 2 од Законот за такса за привремен престој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/96, 26/02, 51/03 и 88/08) и член 57 од Законот за туристичка дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04 и 89/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ЗА 2009 ГОДИНА

I

Во Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08), раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 14 – Промоција на туризмот во Република Македонија, на категориите 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери планирани се во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, финансиски средства во износ од 37.995.000, 00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за следниве активности:

1. Изготвување и печатење на промотивен материјал во одделни сегменти на туристичката понуда, репринт на постојан промотивен материјал.

-Изработка (репринт) на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, флаери, постери, кеси, папки и др промотивен материјал.

- Репринт на „Туристички водич на Република Македонија" на англиски, македонски и албански јазик, негов превод на германски и руски јазик и печатење на истиот на овие два странски јазици;
- Изработка на промотивен ЦД материјал.
- Изработка на веб страна за туризам.

2.500.000,00 денари

2. Презентација на меѓународни туристички берзи.

Промоција на препознатлив туристички производ на целни туристички пазари преку туристички берзи (Утрехт, Охрид, Љубљана, Тел Авив, Софија, Берлин, Москва, Белград, Келн, Киев и Лондон за 2009) и други, за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив.

9.345.000,00 денари

3. Соработка со странски туроператори.

Зголемена соработка меѓу домашните туристички стопанственици со странските туроператори од неколку држави во светот кои се специјализирани во доменот на алтернативниот вид на туризам, заради запознавање со туристичките потенцијали на државата, донесување на повеќе меѓународни туристи и размена на искуства.

9.000.000,00 денари

4. Промоција на македонскиот туризам во странски печатени и ТВ медиуми кои се значајни за туризмот.

Соработка со новинари од познати туристички печатени и телевизиски медиуми заради запознавање со туристичките потенцијали на државата и нејзина промоција.

1.000.000,00 денари

5. Имплементација на „Стратегијата за развој на туризмот во Република Македонија".

Реализација на разни проекти и активности кои произлегуваат од „Стратегијата за развој на туризмот во Република Македонија", а кои се зацртани како најважен приоритет во првата година од нејзината имплементација.

5.000.000,00 денари

6. Проект „Поттикнување на развојот на алтернативни видови на туризам".

Со овој проект се настојува да се подигне квалитетот на алтернативните видови на туризам кои Република Македонија ги содржи во својата понуда како развој на ски (зимскиот) туризам, развој на руралниот туризам, еко туризмот, културниот и бањскиот туризам.

1.500.000,00 денари

7.Проекти за зголемување на туристичката понуда.

Во рамките на подобрување на квалитетот на туристичката понуда се предвидуваат и развој на посебен вид на туризам пред се во градските средини, како можност за нивно искористување како туристички центри, како прошетка низ поголемите градови во државата или таканаречениот „сити брејк" туризам и посебно на конференцискиот туризам во големите туристички центри како можност за продолжување на вонсезонската понуда.

600.000,00 денари

8. Меѓународни односи во туризмот.

Зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои допринесуваат за развој на туризмот како Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др.

500.000,00 денари

9. Билатерални спогодби за соработка во областа на туризмот.

Потпишување на билатерални и други видови на соработки заради зголемена соработка меѓу претставниците на туристичкото стопанство од регионален и меѓународен карактер.

200.000,00 денари

10. Субвенции за бизнис форуми и други манифестации.

10.1. Министерството за економија ќе субвенционира разни туристички манифестации и бизнис форуми кои се одржуваат од страна на туристичкото стопанство, за кои немаат доволно сопствени финансиски средства и бараат поддршка или субвенционирање од владините институции, а се интересни за развојот на туризмот.

1.500.000,00 денари

10.2. Како и трансфер за отпочнување со работа и функционирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија во делот на административните трошоци, за плати за вработените, надоместоци за членови за управниот одбор, изнајмување на простории за агенцијата, комунални трошоци, ситен инвентар и др.

6.600.000,00 денари

11. Обука на кадри во туризмот.

Подобра едуцираност и информираност на туристичкиот кадар, стекнување на нови знаења во менаџментот и др. форми на туристичко работење со цел подобрување на квалитетот на туристичкото работење.

250.000,00 денари

ВКУПНО : 37.995.000,00 денари

III

Реализацијата на уплатите наведени во делот II, точка 2 од оваа програма, се врши најмалку шест месеци пред почетокот на меѓународните туристички берзи.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот,

V

Министерството за економија за реализираните буџетски средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализацијата на оваа програма, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31.01.2010 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 19-6402/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

44.

Врз основа на член 57, став 7 од Законот за здравје на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр.29/05 и 81/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВЈЕ НА РАСТЕНИЈАТА ВО 2009 ГОДИНА

I

Средствата за превенции и мерки за здравје на растенијата во 2009 година се утврдуваат во износ од **12.000.000,00** денари и тоа од следните извори.

во денари

1.Средства од Буџетот на Република Македонија раздел 14001,програма 5, подпрограма 51, категорија 46, ставка 464	**12.000.000,00**

II

Средствата утврдени во дел I на оваа програма ќе се користат за :

СТАВКА	**предвидени средства во денари**
1.Следење, прогнозирање и одредување мерки за спречување на појавата и ширењето на растителни штетни организми и организирање на фитосанитарни советувања	2.500.000,00
2.Интервенции-мерки за сузбивање на ново појавените, каламитетни и со јак интензитет појави на растителни штетни организми	500.000,00
3.Надоместок за уништени растенија, производи и надокнадување на репроматеријали и финансирање на комисии за утврдување на штетни организми	1.800.000,00
4.Ставање во функција на регионални лабаратори, лабаратории на гранични премини, опремување на фитосанитарни инспектори и обука на вработените во Управата.	2.100.000,00
5.Спроведување на активности кои произлегуваат од Законот за производи за заштита на растенијата и имлементација на истиот	5.100.000,00
ВКУПНО:	**12.000.000,00**

III

Средствата од дел II точка 1 на оваа програма во износ од 2.500.000,00 денари ќе се користат за:

-следење, прогнозирање и одредување мерки за спречување на појавата и ширењето на растителни штетни организми од листата I А и II А	1.800.000,00
-изготвување годишен извештај за состојбата со штетни организми на територија на РМ	200.000,00

-организирање на фитосанитарни советувања на производители и други лица вклучени во извозниот и увозниот систем.	500.000,00

IV

Средствата од дел II точка 2 на оваа програма во износ од 500.000,00 денари ќе се користат за:

-сузбивање на мароканси, италијански скакулци и зрикавци	100.000,00
-сузбивање на полски глодари	100.000,00
-сузбивање на нематоди	100.000,00
-сузбивање на штетник -Bemisija tabaci.	200.000,00

V

Средствата од дел II точка 3 на оваа програма во износ од 1.800.000,00 денари ќе се користат за:

-надоместок за уништени овошни и лозови стебла	300.000,00
-надоместок за уништени расадници на цвеќе	300.000,00
-надоместок на уништени посеви тутун и други посеви	200.000,00
-финансирање на стручни комисии за утврдување на присуство и интензитет на штетни организми.	1.000.000,00

VI

Средствата од дел II точка 4 на оваа програма во износ од 2.100.000,00 денари ќе се користат за:

-обезбедување на лабораториска опрема за регионалните лаборатории за прогнозирање и детерминирање на растителни штетници (лупи, кеси, нематолошки инки и др.)	300.000,00
-обезбедување на лабораториска опрема за граничните лаборатории за детерминирање(лупи, кеси, нематолошки инки и др) од растителни штетници	300.000,00
-опремување на фитосанитарни инспектори, (набавка на легитимации, значки, флуороцентни елеци и др.) за вршење на фитосанитарна инспекција	500.000,00
-обука на фитосанитарни инспектори, регионални известувачи и други надлежни служби во Управата.	1.000.000,00

VII

Средствата од дел II точка 5 на оваа програма во износ од 5.100.000,00 денари ќе се користат за:

-воведување и печатење на бандероли - маркици за ставање во промет на производи за заштита на растенијата	1.200.000,00
-анализа на состојбата со опрема за апликација на производите за заштита на растенијата, институционална структура и легислатива	100.000,00
-одржување и надградување на информативниот систем на Фитосанитарната управа и Фитосанитарната инспекција на граничните премини и во внатрешноста.	500.000,00

-изготвување и печатење на часопис за Законска регулатива, регистри на правни лица и Листа на одобрени производи за заштита на растенија во РМ и Прирачник за правилна употреба на опремата и механизацијата при апликација на производи за заштита на растенија.	500.000,00
-финансирање на активности за оформување на законите, поблиски прописи и вклучување на локални експерти	500.000,00
-финансирање на комисија за регистрација на погони за производство на дрвен материјал по IPPS-15 стандард.	300.000,00
-спроведување на активности за одобрување и оценување на активна супстанца и производ за заштита на растенијата и финансирање на стручни комисии за регистрација на производи за заштита на растенијата и оценување на активна супстанца.	2.000.000,00

VIII

Средствата од дел III алинеа 1 и 2 на оваа програма ќе се исплатуваат по објавен јавен конкурс, средствата од дел IV алинеа 1,2,3 и 4, дел VI алинеа 1,2 и 3, дел VII алинеа 1,3 и 4 со спроведување на јавна набавка.

Средствата од дел III алинеа 3, дел V, дел VI алинеа 4, дел VII алинеа 2, 5, 6 и 7 на оваа програма ќе се исплатуваат со решение од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

IX

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја доколку се појават заразни болести во поголем обем.

X

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа .
Доколку некоја мерка не биде извршена, а друга е извршена во поголем обем, пренамена на средствата може да врши Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно предвидените средства по оваа програма

XI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-7135/1-08
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на Претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

45.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за семе и саден материјал за земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 и 89/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година , донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма се помага производството, контролата на сертифициран семенски и саден материјал, воведување во производство на нови поквалитетни сорти на земјоделски растенија, создавање услови за долготрајно чување на семенскиот материјал, изработка на подзаконски акти од областа на семето и садниот материјал и заштита на селекционерските права и нивно усогласување со ЕУ законодавството.

II

Средствата по Програмата за семе и саден материјал за 2009 година се утврдуваат во износ од **10.500.000,00** денари и тоа од следните извори.

во денари

1. Средства од Буџетот на Република Македонија раздел 14001,програма 5, под програма 52, категорија 46, ставка 464	**10.500.000,00**

III

Средствата утврдени во дел II на оваа програма ќе се користат за :

СТАВКА	**предвидени средства во денари**
1.Финансиска поддршка за измени и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон.	500.000,00
2. Финансиска поддршка за изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за селекционерските права, печатење и изготвување на Билтен на Управата, регистри ,упатства и други материјали. Преводи од странска стручна литература од оваа област.	500.000,00

3.Обезбедување на средства за испитување, одобрување и запишување на нови сорти во Националната сортна листа, опитни пунктови, испитување на квалитетните својства на семенскиот материјал, работа на комисијата за признавање и одобрување на домашни и странски сорти на семе и саден материјал, за статистичка обработка на добиените резултати за потребите на Комисијата за Национална сортна листа, како и обезбедување на семенски материјал за стандардни сорти.	3.500.000,00
4. Обезбедување на средства за пристапување и членарина во меѓународните организации од областа на семето и садниот материјал (ISTA,UPOV,CPVO, OECD,IPGRI).	700.000,00
5. Финансиска поддршка за воспоставување на пред и пост-контрола на семенски материјал произведени во Република Македонија и воведување на официјално етикетирање и печатење на етикети за семенскиот и саден материјал кој се пушта во трговија.	1.900.000,00
6. Обезбедување на средства за испитување на видови на земјоделски растенија кои се важни за Република Македонија, утврдување на погодни сорти при различни технологии и различни еколошки услови и изготвување на описна листа на препорачани сорти.	500.000,00
7. Создавање услови за работа на национална Ген Банка за чување на семе од автохтони, домашни и странски воведени сорти.	400.000,00
8. Обуки на вработените во Управата.	1.000.000,00
9.Материјални трошоци за спроведување на мерките од програмата	1.000.000,00
10. Непредвидени мерки.	500.000,00
В К У П Н О :	10.500.000,00

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма од 500.000,00 денари ќе се користат за :

- Измени и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија 200.000,00
- Изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон (пет нови правилници, според НПАА програмата) 300.000,00

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма од 500.000,00 денари ќе се користат за:

- Изготвување на подзаконски акти од Законот за селекционерски права 200.000,00
- Печатење и изготвување на Билтен на Управата 50.000,00
- Регистри, упатства, други материјали 50.000,00
- Преводи од странска стручна литература 200.000,00

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма од 3.500.000,00 денари ќе се користат за :

- Финансирање за испитување на нови сорти во овластени опитни пунктови (институти и оранжерии) 1.500.000,00
- Статистичка обработка на добиените резултати за потребите на Комисијата за Национална сортна листа 500.000,00
- Финансирање на работата на комисијата за Национална сортна листа 500.000,00
- Финансирање на лабораториските анализи за испитување на квалитетот и технолошките особини на добиените производи 500.000,00
- Финансирање за набавка на семенски материјал за стандарди 200.000,00
- Финансирање на режиски трошоци на комисијата 300.000,00

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма од 700.000,00 денари ќе се користат за :

-Пристапување и членарина во меѓународните организации од областа на семето и садниот материјал (ISTA, UPOV, OECD, IPGRI) 700.000,00

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма од 1.900.000,00 денари ќе се користат за:

- Воведување на официјално етикетирање и печатење на етикети за семенскиот и саден материјал кој се пушта во трговија 1.000.000,00

- Воспоставување на пред и пост-контрола,поставување на контролни опити во овластени институции, теренски контроли и лаб. анализи 900.000,00

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма од 500.000,00 денари ќе се користат за :

- Утврдување на погодни сорти при различни технологии и различни еколошки услови и изготвување на описна листа на препорачани сорти, во соработка со Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството. 400.000,00
- Издавање на описна сортна листа со препорачани сорти 100.000,00

Средствата од дел III точка 7 на оваа програма од 400.000,00 денари ќе се користат за :

- Регенеризација на колекционирани примероци од земјоделски култури и нивни сродници 100.000,00
- Колекционирање на автохтони сорти и популации и зачувување на македонскиот генофонд 150.000,00

-Отпочнување на постапка за конзервација на новоколекционирани примероци според стандардите на Ген банка 50.000,00

-Карактеризација на примероците (во поле) според International Bioversity (IPGRI) и UPOV расположивите дескриптори 100.000,00

Средствата од дел III точка 8 на оваа програма од 1.000.000,00 денари ќе се користат за :

- Обуки на вработените во Управата 1.000.000,00

Средствата од дел III точка 9 на оваа програма од 1.000.000,00 денари ќе се користат за :

-Потребни количини на гориво за функционирање на Управата 1.000.000,00

Средствата од дел III точка 10 на оваа програма од 500.000,00 денари ќе се користат за:

- Непредвидени мерки 500.000,00

IV

1.Исплатата на средствата од оваа програма го врши Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство.

2. Доколку дојде до извршување на некои од мерките, предвидени со оваа програма во поголем обем, а друга биде реализирана во помал обем,министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на предвидените средства врши пренамена на средствата по мерки.

3. Правата и обврските на корисниците на средствата по оваа програма од дел III се утврдуваат на следниот начин:

а) со договор што го склучува министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство со правно лице за мерките од дел III точката 7;

б) со решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за мерките од дел III точките 1,2,3,4,5,6,8, 9 и 10.

V

Средствата по оваа програма се неповратни.

VI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија,

Бр. 19-6402/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

46.

Врз основа на член 13 од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/02 и 103/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

I. Вовед

Врз основа на Законот за акредитација ("Службен весник на Република Македонија", бр.54/2002, 103/2008 год.) се уредува основањето, организацијата и работењето на македонскиот институт за акредитација како јавна установа која ги врши работите и задачите на национално тело за акредитација, како и постапките за акредитирање врз основа на овој и други закони, и надзор над исполнувањето на барањата за акредитација.

ИАРМ е јавна установа и има својство на правно лице, а работите кои ги врши немаат за цел остварување на добивка.

Акредитационите постапки кои ги спроведува ИАРМ особено се однесуваат на акредитација на:

- лаборатории за тестирање и калибрација,
- медицински лаборатории,
- тела кои вршат сертификација на производи,
- тела кои вршат сертификација на системи за управување (со квалитетот, со животната средина, со безбедноста, со сигурноста)
- тела кои вршат сертификација на лица (персонал),
- тела кои вршат инспекција.

Акредитацијата е постапка со која формално се потврдува оспособеноста за извршување на одредени задачи. Со постапката за акредитација се опфатени лабораториите, сертификационите тела за сертифицирање на производи, системи за управување и персонал и инспекциските тела. Тие можат да бидат самостојни или составен дел на поголеми системи. Основа за работа во областа на акредитирање, тестирање, сертифицирање и инспекција се стандардите од серијата EN 45000 односно ISO 17000.

Акредитацијата се спроведува на барање на домашни и странски правни и физички лица, а се темели врз основа на Законот за акредитација и други закони и во согласност со барањата во соодветните национални, европски и меѓународни стандарди и документи на националните, европските и меѓународните организации.

Во принцип акредитацијата има доброволен карактер и на недискриминаторски начин е достапна до секоја странка која ќе поднесе Пријава за акредитација. За изведување на тестирање, сертификација и инспекција во регулирана област, акредитацијата е основа за добивање овластување од страна на министерствата.

ИАРМ членува и ја претставува Република Македонија во европските и меѓународните организации од областа на акредитацијата, соработува со нив и учествува во нивната работа.

Во август 2005 година, Владата на Република Македонија ја усвои „Националната политика во областа на акредитација“ со која се утврдени главните задачи и цели, како и начинот на финансирање и акциониот план за нејзино реализирање. Исто така, во Јуни 2007 година, Владата на Република Македонија ја усвои „Програмата за поттикнување на инвестиции во Република Македонија 2007-2010“ во која се дадени дел од активностите на ИАРМ.

Согласно со чл.13 став 1 од Законот за акредитација ("Службен весник на Република Македонија", бр.54/2002 год.), заради извршување на работите и задачите на ИАРМ, Владата на Република Македонија на предлог на ИАРМ донесува годишна програма за работа.

II. Цели на Програмата за работа на ИАРМ за 2009 година

Главна цел на ИАРМ е да се воспостави и примени систем на акредитација кој на телата за оцена на сообразност (сертификационите тела за сертификација на производи, системи, персонал, лаборатории за тестирање и калибрација и инспекциски тела) ќе им обезбеди доверба и компетентност и ќе придонесе да се намалат бариерите во трговијата за домашните производи (стопанството) на пазарите во Европа и светот.

За остварување на оваа цел ИАРМ:

- ги управува и координира акредитационите активности во Република Македонија следејќи ги европските и меѓународните принципи и пракса,
- менаџира при дефинирање на статусот (права и должности на пазарот на услуги) на акредитираните тела,
- ги промовира извештаите и/или сертификатите кои ги издаваат телата за оцена на сообразност акредитирани од ИАРМ и се залага за потпишување на договор за взаемно признавање во рамки на ЕА,
- развива соодветен процес и пракса за акредитација базирани на европските / меѓународните стандарди и упатства,
- активно соработува со европските и меѓународните организации за акредитација,
- постојано се залага за олеснување на глобалната трговија преку прифаќање на резултатите на акредитираните тела за оцена на сообразност,
- дава техничка поддршка на министерствата при имплементација на директивите,
- менаџирање во етапите на усогласување на документацијата на ИАРМ со законските, подзаконските и другите акти, и
- со својата работа се стреми да стекне поголема доверба кај заинтересираните страни.

III. Предвидени активности за реализација на Програмата

За воспоставување и одржување на ефикасен Национален систем на акредитација согласно Законот за акредитација ("Службен весник на Република Македонија", бр.54/2002, 103/2008 год.) и стандардот ISO/IEC 17011, потребно е да се реализираат следниве активности:

1. Национален систем за акредитација

Задача:	Воспоставување и одржување ефикасен систем на акредитација во Република Македонија согласно Законот за акредитација ("Службен весник на Република Македонија", бр.54/2002, 103/2008 год.) и стандардот ISO/IEC 17011
Мерка:	Систематска анализа на потребите за акредитација
Активности:	Активирање на сите расположливи потенцијали (оценувачи и експерти од Република Македонија, експерти и оценувачи од странство)
Рок:	Континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	- Донесување на нов Закон за акредитација - Развој на соодветен систем за акредитација и оптимална организација согласно специфичните потреби на Република Македонија. - Експедитивност при изведување на процедурата за акредитација од пријава до доделување на сертификат за акредитација.

2. Статус на акредитираните тела

Задача:	Дефинирање на статусот на акредитираните тела во законската регулатива во Република Македонија. Еднозначно определени права и должности на акредитираните тела на пазарот на услуги во Република Македонија и пошироко.
Мерка:	Преземање водечка улога при дефинирање на статусот на акредитираните тела. Проучување на недоследностите во законските акти.
Активности:	Потпишување договори за соработка со Министерство за економија, Бирото за метрологија и Институтот за стандардизација, како и со други министерства.
Рок:	Континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	- Нормално и непречено работење на ИАРМ - Зголемен интерес за добивање статус на акредитирано тело. - Нормално, непречено и еднозначно дефинирано работење на акредитираните тела на пазарот на услуги.

3. Тековно работење

Задача:	Покривање на трошоците за нормално работење на ИАРМ
Мерка:	Обезбедување на соодветни средства од Буџетот и од сопствени приходи
Активности:	- Редовни надзори на веќе акредитираните тела, кој се вкупно 21 досега. - Завршување на акредитационата постапка (доколку се задоволени барањата на стандардите и на законските прописи) во уште 6(шест) тела за оцена на сообразност, до крај на 2008 - Акредитација на нови тела врз основа на нивна поднесена апликација за акредитирање, очекувани 20 нови акредитации за 2009 година. - Набавка на нова компјутерска опрема за тековно работење и за опремување на Тренинг Центарот со компјутери и ентериер (работни маси, столици, ормани, работни табли и сл.) - Функционализација на Тренинг Центарот на ИАРМ

	- Реализација на веќе подготвените документи каде се опишани условите за квалификација на добавувачите на добра и услуги кои се дел од планот за набавка на ИАРМ, во рамките на BERIS проектот. Поточно потребна е набавка на следните компоненти: компјутерска и канцелариска опрема за тренинг центарот, софтвер за управување со податоци, обука и промоција на работата на ИАРМ. - Реализација на активностите кои се однесуваат на IPA проектот - Учество во CARDS, GTZ и TAIEX обуки, како и учество на други обуки во организација на Европските комисии. - Потпишување на Протокол ACAA-PECA
Рок:	континуирано, во текот на 2009
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	- Нормално и непречено работење на ИАРМ - Комплетно подготвен тренинг центар - Нормално реализирање на Проектот BERIS, компенента MSTQ, подкомпенента – акредитација, активност - транфер на знаење - Софтер за управување со податоци (data management software)

4. Човечки ресурси – постојано вработени

Задача:	Оптимална организација, способна навремено да ги идентификува потребите за акредитација во Република Македонија и која ќе ги ангажира сите расположливи човечки ресурси од Република Македонија.
Мерка:	Едукација на вработените за ефективно спроведување на постапката за акредитација
Активности:	Отпочнување на користење на Проектот BERIS, компенента MSTQ, подкомпенента – акредитација, активност – транфер на знаење
Рок:	Во текот на 2009
Надлежен за реализација:	ИАРМ во соработка со Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерство за економија и Светска Банка
Цели кои треба да се постигнат:	- Обуки за новите вработени согласно барањата на стандардот ISO/IEC 17011 и упатствата на ЕА - Отпочнување со работа на Секторските комитети (шест) - Ефикасно и ефективно координирање на постапката за акредитација, како и подобрување на безбедноста и квалитетот на производите и услугите

5. Човечки ресурси – пул на оценувачи

Задача:	Доволен број на обучени оценувачи и експерти
Мерка:	Ангажирање на сите расположливи човечки ресурси од Република Македонија
Активности:	- Обуки за оценувачи, како и на другите целни групи (регулатори, органи за надзор на пазарот, потенцијални клиенти) - Отпочнување на користење на Проектот BERIS, компенента MSTQ, подкомпенента – акредитација, активност – трансфер на знаење
Рок:	Континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	Зголемување на бројот на оценувачи и експерти. Оценувањето да биде изведено со учество на најмалку 50% на домашни оценувачи, подобрување на безбедноста и квалитетот на производите и услугите

6. Меѓународна и регионална соработка

Задача:	Учество во работата на европските и меѓународните организации за акредитација и застапување на интересите на Република Македонија во нив.
Мерка:	Зачленување во IAF, потпишување на мултилатерален договор (MLA) со Европска соработка за акредитација
Активности:	- Одобрување на документите (правилниците) од страна на советот на ИАРМ и поднесување пријава до ЕА за MLA - Подготовка и успешна реализација на оценката (peer evaluation) спроведена од страна на тим од оценувачи составен од ЕА - Како полноправни членки на ЕА и ILAC, задолжително е учеството на претставници од ИАРМ на двете годишни собранија на ЕА и двата состанока на МАС комитетот (ЕА - Multilateral Agreement Committee) и состаноците организирани од страна на ILAC во 2008 година. - За едуцирање на нашите кадри, како и за следење на најновите случувања во областа на акредитацијата во Европа, неопходно е учество на претставници од ИАРМ на работилниците организирани од страна на Комитетите на ЕА (Laboratory Committee, Certification Committee, Inspection Committee, Communication and Publication Committee). - За продолжување на меѓународната афирмација на ИАРМ, предвидено е аплицирање за членство во IAF (international accreditation forum), како и учество на претставник на ИАРМ на годишните собранија на ILAC во 2009 година. - Навремено плаќање членарина во ЕА и ILAC и останатите меѓународни организации каде членува и треба активно да учествува ИАРМ. - Отпочнување на користење на Проектот BERIS, компенента MSTQ, подкомпенента – акредитација, активност – учество на меѓународни случувања.
Рок:	Континуирано до целосна реализација
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	- Припреми за зачленување во IAF - Потпишување на договор за меѓусебно признавање на резултатите во рамките на ЕА (Multi Lateral Agreement - MLA) - Потпишување на договор за меѓусебно признавање на резултати во рамки на ILAC и IAF (MRA)

7. Билатерална соработка

Задача:	Воспоставување на соработка со релевантни институции од регионот (Босна и Херцеговина и Турција)
Мерка:	Предлог договори за соработка, припремени од страна на ИАРМ
Активности:	Да се воспостави соработка и потпише договор за соработка
Рок:	Континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	- Реализација на Програмите за соработка со Акредитационите тела со кои што ИАРМ има потпишано Договори за соработка (Србија, Црна Гора, Албанија, Хрватска, Бугарија) - Размена на искуства, експерти и оценувачи на регионално ниво што ќе придонесе за изграба на ефикасен систем за акредитација во Република Македонија

8. Соработка со други институции во Република Македонија

Задача:	Соработка со Министерство за економија, Биро за Метрологија (БМ) и Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) и други релевантни институции
Мерка:	Потпишување билатерални договори за соработка со Министерство за економија, БМ и ИСРМ и воспоставување на соработка со други институции во областа на инфраструктура за квалитет
Активности:	Воспоставување на инфраструктура за квалитет согласно европските правила и пракса
Рок:	Континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	– Активно учество во работата на техничките комитети (ТК) на ИСРМ за донесување на национални стандарди од областа на акредитацијата – Користење на потенцијалите на БМ (за областите за кои е опремено) за обезбедување на следливоста со калибрација на мерната и тест опрема на лабораториите кои поднеле барање за акредитација. – Соработка со БМ во поглед на акредитација на лабораториите

9. Соработка со државни органи во РМ

Задача:	Акредитација - алатка при доделување на овластувањата
Мерка:	Остварување на соработка на ИАРМ со министерствата во делот на овластувањето (нотификација) на телата за оцена на сообразност
Активности:	Соработка на ИАРМ со министерствата во делот на овластување (нотификација) на телата за оцена на сообразност и соодветните органи за надзор на пазарот
Рок:	континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ во соработка со Владата на Република Македонија, надлежните министерства и органи за надзор на пазарот, а во доменот на своите надлежности
Цели кои треба да се постигнат:	- Отпочнување на користење на Проектот BERIS, компенента MSTQ, подкомпенента – акредитација

10. Промотивни активности

Задача:	Промовирање на системот на акредитација
Мерка:	Промоција на ИАРМ во рамките на BERIS проектот Работилници Информатор Web – страна Медиумска кампања
Активности:	Февруари 2009, промоција на ИАРМ пред апликацијата за MLA (Multilateral agreement) со ЕА Работилници: 2 пати годишно Информатор: 2 пати годишно web-страна: континуирано ажурирање (македонска и англиска верзија)
Рок:	Континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	Да се создадат услови во инфраструктурата за потпишување на MLA со ЕА.

11. Инфраструктура за квалитет

Задача:	Развој на Инфраструктура за квалитет
Мерка:	Обука на кадрите на ИАРМ во областа на инфраструктура за квалитет
Активности:	- Учество на семинари, работилници и симпозиуми организирани на национално и меѓународно ниво од областа на инфраструктура за квалитет.
Рок:	Континуирано
Надлежен за реализација:	ИАРМ
Цели кои треба да се постигнат:	- Да се подобри нивото на знаење на кадрите во инфраструктурата за квалитет - Обука на кадри согласно меѓународните ISO и EN стандарди од сериите 17000 и 45000 - Да се финализираат активностите кои се однесуваат на припремата на тренинг центарот и негово ставање во употреба

IV Фискални импликации

Потребните средства во вкупен износ од 17.910.000,00 денари, наменети за реализација на Програмата, се обезбедени во разделот 10001-Министерство за економија, буџетска програма 51-Институт за акредитација.

Институтот за акредитација на Република Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализираната Програма, постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31.01.2010 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-7108/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

47.

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ И КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА
ЗА 2009 ГОДИНА

I. ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

В О В Е Д

Кардиоваскуларните и респираторните болести се најчести заболувања кај населението, како во светски рамки, така и во Република Македонија.

Зголемениот крвен притисок, зголемени маснотии во крвта, дебелината, дијабетот, неправилната исхрана, недоволната физичка активност, злоупотребата на алкохол и тутун се најчести ризик фактори за настанување на кардиоваскуларните заболувања. Најзначајните ризик фактори за појава на незаразни болести, можат да се спречат и да се контролираат.

Масовните незаразни болести се водечка причина за смрт и инвалидитет ширум светот.

Причинители на висока зачестеност на масовни незаразни болести во последните децении од дваесеттиот век и почетокот на овој век се значајните и брзи промени во начинот и стилот на живот на современиот човек. Најмногу се изразени промените во начинот на исхрана, нивото на физичка активност, зголемената употреба на алкохол и тутун. Во интеракцијата на физичката активност, храната, исхраната и на здравјето на луѓето, вклучени се следните релевантни аспекти: енергетската потрошувачка преку физичката активност како важна компонента на енергетската рамнотежа што ја определува телесната тежина.

Превентивните прегледи за навремена контрола на крвниот притисок, телесната тежина, одредување шеќер и маснотии во крвта се битен елемент за навремено спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања.

Едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје е битен фактор за рано откривање и спречување болести.

Параметри на здравјето кои е потребно да се следат се: крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и маснотии во крвта. На граѓаните потребно е во исто време да им се даваат и конкретни совети за грижа за сопственото здравје како совети за промоција на здрави животни стилови, поддршка за откажување од штетни животни навики, за начинот на исхрана и заштита од високите температури, важност на превентивните прегледи.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

За подобра едукација на населението од потребата за навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје, а со тоа рано откривање на болест или спречување на нарушување на здравјето, програмата здравје за сите ќе се спроведува преку планирани мерки и активности координирани од Министерството за здравство и РЗЗЗ.
Директни учесници ќе бидат здравствените работници од заводите за здравствена заштита, здравствените домови, а активно учество ќе земат и единиците на локална самоуправа.

Со **Здравје за сите** на сите граѓани им се дава можност да извршат бесплатен превентивен преглед и тоа независно од нивниот статус на здравствено осигурување.

Активностите се состојат во бесплатни лекарски прегледи, мерење крвен притисок, телесна тежина и висина, индекс на телесна маса, одредување шеќер и маснотии во крвта и други лекарски совети. Резултатите од мерењата ќе им бидат соопштувани на лице место.

При прегледите ќе бидат давани и совети за грижа за здравјето, начин на исхрана, заштита од високите температури, а ќе им се делат и промотивни печатени едукативни материјали за правилен начин на живот и исхрана.

Активностите ќе се спроведуваат на отворен и затворен простор во зависност од временските прилики, а за местото, денот и времето на спроведување на прегледите, населението ќе биде известувано преку локалните медиуми и месните заедници.

Се планира да бидат поставени 34 пунктови во руралните подрачја. Секој Здравствен дом и Завод за здравствена заштита треба да обезбеди по еден пункт месечно во рурално подрачје освен Заводот за здравствена заштита Скопје кој треба да обезбеди 2 пункта месечно во рурално подрачје.

Динамиката на спроведување на активностите ќе биде еднаш месечно во периодот од 01.01.2009 година до 31.12.2009 година.

Здравствените тимови ќе бидат составени од лекар и две медицински сестри.

За целата акција се планира тимовите да опфатат вкупно 150 здравствени работници.

ПРИПРЕМНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

За време на припремните активности за целосно и навремено спроведување на Програмата ќе се организираат средби со одговорните лица на здравствените установи – извршители на активностите. Воедно навремено ќе се обезбедат потребните медицински материјали, промотивни материјали и друг потребен инвентар. За таа цел ќе се спроведат следните активности:

- **список со одговорни лица по здравствени установи и нивни телефонски броеви**
  Координатори на активностите се заводите за здравствена заштита за територијата на своето подрачје, кои ја координираат активноста со здравствените домови.
- **месечен календар со локалитети за поставување на пунктови за вршење на превентивните прегледи**
- **евидентен лист за индивидуалниот превентивен преглед,** со содржината за антропометриските мерења за определување на индексот на телесна маса, мерење на нивото на шеќерот и холестеролот во крвта и крвниот притисок.
- **текст и дизајнирање на промотивен материјал во вид на флаери и тоа на одредени теми од областа**
  Вкупно ќе бидат отпечатени 100.000 примероци од флаерите на македонски и албански јазик. Истите ќе се достават до сите здравствени установи извршители на кампањата, со цел дистрибуција на граѓаните.
- **набавка на вода и безалкохолни пијалоци за граѓаните.**
- **набавка на апарати за анализа, ленти за одредување на шеќерот и холестеролот во крвта и ланцети**
- **внесување на податоците од анкетните листи во постоечкиот софтвер.**

ЕВАЛУАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИТЕ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

Секој извршен превентивен преглед ќе се евидентира во посебен евидентен лист кој се доставува во Републички завод за здравствена заштита Скопје.

По обработката на добиените индивидуални листи за вкупниот период Републичкиот завод за здравствена заштита ќе изготви студија за добиените резултати, со препораки за подобрување на здравствената состојба кај граѓаните.

II. КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА НА ДОКТОРИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

ВОВЕД

Програмата има за цел да овозможи континуирана медицинска едукација на докторите од ПЗЗ преку планско организирање на курсеви за КМЕ во центрите за КМЕ низ Македонија :

- Организирање на 8 базични курса во два КМЕ центри во Гостивар и Велес;
- Со овие активности ќе се опфатат околу 300 доктори од цела Македонија
- Во тек на курсевите докторите ќе имаат можност да ги продлабочат своите знаења и клинички вештини од најактуелните области од медицината (кардиоваскуларни ризици, дијабет, гастроинтестинални заболувања, респираторни заболувања, остеопороза и др.), како и да се стекнат со нови вештини во справувањето со пациентите и нивните барања и подобрување на сопствените вештини за комуникација и организација во работата.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА

За остварување на целите утврдени со оваа програма ќе се спроведуваат следните мерки и активности:

- Подготовка на годишен план за едукација за 2009 година во КМЕ центрите.;

  Носители: Здравствена установа во која функционира центар за КМЕ во соработка со извршители - Национален координатор за програмите на КМЕ, Национален советник за квалитет на едукацијата и тим лидерите за КМЕ центрите.

- Подготвителни активности - подготовка на едукативни материјали и ревизија на постоечките материјали.

  Носители: Здравствена установа во која функционира центар за КМЕ заедно со извршителите - Тим на национални едукатори за КМЕ.

- Одржување на базични курсеви во КМЕ центрите- вкупно 8 курса за 2009 година, во КМЕ центри во Гостивар, Велес, Прилеп и Струмица во зависност од потребата. Курсевите ќе се одржуваат континуирано во тек на целата година (во тек на викенд денови), согласно барањата на партиципантите. Со курсевите ќе се опфатат околу 300 партиципанти од цела Македонија. Модулите за едукација опфаќаат по 4 до 10 дена едукација за по еден модул.

Носители: Здравствена установа во која функционира центар за КМЕ заедно со извршителите - Тим на национални едукатори. Курсевите ќе бидат изведени од страна на овластени, стручно оспособени едукатори.

- Проверка на стекнатите знаења на докторите во тек на едукацијата-покрај секојдневната проверка во тек на едукација, која ќе се одвива интерактивно, на крајот на секој курс ќе се направи проверка на стекнатите практични знаења на партиципантите, по пат на модерно дизајнирана метода за проверка на клиничките знаења - OSCE (Objective Structured Clinical Examination).

  Носители: Здравствена установа во која функционира центар за КМЕ заедно со извршителите - Тим на национални едукатори.

- Анализа на квалитетот на едукацијата - ќе се врши секојдневно, на крајот од секој курс и на крајот на годината.

  Носители: Здравствена установа во која функционира центар за КМЕ заедно со извршителите - национален советник за квалитет и Тим на национални едукатори.

- Подготовка на завршен извештај од едукацијата за 2009 година со прецизни податоци за вкупен број на едуцирани доктори, по име и презиме и здравствена установа во која работат.

  Носители: Здравствена установа во која функционира центар за КМЕ заедно со извршителите - национални тим лидери, национален координатор за програмите на КМЕ и национален советник за квалитет.

ЕВАЛУАЦИЈА

Надзор над спроведувањето на континуираната медицинска едукација ќе врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Едукаторите кои се извршители во Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелата.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ И КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА

I. ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

Ред бр.	Активност	Единица/вредност	Износ во денари
1.	Материјални трошоци (кутии, алкохол, бензин, вода безалкохолни пијалоци и друго)	34 по 25.000,00	**850.000,00**
2.	Обработка на податоци (РЗЗЗ)		**330.000,00**
3.	Промотивен материјал и медиумска кампања (РЗЗЗ)		**400.000,00**
4.	Набавка на ленти и апарати и ланцети 33 ЈЗУ (10-те ЗЗЗ и 23 здравствени домови)	42.500 ленти за шеќер (850) 42.500 ленти за холестерол(1700)	**4.420.000,00**
	ВКУПНО		**6.000.000,00**

Средствата наменети од активностите Здравје за сите од точка 1 и 4 ќе се доставуваат на 10-те заводи за здравствена заштита, а во останатите градови каде нема седиште на заводот за здравствена заштита ќе се доставуваат до здравствените домови.
Средствата наменети за активностите здравје за сите од точка 2 и 3 ќе се достават до Републичкиот завод за здравствена заштита – Скопје.
Здравствените установи кои се извршители во Програмата, најдоцна до крајот јануари 2010 година да достават до Министерството за здравство збирни извештаи за реализираните мерки и активности предвидени со Програмата.

II. КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА

Ред бр.	Активност	Единица/вредност	Износ во денари
1	Здравствена едукација од страна на едукаторите и активности на Тим лидерите (активностите на едукаторите за еден курс во траење од 12 дена)	8 курса по 448.000,00 (16 едукатори по 28.000,00 = 448.000,00)	3.584.000,00
2	Трошоци за партиципиентите	300 по 5000,00	1.500.000,00
3	Припрема и печатење на едукативни материјали	300 по 500,00	150.000,00
4	Одржување на 4 центри за континуирана медицинска едукација	4 по 191.500,00	766.000,00
	ВКУПНО		6.000.000,00

Средствата наменети од активностите за Континуирана медицинска едукација од точките се доставуваат до здравствените установи каде што има центри за КМЕ и каде се извршени активностите.

Средствата од точка 4 остануваат во здравствените установи.

Средствата од точка 1, 2 и 3, здравствените установи ги доставуваат до едукаторите и тим лидерите.

ВКУПНО ЗА ПРОГРАМАТА ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ И КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА

Ред бр.	Активност	Единица/вредност	Износ во денари
I	**ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ**		
1	Материјални трошоци (кутии, алкохол, бензин, вода безалкохолни пијалоци и друго)	34 по 25.000,00	850.000,00
2	Обработка на податоци (РЗЗЗ)		330.000,00
3	Промотивен материјал и медиумска кампања		400.000,00
4	Набавка на ленти и апарати и ланцети 33 ЈЗУ (10-те ЗЗЗ и 23 здравствени домови)	42.500 ленти за шеќер (850) 42.500 ленти за холестерол(1700)	4.420.000,00
	ВКУПНО		6.000.000,00
II	**КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА**		
1	Здравствена едукација од страна на едукаторите и активности на тим лидерите (активностите на едукаторите за еден курс во траење од 12 дена)	8 курса по 448.000,00 (16 едукатори по 28.000,00 = 448.000,00)	3.584.000,00
2	Трошоци за партиципиентите	300 по 5000,00	1.500.000,00
3	Припрема и печатење на едукативни материјали	300 по 500,00	150.000,00
4	Одржување на 4 центри за континуирана медицинска едукација	4 по 191.500,00	766.000,00
	ВКУПНО		6.000.000,00
	СЕ ВКУПНО (I+II)		**12.000.000,00**

Програмата здравје за сите и континуирана медицинска едукација ќе се реализира во рамките на обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во износ на 12.000.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6584/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

48.

Врз основа на член 21 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ
ЗА 2009 ГОДИНА

1.ВОВЕД

Програмата за вработување на заедниците на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор на Владата на Република Македонија за 2009 година, претставува основен план на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор на Владата на Република Македонија за подобрување на соодветната и правична застапеност на етничките заедници во јавната администрација .

Програмата за вработување на заедниците за 2009 година се заснова на извршената анализа на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор и информациите (податоците) добиени од годишните плановите на министерствата и другите органи на државната управа како и од податоците добиени од јавните претпријатија за застапеноста на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. При изготвување на Програмата земени се предвид исто така и препораките произлезени од Стратегијата за соодветна и правична застапеност како и препораките од Стратешкиот план на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор на Владата на Република Македонија, каде се содржани мерките и активностите за подобрување на соодветната и правичната застапеност .

Програмата за вработување на заедниците за 2009 година е изработена во согласност со следните принципи:

- **Принцип на единство,** според кој политиките за соодветна и правична застапеност се вклучени во еден документ со цел да се обезбеди ефикасност, а за отстапувањата е потребна образложена одлука
- **Принцип на годишно поднесување** за да се обезбеди совпаѓање со буџетските барања
- **Принцип на транспарентност ,** соработка со другите институции кои директно или индиректно се поврзани со реализирање на програмата за вработување на етничките заедници за 2009 година.

Програмата за вработување на заедниците за 2009 година претставува целокупен план на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор на Владата на Република Македонија за обезбедување на работни места во поглед на соодветната и правичната застапеност на етничките заедници. Зајакнувањето на определбата за соодветна и правична застапеност и обезбедувањето на транспарентност се основните цели на оваа Програм.

Целите на Програмата за вработување на заедниците за 2009 година во однос на соодветната и правичната застапеност се:

- Определување на целите за имплементација на соодветната и правичната застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија
- Подржување на мониторингот и оценувањето на напредокот во имплеметацијата на соодветната и правичната застапеност
- Зголемена посветеност кон соодветната и правичната застапеност во јавниот сектор
- Обезбедување транспарентност во имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност.

Програмата за вработување на заедниците за 2009 година, заснована според принципот на соодветната и правичната застапеност се состои од следниве елементи:

- Бројот и процентуалната застапеност на вработените - припадници на заедниците
- Податоци за вработувањата
- Нивото на работно место на вработениот припадник на заедниците
- Податоци за половата структура на вработените припадници на заедниците
- Планираните вработувања на припадници на заедниците, за следната година .

При тоа земени се предвид:

- слободните работни места според пензионирање
- слободните работни места предвидени засновувајќи се на искуството од претходните години
- слободните работни места – нови работни места потребни од функционални причини

- Општата цел за вработување на припадници на заедниците постигнувајќија постепено процентуалната застапеност соодветна на пописот на населението
- Иницијативи за обука и професионален развој
- Други иницијативи за подобрување на соодветната и правичната застапеност
- Финансиски импликации

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор при подготвувањето на Програмата за вработување на заедниците за 2009 година се консултираше и со други релевантни органи, особено со Агенцијата за државни службеници и Министерството за финансии.

2.ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Секретаријатот за спроведување на рамковен договор во текот на 2008 година објави огласи за вработување на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и тоа

1.Оглас број 152/2008 за вработување на *240 извршители* од кои:

- 190 со високо образование и

-50 со средно образование ;

По овој оглас постапката е завршена и сите 240 извршители веќе се водат како вработени во Секретаријатот за спроведување на рамковен договор на Владата на Република Македонија.

2.Оглас број 162/2008 за вработување на *4 извршители* од кои :

-2 со високо образование и
-2 со средно образование,

По овој оглас постапката е завршена и сите 4 извршители веќе се водат како вработени во Секретаријатот за спроведување на рамковен договор на Владата на Република Македонија.

3.Оглас број 191/2008 за вработување на 330 *извршители* од кои :

- 180 со високо образование и
-150 со средно образование,

За огласот 191/2008 година Заменикот на Владата на Република Македонија донесе одлука за извршен избор а по конечноста на одлуката ќе се донесе и решение за вработување на избраните кандидати.

4.Оглас број 196/2008 за вработување на 1 *извршител* :

-1 со средно образование,

По овој оглас постапката е завршена и кандидатот се води како вработен во Секретаријатот за спроведување на рамковен договор на Владата на Република Македонија.

5.Оглас број 262/2008 за вработување на 28 *извршители* :

- 19 со високо образование и

-9 со средно образование

За кандидатите кои аплицирале во огласот во тек е полагање на испит во Агенција за државни службеници бидејќи се работи за работни места за кои со законот за Државни службеници е предвидено полагање на испит. По предлагање на кандидатите од страна на Комисијата за полагање на испитот Секретаријатот за спроведување на рамковен договор на Владата на Република Македонија ќе спроведе интервју со кандидатите по што ќе донесе одлука за избор на најдобрите кандидати.

Со реализирање на горенаведените огласи Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор ќе го реализира планот за вработување на етничките заедници за 2008 година,

ТАБЕЛА ЗА ТЕКОВНА СОСТОЈБА

	Вкупен број на враб.	% од вкупен број на враб.	пол		Раководни д.с.	Стручни д.с.	Стручно административни д.с.	Други вработени без статус на д.с.
			м	ж				
Македонци	0	0,00	0	0		0		
Албанци	226	92,24	148	78	2	175	49	
Турци	9	3,67	8	1		8	1	
Роми	4	1,63	3	1		4		
Власи	0	0,00	0	0		0		
Срби	1	0,41	0	1		1		
Бошњаци	5	2,04	1	4		5		
Останати	0	0,00	0	0		0		
Вкупно	245	100,00	160	85		193	50	

3.АКТИВНОСТИ КОИ ЌЕ СЕ ПРЕВЗЕМАТ ВО ТЕКОТ ЗА 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор на Владата на Република Македонија ќе ги распореди сите државни службеници примени по горенаведените огласи .

Распоредувањето ќе се изврши врз основа на подготвениот план на Секретаријатот за спроведување на рамковен договор на Владата на Република Македонија кој е подготвен врз основа на извештајот за соодветна и правична застапеност за 2008 година. По распоредување на државните службенци , планирано е да се подготват спогодби за превземање .

Врз основа на Стратешкиот план на Секретаријатот за спроведување на рамковнот договор на Владата на Република Македониај во 2009 година се планира вработување на 800 државни слубеници кои ќе бидат припадници на етничките заедници со што битно ќе се подобрува соодветната и правична застапеност.

Огласите за вработување на припадниците на заедниците во 2009 година ќе се објават периодично односно во неколку фази и за сите групи на државните слубеници :.

Вработување на државни службеници од I - група -30 извршители

Вработувањето на раководни државни службеници ќе се реализира од мај 2009 година до декември 2009 година од причини што Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор има план се потребни дополнителни анализи.

Вработување на државни службеници од –II- група 370 извршители

Објавувањето на огласи за стручни државни службеници ќе се реализира во неколку фази и тоа Јануари 2009 година ќе се објави оглас за 100 извршители, јуни 130 извршители и септември 140 извршители

Вработување на државни службеници од –III- група 150 извршители

Објавувањето на огласи за стручно-административни државни службеници ќе се реализира во две фази и тоа Јануари 2009 година ќе се објави оглас за 70 извршители и јуни 80 извршители.

Секретаријатот за спроведување на рамковнот договор на Владата на Република Македониај Активно учествуваше во донесувањето на Законот за употреба на јазиците, донесен во август 2008 „Службен весник на РМ“ бр.101/2008 со кој се утврдува дека во државните органи службен јазик различен од македонскиот јазик може да се употребува во согласност со условите утврдени со овој закон. Законот ја регулира употребата на јазиците во Собранието, судските постапки, комуникацијата меѓу граѓаните и министерствата, како и друга употреба (општа управна постапка, извршување на санкции, комуникација со народниот правобранител, изборен процес, референдум, лични документи и сл.)

Земајќи го во предвид овој факт Секретаријатот за спроведување на рамковнот договор на Владата на Република Македониај за да се имплементира полесно законот за употреба јазиците планира **вработување на преведувачи-толкувачи - 250 извршители од албански на македонски и обратно** во Органите и постапките каде се употребува и друг службен јазик освен македонскиот, предвиден со Законот за употреба на јазиците.

Објавувањето на огласи за преведувачи-толкувачи ќе се реализира во две фази и тоа Јануари 2009 година ќе се објави оглас за 120 извршители и јуни 2009 година 130 извршители.

Табела за спроведување вработувањата во 2009 година

Активност	Временска рамка		Потребни ресурси	
	Почеток (месец/година)	Крај (месец/година)		Финансиски [MKD]
1.Реализирање на огласи за вработување на преведувачи-толкувачи	Јануари 2009 (120) извршители Јуни 2009 (130) извршители			Обезбедени во буџетска Програма К5
2.Реализирање на огласи за вработување на 1 категорија државни службеници	Мај.2009(30) извршители			Обезбедени во буџетска Програма К5
3.Реализирање на огласи за вработување на 2 категорија државни службеници	Јануари 2009 (100) извршители Јуни 2009(130) извршители и Септември 2009 (140) извршители			Обезбедени во буџетска Програма К5
4.Реализирање на огласи за вработување на 3 категорија државни службеници	Јануари 2009 (70) извршители Јуни 2009(80) извршители.			Обезбедени во буџетска Програма К5

4.ПРОЦНКА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

За реализација на Програмата за вработување на заедниците за 2009 година Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор планирани се средства со Буџетот за 2009 година во износ од 222.300.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-7086/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

49.

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ, ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА РАКОТ НА ДОЈКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Со член 32 од Законот за здравствена заштита, на сите граѓани на Република Македонија им се обезбедува остварување на загарантираните права, потреби и интереси на општеството преку програми што ги донесува Владата на Република Македонија.

Заради подобрување на квалитетот на живот на населението, а следејќи ги препораките за рано откривање на ракот на дојката, оваа програма ги опфаќа сите жени во Република Македонија согласно општо прифатените препораки и тоа:

- базична (нулта) мамографија на 40 годишна возраст .

(во некои западноевропски земји таа се прави на 50 год.возраст)

- од 40-50-та годишна возраст во интервал од 1-2 години
- од 50-69-та годишна возраст еднаш годишно
- над 70 годишна возраст во интервал од 1-2 години.

Кај жени помлади од 40 години, мамографија се изведува само ако за тоа има потреба и со претходна консултација со лекар специјалист за болести на дојката.

Малигните неоплазми претставуваат голем социјално – медицински и економски проблем на општеството. Учеството на смртноста од малигни заболувања во вкупно умрените лица е во континуиран пораст (11% во 1972 година), а бројот на починати лица од овие болести за период од околу десет години е скоро двојно зголемен.

Во Република Македонија вкупно се регистрирани 419.786 жени на возраст повеќе од 40 години кои би биле опфатени со оваа програма.

Стапката на морталитет забележува растечки тренд од 87,2/100.000 жители во 1983 година на 150,3/100.000 жители во 2001 година. Заради тоа неопходно е преземање на систематски активности, насочени кон намалување на морбидитетот и морталитетот од нив, а тоа подразбира:

- Отстранување или намалување на дејството на ризик факторите во животната и работната средина на населението;

- Сменување на лошите навики на населението, кои се поврзани со ризикот на овие заболувања (исхрана, пушење, физичка активност) и тоа уште од најраната возраст кај децата и младината кои треба да формираат здрав начин на живот и однесување;

➢ Рана детекција со цел да се пронајде заболеното лице или прекурсорите на заболувањето кога се мали, локализирани и релативно лесни за лечење. Најголема ефикасност ќе се постигне со фокусирање на активностите кај високоризичните групи;

Кај женската популација карциномот на дојката е најчесто малигно заболување. Тој учествува со 22.9% во 1995 година, а со 22.0% во 2004 година, во вкупниот број на новорегистрирани случаи од малигни неоплазми кај жените. Карциномот на дојката веќе подолг период се наоѓа на прво место на најчестите заболувања кај женската популација. На второ место по зачестеност на малигните неоплазми кај жените е карциномот на грлото на матката, а потоа следат малигните неоплазми на кожата, желудникот, телото на матката и др.

Во Република Македонија во последните 5 години се бележи пораст на процентот на пациентки со напреднат стадиум на болеста, наспроти досега преземените мерки и активности (здравствено просветување, набавка на поголем број на мамографи и ЕХО апарати).

Кај заболените жени од малигни заболувања секоја петта жена е заболена од карцином на дојка. Имено, секоја година околу три илјади жени заболуваат од карцином од кои околу 570 од карцином на дојка. Две третини од жените со новооткриен карцином на дојка се постари од 50 години. Од нив секоја година умираат околу 200 жени. Најголем број жени умираат на возраст од 55 до 64 години.

Малигните болести имаат големо социјално медицинско значење заради големиот апсентизам, инвалидитет, скапите дијагностички постапки и третмани, посебно затоа што овие болни најчесто се лечат во болница што претставува и најскап вид на лечење, од што произлегуваат и негативните економски ефекти од овие болести.

Од сите мерки достапни за контрола на ракот на дојка: примарната превенција, раната дијагностика и современата терапија, само скринингот има ефект врз редукцијата на морталитетот, поради тоа што дијагнозата ја потврдува порано.

Планирањето и организирањето на активностите за контрола на заболувањето треба да е колективно. Процесот бара добро познавање на текот на заболувањето, како и опсежни искуства во сферата на јавното здравство, епидемиологијата и применетото истражување.

Програмата за контрола на ракот на дојка се состои од група на мегусебно зависни интервенции. Од практичен аспект, неопходно е да се дефинираат три нивоа на комплексност:

I ниво - активности кои ја опфаќаат целата целна популација. Со нив е потребно да се опфати што е можно поширока популација. Овие активности не зависат од технологијата и една од основните компоненти на ова ниво е едукацијата. Периодичните прегледи на дојките и изучувањето на техниката на самопрегледот на дојките спаѓаат во ова ниво. Во ова ниво на активности спаѓаат здравствената едукација и зголемување на свеста за потребата од заштита на оваа вулнерабилна популација.

II ниво - целта на ова ниво е да и се пружи помош на популацијата со зголемени ризик фактори, со посебен акцент на жените со проблеми со дојките или со идентификувана абнормалност на дојката во првото ниво, односно дијагностика и третман на бенигни состојби на дојката и идентификација на подгрупата на жени со суспектно малигно заболување. Централно место тука има лекарот специјалист за состојби на дојката.

III ниво - целта на ова ниво е згрижување на жени со суспектна или потврдена дијагноза на рак на дојка. Притоа треба да се овозможи најефикасниот можен третман, кој пак ќе зависи од средствата што се на располагање и од достапноста на пациентката. Идеално е да се овозможи мултидисциплинарна и мултипрофесионална поддршка која се состои од дефинитивен третман, рехабилитација и постоперативно следење.

Во планирањето на програмските активности посебно внимание е посветено на три основни ризик фактори за појава на карциномот на дојката:

1. Времето на воспоставување на менархата и менопаузата;
2. Репродуктивната функција и
3. Позитивната семејна анамнеза.

Притоа, предвидени се следните дијагностички постапки

1. Анамнеза: лична и семејна со посебен осврт на карцином на дојка во семејството

2. Клинички преглед (инспекција и палпација)

3. Мамографија-стандардна и незаменлива дијагностичка метода

Стандардните мамографски слики се: кранио-каудална (0 степени) и коса (45 ст.), за секоја дојка. Се препорачува:

- базична (нулта) мамографија на 40 годишна возраст .

(во некои западноевропски земји таа се прави на 50 год.возраст)

- од 40-50-та годишна возраст во интервал од 1-2 години
- од 50-69-та годишна возраст еднаш годишно
- над 70 годишна возраст во интервал од 1-2 години.

Кај жени помлади од 40 години, мамографија се изведува само ако за тоа има потреба и со претходна консултација со лекар специјалист за болести на дојката.

4. Ултразвук

За ултразвукот се препорачува следната зачестеност на неговата примена:

-до 40-та годишна возраст еднаш годишно

-од 40-70 годишна возраст заедно со мамографија, еднаш годишно

-над 70 годишна возраст спрема потреба

Ултразвукот не е достатна самостална дијагностичка метода кај жени над 40 год. Зачестената примена на ултразвукот зависи од индикацијата и проценката на лекарот специјалист за болести на дојката.

Од сите мерки достапни за контрола на ракот на дојка: примарната превенција, раната дијагностика и современата терапија, само скринингот има ефект врз редукцијата на морталитетот, поради тоа што дијагнозата ја потврдува порано.

Планирањето и организирањето на активностите за контрола на заболувањето треба да е колективно. Процесот бара добро познавање на текот на заболувањето, како и опсежни искуства во сферата на јавното здравство, епидемиологијата и применетото истражување.

Голема улога во зголемување на свеста за овие активности, како и за нивно спроведување имаат невладините организации кои со своите активности обезбедуваат соодветна застапеност на оваа вулнерабилна група.

Со раното откривање на ракот на дојката се постигнува намалување на инвалидитетот, зголемување на животниот век, подобрување на квалитетот на живот и намалување на трошоците на лечење, а сепак со основна цел дека човечкиот живот нема цена.

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Активностите од оваа програма ќе ги спроведуваат јавните здравствени установи кои имаат кабинети за мамографија со потребната опрема и кадар. Вакви кабинети има во јавните здравствени установи во Републиката. Тие ги извршуваат прегледите (мамографски и ЕХО прегледи) согласно оваа програма и согласно доктринарните ставови.

Во Република Македонија во тек е набавка на нови апарати за кабинетите за мамографија - мамомати и ЕХО-апарати со кои ќе се врши скрининг и рано откривање на оваа болест. Така ќе биде обезбедена достапност до сите жени во Републиката.

За овие прегледи Министерството за здравство обезбедува потрошен материјал: касети за рентген филм, рентген филмови, средства за развивање на филмот и потрошен материјал за Ехо прегледот (гел, принтер хартија за ехо апаратот, целулозна хартија, ракавици). Цената на потрошниот материјал е 320,00 денари по извршен преглед.

Вид на активност	***Извршители***	***Вкупно***
Промотивни и едукативни активности	НВО	500 000,00ден
Набавка на потрошен материјал за мамографски и ехо прегледи	Министерство за здравство	8.500.000,00ден
Други услуги во тек на прегледот	Јавни здравствени установи кои ја реализираат Програмата	1.000.000,00ден
ВКУПНО:		***10.000.000,00ден***

Промотивните и едукативни активности ќе ги спроведуваат НВО преку доставување на Предлог - проекти за реализација на активностите и нивно прифаќање од страна на Министерството за здравство.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не може да се предвиди апсолутно точен број на заболените.

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година во висина од 10.000.000 денари.

Здравствените организации кои се извршители на Програмата, доставуваат редовни извештаи за спроведените активности најмалку на секој месец, а најдоцна до 15.01.2010 година доставуваат до Министерството за здравство годишни извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година предвидени со Програмата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6319/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

50.

Врз основа на член 32 став 4 точка 3-а од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА БОЛЕСТИТЕ НА РЕПРОДУКТИВНИТЕ ОРГАНИ КАЈ ЖЕНАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Малигните неоплазми се втора причина за смрт на населението во развиените земји во светот но, и во Република Македонија и тоа со учество од околу 20%, веднаш по кардиоваскуларните болести. Смртноста од малигните заболувања има тренд на пораст, па така бројот на умрените лица од овие заболувања за период од последните десет години е двојно зголемен.

Поради тоа ова не е само здравствен, социјален туку и економски проблем.

Кај жените заболени од овие болести доминираат малигните неоплазми на дојката и ракот на грлото на матката. Нашата земја по препорака на Светската здравствена организација и Стратегијата "Здравје за сите во 21 век" пристапи кон изработка и имплементација на стратегии и програми за контрола на одделните видови малигни заболувања.

Скринингот како превентивна мерка за откривање на хроничните незаразни заболувања - малигни заболувања е составен дел од Стратегијата „Здравје за сите во 21 век".

Според студиите кои се правени во светот превенцијата на ракот на грлото на матката треба да се фокусира на скрининг на жените кај кои постои ризик од ова заболување преку ПАП тест и соодветен третман на преканцерозните состојби со што инциденцата на ракот на грлото на матката може да се редуцира и до 90%.

Според препораките на СЗО целна група на жени за скринингот на грлото на матката не треба да е на возраст помала од 20 години и не поголема од 30 до најмногу 65 години, со скрининг интервал од 5 години.

Скринингот иницијално треба да се фокусира кај жените кои се со највисок ризик од премалигни лезии, односно жените на возраст помеѓу 30 и 40 години.

Цервикалниот канцер најчесто се развива кај жените после 40 години, а фрекфенцијата на појавата на заболувањето е најголема на возраст од околу 50 години. Научните студии зборуваат дека почетната лезија - цервикалната дисплазија може да биде откриена десет години порано од појавата на малигното заболување.

Целта на овој скрининг е рано откривање на премалигните и малигните лезии на грлото на матката кај жените заради нивно навремено откривање, лекување и намалување на смртноста од ова заболување.

Целна група на оваа програма ќе бидат жените во Република Македонија кои не се здравствено осигурани и жени кои се здравствено осигурени, но не добиле сино картонче во последните 3 месеци на возраст од 20 до 65 години. Воедно целта на оваа програма е да се започне со припремни активности за организиран скрининг на цервикален карцином и воспоставување на пилот проект за започнување на организиран скриниг.

Заболеност од рак на грлото на матката во Република Македонија

Во последната декада во нашата земја се регистрирани во просек околу 2 500*[1]) случаи на рак кај жените што претставува околу 40% од вкупно регистрираните нови случаи на малигни неоплазми. Од нив, околу 200 до 300 се нови случаи на рак на грлото на матката годишно, со просечна инциденца од 20-38 нови случаи на 100 000 жени. Во структурата на најчестите примарни локализации на малигните неоплазми, ракот на грлото на матката се наоѓа на второто место веднаш по ракот на дојката.

Најчесто се јавува кај жени во возрасните групи од 35-44 и 45-54 години.

Ризик фактори за појава на рак на грло на матка се:

- Рано започнати сексуални односи (под 17 години)
- Високо ризични партнери
- Повеќе сексуални партнери
- Рана бременост
- Пушење

-Намален имунолошки систем (ХИВ позитивни жени, жени кои се на хемотерапија, радиотерапија, кортикостероидна терапија и др.)

Смртност од рак на грлото на матката во Република Македонија

Просечно годишно во Република Македонија умираат 40-50*[2]) жени од карцином на грлото на матката при што стапката на смртност од ова заболување се движи меѓу 4-5 на 100.000 жени. Во најголем број случаи смртноста настапува во постарите возрасти на жени, но потребно е да се нагласи дека мошне висока е стапката на смртност од ова заболување кај жените на возраст од 45-54 години (околу 13 на 100.000 жени).

ГЛАВНА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има за цел преку спроведување на цервикален скрининг рано откривање и спречување на ракот на грлото на матката кај жените во Република Македонија, донесување на акционен план за организиран скрининг во Република Македонија и воспоставување на пилот проект за организиран скрининг во еден град во Република Македонија.(Прилеп)

Според препораките на Светската здравствена организација, скрининг на ракот на грлото на матката треба да се прави во интервал од 3,4 или 5 години. Препорачана популација се жените на возраст од 20-65 години. Секоја држава ги има определено целните возрасни групи за цервикален скрининг кои се со мали отстапувања од држава до држава. Во Република Македонија скринингот ќе се спроведува за период од 5 години, целна група ќе бидат сите жени на возраст од 20-65 години. Со скринингот ќе бидат опфатени жените кои имаат здравствено

осигурување, но и жените без регулирано здравствено осигурување. Вкупен број на жени на возраст од 20-65 години во Република Македонија е околу 640.000.

За осигурените жени – скринингот го вршат гинеколозите од ПЗУ во рамките на основниот пакет на услуги и тоа: гинеколошки преглед, земање на брис, припрема и доставување на материјалот за цитолошка анализа.

За неосигурените жени и жени кои се здравствено осигурени, но не добиле сино картонче во последните 3 месеци - скринингот го вршат гинеколозите од општите, специјалните болници и Клиниката за гинекологија и акушерство – Скопје, и тоа: гинеколошки преглед, земање на брис, припрема и доставување на материјалот за цитолошка анализа.
Од нив здравствено неосигурани и жени кои се здравствено осигурени, но не ги добиваат редовно сините картони, се околу 10% или 64.000 жени . Скринингот кај овие жени ќе се врши согласно оваа програма.
Планирано е околу 5.000 неосигурени жени да се јават на гинеколошки преглед со ПАП тест.

За осигурените и неосигурените жени земениот материјал за цитолошка анализа се испитува во цитолошката лабораторија при Гинеколошко акушерската клиника - Скопје, и овластени цитолошки лаборатории во Република Македонија. Согласно потпишаниот петтогодишен Меморандум помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Клиниката за гинекологија и акушерство Скопје, за цитолошката анализа нема да се наплаќа партиципација.

М Е Р К И

1. Скрининг на жените со гинеколошки преглед и ПАП

2. Продолжување на водење на скрининг регистер.

3. Медиумска поддршка и Кампања за подигање на свеста за превенција на ракот на грлото на матката преку изработка на промотивни ТВ спотови и изготвување на информативно пропаганден материјал.

Реализацијата на програмските мерки ќе ги вршат:

- **За осигурените жени –** скринингот го вршат гинеколозите од ПЗУ во Република Македонија и тоа: гинеколошки преглед, земање на брис, припрема и доставување на материјалот за цитолошка анализа.

- **За неосигурените жени и жени кои се здравствено осигурени, но не добиле сино картонче последните 3 месеци -** скринингот го вршат гинеколозите од општите, специјалните болници и Клиниката за гинекологија и акушерство –Скопје, и тоа: гинеколошки преглед, земање на брис, припрема и доставување на материјалот за цитолошка анализа.

- **За осигурените и неосигурените жени** земениот материјал за цитолошка анализа се испитува во цитолошката лабораторија при Гинеколошко акушерската клиника - Скопје и овластени цитолошки лаборатори во Република Македонија.

- За секој земен брис потребно е да се води евиденција на жените со податоци за нивна лична идентификација .

- Анализа на сите земените брисеви ќе врши Гинеколошко - акушерската клиника - Скопје и воведување на резултатите во постоечкиот Централен регистер.

- Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита и Гинеколошко акушерската клиника - Скопје ќе изготви здравствено пропаганден материјал за превенција на ракот на грлото на матката, едукација на поливалентната патронажна служба и информација за спроведените активности.

- Во рамките на промотивните активности ќе се реализира Кампања за подигање на свеста кај жените за потребата од превентивни гинеколошки прегледи како и потребата од избор на матичен гинеколог. Координатор на кампањата е Здравствен дом Скопје – Завод за мајки и деца во соработка со Собраниска комисија за еднакви можности, со македонско женско лоби и други невладини организации.

ОРГАНИЗИРАН СКРИНИНГ ВО ПРИЛЕП

Со цел започнување на припремни активности за организиран скрининг за цервикален карцином во Република Македонија се започнува со пилот проект во градот Прилеп. Прилеп има 72.000 жители со 1100 раѓања на годишни ниво. Жени на возраст од 20-65 години се околу 30.000.

Учесници во проектот се Заводот за здравствена заштита Прилеп и Општата болница Прилеп со поделени и заеднички активности.

Потребните податоците за планираниот број на жени за организиран скрининг да ги обезбеди ЗЗЗ Прилеп, кој воедно ќе биде и организатор за активно нивно поканување. Исто така ЗЗЗ Прилеп ќе воспостави активности за здравствено просветување на населението, едукација и промоција на организираниот скрининг.

Општата болница Прилеп ќе врши гинеколошки прегледи и земање на ПАП тест за неосигурани жени, цитолошка анализа на ПАП тестовите (дел од нив може да ги спроведе во друга здравствена установа, доколку бројот на анализите ги надминува нејзините капацитети).

Гинеколошки прегледи со ПАП тестови за осигурани жени ќе се спроведуваат од страна на матичните гинеколози согласно основниот пакет на услуги.

Софтверскиот внес на податоците ќе го вршат Заводот за здравствена заштита Прилеп и Општа болница Прилеп со меѓусебен договор за соработка.

Финансиски средства за реализација на Програмата

Ред. бр.	Вид на мерки	Обем (број на жени)	Цена по услуга	Вкупно
1.	Гинеколошки преглед со земање на брис за ПАП, припрема и доставување на материјалот за неосигурени жени во Република Македонија	5.000 неосигурени жени/год	350,00	1.750.000,00
2.	Материјални трошоци за цитолошка анализа на ГАК и овластени цитолошки лаборатории	5000 неосигурени жени/год.	200,00	1.000.000,00
	Организиран скрининг Пилот проект во Прилеп Вкупно население 76.000 Жени од 20-65 години 30.000			
3.	Организирање на поканување за скрининг од страна на 333 Прилеп	Организација, податоци поканување, едукација на населението кампања,		1.000.000,00
4.	Трошоци за покани за скрининг и поштарина	30.000 покани	50,00	1.300.000,00
5.	Трошоци за дополнителни гинеколошки прегледи со ПАП тестови кај матичните гинеколози во Прилеп	15.000 жени		1.000.000,00
6.	Трошоци за дополнителни ангажмани за цитолошка анализа(кадар материјални трошоци,средства за анализа во друга установа) на болница Прилеп	30.000 анализи		1.450.000,00
7.	Трошоци за софтвер и внес на податоци во истиот, завршна анализа на податоците			500.000,00
8.	Изготвување, печатење и дистрибуција на информативно пропаганден материјал за превенција за ракот на грлото на матката и промоција и Кампања			500.000,00
	Вкупно:			8.500.000,00

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2009 во висина од 8.500.000,00 денари.

Министерството за здравство ќе врши распределба на средствата по Програмата на здравствените установи - извршители на активностите, врз основа на доставени фактури со пропратен извештај за извршени услуги и активностите содржани во Програмата.

Извршителите на здравствените услуги се должни да доставуваат тромесечни извештаи во кои ќе бидат внесени и податоците за лична идентификација и бројот на прегледаните жени, видот на извршените услуги и вкупните финансиски средства.

Надзор на спроведување на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

Здравствените установи кои се извршители на програмата најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството извештај за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата.

Програмата ке се реализира во рамките на обезбедените средства со Буџетот на Република Македонија за 2009 година во износ од 8.500.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6581/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

51.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06 и 115/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ГЕОЛОШКО ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ - (GIS) ЗА 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирањето на Геолошкиот инфорамативниот систем (GIS) за 2009 година.

II

Средствата за финансирање на Геолошко информативниот систем (GIS) за 2009 година се од Буџетот на Република Македонија во износ од 10.000.000,00 (десет милиони денари), раздел 10001, програма 2, потпрограма 20 - искористување на природните ресурси, категорија – 48 – капитални расходи, ставка – 482 (други градежни објекти).

Предвидените средства се за докомплетирање на системот во склад со незавршените активности од претходната година, а се однесуваат на следните позиции:

Ред. број	Вид позиција	Цена денари
1	Одржување на постоечки лиценци на софтверските пакети ESRI (Arc SDE, Arc IMC, Arc Editor x 2, Arc Wiew, 3D Analict, Spatial Analcst, Geostatistical Analcst) од Геолошкиот Информационен Систем за период од две години	1.600.000,00
2	Школување што е ново во Arc GIS 9.2 Администрација на Arc SDE 3D анализи – напредни анализи Спатиал (Просторни анализи)	400.000,00
3	Надградба на GIS системот од Arc GIS Enterprise Standard, во Arc GIS Enterprajs Advanced	1.800.000,00
4	Набавка на нова лиценца на софтверскиот пакет Arc Editor	650.000,00.
5	Развој на WEB интегрирано решение за целосно менаџирање на GIS системот преку INTERNET EKSPLORER	550.000 ,00
6	Набавка на софтвер за геодетско снимање на коповите за експлоатација	900.000,00
7	Обработка на податоците во дигитална форма од Основната инженерско - геолошка (ОИГК) и Основната хидрогеолошка карта (ОХГК), во мерка 1 : 100 000 за листовите Охрид и Подградец	1.800.000,00
8	Ревизија на Основната инженерскогеолошка (ОИГК) и Основната хидрогеолошка карта (ОХГК), во мерка 1 : 100 000 за листовите Охрид и Подградец	1.000.000.00
9	Техничко доопремување на ГИС системот	325.200,00
10	Исплата на позиции од ГИС програмата за 2008 година	974.800,00

III

Распоредот на средствата по одделни проекти ќе ги врши Министерството за економија врз основа на договори со изведувачите согласно дел II од оваа програма.

IV

Министерството за економија за реализираните буџетски средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализираната Програма за Геолошкиот информативен систем за 2009 година, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31.01.2010 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6391/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

52.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија„ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06,115/07,19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО 2009 ГОДИНА

I

Со Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги за 2009 година (во натамошниот текст: Програма) се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за користење на средства од Буџетот на Република Македонија за 2009 година, наменети за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги (во натамошниот текст: Буџет).

Средствата од Буџетот наменети за Програмата, ги распоредува Министерството за економија.

II

Средствата од Буџетот во вкупен износ од **16.500.000,00 денари** наменети за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги во 2009 година, ќе се користат за следниве намени:

1. Субвенции за приватни претпријатија во вкупен износ од 4.000.000,00 денари

1.1. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на систем за квалитет (ISO,HACCP, SA 8000) или сертификација на производи во вкупен износ од 3.000.000,00 денари.

За сертификација на систем за квалитет (ISO, HACCP, SA 8000) или сертификација на производи Министерството за економија надоместува 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 60.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата (во натамошниот текст: барател).

За надоместување на дел од трошоците, барателот ја доставува следнава документација до Министерството за економија:

- Пријава и барање (се подига од архивата на Министерството за економија или од веб страницата www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија;
- Информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централен регистар на Република Македонија;
-Уверение за платени даноци издадено од даночни органи;
- Договор помеѓу барателот и сертификационото тело и превод на македонски јазик, склучен во периодот од 1.10.2008 година и тековната 2009 година, заклучно со 1.12.2009;
- Сертификат издаден од сертификационо тело;
- Фактура од сертификационо тело;
- Извод од банката депонент или налог за извршување на дознака во странство (Образец 1450) и SWIFT во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон сертификационото тело согласно Договорот;

Горе наведената документација се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.

Делот од трошоците за оваа намена ќе бидат надоместени доколку се исполнат следниве критериуми:

- Деловниот субјект да има доставено комплетно барање со сите горенаведени документи;
- Деловниот субјект да има позитивно мислење во Информацијата за економско финансиската состојба на субјектот издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

1.2. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за изработено идејно решение за индустриски дизајн на производ пуштен во промет во 2008 година и во текот на 2009 година, во износ од 500.000,00 денари

За изработка на идејно решение за индустриски дизајн на производ пуштен во промет во 2008 година и во текот на 2009 година, Министерството за економија надоместува 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 30.000,00 денари поединечно за секој барател.

За надоместување на дел од трошоците, барателот до Министерството за економија ја доставува следнава документација:

- Пријава и барање (се подига од архивата на Министерството за економија или од веб страницата www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија;
- Информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централен регистар на Република Македонија;
- Уверение за платени даноци издадено од даночни органи
- Договор помеѓу барателот и изработувачот на идејното решение за индустриски дизајн на производ пуштен во промет во текот на 2008 и 2009 година;
- Фактура од изработувачот на идејното решение за индустриски дизајн на производ пуштен во промет во текот на 2008 и 2009 година
- Извод од банката депонент во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон изработувачот на идејното решение за индустриски дизајн на производ согласно Договорот;
- Решение за признавање на право на индустриски дизајн издадено од Државниот завод за индустриска сопственост;
- Изработен примерок од идејното решение за индустриски дизајн на производ, пуштен во промет во текот на 2008 и 2009 година;
- Испратница до малопродажен објект како доказ дека производот е пуштен во промет.

Горе наведената документација се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.

Делот од трошоците за оваа намена ќе бидат надоместени доколку се исполнат следниве критериуми:

- Деловниот субјект да има доставено комплетно барање со сите горенаведени документи;

- Деловниот субјект да има позитивно мислење во Информацијата за економско финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

1.3. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за поднесување на меѓународна пријава на патент, односно барање за потполно испитување на пријавата, во износ од 500.000,00 денари

За поднесување на меѓународна пријава на патент, односно барање за потполно испитување на пријавата, во 2008 година и во текот на 2009 година Министерството за економија надоместува 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 60.000,00 денари поединечно за секој барател.

За надоместување на дел од трошоците, барателот до Министерството за економија ја доставува следнава документација:

- Пријава и барање (се подига од архивата на Министерството за економија или од веб страницата www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија;
- Информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централен регистар на Република Македонија;
-Уверение за платени даноци издадено од даночни органи;
- Заверена потврда за извршената уплата за меѓународно поднесување на пријава на патент или барање за потполно испитување, издадени од Државниот завод за индустриска сопственост.
- Претходен позитивен извештај од пребарување во базите на пријавени и признаени патенти, издаден од Државниот завод за индустриска сопственост.

Горе наведената документација се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.

Делот од трошоците за оваа намена ќе бидат надоместени доколку се исполнат следниве критериуми:
- Деловниот субјект да има доставено комплетно барање со сите горенаведени документи;
- Деловниот субјект да има позитивно мислење во Информацијата за економско финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

* * *

Надоместувањето на дел од трошоците наменети за субвенции (точка 1 од Програмата) ќе им бидат исплатени на деловните субјекти во зависност од расположивите средства од Буџетот, по редослед на нивно пријавување во Архивата на Министерството за економија .

2. Договорни услуги во вкупен износ од 12.500.000.00 денари

2.1.Организирање и учество на бизнис-форуми, работилници и тркалезни маси во странство и во Република Македонија во вкупен износ од 1.000.000,00 денари

За организирање и учество на бизнис-форуми, работилници и тркалезни маси во странство, Министерството за економија целосно ги надоместува патните трошоци

за по еден претставник од секој деловен субјект-учесник на бизнис-форум, работилница и тркалезна маса во странство.

За надоместување на овие трошоци, барателот до Министерството за економија ја доставува следнава документација:

- Пријава за учество на бизнис-форуми, работилници и тркалезни маси во странство (се подига од Архивата на Министерството за економија или на веб страната: www.economy.gov.mk)

- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија;
- Информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централен регистар на Република Македонија;

-Уверение за платени даноци издадено од даночни органи;
-Покана за учество на бизнис-форуми, работилници и тркалезни маси во странство

Постапката за исплата на патни трошоци за учество на бизнис-форуми, работилници и тркалезни маси во странство, ја спроведува Министерството за економија.

Горе наведената документација се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.

Министерството за економија ќе организира семинари, работилници и тркалезни маси во Република Македонија, при што целосно ќе ги покрива следниве трошоци:

- Изнајмување на простории;
- Потребна опрема и материјали;
- Ангажирање на предавачи и преведувачи;
- Коктел

2.2. Презентирање на одделни индустриски гранки на заеднички национален штанд на одредени саемски манифестации во странство во вкупен износ од 8.000.000,00 денари

За презентирање на одделни индустриски гранки на заеднички национален штанд на одредени меѓународни саемски манифестации во странство, Министерството за економија целосно ги покрива трошоците за следниве намени:

- Изнајмување на празен саемски простор;
- Трошоци за пријавување, приклучок за електрична енергија, вода и чистење на штандот
- Внесување во саемски каталог;

Изборот на саемските манифестации и големината на саемскиот простор ќе ги утврди Министерството за економија врз основа на интересот на деловните субјекти и средствата со кои располага Министерството за економија за оваа намена.

За организирање и учество на меѓународни саемски манифестации во странство, Министерството за економија објавува известување во печатените медиуми.

За учество на одредени меѓународни саемски манифестации во странство, барателот до Министерството за економија ја доставува следнава документација:

- Пријава за учество на меѓународни саемски манифестации во странство (се подига од архивата на Министерството за економија или од веб страницата: www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија;

- Информација за економско-финансиската состојба на субјектот, издадена од Централен регистар на Република Македонија.

-Уверение за платени даноци издадено од даночни органи.

Средствата наменети за закуп на празен саемски простор и за пријавување, приклучок на електрична енергија, вода и чистење на штандот, како и внесување во саемскиот каталог, Министерството за економија ќе ги префрли на саемот-организатор на манифестацијата во странство.

Трошоците за уредување на саемскиот простор, трошоците за транспорт, шпедиција и осигурување на експонатите, патните трошоци, трошоците за сместување и другите трошоци на учесниците на саемските манифестации во странство не се покриваат од страна на Министерството за економија.

Трошоците за саемските манифестации што ќе се одржуваат во првата половина на наредната година ќе се надоместуваат со средства на Програмата предвидени во тековната година.

2.3. Подготвителни активности за учество на Република Македонија на EXPO Шангај 2010 во вкупен износ од 2.500.000,00 денари

Министерството за економија целосно ќе ги покрие трошоците за осмислување на темата и изработка на идејно решение со која ќе се претстави Република Македонија на EXPO Шангај 2010.

2.4. Други промотивни активности во износ од 1.000.000,00 денари

Со цел промовирање на македонските производи и услуги, Министерството за економија ќе ги поддржи активностите што се во функција на подобрување на конкурентноста (изработка и печатење на промотивни материјали, организирање на работилници, обуки и семинари и друго).

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија кое во рамките на предвидените средства може да врши соодветни поместувања на планираните износи.

IV

Министерството за економија, заклучно со 31 јануари 2010 година, до Владата на Република Македонија ќе достави извештај за реализација на Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги во 2009 година, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиски показатели, како и образложението за евентуалните отстапувања од планираните активности.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6391/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

53.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2009 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од основното образование се врши согласно член 162 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08).

Министерството за образование и наука, како еден од основите за финансирање на основните училишта, го смета обезбедувањето на просторни услови за реализирање на воспитно - образовниот процес.

Во оваа програма, изборот на училишта е направен врз основа на приоритети: изградба на нови училишни објекти, продолжување со изградбата на веќе започнатите објекти и завршување и ставање во употреба на дел од нив. Третирани се и училишта кај кои алармантни се проблемите со крововите, столаријата, подовите, но и целосна реконструкција или санација на училишните објекти.

Согласно одобрените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, вкупните финансиски средства од Раздел 160.01 – Министерство за образование и наука за Програма S, Потпрограма SA и Потпрограма SБ се следните:

Опис на градежни интервенции и износи по училишта Потпрограма SA – Изградба

Општина	Училиште	Опис	Буџет МОН 2009	Донаторски средства Швајцарска агенција за развој и соработка
АРАЧИНОВО	ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеј" с.Арачиново, ПУ с.Орланци	изградба на нов училишен објект	5.500.000	4.500.000
БОГОВИЊЕ	ОУ „11 Октомври" с.Урвич, ПУ с. Ново Село	изградба на нов училишен објект	1.000.000	
ВЕВЧАНИ	ОУ „Страшо Пинџур" с.Вевчани	изградба на нов училишен објект	5.000.000	
ВРАНЕШТИЦА	ОУ „Мирче Ацев" с.Лисичани, ПУ с.Староец	изградба на нов училишен објект (договор од 2008)	1.800.000	
ГАЗИ БАБА	ОУ „Петар Петровиќ Његош" с. Идризово	изградба на нов училишен објект	6.000.000	
ГОСТИВАР	ОУ „Фаик Коница" с.Дебреше	продолжување со изградба (договор од 2008)	19.000.000	
ЖЕЛИНО	ОУ „Пашко Васа" с.Групчин, ПУ с.Ново Село	изградба на нов училишен објект	7.500.000	
ЗАЈАС	ОУ „Рељо Рушит Зајази" с.Зајас, ПУ с.Строгомиште	продолжување со изградба	6.000.000	
КИЧЕВО	ОУ „Санде Штерјоски"	изградба на нов училишен објект во населба Пашино село	46.350.000	
РАДОВИШ	ОУ „Никола Карев"	доградба на дополнителен простор	20.000.000	
ТЕТОВО	ОУ „Братство Миќени" населба Дреновец	продолжување со изградба (договор од 2008)	22.000.000	
ТЕТОВО	ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеј" с.Порој, ПУ с.Џепчиште	продолжување со изградба (договор од 2008)	22.000.000	

ЦЕНТАР ЖУПА	ОУ „Нејати Зекирија“ с.Коџаџик, ПУ с.Новак	изградба на нов училишен објект	7.500.000	6.500.000
ЧАИР	ОУ „Конгреси Манастирит“	изградба на нов училишен објект	19.000.000	
		Вкупно	**188.650.000**	**11.000.000**
стручно-технички надзор			**2.750.000**	
проекти, ревизија на проекти за училишта во 2009 година			**2.600.000**	
проекти, ревизија на проекти за училишта кои ќе се градат во 2010 година			**6.000.000**	
		Се вкупно	**200.000.000**	

Опис на градежни интервенции и износи по училишта Потпрограма 5Б - Реконструкција

Општина	Училиште	Опис	Буџет МОН 2009	Донаторски средства УСАИД - ПЕП	Донаторски средства Швајцарска агенција за развој и соработка
АЕРОДРОМ	ОУ „Димитар Македонски“	Реконструкција фискултурна сала	2.600.000		
АЕРОДРОМ	ОУ „Гоце Делчев“ с.Горно Лисиче	Реконструкција		кров	
АЕРОДРОМ	ОУ „Ѓорѓија Пулевски“	Замена на столарија	5.000.000		
АРАЧИНОВО	ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеј“ с.Арачиново	Реконструкција на кров на стариот објект	3.000.000		
БИТОЛА	ОУ „Даме Груев“	Замена на столарија во зграда на ул. „Ѓорче Петров“	1.500.000		
БИТОЛА	ОУ „Ѓорѓи Сугарев“	Замена на столарија	3.800.000		
БИТОЛА	ОУ „Св.Кирил и Методиј“	Реконструкција		прозори	
БИТОЛА	ОУ „Тодор Ангеловски“	Замена на столарија	1.100.000		
БИТОЛА	ОУ „Трипун Пановски“	Реконструкција на објект	2.500.000		
БОГДАНЦИ	ОУ „Кирил и Методиј“ с.Стојаково	Реконструкција		кров	
БОГДАНЦИ	ОУ „Петар Мусев“ с.Богданци	Реконструкција на кров (од 2008)	4.000.000		
БОГОВИЊЕ	ОУ „11 октомври“ с.Урвич, ПУ с.Јеловјане	Санација на кров	300.000		
БОГОВИЊЕ	ОУ „Сабедин Бајрами“ с.Камењане	Реконструкција		парно	
БОСИЛЕВО	ОУ „Гоце Делчев“ с.Босилево, ПУ с.Робово	Довршување на реконструкција на објект (договор 2008)	650.000		
БУТЕЛ	ОУ „Гоце Делчев“ с.Љубанци	Реконструкција (договор 2008)	2.000.000		
БУТЕЛ	ОУ „Лиман Каба“ с.Љуботен	Реконструкција		парно	
БУТЕЛ	ОУ „Панајот Гиновски“	Замена на столарија	1.000.000		
БУТЕЛ	ОУ „Петар Здравковски Пенко“	Реконструкција (договор 2008)	450.000		
ВАЛАНДОВО	ОУ „Јосип Броз Тито“, ПУ с.Пирава	Замена на надворешна столарија	500.000		
ВАСИЛЕВО	ОУ „Гоце Делчев“ с.Василево, ПУ с.Сушево	Градежно-занатски работи (договор 2008)	360.000		
ВЕЛЕС	ОУ „С.Б.Буридан“ с.Иванковци	Довршување на санација (договор 2008)	100.000		
ВЕЛЕС	ОУ „Васил Главинов“	Санација на подови и санација на дел од столарија	1.500.000		
ВРАПЧИШТЕ	ОУ „Градец“ с.Градец	Замена на столарија	2.200.000		
ГАЗИ БАБА	ОУ „Вера Јоциќ“ нас.Мацари	Реконструкција (договор 08)	1.600.000		

ГЕВГЕЛИЈА	ОУ „Ристо Шуклев" с.Негорци	Промена на столарија		прозори	
ГОСТИВАР	ОУ „Исмаил Ќемали" ПУ с.Симница	Санација на објект	3.500.000		
ГОСТИВАР	ОУ „Прпарими" с.Чегране	Реконструкција на систем за топловодно греење	1.800.000		
ГОСТИВАР	ОУ „Злате Дамјановски" с.Вруток, ПУ с.Равен	Реконструкција		прозори	
ГРАДСКО	ОУ „Даме Груев" с.Градско, ПУ с.Виничани	Реконструкција		парно	
ДЕБАР	ОУ „Ристе Ристевски" с.Долно Косоврасти	Санација на фасада	2.500.000		
ДЕБАР	ОУ „Саид Најдени"	Реконструкција		парно	
ДЕБАРЦА	ОУ „Дебарца" ПУ с.Лешани, ПУ с.Ботун	Реконструкција на објект	2.400.000		
ДЕМИР КАПИЈА	ОУ „Димката Ангелов Габерот"	Реконструкција		реконструк.	
ДЕМИР ХИСАР	ОУ „Браќа Миладиновци" с.Жван, централно и ПУ Слоештица	Санација на објекти	2.400.000		
ДЕМИР ХИСАР	ОУ „Гоце Делчев"	Реконструкција		прозори	
ДОЈРАН	ОУ „Кочо Рацин" Нов Дојран			прозори	
	ПУ Стар Дојран	Реконструкција на објект (од 2008)	2.200.000		1.800.000
ДРУГОВО	ОУ „Христо Узунов" с.Другово	Реконструкција на фискултурна сала (од 2008)	3.000.000		
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ	ОУ „Јоаким Крчоски" с.Волково и с.Никиштани	Реконструкција		прозори	
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ	ОУ „Тихомир Милошевски" Ново Село	Замена на 2 котли за топловодно греење	850.000		
ЗЕЛЕНИКОВО	ОУ „Марко Цепенков" с.Зелениково	Реконструкција		прозори	
ЗРНОВЦИ	ОУ „Тошо Арсов" с.Зрновци	Воведување топловодно греење	1.300.000		
ЈЕГУНОВЦЕ	ОУ „Александар Здравковски" с.Јегуновце	Реконструкција		прозори	
	ПУс.Јанчиште	Санација на кров	500.000		
	ПУ с.Раотинце	Санација на кров	800.000		
ЈЕГУНОВЦЕ	ОУ „Симче Настески" с.Вратница	Замена на столарија	1.700.000		
	ПУ с.Рогачево	Санациони поправки на објект	300.000		
	ПУ с.Старо Село	Санациони поправки на објект	250.000		
	ПУ с.Орашје	Санациони поправки на објект	250.000		
ЈЕГУНОВЦЕ	ОУ „Шемшево" с.Шемшево	Реконструкција на објект	6.500.000		
КАВАДАРЦИ	ОУ „Д.А. Габерот" с.Ваташа	Реконструкција на кров	1.700.000		
КАВАДАРЦИ	ОУ „Димката Ангелов Габерот"	Реконструкција		прозори	
		Реконструкција	2.600.000		2.200.000
КАРБИНЦИ	ОУ „Страшо Пинџур" ПУ с.Крупиште	Реконструкција		кров	
КАРПОШ	ОУ „Вера Циривири Трена"	Реконструкција		прозори	
КИСЕЛА ВОДА	ОУ „Невена Георгиева - Дуња"	реконструкција на објект (договор 2008)	5.000.000		
КИЧЕВО	ОУ „Д-р Владо Полежиновски"	Реконструкција на објект	3.000.000		2.500.000
КОЧАНИ	ОУ „Крсте Петков Мисирков" с.Оризари	Санација на објект	1.300.000		
КОЧАНИ	ОУ „Никола Карев"	Реконструкција		прозори	
КРИВА ПАЛАНКА	ОУ „Илинден"	Замена на столарија	1.300.000		

КУМАНОВО	ОУ „Бајрам Шабани“	Замена на столарија	1.600.000		
КУМАНОВО	ОУ „Битолски Конгрес“ с.Лопате	Замена на столарија	600.000		
КУМАНОВО	ОУ „Вера Которка“ с.Клечовце	Реконструкција на кров	1.600.000		
ЛИПКОВО	ОУ „Антон Закоо Чајупи“ с.Отља	Реконструкција на кров	1.500.000		
ЛИПКОВО	ОУ „Култура“ с.Матејче	Реконструкција		прозори	
ЛОЗОВО	ОУ „Методи Митевски Брицо“ с.Лозово	Реконструкција		прозори	
	ПУ с.Каратманово	Санација на подови	400.000		
МАВРОВО И РОСТУШЕ	ОУ „Ѓорѓија Пулески“ с.Ростуше	Реконструкција		парно	
	ПУ с.Велебрдо	Промена на столарија-прозорци	600.000		
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА	ОУ „Кирил и Методиј“ Македонска Каменица	Реконструкција		санитарии	
МОГИЛА	ОУ „Кочо Рацин“ с.Ивањевци	Реконструкција	1.000.000		
НОВАЦИ	ОУ „Славко Лумбарковски“ с.Новаци, ПУ Добромири, ПУ с.Агларци	Реконструкција		реконструк.	
ОСЛОМЕЈ	ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеј“ с.Србица	Реконструкција		парно	
ОХРИД	ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец	Реконструкција на дел од кров	900.000		
ПЛАСНИЦА	ОУ „Стив Наумов“ с.Пласница	Реконструкција		парно	
ПРИЛЕП	ОУ „Блаже Конески“	Реконструкција		прозори, под	
ПРИЛЕП	ОУ „Рампо Левката“	Санација на кров(договор 2008) и санација на скалишен простор	2.600.000		600.000
ПРИЛЕП	ОУ „Добре Јовановски“	Санација	3.000.000		
ПРИЛЕП	ОУ „Климент Охридски“	Реконструкција и санација	1.500.000		
ПРИЛЕП	ОУ „Кочо Рацин“ населба Рид	Реконструкција на објект	3.000.000		
РАДОВИШ	ОУ „Никола Карев“	Реконструкција		прозори	
	ПУ с.Псача	Реконструкција		парно	
САРАЈ	ОУ „Сами Фрашери“ с.Глумово	Реконструкција на кров	1.000.000		
СКОПЈЕ	24 училишта	Санација во 24 училишта во Регион Скопје (договор од 2008)	14.000.000		
СТАРО НАГОРИЧАНИ	ОУ „Светозар Марковиќ“ с.Старо Нагоричане	Реконструкција		прозори	
СТРУГА	ОУ „Гоце Делчев“ сЈабланица, ПУ с.Луково, ПУ с.Пискупштина, ПУ с.Нерези	Санација на објектите	1.200.000		
СТРУГА	ОУ „Нури Мазари“ с.Делогожда	Воведување топловодно греење	1.200.000		
СТРУМИЦА	ОУ „Даме Груев“ с.Куклиш	Санација на објект (подови и прозори)	1.000.000		
	ПУ с.Костурино	Санација на објект (подови и прозори)	1.000.000		
СТУДЕНИЧАНИ	ОУ „Алија Авдовиќ“ с.Батинци	Реконструкција		кров	
	ПУ с.Црн Врв	Реконструкција и санација на објект (договор 2008)	1.500.000		
ТЕАРЦЕ	ОУ „Исмаил Ќемали“ с.Нераште	Асфалтирање на спортски терен	1.800.000		
ТЕТОВО	ОУ „Гоце Делчев“	Санација (договор 2008) и реконструкција на кров	2.500.000		
ТЕТОВО	ОУ „Кирил и Методиј“	Замена на подови	1.500.000		
ТЕТОВО	ОУ „Прпарими“ с.Речица	Замена на прозори	2.500.000		

ЦЕНТАР	ОУ „Димитар Миладинов“	Замена на стари дрвени врати со нови	1.000.000		
ЦЕНТАР	ОУ „Гоце Делчев“	Реконструкција		прозори	
ЦЕНТАР	ОУ „Кирил и Методиј“	Санација подови	1.000.000		
ЦЕНТАР	ОУ „Кочо Рацин“	Реконструкција на училишен објект	6.500.000		5.500.000
ЦЕНТАР ЖУПА	ОУ „Моша Пијаде“	Реконструкција		парно	
ЧАИР	ОУ „7 марси“	Поврзување на градско греење	7.000.000		
ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО	ОУ „Климент Охридски“ с.Облешево	Реконструкција на столарија	550.000		
ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО	ОУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци	Реконструкција		прозори	
ЧУЧЕР - САНДЕВО	ОУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево	Реконструкција и санација		кров	
ШТИП	ОУ „Гоце Делчев“	Реконструкција (сала)	2.200.000		
ШУТО ОРИЗАРИ	ОУ „26 јули“ Шуто Оризари	Реконструкција		прозори	
		Вкупно	**145.060.000**	**61.200.000**	**12.600.000**
учество на МОН во Проектот ПЕП на УСАИД (согласно меморандум за разбирање)			**18.600.000**		
стручно-технички надзор			**2.000.000**		
предмер-пресметки, проекти, ревизија на проекти			**1.340.000**		
обврски по основ на склучени договори на училишта во 2008 година			**6.000.000**		
		Се вкупно	**173.000.000**		

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-176/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

54.

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 05/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Душевните растројства се сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски последици по поединецот, семејството и општеството во целост. Овие заболувања стануваат се поочигледни како кај нас, така и во светот.

Светската здравствена организација проценува дека 400 милиони луѓе во светот постојано страдаат од ментални и невролошки растројства, но бројот на лицата на кои им е неопходна психијатриска помош е многу повисок и не може да се процени. Менталните и бихејвиоралните заболувања засегаат повеќе од 25% од вкупната популација во одреден период од нивниот живот.

Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различни субјекти во општеството, во чија надлежност се ресорни институции и установи, со особен акцент на социјалниот сектор.

Заради тоа, Владата на Република Македонија донесе Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија за 2005-2012 година во која третманот на менталното здравје мултидисциплинарно и мултипрофесионално, со ресоцијализација и деинституционализација на корисниците, а пред се со намалување на стигмата која е присутна на овие простори.

Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението (афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства.

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек, т.е. периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

Поради наведените состојби, во изминатиот период, третманот на овој сериозен социо-медицински проблем беше скоро целосно препуштен на медицинските, т.е. психијатриските институции и се одвиваше на товар на здравството и здравственото осигурување, давајќи скромни резултати.

Имено, долготрајниот болнички третман во психијатриските установи, во изминатиот период, од една страна беше поврзан со значителни финансиски средства кои претежно беа на товар на здравственото осигурување, а од друга страна придонесуваше долготрајно болнички третираните лица да бидат дополнително стигматизирани, маргинализирани и социјално исклучени. Ваквата хоспитализација предизвикуваше и дополнително влошување на здравствената состојба.

Ваквиот пристап се покажа како недоволно ефикасен, економски неоправдан и не успеа да обезбеди похуман пристап и третман на лицата со душевни растројства во нивната социјална средина.

Следејќи ги и препораките на СЗО, во Република Македонија се премина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н. Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатен дневноболнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, навремено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во моментот во Република Македонија, лицата со душевни растројства во најголем број се третирани во трите специјални психијатриски болници во Скопје, Демир Хисар и Негорци, според регионалниот пристап. Вкупниот број на болнички постели во трите психијатриски болници е 1.125 од кои во 2/3 од вкупниот капацитет на постели се сместени хроничните болни, а во 1/3 од постелите акутните болни. Покрај тоа, 470 лица со душевни растројства се лекуваат во 7-те центри за ментално здравје кои се прикрепени на психијатриските болници и на здравствените установи во Републиката.

Во трите специјални психијатриски болници во Република Македонија - Психијатриска болница Скопје, Психијатриска болница Демир Хисар и Психијатриска болница Негорци, болнички се лекуваат вкупно 1 700 лица со душевни растројства, од кои:

- 730 пациенти се долготрајно хоспитализирани - повеќе од 180 дена
- 790 пациенти се со просечна хоспитализација од 178 дена
- 180 пациенти се со краткотрајно лекување од 60 дена
- 470 се лекуваат во центри за ментално здравје (дневни болници)

Од болнички лекуваните пациенти:

- 116 лица се со судска одлука за изречена мерка задолжително лекување и чување во психијатриска болница;
- 150 лица не се осигурани по ниту еден основ од Законот за здравствено осигурување, а дел од трошоците се на товар на Министерството за здравство
- 730 се хронични душевни болни за долготрајна нега и чување, за кои голем дел од трошоците се на товар на ФЗО
- Останатите се осигурани согласно Законот за здравственото осигурување

Од лекуваните во дневните болници:

- 90 лица не се осигурани по ниту еден основ од Законот за здравствено осигурување,
- 380 лица се со хроничен тек на душевното растројства, на долготраен третман.

Од наведените показатели видно е дека во трите психијатриски болници и во центрите за ментално здравје во Републиката се лекуваат 232 лица со душевни растројства за кои не постои основ за осигурување и 116 лица со изречена судска мерка, за кои болниците не обезбедуваат средства од здравственото осигурување, а голем дел од пациентите (околу 730 пациенти) се хоспитализирани повеќе од една година во болниците. Поради тоа, во иднина, обврската за плаќање на трошоците за долгите хоспитализации потребно е да ја преземат ресорните министерства. Имено, за третман на осудените лица со душевни растројства, финансиски обврски треба да преземе Министерството за правда, преку редовно планирање, издвојување и уплатување на соодветни финансиски средства, а Министерството за труд и социјална политика потребно е да ја превземе обврската за финансирање на долготрајната болничка нега и чување на лицата со хронични душевни растројства. Лекувањето на овие лица би било и понатаму обврска на Министерството за здравство.

Долгогодишниот престој во психијатриските болници се должи пред се на неподготвеноста на семејствата и социјалната средина за нивно прифаќање во домашни услови, поддржани од високиот степен на општествена стигматизација и маргинализација на овие лица во заедницата, како и на развиениот хоспитализам кај лицата со душевни растројства кои се долготрајно болнички лекувани (несигурност и страв од напуштање на болницата). Сето ова е надополнето и со отсуство на соодветни служби за прифаќање и третман на овие лица во местото на живеење. Напуштени и ретко посетувани од своите семејства, тие се адаптираат на болнички услови во кои грижата за нивното здравје, нега и престој е целосно препуштена на медицинскиот персонал во здравствените институции. Иако дел од овие лица остариле право на лична пензија или социјална помош, истата самите минимално ја користат, поради фактот дека средствата најчесто ги користат членови на нивните семејства, кои малку се грижат за нив. Од наведеното видлива е комплексноста на проблемот, според кое може да се заклучи дека долготрајниот болнички престој е во голема мерка условен од социјалниот момент, а не од потребата за исклучиво медицински третман.

Освен тоа, во овие болници и во психијатриските одделенија во Републиката се сместени 970 лица со душевни растројства, со регулирано здравствено осигурување кои се во акутна фаза на болеста (до 180 дена престој), а средствата за нивното лекување паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување.

Имајќи го во предвид сето наведено, а пред се за овозможување на похуман пристап и почитување на човековите права на лицата со душевни растројства, како и почитување на принципите на достапност, економичност и ефикасност на психијатриските служби, во рамки на реформи во менталното здравје се развиваат различни форми на вонинституционално и вонболничко лекување, за кои во иднина е потребна финансиска поддршка.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2009 година потребни се следните средства:

А.	Болничко лекување	Број на пациенти	Цена на болн. ден со лекови	Денови на лекување	Износ
1.	Неосигурени лица - душевни болни	150	365,00	182	9.964.500,00
2.	Хронично душевни болни за долготрајна нега и чување	200	365,00	182	13.286.000,00
А	ВКУПНО:				23.250.500,00
Б.	**Лекување во Дневни болници**	**Број на пациенти**	**Цена на болн. ден со лекови**	**Денови лекување**	**Износ**
1.	Хронично душевни болни - неосигурени лица	90	143,00	365	4.697.550,00
2.	Хронично душевни болни со долготраен престој во дневни болници (повеќе од 30 дена)	380	142,00	335	18.076.600,00
Б	ВКУПНО				22.774.150,00
	ВКУПНО А + Б:				46.024.650,00

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година во висина од **46.000.000,00** денари.

Во вкупниот број на пациенти на болничко лекување спаѓаат и 116 судски случаи со изречена мерка задолжително лекување, за кои Министерството за правда нема обезбедено посебни средства заради што услугите за нив ќе се финансираат од вкупните средства на оваа програма.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените, така да е можно трансфер на средствата од една во друга позиција.

Со оваа програма нема предвидено посебна позиција за партиципација затоа што согласно член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за здравствено осигурување, душевно болните лица се ослободени од партиципација.

Извршители на Програмата: психијатриските болници и останатите здравствени установи кои имаат психијатриски одделенија или Центар за ментално здравје, во својот состав.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Здравствените установи кои се извршители на Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6320/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

55.

Врз основа на член 32 став 4 точка 4 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

В О В Е Д

Туберкулозата сеуште претставува актуелен глобален проблем. Бројот на заболени од туберкулоза е во пораст како во неразвиените, така и во индустриски развиените земји. Една третина од светското население е веќе инфицирано со туберкулозен бацил, а 10% од нив во текот на животот ќе развијат болест. Според последните податоци од Светската здравствена организација (СЗО) во светот се регистрираат 8 милиони нови случаи, а нешто повеќе од 2 милиони секоја година умираат од туберкулоза. Состојбата уште повеќе се компликува со појавата на мултирезистентните и екстензивно резистентните форми на туберкулоза кај кои има исклучително слаб терапевтски одговор и ваквите пациенти во најголем број од случаите завршуваат летално. Според последните податоци на СЗО во светот нивниот број изнесува 424 000. Во нашава држава има 8 пациенти со мултирезистентна туберкулоза.

Во 2007 година, во Република Македонија регистрирани се 563 болни од активна туберкулоза. Од регистрираните болни: 441 болни се со белодробна туберкулоза, а 122 болни се со вонбелодробна туберкулоза. Инциденцата изнесуваше 28/100 000 и лесно е намалена во однос на претходната година. Кај деца до 14 годишна возраст имало 55 случаи на активна туберкулоза или 12,5 % од сите заболени со белодробна туберкулоза. Постоењето на детската туберкулоза укажува на сеуште неповолна епидемиолошка состојба во Републикава. Бројот на умрени од туберкулоза на сите органи изнесува 34 и е поголем во однос на минатата година.

Во Република Македонија, најчестите причини за појава на туберкулозата се лошата социо-економска состојба, со голем број на стечајни работници, висока стапка на невработеност, сиромаштијата, зголемениот број на незаразни хронични заболувања кои се со повисок ризик за разболување од туберкулоза како што е дијабетот, болни на долготрајна кортикостероидна терапија, земањето замав на болестите на зависност (опојни дроги и алкохол), како и сеуште нерешениот проблем со одреден број на привремено раселени лица кои живеат во субстандардни санитарно-хигиенски услови и тн.

Со цел на спречување на влошување на епидемиолошката состојба на туберкулозата во земјата, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана со резистентните соеви на М.туберцулосис, спречување на коинфекција на ТБ со ХИВ, неопходно е да се преземат сите расположиви превентивни мерки за спречување, рано откривање и правовремено лекување на заболувањето. Освен тоа, неопдходно е имплементирање на сите планирани активности според Националната програма за контрола на туберкулозата.

Туберкулозата е класичен пример на болест која претставува социјално-медицински проблем за здравствената служба на секоја земја. Најдобра превентивна мерка е да се обезбеди правилно и навремено лекување на секој заболен со ТБ, со што ќе се постигне излекување на болниот и спречување на ширењето на заразата помеѓу граѓаните, бидејќи еден нелекуван болен може да зарази 10-15 лица годишно.

I. ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

1. Извршување на радиофотографски прегледи

Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија, со цел за рано откривање на болните од туберкулоза и другите неспецифични белодробни заболувања и останатите градни заболувања, ќе врши селективно флуорографски снимања на лица кои се изложени на поголема опасност од заболување со туберкулоза и други белодробни заболувања. Тоа се лица кои спаѓаат во т.н. ризични групи како што се затвореници, хронични болни во психијатриски болници, болни на хронична хемодијализа, зависници од опојни дроги и алкохол, вработени во рударски и индустриски комплекси, здравствени работници, работници во прехрамбената индустрија, ромската популација, привремено раселени лица и бездомници, како и жители во подрачјата во Република Македонија каде е зголемена инциденцата на туберкулозата.

А. Планирано е снимање на 2000 лица кои спаѓаат во ризични групи и лица со ризични фактори: хронични болни во психијатриски установи, затвореници во казнено-поправните домови, привремено раселени лица, бегалци, азиланти, болни на хронична дијализа, дијабетичари;

Б. Ризична популација заради социјално-економски услови на живеење, планирано е снимање на 2000 лица пред се од ромската популација во градовите (Прилеп, Битола и Струмица).

Во организацијата на радиофотографското снимање учествуваат:

Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, во соработка со градоначалниците на општините на Република Македонија кои ги обезбедуваат списоците на граѓаните и ги дистрибуираат поканите за радиофотографско снимање по домаќинствата според планот за снимање

направен во соработка меѓу општините и Институтот. За подобра организација на снимањата може да се вклучат и невладините организации (Црвен крст, невладини ромски организации и др).

По извршеното радиофотографско снимање филмовите перманентно се развиваат во рентген лабораторијата на Институтот и сите сомнителни случаи за белодробна туберкулоза и другите белодробни заболувања се доработуваат. По завршеното снимање и доработката се изготвува анализа на наодите, а болните се упатуваат на диспанзерско или болничко лекување.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

2. Испитување на контакти

На дел од лицата кои биле во контакт со болни од туберкулоза, особено оние кои живеат во услови на близок контакт со изворот на инфекцијата (членови на потесното семејство) ќе се извршуваат контролни прегледи.

Планирани се 1.600 прегледи на лица кои биле во контакт со болни од туберкулоза, во просек по 4 лица за секој болен со белодробна туберкулоза.

За секој случај со белодробна туберкулоза се води стандардна евиденција за испитаните контакти, начинот на кој е направено испитувањето, резултати од испитувањето (колку болни се откриени или колку инфицирани). Контактите ќе бидат испитувани, како во Институтот, така и во пнеумофтизиолошките диспанзери. Извршителите на активностите се должни да испраќаат извештаи со фактура квартално до Министерството за здравство.

Извршители: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје.
Пневмофтизиолошки диспанзери.

3. Мониторинг евалуација и стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните со туберкулоза

Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза Скопје-Скопје врши следење на работата на сите здравствени установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на заболени од туберкулоза. Мониторингот го вршат експерти од Институтот, а тимот го сочинуваат двајца специјалисти и еден микробиолог. Ќе се евалуира работата на 18 диспанзери, лаборатории каде се врши директна микроскопија, 4 болници каде се лекуваат болни со туберкулоза и други организаци (психијатриски болници, клиники, затворска болница).

Целта на оваа активност е давање на стручно – методолошка помош за да се обезбеди поквалитетна работа на организациите кои учествуваат во контролата на туберкулозата. Се планираат две посети годишно на секоја организација.

При тоа се врши увид на :

- организација на работење;
- обемот и квалитетот на стручната работа: спроведување на современата терапија; режими на лекување на болните; дијагностички методи; надзор на бактериолошката дијагностика (резистенција и типизација на микробактериите); време на болничко лекување и друго;
- спроведување на превентивните мерки: спроведување на Бе-Се-Же имунизацијата; туберкулинско тестирање и хемиопрофилакса по индикација; прегледи на лица во контакт; патронажа; здравствено просветување;
- водење на пропишана медицинска документација, правилно регистрирање, пријавување и мониторирање на случаите со туберкулоза.
- евалуација на постигнатите резултати од лекувањето.

Целта на оваа активност е преку надзорот и пружањето на стручно-методолошка помош, да се обезбеди подобрување на работата на здравствените установи кои учествуваат во контролата на туберкулозата.

За извршениот надзор се изготвува стандарден извештај за најдената состојба и предлог мерки за подобрување на состојбата, а потоа се следи спроведувањето на предлог-мерките. Врз основа на следењето на работата на сите здравствени установи кои спроведуваат превенција и лекување на заболени од туберкулоза се изготвува годишен извештај.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

4. Контрола на успешноста на Бе-Се-Же вакцинација

Анализа на успешно спроведената вакцинација против туберкулоза се извршува преку констатирање на постоење на лузна кај вакцинираните деца.

Вкупно ќе се опфатат околу 8.000 деца за евалуација на успешноста на Бе-Се-Же имунизација во следните општини:

1.	Скопје – Чаир и Шуто Оризари, **2.400** деца
2.	Гостивар, **1.200** деца
3.	Охрид, **1.200** деца
4.	Неготино и Демир Капија, **800** деца
5.	Дебар и Центар Жупа, **800** деца
6.	Битола, **1.000** деца
7.	Демир Хисар и Сопотница, **600** деца
	ВКУПНО: 8.000 деца

Направената контрола на успешноста на извршената Бе-Се-Же имунизација со евиденција и анализа за најдената состојба по општини ќе се достави и до Министерството за здравство.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

5. Активности на здравствените организации од аспект на редовно и навремено земање на лекови за лекување на туберкулоза и едукација на болни (ДОТС во домашни услови)

Од особен интерес е здравствено просветување преку разговор во домашни услови за болните и нивните семејства, со цел едукација за важноста од континуирана и навремена терапија за поуспешно лекување на заболените и спречување на појава на мултирезистентна туберкулоза. За 2009 година планирани се 1000 посети, односно за 500 болни по две посети во текот на континуираната фаза на лекувањето.

За извршените посети, одговорните здравствени работници ќе водат записници и секој месец ќе доставуваат извештаи за резултатите до Институтот.

Средствата наменети за оваа активност ќе се распределуваат процентуално според бројот на регистрирани болни со ТБЦ во секој диспанзер за претходната година (податоците за овие бројки ќе ги достави Институтот за туберкулоза и белодробни заболувања -Скопје, врз основа на извештатите од пневмо-фтизиолошките диспанзери)

Извршители: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје и пневмофтизиолошките диспанзери во Републиката.

6. Едукација на здравствени работници

Едукацијата на здравствените работници за оспособување кадри за вршење Бе-Се-Же имунизација, организирање и примена на единствена техника на Бе-Се-Же имунизација и туберкулинско тестирање, ќе се врши по пат на одржување на 3 семинари (организирани во Скопје, Тетово и Струмица) со по 25 учесници.

На истите ќе им биде поделен сертификат и легитимација за оспособеност за имунизација и ќе се воведат во Регистар на лица оспособени за Бе-Се-Же вакцинација.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

7. Советувања за туберкулоза

Советувањето ќе се организира за хоспитализирани болни и членови на нивните семејства во советувалиштето на Институтот, а ќе го вршат специјално обучени здравствени работници. Се планира да се опфатат 300 пациенти и 200 членови на нивните семејства.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје

8. Советување за ХИВ/СИДА

Во советувалиште за ХИВ/СИДА, кое функционира во состав на Институтот, планирано е да се опфатат околу 200 пациенти.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје

9. Подготовка и печатење на пропаганден материјал

Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, за подобра промоција и едукација на населението за потребата од превенција и навремено и соодветно лекување од туберкулоза ќе изготви брошури, ќе настапи и на ТВ и радио емисии. Институтот ќе преземе активности за одбележување на Светскиот ден на туберкулозата (24 март) и Неделата на туберкулозата.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје

10. Лекување на случаите со мулти-резистентна туберкулоза (МДР-ТБ)

Иако бројот на овие болни сеуште не е голем во Република Македонија, превенцијата на појавата на МДР-ТБ треба да биде мошне важна мерка во контрола на заболувањето. Годишно се регистрираат околу два-три нови случаи, а кумулативно до 2008 година се регистрирани 16 болни од кои 8 егзитирале, а 8 сеуште се лекуваат. Овие болни со оглед на хроницитетот на заболувањето, со години (просечно околу 5) претствуваат постојани извори на зараза на населението, особено помеѓу младата и вулнерабилна популација.

Нелекувањето на овие болни, ќе претставува непрекинато ширење на заразата и во наредните години, а со тоа и можност за разболување од оваа клинички мошне тешка форма на болеста, чие лекување во просек трае две години, со неизвесен исход од лекувањето, а во колку се излекуваат се со последици и инвалидитет. Треба да се напомене дека лековите се скапи, помалку ефикасни и токсични.

Лекувањето на болните со МДР-ТБ е најдобра превентивна мерка за спречување на болеста за идните генарации.

На годишно ниво ќе се прави проценка за потребите на антитуберкулотиците од втор ред, во зависност од реалните потреби. Овие лекови ќе се чуваат во Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза, каде ќе се лекуваат болните.

Во 2009 година постои потреба за лекување на 8 лица со МДР-ТБ, за кои треба да се обезбедат антитуберкулотици од втор ред.

Извршител: - Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје.

11. Електронско пријавување и следење на податоците за туберкулозата

Во склоп на Проектот за контрола на туберкулозата во Република Македонија финансиран од Глобалниот фонд за ТБЦ, извршена е набавка на софтвер и компјутери за електронско пријавување и следење на податоците за заболените од туберкулоза во Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза, Институтот за белодробни заболувања кај децата-Козле, пневмофтизиолошките диспанзери: Скопје, Тетово, Гостивар и Куманово. Со цел да се обезбеди континуитет во работата на системот оваа година е планирана поддршка за функционирање на софтверот преку обезбедување на финансиски средства од оваа програма.

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје.

12. ТЕСТИРАЊЕ ЗА ЛАТЕНТНА ТУБЕРКУЛОЗНА ИНФЕКЦИЈА СО КВАНТИФЕРОН

Овој тест за прв пат би го вовеле во нашава држава, а неколку години наназад широко се применува во европските држави. Тестот има предности пред туберкулинското тестирање бидејќи на него не влијае БЦГ статусот на лицето. Планирани се 150 тестирања на лица сомнителни за латентна туберкулозна инфекција со Квантиферон-тест. За секој испитан случај се води стандардна евиденција за начинот на кој е направеното испитувањето и резултати од испитувањето (колку болни се откриени и колку инфицирани).

За извршените прегледи, одговорните здравствени работници ќе водат записници и квартално ќе доставуваат извештаи за резултатите до Министерство за здравство.

Извршител : Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје.

13. Активности на Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика.

- **Следење на епидемиолошката состојба** во светот, како и стручните и научните достигнувања во оваа област. Организирање и спроведување дескриптивни и аналитички епидемиолошки проучувања во повеќе региони во државата, заради определување на дистрибуцијата на болеста меѓу специфични популациони групи.
- проучување на законските и стручните упатства и нивното спроведување во земјите во светот каде што има туберкулоза;
- воспоставување стручна и научна соработка на проблемот на туберкулозата со Институтот за ТБЦ и градни болести во Скопје, како и со научни институции од други земји, заради обезбедување најнови информации во врска со овој проблем, размена на искуства и изготвување заеднички проекти;

- организирање и спроведување лонгитудинални епидемиолошки проучувања за следење на специфични популациони групи со цел за утврдување на застапеноста на Mantoux (+), односно Mantoux (-) поединци, заради процена на епидемиолошките ризици за помасовно јавување на болеста;
- заради одредени резултати од поновата светска литература, кои укажуваат на ниска заштита постигната со БЦГ вакцинацијата, неопходно е спроведување на епидемиолошка case-control студија за евалуација на нејзиниот заштитен ефект, заради евентуално менување на стратегијата на борбата против туберкулозата, каде што БЦГ нема да го има централното место како досега, доколку се докаже дека се точни наводите за нејзината неефикасност;
- организирање и спроведување cost effecteveness студија со цел за споредување на задолжителната вакцинација со БЦГ меѓу сите новородени деца во Република Македонија со хемиотерапијата, односно хемиопрофилаксата, согласно новата стратегија на Светската здравствена организација. Образложение: БЦГ вакцинацијата се уште има место во борбата против туберкулозата, главно во сиромашните земји, пред се, затоа што таквата метода на заштита бара многу помалку финансиски средства од хемиотерапијата и хемиопрофилаксата. Гледано од таков аспект, Македонија е квалификувана за спроведување таков тип на заштита од туберкулозата. Меѓутоа, иако поевтина од хемиотерапијата и хемиопрофилаксата, задолжителната вакцинација со БЦГ на сите новороденчиња во Македонија, заедно со ревакцинацијата, ангажира значителни општествени средства кои би можеле да се употребат за други цели, доколку се покаже дека резултатите не ги оправдуваат вложувањата;
- организирање и спроведување семинари и предавања за едукација на здравствени работници
- изготвување повремени информации, стручни упатства, летоци, брошури, предавања, студии, аудио и видео касети и други материјали и настапи во средствата за јавно информирање кои ќе придонесат на полето на здравственото воспитание и научновоспитувачката работа;
- презентирање/публикување на резултатите од стручната и научноистражувачката работа на домашни и странски научни собири,
- односно во релевантни стручни и научни списанија во земјата и странство;

Извршител: Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика.

II. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на превентивните мерки за спречување на туберкулозата содржани во Програмата за 2009 година, потребни се следните средства :

Ред. бр.	А к т и в н о с т	Единица	Цена на единица/ден.	Вкупна цена
1.1.	Радиофотографско снимање (Филмови,реагенси формулари организација).	4.000	250	1.000.000,00
1.2.	Дообработка на сомнителни ртг наоди на бели дробови	100	1.300	130.000,00
2.	Испитување на контакти со туберкулоза	1600	1.473,00	2.356.800,00
3.	Следење на работата на сите здравствени установи кои спроведуваат превенција и лекување на заболени од туберкулоза	52	7.200,00	374.400,00
4.	Контрола на Бе-Се-Же вакцинација	8000	200,00	1.600.000,00
5.	Спроведување на ДОТС програмата и едукација на семејствата на болните со ТБЦ	1000	900,00	900.000,00
6.	Едукација на здравствени работници (семинар за Бе-Се-Же вакцинација)	3	50.000,00	150.000,00
7.	Советување на болни од туберкулоза	500	500,00	250.000,00
8.	Советување за ХИВ/СИДА на пациенти	200	400,00	80.000,00
9.	Промотивна кампања			750.000,00
10.	Антитуберкулотици од втор ред			2.000.000,00
11.	Електронско пријавување и следење на податоците за заболените од туберкулоза и надградба на софтвер			700.000,00
12.	Набавка на реагенс квантиферон за тестирање на ЛТБИ	150	2.000,00	300.000,00
13.	Активности на Институт по епидемиологија			408.800,00
	ВКУПНО:			**11.000.000,00**

1.	Партиципација за специјалистичко-консултативни прегледи	4.500.000,00
	ВКУПНО:	**4.500.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 15.500.000,00 денари.

Распределба на средствата по Програмата **квартално ќе ја врши Министерството за здравство на здравствените установи кои се наведени како извршители на мерките и активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.**

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија.
Здравствените установи кои се извршители во Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство годишни извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во износ од 15.500.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6582/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

56.

Врз основа на член 70 став 1 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/06), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредуваат работите и роковите за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи, вкупните средства потребни за извршување на програмата во целина, изворот на средствата и орган надлежен за реализација на Програмата.

II

За извршување на активностите до декември 2009 година се предвидуваат следните инвестициони активности во вкупна висина од 60 000 000,00 ден. обезбедени од Буџетот на Република Македонија, 68 000 000,00 ден. кои се обезбедуваат од Буџетското учество од заемот од Банката за развој на Совет на Европа и 181 569 000 ден. од заемот од Банката за развој на Совет на Европа.

III

ГРАДЕЖНО ЗАНАЕТЧИСКИ АКТИВНОСТИ И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПНА ВИСИНА ОД 60 000 000,00 ДЕН.

1. ЗАТВОР КУМАНОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА

1.1 Продолжување на адаптација и надградба на објект кој треба да профункционира во затвор и надзор над изведбата

1.2. Набавка на трафостаница и изведба на далновод во Затвор во Куманово и надзор над изведбата

1.3. Изработка на изведбени проекти за останатите објекти и инфраструктура на затворот во Куманово и нивна изведба и надзор.

2. КПД ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС

2.1. Изработка на урбанистички и идејни проекти за следниве објекти

- изградба на ново Затворено одделение
- изградба на ново Полуотворено одделение
- изградба на ново Отворено одделение
- реконструкција и адаптација на постојниот објект за Тренинг центар за обука на вработените во казнено поправните и воспитно поправните установи
- реконструкција, адаптација и доградба на Женско одделение

2.2.Набавка на нова кујна, пекара и перална

2.3 Набавка на возило за спровод

3. ЗАТВОР СКОПЈЕ

3.1. Изработка на урбанистички и идејни проекти за реконструкција и санација на постојните објекти

3.2 Набавка на возило за спровод

3.3. Набавка на опрема за радио врски

4.ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА

4.1. Продолжување со реновирање на санитарните чворови, пералната, бањата, спалната, трпезаријата и кујната и нивен надзор над изведбата

4.2. Изработка на урбанистички, идеен и изведбен проект за санација и надградба на притворското одделение и реконструкција на кров на административната зграда

5. ЗАТВОР ОХРИД

5.1. Продолжување со санација и реновирање на притворскиот дел на Установата и нивен надзор над изведбата

6. КПД ШТИП

6.1 Набавка на возило за спровод

7. ЗАТВОР СТРУМИЦА

7.1 Набавка на возило за спровод

8. ВПД ТЕТОВО

8.1 Изработка на урбанистички и идеен проект за изградба на целокупен комплекс со објект за сместување на малолетни лица и пропратни објекти

9. ЗАТВОР ПРИЛЕП

9.1. Започнување со изградба на спортска сала и работилници и надзор над изведбата.

IV

ГРАДЕЖНО ЗАНАЕТЧИСКИ АКТИВНОСТИ И ОПРЕМУВАЊЕ ВО КАЗНЕНО ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ ВКУПНО СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 249 569 000 ДЕН. ОД ЗАЕМОТ И ОД БУЏЕТСКОТО УЧЕСТВО НА ЗАЕМОТ

1. КПД ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС

1.1. Изработка на изведбени проекти за следниве објекти и нивна изведба и надзор

- изградба на ново Затворено одделение
- изградба на ново Полуотворено одделение
- изградба на ново Отворено одделение
- реконструкција и адаптација на постојниот објект за Тренинг центар за обука на вработените во казнено поправните и воспитно поправните установи
- реконструкција, адаптација и доградба на Женско одделение

2.ЗАТВОР СКОПЈЕ

2.1. Продолжување на изградба на ново крило за притвор и надзор над изведбата

2.2. Изработка на изведбени проекти за реконструкција и санација на постојните објекти и нивна изведба и надзор

3. КПД ШТИП

3.1. Изработка на изведбени проекти за изградба на нови објекти за Отворено одделение и административна зграда со придружни објекти и започнување со нивна изведба и надзор

4. ЗАТВОР СТРУМИЦА

4.1. Изработка на изведбени проекти за реконструкција и надградба на постојниот објект со придружни објекти и нивна изведба и надзор

5. ВПД ТЕТОВО

5.1 Изработка на изведбен проект за изградба на целокупен комплекс со објект за сместување на малолетни лица и пропратни објекти и започнување со изградба и надзор.

V

За реализација на Програмата ќе се користат средства обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2009 година, Раздел 07002 - Управа за извршување на санкциите, Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А - Изградба, реконструкција и опремување на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи , ставка 481 - Градежни објекти во износ од 40 000 000,00 денари и ставка 483- Купување на мебел, опрема, возила и машини во износ од 20 000 000,00 денари. Програма 3 - поправни установи, Капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи , ставка 481 - Градежни објекти во

износ од 169 046 000,00 денари и ставка 483- Купување на мебел, опрема, возила и машини во износ од 80 523 000,00 денари.

VI

За реализација на Програмата е надлежна Управата за извршување на санкциите.

VII

За извршувањето на Програмата се изготвува извештај во рокот предвиден за составување на годишна сметка на Управата за извршување на санкциите.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6960/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

57.

Врз основа на член 28 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 48/00, 39/03, 96/04, 120/05 и 13/07), Владата на Република Македонија ,на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНОВИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Со оваа програма се уредува изградбата и одржувањето на станбени згради и станови во сопственост на Република Македонија за 2009 година.

ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Проектирани цели на програмата

Глобална цел на програмата:

Интензивирање на стопанската активност на глобално ниво со проектирани инвестициони активности на полето на градежништвото, изградба на социјални станови и контролирано намалување и одржување на цената на становите наменети за продажба и станови за млади брачни двојки, како и релаксирање на условите на продажба со цел поголема достапност на станбените потреби на граѓаните на Република Македонија.

Посебни цели на програмата

- Довршување на почнатите програми за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија
- Отпочнување на изградба на нови објекти со станови наменети за продажба
- Изградба на станови за млади брачни двојки
- Довршување на реализација на проектите кои Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (во понатамошен текст Јавно претпријатие) ги реализира во име на Република Македонија - Проектот Ф/П 1340 - изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања.
- Изградба на социјални станови
- Реализација на обврските на Јавното претпријатие, согласно законски прописи: - обезбедување станбени единици, обврска на Јавното претпријатие која произлегува од важечките законски прописи (станови за службени потреби, станови кои се доделуваат согласно Законот за денационализација и согласно Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства)
- Организирање изградба на станбен и деловен простор чиј инвеститор е Република Македонија, согласно Законот за стопанисување со станбениот и

деловниот простор на РМ Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/94)

- Изградба, адаптација и реконструкција на објекти согласно донесени Одлуки на Владата на Република Македонија
- Изградба на **северна** трибина на Градски стадион Скопје
- Изградба на источна и западна трибина на Градски Стадион – Скопје, рушење на постојната источна и западна трибина, фасадно обликување и илуминација на Градски Стадион – Скопје, реконструкција на јужна трибина и реконструкција на спортскиот терен (борилиште) на Градски Стадион Скопје, довршување целосно на изградбата на поттрибинскиот простор на северна трибина, целосна изградба на поттрибинскиот простор на источна и западна трибина, опремување на Градски Стадион Скопје (борилиште и поттрибинскиот простор) и учество во изградбата на инфраструктурна мрежа на објекти
- Надградба и доградба (затварање како една функционална целина) на објектот Градски трговски центар во Скопје
- Реализација на програми на Владата на Република Македонија со цел обезбедување на станови за посебна категорија на граѓани

Во оваа програма се дадени физички и финансиски показатели на објектите со станбен и деловен простор.

За организирање и реализација на истата се задолжува Јавното претпријатие.

Локациите се обезбедени на земјиште во сопственост на Република Македонија.

Сите станови кои се довршуваат од предходни програми и становите наменети за младите брачни парови ќе се продадат согласно Одлуката на Влада на Република Македонија за продажба на станови на кои права, должности и одговорности во поглед на располагањето има Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/96, 16/99, 64/01 и 52/06).

Становите наменети за продажба во новопредвидените објекти за изградба, во целост ќе се финансира од продажба на станбениот и деловен простор во изградба. Продажбата на целокупниот проектиран простор ќе изнесува 100%, а имајќи ги предвид анализите на пазарот за станбен и деловен простор според кои постои незадоволена побарувачка и особено што продажните цени се планираат на ниво пониско од пазарното (за околу 15%), како и несомнено дека станува збор за инвеститор кој ужива доверба и репутација на пазарот како нискоризичен пласман за правните и физички лица кои на овој начин ќе ги инвестираат своите средства. Продажбата на идната градба ќе се врши во целост т.е. 100% од продажната цена.

За реализација на ваквиот начин на продажба од особена важност се одредбите на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2008) и неговата примена.

Цените на становите наменети за продажба ги утврдува Управниот одбор на Јавното препријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Јавното препријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија може да ја организира продажбата на становите преку користење на финансиски услуги од деловните банки, како и странски (меѓународни) финансиски институции или конзорциуми.

Изградбата на станбен и деловен простор во текот на 2009 година

I.

ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

I.1. Довршување на станови во градба од предходни програми наменети за продажба

Јавното претпријатие на територија на Република Македонија во претходните години има започнато вкупно 4 објекти со 323 стана со вкупна површина од 18.931,86 м^2, деловен простор со површина од 635,88 м^2 и 325 подруми со површина од 2.235,52 м^2.

Завршување и предавање во употреба на објектите се предвидува во 2009 година, освен објектот во Охрид, кој ќе биде готов во почетокот на 2010 година. Досегашниот физички напредок на овие објекти изнесува просечно 54,91%, а во 2009 година ќе се реализираат 41,96%, а останатите 3,13% ќе се реализираат во 2010 година. Поголемиот дел од становите во овие објекти се веќе продадени. Довршувањето на становите во градба од претходните годишни програми наменети за продажба се дадени во прилог бр. 1, односно финансиските показатели се дадени во прилог бр. 9, кои се составен дел на оваа програма.

I.2. Изградба на објекти со станови наменети за продажба

Јавното претпријатие на територија на Република Македонија планира изградба на вкупно 5 нови објекти со 201 стан со вкупна површина од 12.665,10 м^2, деловен простор со површина од 4.386,93 м^2, гаражи со површина од 6.665,20 м^2 и 29 подруми со површина од 340,00 м^2.

Завршување и предавање во употреба на објектите се предвидува во 2010 година. Досегашниот физички напредок на овие објекти изнесува просечно 8,53%, во 2009 година ќе се реализираат 51,81%, а останатите 39,90% ќе се реализираат во 2010 година. Становите и деловниот простор ќе се продаваат по пазарни продажни цени и тоа 100% од продажната цена во тек на градбата на становите. За реализација на ваквиот начин на продажба од особена важност се одредбите на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2008) и неговата примена

Изградбата на објектите со станови наменети за продажба се дадени во прилог бр. 2, односно финансиските показатели се дадени во прилог бр. 9, кои се составен дел на оваа програма.

I.3 Станови за млади брачни двојки

Со оваа програма се предвидува продолжување на активностите, односно изградба на станови наменети за млади брачни двојки на 5 објекти со 243 стана со вкупна површина од 14.640,83 м^2, деловен простор со површина од 978,09 м^2, гаражи со површина од 1.734,81 м^2 и 151 подрум со површина од 855,59 м^2. Просечната површина на становите изнесува 60,25 м^2

Сите објекти се лоцирани во Скопје и за сите има спроведено тендери за градба и склучено договори за градба. За некои објекти во договорите за градба, согласно условите од јавната набавка, во начинот на плаќање постои одреден процент на компрензација со станбен и деловен простор во предметните објекти, па

така да од вкупно 243 стана околу 59 стана ќе бидат предмет на компензација, а останатите 184 ќе се продаваат на млади брачни двојки, со услови на плаќање согласно Одлуката на Влада на Република Македонија за продажба на станови на кои права, должности и одговорности во поглед на располагањето има Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/96, 16/99, 64/01 и 52/06).

Завршувањето на овие објекти се очекува во текот на 2009-2010 година, Досегашниот физички напредок на овие објекти изнесува просечно 21,21%, во 2009 година ќе се реализираат 54,01%, а останатите 24,79% ќе се реализираат во 2010 година.

Физичките показатели се дадени во прилог бр. 3, односно финансиските показатели се дадени во прилог бр. 9 кои се составни делови на оваа програма.

I.4. Довршување на Проект Ф/П 1340 на Советот на Европа - Фонд за социјален развој за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања

Се предвидува довршување на 1 објект, со 38 стана со површина од 2.127,42 $м^2$ и 38 подруми со површина од 323,72 $м^2$, кои ќе бидат завршени во 2009 година.

Проектот Ф/П 1340 на Советот на Европа - Фонд за социјален развој за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања, го реализира Министерството за транспорт и врски преку Јавното претпријатие.

Прегледот на објекти што се довршуваат од Проектот Ф/П 1340 на Советот на Европа - Фонд за социјален развој за изградба на станови кои ќе се издаваата на лица со ниски примања, даден е во прилог бр. 4 кој е составен дел на оваа програма.

Од досегашната реализација на проектот имаме:

Завршени и вселени станови		
град	објект	број на станови
Прилеп	К-5 Ламела Б и В	52
Штип	Б-17 Сењак-3	40
Гевгелија	Блок А Ламела 1 и 2	24
Струмица	Ѓорѓи Василев бр. 38	30
Скопје	Кастело	13
Битола	Довлеџик 1 Л 4 и 5	43
Скопје	К1, К2, К3 и К4 „Босна и Херцеговина" бб	144
Тетово	Илинденска	11
Делчево	Булевар Македонија	10
Ресен	Црквиште	29
Кичево	Другово	24
Гостивар	Д. Бањица	42
Велес	Тунел 2	144
Дебар	Венец 2	30
Крива Паланка	КО Конопница	8
Кочани	Роза Петрова бб	24
Гевгелија	Ламела 3 Блок 1 и 2	40
Кратово	Гоце Делчев бб	40

Штип	Б-22 Сењак 3	41
Тетово	Гостиварска /Штипска	24
Вкупно завршени и вселени станови:		**813**

Станови во градба		
град	објект	број на станови
Делчево	Центар	38
Вкупно станови во градба:		**38**
Сî вкупно станови по проектот Ф/П 1340:		**851**

I.5. Изградба на социјални станови

Со оваа програмата, се планира продолжување на активностите за изградба на објекти со социјални станови и тоа 22 објекти со 1.101 стана со вкупна површина од 44.559,60 м^2, деловен простор со површина од 1.823,06 м^2, гаражи со површина од 353,97 м^2 и 1.101 подрум со површина од 7.808,73 м^2.

Деловниот простор ќе биде издаден под закуп, а од закупнината ќе се одвојуваат средства за тековно одржување по претходно изготвена програма.

Објектите се реализираат во период на градба 2007-2011 год.

Објектот во Македонска Каменица со 29 стана е веќе готов. Во градба се 388 стана и тоа во Скопје, Битола, Охрид, Кичево, Кочани, Крива Паланка и Кавадарци. Во 2009 година со градба ќе отпочнат 228 стана во Битола, Гевгелија, Берово и Штип а 456 стана во Скопје, Прилеп, Гевгелија, Струмица, Гостивар и Дебар со градба ќе отпочнат во 2010 година.

Просечната цена на чинење за изградба изнесува 563 Евро/ м^2 плус ДДВ.

Распределбата на овие станови како и условите за нивно користење ќе бидат одредени со посебна Одлука на Владата на Република Македонија.

Досегашниот физички напредок на целиот проект изнесува просечно 11,70%, во 2009 година ќе се реализираат 40,52%, а останатите 47,78% ќе се реализираат во 2010 и 2011 година.

Физичките показатели се дадени во прилог бр. 5, односно финансиските показатели се дадени во прилог бр. 9 кои се составни делови на оваа програма.

I.6 Откуп на готови станови заради спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства

Согласно Одлуката на Влада на Република Македонија за обезбедување на станови за спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/05), за потребите на Комисијата за станбени прашања при Влада на Република Македонија за решавање на станбените прашања согласно Законот за денационализација и Законот на посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните потесни семејства, се врши откуп на готови станови и тоа:

Откуп на готови станови за спроведување на Законот за денационализација

-116 стана со вкупна површина 6.680,40 м^2

-Откуп на готови станови за спроведување на Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства

1 стан во Штип со вкупна површина 64,85 м^2

- **Откуп на готови станови за спроведување на:**

- Одлука на Влада на Република Македонија за обезбедубвање на станови на корисниците на срушените станбени објекти на ул. ,,Ленинграска"бр. 16-28 во Гостивар. (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 54/06)
- Одлука на Влада на Република Македонија за изменување и дополнување на Одлуката за обезбедубвање на станови на корисниците на срушените станбени објекти на ул. ,,Ленинграска"бр. 16-28 во Гостивар. (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 72/06) со која е задолжено Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, да обезбеди 8 (осум) стана

Јавното претпријатие постапувајки по Одлуките на Владата на Република Македонија делумно ја реализира. Останува во 2009 год. да се дореализира и тоа:

Гостивар, 4 стана

Физичките показатели се дадени во прилог бр. 6, односно финансиските показатели се дадени во прилог бр. 9 кои се составни делови на оваа програма.

I.7. Довршување и изградба на објекти по Одлуки на Владата на Република Македонија

Согласно донесените Одлуки на Владата на Република Македонија, Јавното претпријатие во текот на 2009 година ќе ги довршува со градба или ќе отпочне со градба на следните објекти:

Ред. бр.	Објект	Предмет на работа	реализација
1	2	3	4
1	Оштетени објекти во 1. село Јелошник (5) 2. село Опае (16) 3. селоТанушевци (3) 4. село Грачани (1) 5. село Варвара (1) 6. село Отуње (1) 7. село Виштица (1) 8. село Арачиново (1)	Реконструкција на оштетени објекти	С. Јелошник (5) и Арачиново (1) се завршени , а во останатите села реконструкцијата ќе се реализира во 2009 год.
2	Брана Турија	Санација на преливниот орган	Изградба
3	Станбена населба во село Стење	Изградба на станови наменети за лицата привремено сместени во туристичкото одморалиште Царина во Ресен	Изградба
4	Станбена населба во село Стење	Изградба на инфраструктура	Изградба
5	Отешево и Царина	Рушење на постоечки објекти во Отешево и Царина	Завршено делунмо
6	Село Боговиње	Изградба на една куќа	Изградба
7	Објекти и фасади (уличен фронт) на ул. „Самоилова" во Скопје	Адаптација и санација	Изградба

8	Дел од трасата за водоснабдување на град Тетово од река Пена и река Лешница до Студена река	Изградба на дел од трасата за водоснабдување на град Тетово од река Пена и река Лешница до Студена река	Изградба
9	Станбен објект на ул. „Салвадор Аљенде" бб во Скопје	Градежни и градежно занатски работи	Изградба
10	Градски Стадион Скопје	северна трибина	изградба
		Изградба на источна и западна трибина на Градски Стадион – Скопје, рушење на постојната источна и западна трибина, фасадно обликување и илуминација на Градски Стадион – Скопје, реконструкција на јужна трибина и реконструкција на спортскиот терен (борилиште) на Градски Стадион Скопје, довршување целосно на изградбата на поттрибинскиот простор на северна трибина, целосна изградба на поттрибинскиот простор на источна и западна трибина, опремување на Градски Стадион Скопје (борилиште, атлетска staза и поттрибинскиот простор) и учество во изградбата на инфраструктурна мрежа на објекти	изградба
11	Градски трговски центар во Скопје	надградба и доградба (затварање како една функционална целина) на објектот	проектирање и изградба

Физичките показатели се дадени во прилог бр. 7, односно финансиските показатели се дадени во прилог бр. 9 кои се составни делови на оваа програма.

*

* *

Рекапитуар на предвидената станбена изградба која се очекува да се одвива во текот на 2009 - 2010 година претставуваат: 2.027 стана со вкупна површина од 99.670,06м^2, деловен простор со површина од 7.823,96 м^2, гаражи со површина 8.754,01 м^2 и 1.644 подруми со површина од 11.563,56 м^2.

Рекапитуларот на предвидената станбена изградба е даден во прилог бр. 8 кој е составен дел на оваа програма.

II.

ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ СО ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И СРЕДСТВАТА

II.1. Финасиски показатели за довршување на станови во градба од претходни програми наменети за продажба

Вкупно чинење на објектите со станови во градба од поранешните програми наменети за продажба изнесува 556.941.852,00 денари плус ДДВ. Досегашните вложувања во овие објекти изнесува 305.838.312,00 денари плус ДДВ, а потребни средства за нивно целосно завршување изнесуваат 251.103.540,00 денари плус ДДВ. Во текот на 2009 година се предвидува да се вложат сретства во износ од 233.675.577,00 денари плус ДДВ, од кои 8.264.620,00 денари ќе се обезбедат со компензација со станбен и деловен простор, а 225.410.957,00 денари ќе ги

финансира Јавното претпријатие и ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма. Останатите 17.427.963,00 денари плус ДДВ ќе се вложат во 2010 година.

Објектите се во фаза на градба и се очекува нивно квалитетно довршување и давење во употреба во 2009 година, освен објектот во Охрид кој ќе биде готов во почетокот на 2010 година.

II.2. Финасиски показатели за изградба на објекти со станови наменети за продажба

Вкупно чинење на објектите со станови наменети за продажба изнесува 868.357.532,00 денари плус ДДВ. Досегашните вложувања во овие објекти изнесува 74.104.114,00 денари плус ДДВ, а потребни средства за нивно целосно завршување изнесуваат 794.253.418,00 денари плус ДДВ. Во текот на 2009 година за распишување на тендери се потребни се сретства во висина од 794.253.418,00 денари плус ДДВ и ќе се обезбедат од продажба на станбениот и деловниот простор во самите објекти со почетокот на изградбата на објектите. За надминување на јазовите во ликвидност може да се искористат дел од слободните расположливи средства на Претпријатието од фондот за ликвидност, меѓутоа целокупниот извор на средства се планира да се генерира од самата продажба на објектите, а привремено искористените средства за ликвидност се враќаат на Јавното претпријатие за извршување на неговите редовни активности и програми.

За овие објекти се очекува нивно квалитетно довршување и давење во употреба во 2010 година.

II.3 Финансиски показатели за станови за млади брачни двојки

Вкупното чинење на објектите со станови за млади брачни двојки изнесува 547.992.007,00 денари плус ДДВ. Досега Јавното претпријатие има вложено средства во висина од 116.222.942,00 денари плус ДДВ. За нивно целосно завршување потребни се средства во висина од 431.769.065,00 денари плус ДДВ. Во текот на 2009 година се очекува да се вложат средства во износ од 295.946.031,00 денари плус ДДВ, од кои 92.026.187,00 денари ќе се обезбедат со компензација со станбен и деловен простор во предметните објекти, а 203.919.844,00 денари ќе ги финансира Јавното претпријатие, а ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма. Останатите 135.823.034,00 денари плус ДДВ ќе бидат вложени во текот на 2010 година.

II.4. Финасиски показатели за реализација на Проектот Ф/П 1340 на Советот на Европа - Фонд за социјален развој за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања

Вкупното чинење само на објектот во градба изнесува 72.319.457,00 денари. Досега во овој објект се вложени средства во висина од 58.467.348,00 денари, па така да за довршување потребни се 13.852.109,00 денари плус ДДВ, а ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма.

II.5. Финансиски показатели за изградба на социјални станови

Вкупното чинење на објектите за изградба на социјални станови изнесува 2.063.177.675,00 денари со ДДВ. До крај на 2008 година вложени се средства во висина од 241.460.106,00 денари со ДДВ, од кои Јавното претпријатие има вложено свои сретства од сопствено работење во висина од 222.133.640,00 денари со ДДВ, а од обезбедените 300.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија за

2007 година, до крајот на 2008 година вложени се 19.326.466,00 денари со ДДВ. За нивно целосно завршување ќе бидат потребни средства во висина од 1.821.717.570,00 денари со ДДВ. Бидејќи објектите се градат во период 2007-2010 година, во текот на 2009 година, за довршување на отпочнатите објекти со градба и за распишување на тендери за припремни работи и изградба на нови објекти,како и плаќање на надомрсток за уредување на градежно земјиште, потребно е да се обезбедат средства во износ од 835.903.645,00 денари со ДДВ, од кои 300.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2007 година, со кои се спроведени јавни набавки за изградба на објекти и за довршување на тие објекти и преостанати се за довршување на објектите 280.673.534,00, од Буџетот на Република Македонија за 2008 година со прераспределба на сретства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите се обезбедени 1000.000.000,00 денари, од Буџетот на Република Македонија за 2009 година се обезбедуваат 427.000.000,00 денари, а Јавното претпријатие во текот на 2009 година ќе вложи сретства од сопствено работење во висина од 28.230.111,00 денари со ДДВ, кои ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма.

Останатите сретства до целосно завршување на објектите ќе бидат вложени во текот на 2010 и 2011 година и ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2010 и 2011 година.

II.6. Финансиски показатели за откуп на готови станови заради спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства

Вкупното чинење на становите кои се откупуваат заради спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства изнесува 268.383.209,00 денари.

Вкупното чинење на становите кои се откупуваат заради дореализација на Одлука на Влада на Република Македонија за обезбедубвање на станови на корисниците на срушените станбени објекти на ул. ,,Ленинграска"бр. 16-28 во Гостивар. (,,Службен весник на Република Македонија"бр. 54/06) година и Одлука на Влада на Република Македонија за изменување и дополнување на Одлуката за обезбедубвање на станови на корисниците на срушените станбени објекти на ул. ,,Ленинграска"бр. 16-28 во Гостивар (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 72/06) со која е задолжено Јавното претпријатие да обезбеди уште 4 (четири) стана, изнесува 5.250.000,00 денари.

Поради издвојување на Граничните премини од Јавното претпријатие, како и намален прилив на сретства по тој основ, како дел од изворите за финансирање на откупот на готови станови заради спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, сретствата потребни за реализација во моментов не се обезбедени и истите ќе се реализираат кога ќе бидат обезбедени сретства за оваа намена.

II.7. Финансиски показатели за довршување и изградба на објекти по Одлуки на Владата на Република Македонија

Вкупното чинење за довршување и изградба на објектите по Одлуки на Владата на Република Македонија изнесува 5.522.503.727,00 денари со вклучен ДДВ. Досега се вложени средства во висина од 276.013.563,00 денари со вклучен

ДДВ. За целосно довршување на овие објекти потребни се уште 5.246.490.164,00 со вклучен ДДВ денари, а во 2009 година потребни се 1.865.030.020,00 денари со вклучен ДДВ. Изворите на сретства за овие објекти се наведени во Глава III од оваа програма. За објектите од табела I.7. довршување и изградба на објекти по Одлуки на Владата на Република Македонија и тоа од реден број 1 до реден број 8 за кои се потребни 210.460.143,00 денари, во текот на 2009 година, по основ на дивидента за 2005 година од АД ГТЦ, која е резултат на остварените приходи од продажба на деловниот простор и од остварената продажба на Светскиот Бизнис Центар во Скопје обезбедени се 87.000.000,00 денари.

* * *

Рекапитуларот на финансиски средства е даден во прилог бр. 9 кој е составен дел на оваа програма.

III.
ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНБЕН ПРОСТОР НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

За реализација на програмата, во 2009 година вкупно потребни се средста во висина од 4.038.660.800,00 денари, кои се обезбедуваат од следните извори на финансирање:

-100.290.807,00 денари со компензација со станбен и деловен простор во предметните објекти во градба

-преостанати 12.433.564,00 денари од обезбедените 18.600.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија за 2007 година потребни за изградба на станбен објет на улица ,,Салвадор Аљенде" бб во Скопје

-126.000.000,00 денари потребни за изградба на северна трибина на Градски стадион Скопје се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2009 година

-268.596.456,00 денари преостанати од обезбедените 530.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија за 2007 година и 2008 година потребни за изградба на северна трибина на Градски стадион Скопје

-Со прераспределба на сретствата меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/08) се обезбедени следните сретства:

- 294.000.000,00 денари за изградба на северна трибина на Градски стадион Скопје
- 10.000.000,00 денари за источна и западна трибина на Градски стадион Скопје
- 100.000.000,00 денари за изградба на социјални станови
- 30.000.000,00 за доградба на Гратски Трговски Центар во Скопје

-427.000.000,00 денари потребни за изградба на социјални станови се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2009 година

-122.000.000,00 денари потребни за доградба на ГТЦ Скопје се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2009 година

-915.000.000,00 денари потребни за изградба на источна и западна трибина на Градски стадион во Скопје се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2009 година

-280.673.534,00 денари преостанати од обезбедените 300.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија за 2007 година, потребни за изградба на социјални станови

-од потребните 210.460.143,00 за реализација на донесените Одлуки на Владата на Република Македонија за објектите од табела I.7. Довршување и изградба на објекти по Одлуки на Владата на Република Македонија и тоа од реден број 1 до реден број 8, по основ на дивидента за 2005 година од АД ГТЦ, која е резултат на остварените приходи од продажба на деловниот простор и од остварената продажба на Светскиот Бизнис Центар во Скопје обезбедени се 87.000.000,00 денари.

Останатите 1.265.666.440,00 денари потребни за реализација на програмата во 2009 година се обезбедуваат од следните извори на финансирање:

III. 1. Приходи од ануитети за 2009 година на продадени станови, деловни простории, гаражи и подруми со одложено плаќање.

Ануитети од продадени станови, деловни простории, гаражи и подруми во износ од 176.000.000,00 денари

Ануитети 176.000.000,00 x 85% . . . . . **149.600.000,00 денари**

Вкупно III.1. 149.600.000,00 денари

III 2. Приходи од закупнина на станбен и деловен простор за 2009 год. за проширување на материјалната основа.

Закупнина за станбен простор .
60.000.000,00 денари x 23,5%. . . . . 14.100.000,00 денари
Закупнина за деловен простор
245.000.000,00 денари x 23,5% . . . . . 57.575.000,00 денари

Вкупно III.2. 71.675.000,00 денари

III. 3. Од аванси дадени на градежна оперативa
Вкупните непокриени аванси дадени на
градежната оперативa во минатите години. . . . . 21.000.000,00 денари

Вкупно III.3. 21.000.000,00 денари

III. 4. Од продажба на станови, деловен простор гаражи и подруми во објекти во градба

283.000.000,00 денари x 85% . . . . . 240.550.000,00 денари

Вкупно III.4. 240.550.000,00 денари

III. 5. Од продажба на станови, деловен простор гаражи и подруми во објекти кои ќе отпочнат со градба во 2009 година

935.000.000,00 денари x 85% . . . . . 794.750.000,00 денари

Вкупно III.5. 794.750.000,00 денари

III. 6. Од продажба на станови, деловен простор, гаражи и подруми од претходни годишни програми (залиха)

225.000.000,00 денари x 85% 30% учество 57.375.000,00 денари

Вкупно III.6. 57.375.000,00 денари

III.7. Приливи од наплатени утужени побарувања

60.000.000,00 денари

Вкупно III.7. 60.000.000,00 денари

Извори на финансирање	**(денари)**
III.1 Приходи од ануитети	**149.600.000,00**
III.2 Приходи од закупнина на станбен и деловен простор	**71.675.000,00**
III.3 Непокриени аванси дадени на градежната оперативa	**21.000.000,00**
III.4 Приходи од продажба на станови деловен простор,гаражи и подруми во објекти во градба	**240.550.000,00**
III.5 Приходи од продажба на станови, деловен простор,гаражи и подруми во објекти кои ќе отпочнат со градба во 2009 година	**794.750.000,00**
III.6 Приходи од продажба на непродадени станови, деловен простор, гаражи и подруми на залиха	**57.375.000,00**
III.7. Од наплатени утужени побарувања	**60.000.000,00**
Вкупно:	**1.394.950.000,00**

Потребни средства за реализација на Програмата за изградба за 2009 година	**1.265.666.440,00 денари**
Очекувани приходи од извори на финансирање за реализација на Програмата за изградба за 2009 година	**1.394.950.000,00 денари**

Разликата од 129.283.530,00 денари ќе се користи како фонд за ликвидност

IV
ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

IV. I *Оцена за состојбите*

Оцената за состојбите во врска со одржувањето на станбените згради и станови опфатени во оваа програма се прикажува преку: физичките показатели наведени во прегледи на становите по "квалитет на градбата","структура на становите" и "статусот на користењето".

1 Физички показатели за станбените згради и станови

Состојбата на станбениот фонд кој е предмет на инвестиционо одржување искажан преку физички показатели врз основа на состојба 28.10.2008 година според квалитетот на градба, структурата на станови и статусот на користење се прикажува како што следи:

1.1 Бројот на станови според квалитетот на градба

Табела 1

Реден број	Подрачна единица	Квалитет на станови во 2008 год.			Вкупно станови
		тврда	монтажна	субстандардни	
1	2	3	4	5	6
1	**Скопје**	1.261	241	576	2.078
2	**Битола**	364	7	21	392
3	**Охрид**	36	10	0	46
	Струга	68	0	3	71
4	**Прилеп**	413	0	0	413
5	**Кичево**	114	18	29	161
6	**Кочани**	139			139
7	**Куманово**	99	6	109	214
8	**Штип**	475	0	29	504
9	**Кавадарци**	52	2	66	120
10	**Струмица**	90	6	9	105
	Гевгелија	206	4	43	253
11	**Тетово**	214	5	30	249
12	**Велес**	245	18	28	291
	Вкупно	**3.776**	**317**	**943**	**5.036**

Напоменуваме дека во ПЕ Битола со состојба 28.10.2008 година е констатирано дека 7 стана се срушени и 1 опожарен, а во ПЕ Велес со состојба 28.10.2008 година е констатирано дека 2 стана се срушени, и истите не се презентирани во Табела 1.

Вкупниот број на станови во сопственост на Република Македонија според кавалитетот на градба искажан со состојба 28.10.2008 година изнесува **5.036**, од кој број распореден според квалитетот на градба се:

- бројот на станови изградени од тврда градба изнесува **3.776** стана, монтажна градба изнесува **317** стана, а становите во субстандардна состојба изнесуваат **943** стана.

1.2 Број на станови според структурата

Табела 2

Реден број	Подрачна единица	Собност на станови					Вкупно станови
		1*	2*	3*	4*	гарсон	
1	**Скопје**	575	639	309	55	524	2.102
2	**Битола**	127	174	53	14	25	393
3	**Охрид**	9	26	5	0	6	46
	Струга	25	42	4	0	0	71
4	**Прилеп**	172	190	47	4	0	413
5	**Кичево**	31	93	35	2	0	161
6	**Кочани**	31	80	25	1	2	139
7	**Куманово**	92	59	29	17	17	214
8	**Штип**	159	231	36	8	70	504
9	**Кавадарци**	7	99	8	1	5	120
10	**Струмица**	32	65	5	0	3	105
	Гевгелија	57	131	11	0	54	253
11	**Тетово**	84	109	39	14	3	249
12	**Велес**	106	141	41	3	0	291
	Вкупно	**1.507**	**2.079**	**647**	**119**	**709**	**5.061**

Бројот на двособни станови е најголем и изнесува **2.079** стана, бројот на еднособи станови изнесува **1.507** , бројот на трособни станови изнесува **647,** бројот на четирисобни станови е **119** стана и бројот на гарсоњонери е **709** стана.

Разликата од 24 стана во ПЕ Скопје според Табелата 1- 1.1 Бројот на станови според квалитетот на градба и Табелата 2-1.2 Број на станови според структурата е резултат на состанарски однос и 1 стан во ПЕ Битола опожарен е ставен во вкупниот број на станови.

1.3 Површина на становите

Табела 3

Реден број	Подрачна единица	Вкупно станови	површина по м2
1	2	3	4
1	**Скопје**	2.102	100.008,69
2	**Битола**	393	21.074,75
3	**Охрид**	46	2.305,92
	Струга	71	3.502,40
4	**Прилеп**	413	22.408,00

5	Кичево	161	7.697,28
6	Кочани	139	8.800,28
7	Куманово	214	10.901,86
8	Штип	504	25.574,00
9	Кавадарци	120	6.362,00
10	Струмица	105	5.663,25
	Гевгелија	253	12.149,86
11	Тетово	249	12.076,61
12	Велес	291	15.762,32
	Вкупно	**5.061**	**254.287,22**

Разликата од 24 стана во ПЕ Скопје според Табелата 1- 1.1 Бројот на станови според квалитетот на градба и Табелата 2- 1.2 Број на станови според структурата и Табела 3 - 1.3 Површина на становите е резултат на состанарски однос, 1 стан во ПЕ Битола опожарен е ставен во вкупниот број на станови.

Вкупната површина на становите во сопственост на Република Македонија искажано врз основа на сосотојба 28.10.2008 година изнесува **254.287,22 м2**

Според површината на становите, може да се констатира дека најголем број на станови има во Скопје **2.102** со површина од **100.008,69 м2**, што претставува **39,32%** од вкупната површина.

1.4 Бројот на станови според статусот на користење

Табела 4

Реден број	Подрачна единица	Со станарско право	Времено решение	Без соодве. докуме.	Бесправно вселени	Друг вид корисник	Вкупно станови
1	2	3	4	5	6	7	8
1	Скопје	600	276	477	375	374	2.102
2	Битола	212	91	9	65	16	393
3	Охрид	28	0	0	8	10	46
	Струга	18	30	1	5	17	71
4	Прилеп	312	59	5	35	2	413
5	Кичево	76	30	27	3	25	161
6	Кочани	70	52	7	7	3	139
7	Куманово	115	49	12	17	21	214
8	Штип	266	70	60	3	105	504
9	Кавадарци	60	2	18	29	11	120
10	Струмица	50	30	1	9	15	105
	Гевгелија	159	75	1	8	10	253
11	Тетово	88	28	46	21	66	249
12	Велес	56	166	19	8	42	291
	Вкупно	**2.110**	**958**	**683**	**593**	**717**	**5.061**

Напоменуваме дека во ПЕ Битола со состојба 28.10.2008 година е констатирано дека 7 стана се срушени и истите не се внесени во Табелата 4.

Бројот на становите искажан со состојба 28.10.2008 година според статусот на користењето од страна на корисниците на становите со статус на станарско право изнесуваат **2.110** стана.

За разлика од останатиот број на станови за кои не е решен статусот на корисниците, овој број на корисници во пракса не предизвикува посебни проблеми, затоа што е решен нивниот статус во однос на користењето. Меѓутоа, за останатите видови на корисници, статусот на користењето на становите е проблематичен се до неговото конечно решавање.

Рекапитуларниот приказ на корисниците со нерешен статус на користењето е следниот:

-корисници на станови со времени решенија	**958**
-корисници на станови без соодветна документација	**683**
-корисници на станови бесправно вселени	**593**
-корисници на станови со друг вид на користење	**717**
ВКУПНО:	**2.951**

Разликата од 97 стана настаната помеѓу вкупниот број на станови според статусот на користење, утврдени со Пописот на средствата и изворите на средствата на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ со состојба 31.08.2008 година кој изнесува 5.140 стана и бројот на станови со состојба 28.10.2008 година кој изнесува 5.043 стан прикажани во Табелата 4 се должи на продажба на станови сосптвеност на Република Македонија согласно Законот за продажба на станови во општествена сопственост.

Корисници на станови со времени решенија

Во оваа категорија на корисници на станови со времени решенија во најголем број случаеви се станови ангажирани за реализација "Програмите за уредување на градежно земјиште на Општините" , како и станови ангажирани за ранливи категории на граѓани.

Корисници без соодветна документација :

Во оваа категорија се застапени оние семејства кои сместувањето не можат да го докажат со валидни документи, како и оние кои со текот на времето документите ги изгубиле или гласат на починати корисници, а наследниците своето право не го остварила преку соодветна постапка.

Друг вид на корисници:

Во категорија друг вид на корисници спаѓаат становите во сопственост на поранешните Југословенски Републики, како и станови издадени по основ на закуп согласно на Законот за домување, станови на хаусмајстори и слично и нераспределени станови согласно Проектот ФП 13/40.

IV.II Извори на средства

Основен извор за финансирањето на активностите околу инвестиционото одржувањето на станбените згради и станови претставува закупнината како цена на услугите за користење на становите наменет за одржување.

Висината на средствата од закупнината со кои се реализира оваа Програма, се обезбедуваат со посебна Одлука на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, за распределба на средства од закупнина.

Поаѓајќи од ваквите основи, апсолутните износи на финансиските средства кои ќе бидат ангажирани во 2009та година за одржување на станбените згради и станови на ниво на Република Македонија и по Подрачни Единици изнесуваат вкупно **15.112.500,00** денари или поединечно по Подрачни единици:

Табела 5

Реден број	Подрачна единица	Број на станови	Површина во $м^2$	Вкупно планирана наплатена закупнина	Одржување на станбен простор планирани 25%
1	2	3	4	5	6
1	**Скопје**	1892	90.008,00	25.000.000,00	6.250.000,00
2	**Битола**	332	17.490,00	5.700.000,00	1.425.000,00
3	**Охрид**	42	2.137,62	1.000.000,00	250.000,00
	Струга	66	3.288,08	800.000,00	200.000,00
4	**Прилеп**	406	21.740,00	2.300.000,00	575.000,00
5	**Кичево**	161	7.697,28	1.000.000,00	250.000,00
6	**Кочани**	235	13.803,94	3.700.000,00	925.000,00
7	**Куманово**	212	10.816,36	2.750.000,00	687.500,00
8	**Штип**	480	24.225,00	6.000.000,00	1.500.000,00
9	**Кавадарци**	114	6.016,00	1.300.000,00	325.000,00
10	**Струмица**	97	5.296,16	1.600.000,00	400.000,00
	Гевгелија	255	12.214,86	4.000.000,00	1.000.000,00
11	**Тетово**	261	12.811,41	3.300.000,00	825.000,00
12	**Велес**	289	15.668,32	2.000.000,00	500.000,00
	Вкупно	**4.842**	**243.213,03**	**60.450.000,00**	**15.112.500,00**

Распределбата на планираните средства наменети во одржување на станбените згради и станови по Подрачните Единици е направена согласно планираниот број на становите и планираната наплатена закупнина за 2009-та година, а согласно Одлуката на Управниот Одбор на Јавното препријатие за распределба на средства од закупнина, што е и основна рамка за вложувањата и интервенциите од страна на Подрачните единици.

IV.III. Мерки за обезбедување подобри услови за одржување во постојните станбени згради и станови.

Поаѓајќи од досегашното искуство, како и утврдените обврски на Јавното претпријатие со законските прописи од областа на стопанисувањето со стабениот

фонд, во смисла на одржувањето се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија при реализација на оваа Програма да ги има во предвид следните мерки заради обезбедување подобри и поефикасни услови за одржување на постојните станбени згради и станови:

1. При изготвување на бараната согласност за јавна набавка за инвестиционо одржување како оперативно дејствие во одржувањето на станбените згради и станови, треба да се поаѓа од претходно извршена анализа на станбените згради и станови преку изготвување на техничка документација со предмер на количините на работа и нивната вредност.

2. Програмата изготвена од страна на Јавното претпријатие во основа треба да кореспондира со паричните средства наменети за одржување на станбените згради и станови утврдени во планот за јавни набавки.

3. При интервенциите за одржување на колективните згради со мешовита сопственост, од особена важност е досегашно дефинирање на делот на интервенциите кои се на терет на средствата предвидени со оваа програма.

Реалното дефинирање на средствата за делот што се однесува за становите во сопственост на Република Македонија, во секој случај, треба да биде и облигационо регулирано, преку соодветен договор за интервенции во одржувањето на колективните станбени згради со станарите чии станови се во лична сопственост.

Во смисол на горното неопходно е соодветна соработка со куќните совети во станбените објекти со мешана сопственост, се со цел да се постигне рационална, економична и ефикасна реализација на интервенциите во одржувањето на станбениот објект.

4. Заради избегнување на одредени можни штети од негрижата од одржувањето на станбените објекти од било кои субјективни или објективни причини, (куќен совет, поединци, сопственици и друго) се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија да покрене иницијатива за остранување на причините кои би довеле до можни штети.

При отстранување на причините за можните штети, Јавното претпријатие е должно да ги користи сите овластувања што се дадени со позитивните законски прописи, а особено одредбите на Законот за домување како основен нормативен акт од областа на домувањето, да и ги информира и да инсистира органите надлежни за оваа област да интервенираат за остранување на причините кои би довеле до можни катастрофи.

IV.IV. Определување елементи за висина на закупнината и за продажната цена на становите.

1. Елементи за утврдување на висината на закупнината.

Во услови на општествената сопственост на станбениот фонд, основен извор на средства за финансирањето на активносите околу стопанисувањето со станбениот фонд беше станаринатa.

По својата суштина, станаринатa преставува цена на услугите за користењето на станот.

Со Законот за домување, кој во целост стапи во сила од 18.05.1999 година, станарината како поим се заменува со поимот, "закупнина" заради новите односи во користењето на станот.

По својата суштина закупнината како цена на услугата за користење на станот треба во иднина да поприми облигационен однос меѓу корисникот и сопственикот на станот.

Во вакви нови односи меѓу закуподавец и закупец на станот се поставува прашањето за изнаоѓање на елементи за утврдување висина на закупнината.

Од досегашната пракса која сеуште е во сила основни елементи за утврдување висина на закупнината, за користење на станот се:

-Градежната вредност на станот;

-Амортизација на станот во зависност од годините на староста;

-Површината на станот и

-Коефициентот на вредноста на бодот, како основа за утврдување на висината на закупнината.

Во рамките на ваквите основни елементи за утврдување на висината на закупнината, аналитички и синтетички се разработени поедините елементи во структурата на градежната вредност изразени во соодветен број на бодови.

Преку висината на коефициентот на вредноста на бодот во основа се воспоставуваат економските параметри во водењето на политиката за утврдување на висината на закупнината.

Во сегашни услови висината на закупнината на ниво на Јавното претпријатие се движи од **20** до **44** денари по 1м2 која во основа зависи од квалитетот на станот и другите параметри кои ја сочинуваат стандардната опременост на станот.

Исклучок во однос на примената на овие елементи преставуваат субстандардните станови за кои висината на закупнината, се утврдува во рамките од **25% - 40%** од вредноста на становите со просечни услови на домување.

Висината на закупнината на станови во сопственост на Република Македонија доделени на лица избрани, именувани и назначени за вршење на јавни функции утврдени со Устав и Закон се намалува за 25% од вредноста добиена при пресметувањето на закупнината согласно определените елементи за утврдување на висината на закупнината"

2. Елементи за утврдување вредноста на станот

2.1. Вредноста на станбениот фонд на кои право должност и одговорност во поглед на располагање има Република Македонија што е дадена на стопанисување на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, се утврдува врз основа на "Уредбата за критериумите и начинот на утврдувањето на продажната цена на становите во општествена сопственост" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/92) како и нејзината измена во (Сл.весник на РМ бр.57/99) .

Основни елементи за утврдување вредноста на становите во сопственост на Република Македонија се:

-градежната вредност на станот;

-амортизација на станот во зависност од годината на старост;

-трошоците за уредување на градежното земјиште и

-местоположбата на станот во зависност од оддалеченоста на зградата до централното градско подрачје и во состав на зградата.

Преку аналитичките и синтетичките елементи што се наведени во цитираната "Уредба" и соодветните бодови дадени за секој аналитички и синтетички елемент, се воспоставуваат еднакви стартни основи во утврдувањето во висината на вредноста на станот .

Во образецот за утврдување на градежната вредност на станот изразена во бодови за 1м2, покрај основните бодови присутни се и корективни коефициенти изразени во бодови .

Со множење на добиените бодови со површината на станот се изнаоѓа вредноста на станот во бодови, а вредноста на станот за продажба се изнаоѓа преку множењето на овие бодови со утврдениот коефициент од **0,31ЕУР** по 1 бод .

Се оценува дека вака изнајдената вредност, односно со примената на одредбите од "Уредбата за критериумите и начинот на утврдување на продажната цена на становите во општествена сопственост" во целост ги задоволува потребите и преставува основа за изнаоѓање и на цената на становите во сопственост на Република Македонија .

Разликата меѓу продажбата на становите во општествена сопственост и продажбата на становите во сопственост на Република Македонија треба да се манифестира преку вредноста на коефициентот, односно вредноста на бодот.

Во зависност од одредени услови во утврдување во стандардот на домувањето како и условите на пазарот, вредноста на бодот во основа треба да се движи како што следува .

	Група	Цена на бодот
1	2	3
1	Скопје	**0,31 - 0,61 ЕУР бод**
2	Битола , Прилеп, Куманово, Охрид, Струга, Тетово и Гостивар	**0,31 - 0,56 ЕУР бод**
3	Останати градови во Републиката	**0,31 - 0,51 ЕУР бод**

Висината на вредноста на бодот ќе се утврди по зони по градовите во Република Македонија, освен национализирани станови за кои вредноста на бодот ја утврдува Владата на Република Македонија.

Вредноста на становите по 1м^2 помножена со цената на бодот ја дава продажната цена на станот по 1м^2, односно вкупната продажна цена на станот.

2.2. За становите кои се изградени или се градат согласно досегашните Програми, елементи за утврдување на градежната цена на становите се:

-Трошоци за доделување на градежно земјиште за користење ;

-Трошоци за уредување на градежно земјиште;

-Трошоци за изградба ;

-Трошоци на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за реализација на Програмите;

-Данок на промет на продажба;

-Данок на додадена вредност и друго.

Продажната цена на становите преставува збир на сите трошоци.

IV.V. Стратешки цели

Процесот на приватизација во станбената област започна со донесување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост во 1990 година. Во текот на неговата примена извршена е продажба на 44.227 општествени станови, со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (односно неговите претходници) заклучно со 28.10.2008 година претпријатието стопанисува со уште 5.061 стана. Причините за тоа што и покрај бенифициите за продажба, дел од становите останаа непродадени се:

-социјалниот статус на нивните корисници

(носители на станарско право)

-користење на станот од лица со нерегулиран статус на носител на станарско право

Со оглед на тоа што рокот за продажба на овие станови не беше продолжен, перспективата во поглед на овие државни (поранешни општествени) станови, се гледа во формирање на посебен државен станбен фонд. Фондот би го сочинувале поранешните општествени станови кои останале непродадени, државните станови за кои не се склучени Договори за закуп, односно становите по престанокот на Договорот за закуп.

По однос на намената на овие станови да се предложат и соодветни измени во законската регулатива од областа на домувањето.

V

Реализацијата на оваа Програма ќе ја следи Секторот за стопанисување со станбен и деловен простор при Дирекција на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и истата ќе се спроведува преку Подрачните Единици на Јавното претпријатие, што ја покриваат територијата на Република Македонија.

Оваа програма ќе ја реализира Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, согласно Законот за стопанисување со станбен и деловен простор („Службен весник на Република Македонија" бр.2/94) и претставува основа за отпочнување на постапка за добивање на одобрение за градење, согласно прописите за градење на објекти.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6442/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

I ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ПРИЛОГ бр 1

I.1 Довршување на станови во градба од предходни програми, наменети за продажба												
Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми		Локација		
				број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)	КП	површина (m2)	КО
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
Битола	Довлеџик 2 Ламела 2 и 3	П+5+Пк, П+6+Пк	1	149	8.218,06			149	888,52	5876 дел	7106	Битола
Охрид	Расадник Блок 2	С+П+4+Пк	1	70	3.681,16			72	444,78	6606,6608	3.083	Охрид
Прилеп	Борис Кидрич бб	П+6+Пк	1	56	3.729,64	635,88		56	517,40	13900/2	1332	Прилеп
Штип	Б-23 Сењак 3	П+4+Пк	1	48	3.303,00			48	384,82	918/4	2.476	Штип 1
	Вкупно I.1.		**4**	**323**	**18.931,86**	**635,88**	**-**	**325**	**2.235,52**			

ПРИЛОГ бр 2

I. 2. Изградба на објекти со станови наменети за продажба												
Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми		Локација		
				број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)	КП	површина (m2)	КО
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
Скопје	Објект 02.313 Букурешка бб	П+3+Пк	1	19	1.140,00			19	240,00	3060	853	Карпош
	Блок 01.14 Јужен дел	П+М+2+Пк	1	78	5.226,10	2.706,93	4.300,20			13574/3	2.120	Центар 1
	Објект 6.5.7	П+4	1	73	4.400,00	1.100,00	2050,00			5179/2 5179/3 5178/3 5178/4 5175/2 5176/2 5178/5	145 360 380 125 265 35 50	Центар 1
	Објект 12.3 Васил Ѓоргов бб	П+2+Пк	1	21	1.299,00	460,00	315,00			289;290;291	963	Центар 1
Битола	Цар Самоил 59	П+2+Пк	1	10	600,00	120,00	0	10	100,00	5871	526,00	Битола
	Вкупно I.2.		**5**	**201**	**12.665,10**	**4.386,93**	**6.665,20**	**29**	**340,00**			

ПРИЛОГ бр 3

I.3 Станови за млади брачни парови												
Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми		Локација		
				број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)	КП	површина (m2)	КО
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
	1.4 Б1 Б-1 Рц Аеродром (М4.4)	П+5+Пк	1	56	3.406,68			56	360,62	14025/33	1.547	Скопје
	1.12 Б1 Б-1 Рц Аеродром (М4.4)	П+5+Пк	1	56	3.406,68			56	360,62	14025/35 14025/36	1.459 868	Скопје
	Б-13 прва фаза УЕ-18	П+6+Пк	1	42	2.447,15	312,59	735,28			735 739/1 739/2 739/23	3.261 26.094 386 350	Кисела Вода 2
	Блок 3.8 објект 20	П+4+Пк	1	50	3.076,84	411,60	999,56			11047/3 13817/2	1.590 20	Центар 1
	Б-8 втора фаза УЕ-18	П+6	1	39	2.303,48	253,90		39	134,35	735 739/1 739/2 739/23	3.261 26.094 386 350	Кисела Вода 2
	Вкупно I.3.		**5**	**243**	**14.640,83**	**978,09**	**1.734,84**	**151**	**855,59**			

ПРИЛОГ бр 4

I.4. Довршување на објекти од Пеоектот F/P 1340 на Советот на Европа, Фонд за социјален развој за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања												
Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми		Локација		
				број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)	КП	површина (m2)	КО
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
Делчево	Б-1 Центар	П+4+Пк П+2+Пк	1	38	2.127,42			38	323,72	6599/3	835	Делчево
	Вкупно I.4.		**1**	**38**	**2.127,42**	**0**	**0**	**38**	**323,72**			

ПРИЛОГ бр 5

I.5.Изградба на социјални станови												
Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми		Локација		
				број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)	КП	површина (m2)	КО
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
Скопје	Ѓорче Петров Јурија 3.1	П+4+Пк	1	51	2.000,30	66,38	146,00	51	134,06	600/8 608/2 760/3 2455/3	220 340 607 290	Оризари Крушопек
	Ѓорче Петров Јурија 3.2	П+4+Пк	1	51	2.000,30	66,38	207,97	51	134,06	760/2 1/3 2455/2	62 548 828	Оризари Крушопек
	Босна и Херцеговина Б 9.3 О-4	П+5+Пк	1	106	4.318,44	292,20		106	527,60	11968/3 11969/6 11963/4	1.886 2.792 763	Скопје
	Скопје север Централен дел Исток објект 23.2	П+3	1	21	945,00	345,10		21	345,10	11939 дел	1387	Скопје
	Скопје север Централен дел Исток објект 20.1	П+3	1	21	945,00	345,10		21	345,10	11939 дел	1387	Скопје
	Радишани КП 700/5	П+1	1	63	2.479,42			63	438,90	700/5	4020	Радишани
Битола	БЛР 1 Ц 1	П+3, П+4	1	78	3.197,71	0,00	0	78	750,12	269/2, 270/4, 281/3, 282/2	3.500,00	Битола
	БЛР 1 Ц 2	П+3, П+4	1	70	2.963,04	0,00	0	70	661,60	270/3, 281/4	1.702,00	Битола
Охрид	Расадник Блок 3	П+5	1	71	2.912,50			71	336,00	6606,6608	3.083	Охрид
Гевгелија	Блок А Ламела 2 Сава Михајлов бб	П+2+Пк	1	22	793,94			22	121,70	del od 1337	800	Гевгелија
	Блок Б Ламела 2 Сава Михајлов бб	П+2+Пк	1	22	793,94			22	121,70	del od 1337	800	Гевгелија
Прилеп	Точила 2 Блок 2/4	П+5+Пк	1	75	3.055,50			75	540,00	11985 11989	2.200	Прилеп
Кичево	Календерица 2 прв објект	П+4	1	32	1.216,16	2,00		32	113,45	640/2 642/2 643 630 641 644 645 4344	410 64 101 154 91 330 374 232	Кичево
М.Каменица	Првомајска бб згр.1	П+4+Пк	1	29	1.165,07			29	158,10	4232/3	300	Македонс. Каменица
Кочани	Драчевик Б 2.1. XIII бригада	П+3+Пк	1	29	1.136,45			29	140,69	15631	7152	Кочани
Берово	Моша Пијаде бб	П+3+Пк П+4+Пк	1	45	1.833,30			45	400,00	1848-1853	2980	Берово

ПРИЛОГ бр 5

К.Паланка	Маршал Тито бб	П+5	1	46	1.842,92	348,20		46	188,09	3649/1 3649/2 3650/1 3650/2	2700 624 1453 587	Крива Паланка
Штип	Б-10 Сењак 2	П+4	1	91	3.434,52			91	649,92	918/1	2.800	Штип 1
Кавадарци	Б-2 Блажо Алексов бб	П+4+Пк	1	30	1.234,50	203,10	0,00	30	194,40	11500/3	1536	Кавадарци
Струмица	Ѓорѓи Василев бр. 44	П+4	1	43	1.751,82			43	256,64	7367	2295	Струмица
Гостивар	Тоскалар А2 објект 1,2 и 3	П+3	1	81	3.645,00			81	1.124,00	3892/1 3893/2	3.580	Гостивар
Дебар	Параспур Ламела 3	П+4+Пк	1	24	894,78	154,60		24	127,50	966/5/6	1.034	Дебар
	Вкупно I.5.		**22**	**1101**	**44.559,60**	**1.823,06**	**353,97**	**1101**	**7.808,73**			

ПРИЛОГ бр6

I.6. Откуп на готови станови за спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ и членови на нивните семејства и откуп на станови по Одлуки на Влада на РМ												
Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми		Локација		
				број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)	КП	површина (m2)	КО
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
Скопје	Скопје			21	1.665,59					откуп		
Битола	Битола			46	2.602,59					откуп		
Охрид	Охрид			5	308,52					откуп		
Куманово	Куманово			26	1.067,33					откуп		
Штип	Штип			2	125,85					откуп		
Тетово	Тетово			10	407,15					откуп		
	Гостивар по Одлуки на Влада			4						откуп		
Велес	Велес			7	568,22					откуп		
	Vkupno I.6.			**121**	**6.745,25**							

ПРИЛОГ БР. 7

I.7. Довршување и изградба на објекти по Одлуки на Влада на Република Македонија		
Објект	**Врста на работа**	**реализација**
1	**2**	**3**
Оштетени објекти во: 1. Село Јелошник (5) 2. Село Опае (16) 3. Село Танушевци (3) 4. Село Грачани (1) 5. Село Варвара (1) 6. Село Отуње (1) 7. Село Виштица (1) 8. Село Арачиново (1)	Реконструкција на оштетени објекти	Село Јелошник (5) и село Арачиново (1) се завршени, аво останатите села реконструкцијата ќе се изведе во 2009 год.
Брана ТУРИЈА	Санација на преливен орган	изградба
Станбена населба во село Стење	Изградба на станови наменети за лицата привремено сместени во туристичкото одморалиште Царина	изградба
Станбена населба во село Стење	изградба на инфраструктура	изградба
Отешево и Царина	Рушење на постоечки објекти во Отешево и Царина	завршено делумно
село Боговиње	изградба на една куќа	изградба
Објекти и фасади (уличен фронт) на ул. Самоилова во Скопје	Адаптација и санација	изградба
Дел од трасата за водоснабдување на град Тетово од река Пена река Лешница до Студена река	Изградба на дел од трасата за водоснабдување на град Тетово од река Пена река Лешница до Студена река	изградба
Станбен објект на. Салвадор Аљенде бб во Скопје	Градежни и градежнозанатски работи	изградба
Гратски стадион Скопје	Рушење на постоечка северна трибина и изградба на нова северна трибина	изградба
	Изградба на источна и западна трибина на Градски Стадион – Скопје, рушење на постојната источна и западна трибина, фасадно обликување и илуминација на Градски Стадион – Скопје, реконструкција на јужна трибина и реконструкција на спортскиот терен (борилиште) на Градски Стадион Скопје, довршување целосно на изградбата на поттрибинскиот простор на северна трибина, целосна изградба на поттрибинскиот простор на источна и западна трибина, опремување на Градски Стадион Скопје (борилиште и поттрибинскиот простор) и учество во изградбата на инфраструктурна мрежа на објекти	изградба
Градски трговски центар Скопје	надградба и доградба (затварање како една функционална целина) на објектот	проектирање и изградба

ПРИЛОГ БР. 8

РЕКАПИТУЛАР НА ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Група на објектиGrupa na objekti	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми	
		број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)
1	2	3	4	5	6	7	8
I.1. Довршување на станови во градба од предходни програми, наменети за продажба	4	323	18.931,86	635,88	0,00	325	2.235,52
I.2.Изградба на објекти со станови наменети за продажба	5	201	12.665,10	4.386,93	6.665,20	29	340,00
I.3 Станови за млади брачни парови	5	243	14.640,83	978,09	1.734,84	151	855,59
I.4. Довршување на објекти од Пеоектот F/P 1340 на Советот на Европа, Фонд за социјален развој за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања	1	38	2.127,42	0,00	0,00	38	323,72
I.5.Изградба на социјални станови	22	1101	44.559,60	1.823,06	353,97	1.101	7.808,73
I.6. Откуп на готови станови за спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ и членови на нивните семејства и откуп на станови по Одлуки на Влада на		121	6.745,25				
ВКУПНО	**37**	**2.027**	**99.670,06**	**7.823,96**	**8.754,01**	**1.644**	**11.563,56**

РЕКАПИТУЛАР НА ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ГРУПА НА ОБЈЕКТИ	Земјиште Експропријација (ден)	Геомеханички работи (ден)	Проектирање (урбанистички, идеен главен проект) (ден)	Ревизија (ден)	Надомест за уредување на градежно земјиште (комуналии (ден)	Вредност на градежни и градежно занаетчиски работи и инсталации (ден)	Надворешни приклучоци, партерно уредување, паркинзи, контрола на бетон (ден)	Трафостаница (ден)	Дополнителни, непредвидени работи И фазни такси (ден)	Вкупно чинење на објектите (ден)	Исплатено до крај на 2008 год (ден)	Потребни средства за вкупно довршување (ден)	Потребни средства само за 2009 год. (ден)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
II.1.Довршување на станови во градба од предходни Програми наменети за продажба	27.761.605	524.788	5.544.869	199.820	34.776.046	452.525.388	10.458.683	4.465.453	20.685.200	556.941.852	305.838.312	251.103.540	233.675.577
II.2 Изградба на објекти со станови наменети за продажба	91.254.066	659.250	10.854.389	1.606.967	109.490.676	635.043.773	2.142.559	14.515.678	2.790.175	868.357.532	74.104.114	794.253.418	794.253.418
II.3.Станови за млади брачни парови	17.741.591	539.946	4.329.610	137.811	83.919.447	395.765.504	14.892.287	16.000.000	14.665.810	547.992.007	116.222.942	431.769.065	295.946.031
II.4. Довршување на објекти од Проектот Ф/П 1340 на Совстот на Европа Фонд за социјален развој за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања										72.319.457	58.467.348	13.852.109	13.852.109
II.5 Изградба на социјални станови	10.721.523	2.842.737	29.442.463	4.164.779	155.303.521	1.791.590.883	7.056.272	56.530.680	5.524.817	2.063.177.675	241.460.106	1.821.717.570	835.903.645
II.6 Откуп на станови за спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ и членовите на нивните семејства	откуп									273.633.209	0	273.633.209	0,00
II.7 Довршување и изградба на објекти по Одлуки на Владата на Република Македонија										5.522.503.727	276.013.563	5.246.490.164	1.865.030.020
СЕ ВКУПНО	**147.478.786**	**4.566.721**	**50.171.331**	**6.109.377**	**383.489.690**	**3.274.925.547**	**34.549.800**	**91.511.812**	**43.666.002**	**9.904.925.459**	**1.072.106.385**	**8.832.819.073**	**4.038.660.800**

Од точка II.1 компензација со станбен и деловен простор во предметните објекти	**8.264.620**
Од точка II.3 компензација со станбен и деловен простор во предметните објекти	**92.026.187**
Останува потребни сретства за реализација за 2009 год.	**3.938.369.993**

58.

Врз основа на член 30 и член 31 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08), член 7 од Законот за органско земјоделско производство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/06), член 15 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2009 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година во вкупен износ од 3 925 000 000,00 денари, обезбедени согласно раздел 14001 програма 3 потпрограма 30 ставка 464 разни трансфери во износ од 45 000 000,00 денари, раздел 14004 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери во износ од 3 800 000 000,00 денари и согласно раздел 14004 програма 2 потпрограма 2А ставка 489 капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 80 000 000,00 денари, од Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08) ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со следните потпрограми и тоа за:

Ред. бр.	Име на потпрограма	Вкупен износ во денари
1.	Финансиска поддршка за растително производство	2 298 500 000,00
2.	Финансиска поддршка за сточарско производство	1 432 740 000,00
3.	Финансиска поддршка за спроведување на стандарди за квалитет и безбедност на храна	15 560 000,00
4.	Финансиска поддршка за органско земјоделско производство	50 100 000,00
5.	Финансиска поддршка за рибарство и аквакултура	25 000 000,00
6.	Општи мерки за развој на земјоделството и рибарството	63 100 000,00
7.	Нереализирани обврски во 2008 година	40 000 000,00
	ВКУПНО:	3 925 000 000,00

II

Средствата од дел I точка 1 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за растително производство во износ од 2 298 500 000,00 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени во следните мерки:

Точка	Вид на мерка	Критериум и висина на поддршка	Износ
1.	РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО		
Пот-точка	Поледелство		
1.1.	Финансиска поддршка за површина со есенски житни култури (пченица и јачмен)	Критериум: *- минимум засеана површина 0,3 ха за секоја култура одделно;* *- со редуцирање на висина на поддршка со зголемување на пријавените ха:* *- од 0,3 до 20 ха - 100 % ;* *- од 20,1 до 100 ха - 60%;* *- од 100,1 до 300 ха 30%;* *- над 300 ха - 10 %.* Висина на поддршка: *6 000,00 ден/ха*	400 000 000,00
1.2.	Финансиска поддршка за површина со пролетни житни култури (пченица, пченка, рж, јачмен, овес, ориз, тритикале) и индустриски култури (сончоглед, маслодајна репка, афион, соја, шеќерна репа)	Критериум: *- минимум засеана површина 0,3 ха за секоја култура одделно;* *- со редуцирање на висина на поддршка со зголемување на пријавените ха:* *- од 0,3 до 20 ха - 100 % ;* *- од 20,1 до 100 ха - 60%;* *- од 100,1 до 300 ха 30%;* *- над 300 ха - 10 %.* Висина на поддршка: *6 000,00 ден/ха*	248 000 000,00
1.3.	Финансиска поддршка за површина со фуражни култури (луцерка, граор, еспарзета и добиточен грашак)	Критериум: *- минимум површина 0,3 ха за секоја култура одделно;* Висина на поддршка: *4 000,00 ден/ха*	24 000 000,00
1.4.	Дополнителна финансиска поддршка за засеани површини со житни култури од потточка 1.1. и потточка 1.2. со сертифициран семенски материјал	Критериум: *- Минимум засеани површини на 0,3 ха за секоја култура одделно* Висина на поддршка: 1 200,00 ден/ха	21 600 000,00
1.5.	Финансиска поддршка за произведен и продаден ориентален ситнолисен тутун од реколта 2008 г.	Критериум: *-За произведен и продаден ориентален ароматичен ситнолисен*	

		тутун од реколта 2008 година во регистрирано тутунско претпријатие-откупувач на тутун Висина на поддршка: *- 45,00 ден/кгр.*	720 000 000,00
1.6.	Финансиска поддршка за оранжериско производство (домати, пиперки, краставици и режано цвеќе) во 2009	Критериум: *- Минимум засеани површини од 0,2 ха во затворени простории под контролирани услови* *- Произведена и продадена количина на домашен пазар или остварен извоз до 15. 05.2009 година* Висина на поддршка: *80 000,00 ден/ха*	32 000 000,00
1.7.	Финансиска поддршка за градинарски култури на отворено и во пластеници и култивирано производство на лековити, ароматични и зачински растенија	Критериум: *- Минимум засеани површини од 0,2 ха* Висина на поддршка: *9 000,00 ден/ха*	153 000 000,00
1.8.	Дополнителна финансиска поддршка за индустриски градинарски култури од потточка 1.7., продадени во преработувачки капацитет во 2009 година	Критериум: *-за индустриски градинарски култури продадени во преработувачка индустрија за зеленчук до 31.10.2009 година* Висина на поддршка: *3 000,00 ден/ха*	1 800 000,00
	Лозарство и овоштарство		
1.9.	Финансиска поддршка за подигнати нови површини под лозови насади	Критериум: *- подигнати лозови насади на нови површини со минимална површина од 0,2ха во период есен 2008 и пролет 2009 година* *- препорачани вински сорти или домашни/ одомашени трпезни сорти* Висина на поддршка: *-140 000,00 ден/ха*	90 650 000,00
1.10.	Финансиска поддршка за површина под лозови насади	Критериум: *-за површини под лозови насади со минимална*	

		површина од 0,3ха Висина на поддршка: *-7 500,00 ден/ха*	150 000 000,00
1.11.	Финансиска поддршка за произведено и продадено грозје во регистрирани домашни винарски визби	Критериум: *- произведено и продадено грозје до 31.10.2009 година* Висина на поддршка: *-2,50 ден/кг*	350 000 000,00
1.12.	Финансиска поддршка за подигнати нови овошни насади (круша, јаболка, праска, кајсија, слива, цреша, вишна, лешник, орев, бадем, малина, рибизла, капина и јагода), вклучително алтернативни насади (аронија, боровинка, јапонска јаболка, калинка, цитруси и маслинки)	Критериум: *- подигнати овошни насади на нови површини со минимална површина од 0,2ха во период есен 2008 и пролет 2009 година* Висина на поддршка: *- 90 000,00 ден/ха*	56 100 000,00
1.13.	Финансиска поддршка за успешно подигнати овошни насади за период од две години по добивање на финансиска поддршка за подигање на насадот (почнувајќи од 2007 година)	Критериум: *- користена финансиска поддршка во 2007 и 2008 година за подигнати нови овошни насади* Висина на поддршка: *- 10 000,00 ден/ха*	8 000 000,00
	Производство на семенски и саден материјал		
1.14.	Финансиска поддршка за домашно производство на сертифициран семенски материјал од житни, градинарски и индустриски култури освен тутун	Критериум *- произведен сертифициран семенски материјал во 2009 година од регистрирани производители* *- минимум засеани површини на 0,3 ха за секоја култура одделно* Висина на поддршка -12 000,00 ден/ха	30 000 000,00
1.15.	Финансиска поддршка за домашно производство и доработка на сертифицирано тутунско семе	Критериум *-произведен и продаден сертифициран семенски материјал во 2009 година од регистрирани производители на тутунско семе* Висина на поддршка *-60 000,00 ден/ха*	600 000,00

1.16.	Финансиска поддршка за домашно производство на лозов калем и овошен саден материјал	Критериум - *Произведен домашен лозов калем и овошен саден материјал во 2009 година од регистрирани производители* Висина на поддршка: *-15 ден/садница,калем*	5 250 000,00
	Посебни мерки во растителното производство		
1.17.	Финансиска поддршка за научно-истражувачки и апликативни проекти од областа на растителното производство		3 500 000,00
1.18.	Финансиска поддршка за извршени анализи на почва во 2009 година	Критериум: - *извршена* *-за извршени максимум две агрохемиски и педолошки анализи во 2009 година по барател* Висина на поддршка: *- 50% од трошоците за анализа но не повеќе од 2 000,00 денари по анализа*	4 000 000,00
	ВКУПНО		2 298 500 000,00

III

Средствата од дел I точка 2 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за сточарското производство во износ од 1 432 740 000,00 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени во следните мерки:

Точка	Вид на мерка	Критериум	Износ
2.	СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО		
Пот-точка	Говедарство		
2.1.	Финансиска поддршка за обележани грла говеда буша и друга мешавина од различни раси	Критериум: *- со редуцирање на поддршката во однос на бројот на обележани грла:* *- од 1 до 20 - 100%,* *- од 21 до 100 - 60%,* *- од 101 до 300 - 40%,* *- над 300 - 10%.* Висина на поддршка: *- 1 500,00 ден/грло*	180 000 000,00

2.2.	Финансиска поддршка за обележани грла говеда од следниве раси: холштајнизирано фризиско, сименталско, монтафонско, оберинталско, товни раси говеда и биволи	Критериум: *- со редуцирање на поддршката во однос на бројот на обележани грла:* *- од 1 до 20 - 100%,* *- од 21 до 100 - 60%,* *- од 101 до 300 - 40%,* *- над 300 - 10%.* Висина на поддршка: *- 2 000,00 ден/грло*	200 000 000,00
2.3.	Финансиска поддршка за произведено и продадено кравјо млеко	Критериум: *- продадено млеко за период ноември 2008 – септември 2009 година на преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло* Висина на поддршка: *- 2,50 ден/литар*	300 000 000,00
2.4.	Финансиска поддршка за одгледани и продадени грла говеда во регистриран кланичен капацитет	Критериум: *- продадени грла за период ноември 2008 – септември 2009 година на преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло* Висина на поддршка: *- 1 500,00 ден/грло*	5 250 000,00
2.5.	Финансиска поддршка за добиено теле по пат на В/О	Критериум *- добиено и регистрирано теле во период ноември 2008 – септември 2009 година* *- добиено теле од регистрирани грла осеменети по пат на В/О* Висина на поддршка: *- 1 200,00 ден/грло*	4 800 000,00
2.6.	Финансиска поддршка за набавка на приплодни грла со познато потекло и висок генетски потенцијал	Критериум: *- Набавени максимум 5 високостелни педигрирани јуници во период јануари – септември 2009 година*	8 000 000,00

		приплоден добиток Висина на поддршка: - 35% од вредноста на набавените грла но не повеќе од 30 000,00 денари	
	Овчарство		
2.7.	Финансиска поддршка за обележани грла овци	Критериум: - *минимум 30 грла од сите категории* Висина на поддршка - *850,00 ден/грло*	467 500 000,00
2.8.	Финансиска поддршка за набавка на машки приплодни грла - оригинали и репродуктори	Критериум: - *Набавени машки приплодни грла во период јануари – септември 2009 година од регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток* Висина на поддршка: - *50% од набавната вредност но не повеќе од 15 000,00 денари по грло оригинали и 5 000,00 денари по грло репродуктори*	4 000 000,00
	Козарство		
2.9.	Финансиска поддршка за обележани грла кози	Критериум: - *минимум 10 грла кози од сите категории* Висина на поддршка: *-750,00 ден/грло*	57 750 000,00
2.10.	Финансиска поддршка за набавка на приплодни грла кози	Критериум: *-набавени приплодни грла кози во период јануари-септември 2009 година од регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток* Висина на поддршка: *- 50% од набавна вредност,* *од 4 500 денари/ грло*	900 000,00
	Свињарство		
2.11.	Финансиска поддршка по грла маторици	Критериум: - *минимум 2 грла маторици* Висина на поддршка: - *700 ден/грло*	16 100 000,00

2.12.	Финансиска поддршка за одгледани и продадени гоеници во кланичнен капацитет	Критериум; *- со редуцирање на поддршка во однос на бројот на предадени грла:* *- од 5 до 5.000 -100%,* *- од 5.000 до 10.000 - 80%,* *- од 10.000 до 15.000 - 50%,* *- над 15.000 - 30%.* *- одгледани и продадени минимум 5 грла во регистрирани кланични капацитети* *- минимална тежина од 90 кг по продадено грло* *- период на продавање од ноември 2008- септември 2009* Висина на поддршка: *- 1 000,00 ден/грло*	90 000 000,00
2.13.	Финансиска поддршка за набавка на приплодни грла свињи (назимки и нерези)	Критериум: *- Набавени приплодни грла од регистрирани одгледувалишта на добиток*	
		Висина на поддршка: *- 50% од набавната вредност но не повеќе од 20.000 денари/грло независно од вредноста на набавката на приплодни грла оригинали* *- 50% од набавната вредност но не повеќе од 5 000,00 денари/грло независно од вредноста на набавката на приплодни грла хибриди* *- период на набавка од ноември 2008 - септември 2009*	5 000 000,00
	Живинарство		
2.14.	Финансиска поддршка за одгледани и продадени бројлери во регистрирани кланични капацитети	Критериум *- најмалку 1.000 одгледани и продадени бројлери во период ноември 2008 - септември 2009* Висина на поддршка: *- 22,00 ден/пиле*	16 500 000,00

2.15.	Финансиска поддршка за амортизирани несилки продадени во регистрирани кланични капацитети	Критериум: *- Финансиската поддршка се исплаќа за фарми со минимум 2000 несилки* *- Продадени несилки во период ноември 2008 - септември 2009 година* Висина на поддршка: *- 20,00 ден/несилка*	7 000 000,00
2.16.	Финансиска поддршка за произведени еднодневни бројлерски пилиња	Критериум: *Произведени и предадени пилиња во период ноември 2008 - септември 2009 година* Висина на поддршка: *- 3,00 ден/ пиле*	450 000,00
2.17.	Финансиска поддршка за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди	Критериум: *Произведени и предадени пилиња во период ноември 2008 - септември 2009 година* Висина на поддршка: *- 3,00 ден/пиле*	600 000,00
	Пчеларство		
2.18.	Финансиска поддршка по регистрирано презимено пчелно семејство	Критериум - минимум 35 семејства Висина на поддршка *-500,00 ден/пчелно семејство*	55 000 000,00
2.19	Финансиска поддршка за набавка на матици	Критериум: *- за пчелари кои поседуваат најмалку 15 пчелни семејства - нуклеуси.* *- за купени најмногу 10 матици* Висина на поддршка: *- 350 денари по набавена матица независно од вредноста на набавката*	280 000,00
2.20.	Финансиска поддршка за подигање на нови површини под медоносна флора (фацелија, еводија и багрем)	Критериум: *- за пчелари кои поседуваат минимум 35 пчелни семејства,* *- посеана или засадена површина на минимум 0.2 ха,* Висина на поддршка: *-2.500 ден/ха и 8 ден/ садница*	700 000,00

	Алтернативно сточарско производство		
2.21.	Финансиска поддршка за фармерско одгледување на ноеви	Критериум: - регистрирано одгледувалиште со минимум 4 возрасни единки Висина на поддршка: *-1 700,00 ден/глава*	2 210 000,00
2.22.	Финансиска поддршка за фармерско производство на полжави	Критериум *- регистрирано одгледувалиште со минимум 0.2 ха вкупна производна површина на фармата* Висина на поддршка *-90 000,00 ден/ха*	2 700 000,00
	Посебни мерки во сточарското производство		
2.23.	Финансиска поддршка за водење на матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството		4 000 000,00
2.24.	Финансиска поддршка за изработка на Заедничка основна програма за одгледување добиток и Програма за биолошка разновидност во сточарството		4 000 000,00
	ВКУПНО		1 432 740 000,00

IV

Средствата од дел I точка 3 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за спроведување на стандарди за квалитет и безбедност на храна во износ од 15 560 000,00 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени во следните мерки:

Точка	Вид на мерка	Критериум	Износ
3.	СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА		
Пот-точка	Стандарди за безбедност во земјоделското производство и контрола на квалитет		
3.1	Дополнителна финансиска поддршка за мерки од точките од точка 1 за површини со спроведени стандарди за безбедност во примарното производство на свежи производи и производи наменети како сировина за преработувачки капацитети регистрирани по HACCP или ИСО 22000	Критериум: - *спроведени стандарди за безбедност во производство на свежи производи и производи наменети како сировина за преработувачки капацитети* Висина на поддршка: - *3 000,00 ден/хектар*	6 000 000,00
3.2	Финансиска поддршка за	Критериум:	
	лабораториска анализа за потточката 3.1.	- *извршена анализа на почва и вода, и анализа за свежи и преработени производи наменет за домашен пазар или извоз* Висина на поддршка: - *50% од трошоците*	400 000,00
3.3	Финансиска поддршка за трошоците на консултација и сертификација	Критериум: - *за воведување на стандарди за безбедност за прв пат* Висина на поддршка: - *50% од трошоците*	800 000,00
	Воведување одржливи системи за користење на природни ресурси		
3.4	Финансиска поддршка за изработка на елаборат за природна продуктивност на подрачјето за собирање самоникли растителни видови, габи и лишаи	Критериум: - *изработен елаборат за природна продуктивност на подрачјето за собирање самоникли растителни видови, габи и лишаи* Висина на поддршка: - *50% од трошоците но не повеќе од 150.000 денари*	500 000,00

3.5	Финансиска поддршка за регистрација на откупен пункт за вршење откуп на самоникли растителни видови, габи и лишаи	Критериум: - *регистриран откупен пункт за вршење откуп на самоникли растителни видови, габи и лишаи* Висина на поддршка: - *50% од трошоците на регистрација*	600 000,00
3.6	Финансиска поддршка за обука и регистрација на собирачи во регистрирано собирачко подрачје	Висина на поддршка: - *50% од трошоците за обука и регистрација но не повеќе од 20.000 денари*	240 000,00
	Регистрација и добивање право на користење на географска ознака (ГО), ознака за потекло (ОП) и традиционален специалитет (ТС)		
3.7	Дополнителна финансиска поддршка на точките од точка 1 за површини со заштитен производ по ГО, ОП, или ТС од растително потекло	Критериум: - *заштитени свежи производи и производи наменети како сировина за преработувачки капацитети производ по ГО, ОП, или ТС* Висина на поддршка: - *3 000,00 ден/хектар*	3 000 000,00
3.8.	Финансиска поддршка за компензација на производни трошоци по заштитен производ од животинско потекло	Критериум: - *заштитен производ по ГО, ОП, или ТС од животинско потекло* Висина на поддршка: - *25 000 денари по производ заштитен во БЗИС*	3 000 000,00
3.9.	Финансиска поддршка за изработка на елаборат за заштита на земјоделско-прехрамбен производ, регистрација во Биро за заштита на интелектуална сопственост (БЗИС) и бар код регистрација	Критериум: - *добиено право за користење на ГО, ОП и ТС од страна на БЗИС во 2009 година* Висина на поддршка: - *50% од трошоците на регистрација и изработка на елаборат, но не повеќе од 15000,00 денари по елаборат*	620 000,00
3.10.	Финансиска поддршка за контрола и сертификација	Висина на поддршка: - *50% од трошоци на консултација и сертификација*	400 000,00
ВКУПНО			15 560 000,00

V

Средствата од дел I точка 4 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за органско земјоделско производство во износ од 50 100 000,00 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени во следните мерки:

Точка	Вид на мерка	Критериум	Износ
4.	ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО		
Пот-точка	Финансиска поддршка за сертифицирано примарно производство или производство во конверзија		
4.1.	Дополнителна финансиска поддршка од 30% за потточките од точка 1 и 2 сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во конверзија, освен за потточките од точка 1 и 2 поврзани со поддршката опфатена во потточките од 4.2 до 4.7	Критериум: *- сертифицирано растително и сточарско органско производство и органско производство во конверзија* Висина на поддршка: *- зголемување од 30% од износот предвиден за потточките од точка 1 и 2*	16 300 000,00
4.2.	Финансиска поддршка за површини наменети за зелено ѓубрење/угар во плодоред	Критериум: *- само за една година за иста површина* Висина на поддршка: *- 3 500,00 денари/ха*	2 000 000,00
4.3	Финансиска поддршка во органско овоштарско производство	Критериум: *- да не се користени средства од потточките 1.12.* Висина на поддршка: *- 15 000,00 денари/ха според големина на посадена површина и тоа:* *- од 0,1 до 10 ха - 100%;* *- од 11 до 20 ха - 60%;* *- од 21 до 30 ха - 30%;* *- над 30 ха - 10%*	5 500 000,00
4.4	Дополнителна финансиска поддршка за органско пчеларско производство	Критериум: *- врз основа на потточката 2.18 од точка 2* Висина на поддршка: *- зголемување од 500,00 ден./семејство*	7 500 000,00
4.5	Дополнителна финансиска поддршка во органско лозарско производство	Критериум: *- врз основа на потточката 1.10 од точка 1*	

		Висина на поддршка: *- зголемување од 7500,00 денари/ха*	3 000 000,00
4.6	Дополнителна финансиска поддршка во органско градинарско производство	Критериум: *- врз основа на потточките 1.6 и 1.7 од точка 1* Висина на поддршка: *- зголемување од 20 000,00 денари/ха според големина на посадена површина и тоа:* *- од 0,1 до 5 ха - 100%;* *- од 5,1 до 10 ха - 60%;* *- од 10,1 до 20 ха - 30%;* *- над 20 ха - 10%*	2 000 000,00
4.7.	Дополнителна финансиска поддршка во органското овчарство и козарството	Критериум: *- врз основа на потточката 2.7. и 2.9. од точка 2* Висина на поддршка: *- зголемување од 650,00 ден./грло овца и 750,00 ден./грло коза*	7 000 000,00
	Финансиска поддршка за доработка, преработка и продажба на органски производи од домашно потекло		
4.8.	Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во конверзија од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло)	Висина на поддршка: *- 2% од вредноста на продадени производи со максимален износ од 100 000,00 ден. по оператор*	1 500 000,00
4.9.	Финансиска поддршка за продажба на органски производи и органски производи во конверзија од домашно потекло	Висина на поддршка: *- 5% од вредноста на продадени производи со максимален износ од 100 000,00 ден. по оператор*	1 000 000,00
	Посебни мерки		
4.10	Финансиска поддршка за стручна контрола и сертификација	Висина на поддршка: *- 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овласено тело во 2009 година*	1 800 000,00

4.11	Финансиска поддршка за лабораториски анализи на почва и вода, и анализа на органски производ кај органски фарми	Критериум: - *извршена лабораториска анализа во домашна овластена лабораторија.* Висина на поддршка: - *50% од вредноста не повеќе 5 000,00 денари по корисник*	400 000,00
4.12	Изработка на национален знак за органски производи и органски производи во конверзија		100 000,00
4.13	Воспоставување на показно-демонстративни органски села во Република Македонија - активности за поддршка на започнати проекти (од 2008 година) и нови иницијативи	Критериум: - *според поднесена и одобрена програма за предлог активности*	1 600 000,00
4.14	Обуки на оператори, советници и Државен инспекторат за земјоделство за развој на органско производство		400 000,00
	ВКУПНО		50 100 000,00

VI

Средствата од дел I точка 5 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за рибарство и аквакултура во износ од 25 000 000,00 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени во следните мерки:

	Вид на мерка	Опис	Средства
5.	РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА		
Пот-точка	Финансиска поддршка за порибување и заштита на риболовни води		
5.1.	Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја Охридско Езеро, Дојранско Езеро и Преспанско Езеро		10 000 000,00
5.2.	Финансиска поддршка за доодгледување на порибителен материјал за порибување на Охридско Езеро		1 000 000,00
5.3.	Финансиска поддршка за	Висина на поддршка:	

	порибување на риболовни ревири и рекреативни зони со салмонидни и ципринидни видови риби	*35% од вредноста на подмладокот*	1 000 000,00
5.4.	Физичка заштита на риболовните подрачја		1 000.000,00
5.5.	Финансиска поддршка за обезбедување на порибителен материјал за риболовни води кои не се дадени под концесија		500 000,00
	Финансиска поддршка во аквакултурата (одгледување на риби)		
5.6.	Финансиска поддршка за насадување на рибници со порибителен материјал од ладноводни видови риби - (виножитна пастрмка) и топловодни видови риби (крап, амур, толстолобик, сом)	Висина на поддршка: *40 % од вредноста на набавениот или одгледаниот подмладок*	8 500 000,00
	Посебни мерки		
5.7.	Изработка на програма за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 12 година		1 200 000,00
5.8.	Изработка на риболовни основи		800 000,00
5.9.	Изградба на пунктови во риболовните подрачја и зони		1 000 000,00
	ВКУПНО		25 000 000,00

VII

Средствата од дел I точка 6 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за општи мерки во земјоделството и рибарството во износ од 63 100 000,00 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени во следните мерки:

Точка	Вид на мерка	Опис	Средства
6	ОПШТИ МЕРКИ		
Пот-точка			
6.1.	Надомест на трошоци за регистрирани земјоделци и земјоделци осигуреници во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија	Критериум: - *индивидуални земјоделци регистрирани според Законот за вршење на земјоделска дејност, и земјоделци осигуреници во ФПИО* Висина на поддршка: *2 000,00 ден.*	6 000 000,00

6.2.	Надомест за осигурување на примарно растително земјоделско производство од основни ризици	Критериум: - *осигурани посеви и насади од дефинирани земјоделски култури со максимални површини,* Висина на поддршка: - *60% од вредноста на полисата за осигурување*	25 000 000,00
6.3	Поддршка на поголемите организации на здружување на земјоделците во растително (вклулително тутунско), сточарско, и органско производство, рибарство и аквакултура	Критериум: - *според поднесена годишна програма и одобрени мерки во насока на спроведување на политиките и програмите на владата*	3 000 000,00
6.4.	Поддршка за организирање на национални манифестации за грозје и вино, житни, градинарски култури, овчарство, земјоделска механизација,		
	градинарство, органско производство, рибарство и аквакултура и учество на саеми и други манифестации за примарно земјоделско производство		4 000 000,00
6.5.	Активности за поддршка на воспоставување на системите за евиденција и регистрација на земјоделски стопанства во ЕРЗС, одгледувачи на тутун, риби и пчели, органско производство како дел од Земјоделски информативен систем (ЗИС)		1 600 000,00
6.6.	Поддршка за издавање на стручни материјали од областа на земјоделството и рибарството		1 500 000,00
6.7.	Дополнителна поддршка за семејни земјоделски	Критериум: - *според листа на подрачја со*	

	стопанства: - во подрачја со отежнати услови на производство, - со носител млад земјоделец или жена.	*отежнати услови на производство од МЗШВ,* *- најмногу 40 години како прифатливи години на старост за млад земјоделец* Висина на поддршка: *- дополнителна поддршка по потточките од точка 1 и 2 во винсина од:* *- 15 % за подрачја со отежнати услови на производство* *- 10% за носител млад земјоделец и жена*	20 000 000,00
6.8.	Материјални трошоци за спроведување на програмата наменети за печатење на образци за аплицирање по програмата и обезбедување на гориво за вршење на контрола на терен	Критериум: *- за обезбедување на гориво за вршење на контрола на терен по барање од Државен инспекторат за земјоделство и налог на министер (фактура)*	2 000 000,00
	ВКУПНО		63 100 000,00

VIII

Средствата од дел I точка 7 на оваа програма во износ од 40 000 000,00 денари ќе се користат за исплата на финансиски средства за нереализирани обврски по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството во 2008 година.

IX

Право за користење на финансиските средства

Право за користење на финансиските средства од точките 1, 2, 3, 4 и 5 имаат земјоделски стопанства, вклучително рибници и концесионери на риби запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство освен за:

- потточката 1.5.;
- потточките 1.14., 1.15. и 1.16. кои дополнително покрај во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, задолжително мора да се запишани и во Регистарот на производители на семенски и саден материјал;
- потточката 2.23, за која право за користење на средствата имаат овластени институции за водење матично книговодство и селекција во сточарството;
- точка 3, каде право за користење на финансиските средства имаат и здруженија на производители кои воведуваат стандарди за квалитет;

- потточка 4.8. каде право за користење на финансиските средства имаат правни лица собирачи и преработувачи на органски производи или производи во конверзија, и потточка 4.9. каде право за користење на финансиските средства имаат правни лица - трговци со органски производи;
- потточка 1.17. и 4.13. каде право за користење на финансиските средства имаат и здруженија на граѓани и фондации, јавни научни и образовна установи, или институции; и
- потточка 2.24., 4.12., и 4.14. каде право за користење на финансиските средства има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- потточките 5.1., 5.2., и 5.5 каде право за користење на финансиските средства има правно лице, вештачко мрестилиште, кое дополнително покрај во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, задолжително мора да се запишани и во регистарот за репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал и кои изведуваат вештачки мрест на определени автохтони видови риби;
- потточката 5.4. каде право за користење на финансиските средства има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за ангажирање на лица за вршење физичка заштита на рибите во риболовните подрачја, односно потточката 5.7. каде министерството ангажирање на лица за изработка на Програмата.

Право на користење на финансиските средства од точката 6, за потточка 6.3. имаат здруженија на граѓани и фондации на национално и пошироко регионално ниво, за потточките 6.4. и 6.5. има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за потточката 6.6. имаат земјоделски стопанства, здруженија на граѓани и фондации, јавни научни и образовна установи, или институции.

X

Општи услови за остварување на правото за користење на финансиските средства

Корисниците на финансиски средства мора да ги имаат подмирено надоместоците и обврските кои произлегуваат од склучените договори за: користење на државно земјоделско земјиште, пасишта во државна сопственост, и добиена механизација по програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија од Јапонска помош и проектите кои произлегуваат од истата.

За потточките од точка 2 барателите мора да ги имаат подмирено и обврските кои произлегуваат од Наредбата за здравствена заштита на животните и Законот за идентификација и регистрација на животните.

Евиденциите за лицата кои имаат неподмирено надоместоци или обврски наведени во став 1 од овој дел, ќе се обезбедат по службена должност и органите се должни истите да ги достават до Агенцијата најдоцна до крајниот рок за поднесување на барање по одделни потточки.

XI

Поднесување на барање за користење на финансиските средства

Носителите на земјоделски стопанства, вклучително рибници и концесионери на риби, барањето за исплата на средства со потребните документи го доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој преку подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За потточките од точка 1 барањето се поднесува по завршување на сеидба/садењето на културите за кои се бара поддршка и по обезбедување на комплетна документација. За една производна површина може да се поднесе барање само за една култура.

Рокот за поднесување на барање за потточките од точка 1, потточка 1.1., 1.4. (за површините пријавени под потточка 1.1.) и 1.13. е 15.02.2009 година, за потточките 1.2., 1.3., 1.4. (за површините пријавени под потточка 1.2.), 1.6., 1.7., 1.9., 1.10., и 1.12. е 31.05.2009 година, и за потточките 1.8., 1.11., 1.14., 1.15., и 1.16. барањата се поднесуваат до 05.11.2009 година.

За потточките од точка 2, потточка 2.1. и 2.2, барање се поднесува за бројот на грлата со состојба од 15.02.2009 година, и истите мора да се чуваат во одгледувалиштето најмалку до 31.10.2009 година. Рокот за поднесување на барање за потточките 2.1. и 2.2. е 15.02.2009 година.

За потточка 2.7., 2.9., 2.18., 2.21., и 2.22. барање се поднесува за бројот на грлата со состојба од 31.05.2009 година, и истите мора да се чуваат во одгледувалиштето најмалку до 31.12.2009 година. Рокот за поднесување на барање за овие потточки е 31.05.2009 година.

Рокот за поднесување на барање за потточките 2.3, 2.4, 2.5, 2.6, 2.8, 2.10., 2.12., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.19. и 2.20. е до 25.10.2009 година.

Секое намалување на пријавениот број на животни настанато под влијание на виша сила, барателот е должен истото да го пријави во Агенцијата во рок од 5 дена од настанувањето на промената.

Рокот за поднесување на барање за потточките од точка 3 е 01.12.2009 година.

Рокот за поднесување на пријава за потточките од точка 4 е 31.05.2009 година, а рокот за поднесување на барање за исплата и комплетна документација е 01.12.2009 година.

Рокот за поднесување на барање за потточките од точка 5 е 10.12.2009 година.

Рокот за поднесување на барање за потточка 6.1. е 05.11.2009 година, а за потточка 6.2. е 30.08.2009 година.

XII

Начин на реализација на дел од општи и посебни мерки

Средствата од дел II потточка 1.17., дел V точка 4.13, дел VI потточка 5.8. и дел VII потточка 6.3. и 6.6. ќе се реализираат со јавен повик.

Средствата од дел III, потточка 2.23., и дел V, потточка 4.14., дел VI, потточка 5.1., 5.2. и 5.5., и дел VII, потточка 6.4. и 6.5. ќе се реализираат со договор.

Средствата од дел III, потточка 2.24., дел V, потточка 4.12., и дел VI, потточка 5.9. ќе се реализираат со јавна набавка.

XIII

Исплата на финансиските средства за поддршка

Исплатата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој освен на средствата од дел II потточка 1.17., дел III потточка 2.23. и 2.24., дел V потточка 4.12. и 4.13. 4,14, дел VI потточки 5.7. и 5.8., и дел VII потточка 6.3., 6.4., 6.5., и 6.6. за кои исплата на средства ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исплатата на средства се врши на трансакциски или жиро сметки на барателите најдоцна до 25.12.2009 година по завршени административни контроли и контроли на лице место.

Исплатата на средствата од потточка 6.2. се врши на осигурителните компании во корист на земјоделските производители кои извршиле осигурување на земјоделското производство.

Исплатата на средствата од потточка 1.5. се врши врз основа на списоци за извршен откуп на суров тутун во лист од реколта 2008 година, заверени и доставени од регистрирани тутунски претпријатие-откупувач на тутун до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделство и рурален развој.

Доколку дојде до извршување на некои потточки предвидени со оваа Програма во поголем обем, а други бидат нецелосно реализирани, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно расположивите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по мерки.

XIV

Контрола на имплементација на програмата

Контролата на имплементација на програмата вклучува административна контрола на секое добиено барање и контрола на лице место кај определен број на земјоделски стопанства, вклучително рибници и концесионери на риби, и преработувачки капацитети (откупувачи на млеко, грозје, градинарски култури, кланици) дефинирани врз основа на проценка на ризик и случаен избор.

Административната контрола претставува контрола на исполнетост на критериумите и условите утврдени во оваа програма, и споредбена контрола на внесените податоци во барањето со податоци од приложените документи и соодветните регистри и евиденции.

Контролата на декларираните податоци во барањето се извршува во однос на податоците за:

а) катастарските парцели кои се водат во Агенцијата за катастар на недвижности,

б) бројот на животни запишани во Регистарот за идентификација и регистрација на домашните животни на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

в) подрачјата со отежнати услови на производство врз основа на листа утврдена од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
г) личните податоци за барателот на поддршка од документите за лична идентификација,
д) количините на продадено производство врз основа на издадени откупни белешки од страна на откупувачите, или продадени производи од страна на трговците.
ѓ) сертифицирано органско производство, или органско производство во конверзија, или имплементирани стандарди за квалитет од сертификати издадени од страна на овластени сертификациони тела.

XV

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

XVI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" .

Бр. 19-7186/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

59.

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИТЕ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА, ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ ЗА ТРАНСПЛАНТИРАНИ БОЛНИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЦИТОСТАТИЦИ, ИНСУЛИН, ХОРМОН ЗА РАСТ И ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛНИ ОД ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Со член 32 од Законот за здравствена заштита, на сите граѓани на Република Македонија им се обезбедува остварување на загарантираните права, потреби и интереси на општеството преку програми што ги донесува Владата на Република Македонија.

Осигурените лица, правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување, а согласно Законот за здравствено осигурување.

Со средствата од оваа програма се обезбедува здравствена заштита на следните категории лица:

- Лицата без основ на осигурување (нерегулирано здравствено осигурување)
- Лицата кои се опфтени со Спогодбата меѓу Македонската влада и Албанската влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

Воедно, со програмите на Владата на Република Македонија е опфатено и личното учество на граѓаните при користењето на здравствената заштита (партиципација), која е приход на Фондот за здравствено осигурување, согласно член 32 и член 37 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување.

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

1. БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Основен критериум за започнување на лекувањето со дијализа претставува хроничната бубрежна инсуфициенција во терминален стадиум, односно потполно отсуство на функцијата на бубрезите. Единствен начин на надоместување на функцијата на бубрезите претставува дијализата, процес со кој се врши намалување на деградационите продукти (депурација и елиминација на вишокот на вода) од крвта, со цел овозможување живот на пациентот.

Согласно доктринарните ставови на медицинската наука, за успешно лекување на болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивното оспособување за вршење на секојдневните активности, оптимално секој пациент треба да биде три пати неделно третиран со

дијализа, односно потребни се 156 дијализи за еден пациент годишно. За секоја дијализа потребен е: еден дијализер (се користи еднократно), потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на дијализата.

Во Република Македонија пациентите се дијализираат во Клиниката за нефрологија, Заводот за нефрологија - Струга и во центрите за дијализа во Скопје (Железара и Воена болница), Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Дебар, Кавадарци, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Прилеп, Струмица, Струга, Тетово и Штип. Вкупниот број на пациенти на дијализа во Републиката за 2009 година е 1175 и 20 странски државјани кои се на хроничната дијализна програма согласно горенаведената Спогодба.

Според инциденцата на заболувањето, средниот годишен процентуален пораст за инциденцата изнесува 11%, а средниот годишен процентуален пораст за преваленцата изнесува 5% и е 108,7 на 1 000 000 жители, како и со пресметување на морталитетот во изминатите години, во 2009 година ќе бидат третирани 1195 лица (1175 осигурани лица и 20 неосигурани лица) и 20 странски државјани. Според тоа, за 1175 + 20 странски државјани во 2009 година треба да се извршат 186 420 дијализи.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за неосигурените лица, лицата без осигурување, странските државјани и партиципацијата за сите пациенти кои се на дијализен третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна дијализа која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

Вкупните трошоци по пациент на дијализа (дневна дијализа и обавезни трошоци) се 4.400,00 денари.

Со оглед на тоа што годишно за еден пациент потребни се 156 дијализи, вкупните трошоци за еден пациент на годишно ниво е 686.400,00 денари.

Вкупниот број на лица за кои се обезбедуваат средства со оваа програма се 15 неосигурани лица и 20 лица кои се опфатени со Спогодбата.

1.1	**Потребни средства за дијализа за 15 неосигурани лица: 15 лица x 686.400,00 ден. (или 15 x 4.400,00 ден. x 156 дијализи годишно)**	**10.296.000,00**
1.2	**Потребни средства за дијализа за 20 лица-странски државјани кои се опфатени со Спогодбата 20 лица x 686.400,00 ден. (или 20 x 4.400,00 ден. x156 дијализи годишно)**	**13.728.000,00**
1.3	**Потребни средства за партиципација за 1175 (1195-20) осигурени лица кои се третираат со дијализа 1175 x 2703,00 денари годишна партиципација**	**3.176.025,00**
	ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА 1, 2 И 3	**27.200.025,00**

(1).Податоците кои се користени се добиени од собрани податоци од сите здравствени установи и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија

2. ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА ОРГАНИ

Согласно планот и програмата за работа на Универзитетските клиники во Скопје, а почитувајќи ги просторните и кадровските можности и ограничувања, планирано е да се извршат приближно 20 пресадувања на бубрег. Бројот на трансплантациите зависи и од обезбедување на бубрези кои би можеле да се трансплантираат од жив донор или со кадаверична трансплантација.

За успешноста на трансплантацијата покрај кадровските, просторните и техничките можности, потребно е да се обезбедат и имуносупресивни лекови кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот – Micophenolic acid, Cyclosporine. Истите се примаат во континуитет во понатамошниот период.

Трансплантација на бубрези се врши на Универзитетската клиника за урологија во соработка со Универзитетската клиника за нефрологија и други клиники, а по претходна типизација на ткивата на давателот и примателот во Републичкиот завод за трансфузиологија. Посттрансплантациониот рехабилитационен третман ќе се обавува на Клиниката за нефрологија.

Во 2009 година планирано е да се извршат околу 30 нови пресадувања на коскена срцевина. Трансплантацијата на коскената срцевина ќе се врши на Универзитетската клиника за хематологија. За успешноста на трансплантацијата на коскена срцевина за сите болни, потребно е да се обезбеди имуносупресивниот лек Cyclosporin.

Осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување, а за неосигурените лица, за партиципација на осигурените лица, (како за примателот така и за давателот), средства се обезбедуваат преку Буџетот на Република Македонија. За прифаќање на трансплантатот се користат следните лекови:

Caps. Micophenolic acid a 250mg., filmtableti od 500mg., tabl. od 180mg, 360mg, како i Caps. Cyclosporine a 25mg., 50mg, 100mg., sol.Ciclosporin a 100mg/1ml.

Во продолжение се дадени вкупните количини на лекови за трансплантирани болни.

За 20 нови трансплантации на бубрег е потребно:
Caps. Ciclosporin 600 скатули
Caps. Micophenolic acid 580 скатули
За 140 стари случаи потребно е:
Caps. Ciclosporin 4 200 скатули .
Caps. Micophenolic acid 4060 скатули
За 30 нови случаи на трансплантација на коскена срцевина е потребно:
250 Amp. Ciclosporin од 250 мг
Sol. Ciclosporin од 100мг/1мл , 30 скатули
За 73 стари случаи потребни се:
Caps. Ciclosporin од 100 мг, 265 скатули
За 3 случаи на **трансплантирани болни на црн дроб** се потребни:
Caps. Ciclosporin од 100 мг, 40 скатули
Caps. Micophenolic acid 80 скатули .

ВКУПНО ЗА ЛЕКОВИ ЗА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА СЕ ПОТРЕБНИ: 60.100.000,00 ден.

2.1	**Потребни средства за неосигурени лица (2% од вкупните средства)**	**1.202.000,00**
2.2	**Потребни средства за партиципација за трансплантација (за примателот и давателот) и лекови за трансплантирани осигурени лица 266 x 2703,00 ден.**	**718.998,00**
	Вкупно потребни средства за неосигурени лица и партиципација за осигурени лица	**1.920.998,00**

3. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

Малигните заболувања претставуваат многу сериозен здравствен, социјален и економски проблем заради тежината на заболувањето, должината на лекувањето, долготрајната неспособност за работа како и лошата прогноза. Во Република Македонија, малигните заболувања се на второ место по застапеност веднаш по кардиоваскуларните болести.

Според статистичките податоци во Република Македонија во 2009 година се очекува да има околу 4.000 заболени од разни видови на малигни заболувања. Во лекувањето на заболените од малигни болести учествуваат Институтот за онкологија и радиотерапија, Клиниката за хематологија, Клиниката за детски болести, Хируршките клиники и други здравствени установи во Републиката. Здравствената заштита се состои од рано откривање и ефикасно лекување на заболените.

Програмата опфаќа лекување на малигните болести со хируршки третман, зрачење и апликација на хемиотерапија (цитостатици). Видот и начинот на третманот зависи од природата и стадиумот на болеста.

Со оваа програма се обезбедуваат средства за неосигурените лица и партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

Просечна цена на лекување за еден пациент од малигна болест:

- **хируршко лекување и радиотерапија (зрачење) за едно заболено лице - просечно по 37.046,00 денари**
- **Хемиотерапија (цитостатици) - просечно за едно заболено лице по 12.204,00 денари, односно**

Лечењето на едно лице со малигна болест просечно чини 49.250,00 денари, по цени од ценовникот на ФЗО.

Според евиденцијата на Универзитетските клиники во Скопје, во текот на 2007 година се лекувале 701 неосигуран пациент, додека според статистичките податоци на Републичкиот завод за здравствена заштита, во Република Македонија има 160 лица заболени од малигни болести со нерегулирано здравствено осигурување или без основ за осигурување.

3.1	**Потребни средства за неосигурени лица 160 x 49.250,00 денари**	**7.880.000,00**
3.2	**Потребни средства за партиципација за осигурени лица 3 840 x 2703,00 денари**	**10.379.520,00**
	Вкупно потребни средства за неосигурени лица и партиципација на осигурените лица	**18.259.520,00**

4. ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ - ДИАБЕТЕС МЕЛЛИТУС

Диабетес меллитус е метаболен синдром на висок шеќер во крвта, како резултат на апсолутен или релативен недостаток на инсулин и/или инсулинска резистенција со пореметен метаболизам на јаглени хидрати, масти и протеини и претставува едно од почестите заболувања во Републиката. Се јавува кај околу 5,6% од населението. Примарно се карактеризира со хипергликемија, како и појава на микроваскуларни (ретинопатија, нефропатија и невропатија) и макроваскуларни компликации (коронарна срцева болест, цереброваскуларна болест и периферна васкуларна болест), со зголемен морталитет и морбидитет и со намален квалитет на живот.

Според податоците од Клиниката за ендокринологија - Центарот за дијабетес, во Република Македонија инциденца на ова заболување е 225, така да бројот на заболените во 2009 година се очекува да биде околу 110.000 заболени од шеќерна болест, од кои регистрирани се 80 000. Од нив околу 9.150 се инсулин зависни пациенти.

Постојат неколку видови на дијабетес:

1. Диабетес меллитус-тип 1 се карактеризира со апсолутен недостаток на инсулин и за постигнување на нормални вредности на шеќерот во крвта е потребен егзоген инсулин. Од овој вид во Република Македонија се заболени 1 515 лица. Овој вид на дијабетес е болест на младата популација (деца, адолесценти и возрасни), од кои на интензивирана инсулинска терапија 1 200 пациенти, конвенционална терапија 300 и на инсулинска пумпа 27 пациенти, претежно деца. Инсулинот е дел од нивната секојдневна терапија, без која исходот е фатален.

2. Диабетес меллитус- тип 2 опфаќа 90% од сите случаи од кои 90% се на инсулинска терапија, а останатите користат таблетарна терапија. Просечна дневна доза на инсулин е околу 40 IE (интернационални единици).

Најновите истражувања укажуваат дека со примена на соодветен третман се постигнува одложување, па дури и превенција на долгорочните компликации од дијабетесот, кои вклучуваат слепило, бубрежна слабост, срцев и мозочен удар, па дури и гангрена и ампутација на долните екстремитети. Сите овие нарушувања спаѓаат во групата на т.н. хронични дијабетични компликации, во чија генеза лежат васкуларни нарушувања. Дијабетичната кетоацидоза и хипогликемиите кои спаѓаат во групата на акутните компликации на дијабетесот, можно е

да се сведат на минимум со помош на едукација на пациентите како и со примена на превентивни мерки и современ терапевтски третман.

За дел од овие пациенти (околу 27), потребно е дозирање на инсулинот преку инсулинска пумпа која овозможува подобрување на целокупната метаболна контрола, со цел намалување и спречување на компликациите. За истите се користи потрошен материјал:

1.	Инфузиски сет (Minimed Quick set, 9 mm kanila, 110 см пластично црево)	8 пар. X 700 ден.	5600,00 ден.
2.	Резервоар за инсулин (Minimed 3.0 мл)	8 пар. X 150 ден.	1200,00 ден.
3.	Сензор за 72 час. субкутано мониторирање на гликемијата, еднаш во 2 месеци	0.5 x 3200 ден.	1600,00 ден.
4.	Траки за гликемија (HPS Glucoval,1 пак. = 25 ком)	1 x 800 ден.	800,00 ден.
	Вкупно месечно по пациент:		**9 200,00 ден.**
	За 1 пациенти годишно е потребно	**12 x 9200,00 ден.**	**110 400,00 ден.**
	ВКУПНО ГОДИШНО ЗА 27 ПАЦИЕНТИ СЕ ПОТРЕБНИ	**2.980.800,00 ДЕНАРИ**	

Од пациентите што користат инсулински пумпи, 22 пациенти се третираат на Универзитетската клиниката за ендокринологија, а 5 пациенти ке бидат третирани на Универзитетската клиниката за детски болести.

Во лекување на пациентите се користат неколку видиви инсулини, кои се пакувани како сет од 5 пенкала x 300 ИЕ=1500 ИЕ, и тоа:

Novonordisk insulotard HMNL, Mikstard "10", "20" и "30" HMNL, Aktrapid HMNL, Novorapid flexpen, Novomix "30" flexpen, Levemir flexpen, Sanofi aventis Lantus .

Во 2009 година со инсулин ќе бидат третирани околу 9.150 лица. Просечна цена на лекување за еден пациент од дијабетес со 40 ИЕ инсулин како дневна доза е 20.400 денари на годишно ниво.

Со оваа Програма се обезбедуваат средства за неосигурените лица, средства за потрошен материјал за пациентите кои се на инсулинска пумпа и партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

4.1	Потребни средства за **неосигурани 550 лица x 20.400,00 денари по лице**	**11.220.000,00**
4.2	Потребни средства за потрошен материјал за 27 пациенти со инсулинска пумпа	**2.980.800,00**
4.3	Потребни средства за **партиципација за 8.600 осигурени лица x 2703,00 денари**	**23.245.800,00**
	ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА НЕОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА, ПАЦИЕНТИ СО ИНСУЛИНСКА ПУМПА И ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА	**37.446.600,00**

5. ХОРМОН ЗА РАСТ

Хормонот за раст се користи кај децата, кај кои што е пореметен процесот на растење пред се заради недостаток на овој хормон. Со неговата употреба се воспоставува рамнотежа на сите функции во организмот.

Во Република Македонија годишно околу 59 деца имаат потреба од хормонска терапија. Вкупната бројка на деца кои примаат хормон за раст се определува врз медицински критериуми. Хормонот за раст се користи за децата кај кои не е завршено затворање на епифизните рскавици.

Децата се третираат на клиниката за детски болести во Скопје.

За лекување на децата со проблеми во процесот на растење се користи Nordipin-nordilet ампули од 5мг - 1.5мл, 10мг - 1.5мл и 15мг - 1.5мл

Просечни годишни потреби по дете - 600.450,00 денари

Со оваа програма се обезбедуваат средства за неосигурените лица и партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

5.1	Потребни средства за неосигурани **2 деца x 600.450,00 денари годишно**	**1.200.900,00**
5.2	Потребни средства за партиципација за осигурени **57 деца x 2703,00 денари**	**154.071,00**
	Вкупно потребни средства за неосигурените лица и партиципација на осигурените лица	**1.354.971,00**

6. ХЕМОФИЛИЈА

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Неспособноста на организмот за создавање на овие фактори предизвикува крварења од микро и макротраумите кои не можат да се сопрат освен со употреба на нив, така да доколку овие болни адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив можат да настанат сериозни компликации, смрт како и траен инвалидитет.

Според податоците на Центарот за хемофилија во Републичкиот завод за трансфузиологија во Република Македонија се регистрирани 210 пациенти со хемофилија А и 104 пациент со хемофилија Б (вкупно 314 пациенти). Лекувањето на пациентите се врши во Републичкиот завод за трансфузиологија, Клиниката за детски болести, Клиниката за хирургија, Клиниката за хематологија и останатите здравствени установи во Републиката. Европската и светската асоцијација на хемофиличарите препорачуваат лекување со фактор VIII или фактор IX. Употребата на фактор VIII или фактор IX е неопходна во лекувањето на овие болни заради минимизирање на ризикот од трансмисија на вируси, особено на ХИВ - вирусот, поефикасно лекување на болните со што би се намалиле трошоците за болничко лекување, намалување на последиците кај

болните во однос на инвалидитет, можност за нивно вклучување во секојдневниот живот.

Во животно загрозувачки ситуации, како и во превентивни случаи за домашно лекување на пациенти (5 случаи годишно), потребно е да се употреби и рекомбинантен фактор VIIA.

За 210 пациенти со хемофилија А потребни се 6.000.000 IE фактор VIII.
За 100 пациенти со хемофилија Б во 2006 година потребно е 2.000.000 IE фактор IX.
За 5 пациенти со хемофилија потребни се 600 амп. со рекомбинантен фактор VIIA. novoseven амп.
Вкупно за 2009 година потребни се 130.071.000,00 денари.

6.1	Потребни средства за неосигурани лица 2% од вкупните средства	2.601.420,00
6.2	Потребни средства за партиципација за осигурени лица 286 x 2703,00 денари	773.058,00
	Вкупно потребни средства за неосигурени лица и партиципација за осигурени лица	**3.374.478,00**

Рекапитулар	
Вкупен износ на потребни средства за неосигурени лица (1.1, 2.1, 3.1, 4.1, 5.1, 6.1)	**34.400.320,00**
Вкупен износ на потребни средства за дијализа за 20 странски државјани кои се опфтени со Спогодбата (1.2)	**13.728.000,00**
Потребни средства за потрошен материјал за 27 лица со инсулинска пумпа по 9.200,00ден месечно (4.2)	**2.980.800,00**
Партиципација за осигурени лица (1.3, 2.2, 3.2, 4.3, 5.2, 6.2)	**38.447.472,00**
Вкупно потребни средства од Буџетот на Републиката за неосигурени лица, странски државјани и партиципација за осигурени лица	**89.556.592,00**

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година во висина од 89.548.000 денари, од кои за лекување 51.100.528 денари, за партиципација на ФЗО 38.447.472,00 денари.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не може да се предвиди апсолутно точен број на заболените, така да е можно трансфер на средствата од една во друга позиција.

Здравствените организации кои се извршители во Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6318/1-08
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

60.

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/98 и 40/03) и член 39 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2009 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2009 година е изготвена врз основа на обезбедените средства со Буџетот на Република Македонија за 2009 година и согласно Законот за ученички и студентски стандард и Програмата за работа на единките корисници на средства -студентските домови.

Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 56 став 1 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/98 и 40/03).

Сместување и исхрана на студенти во Република Македонија се остварува во девет студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив се сместени околу 5.500 студенти.

Сместувањето на студентите во студентските домови е организирано според Правилникот за сместување на студенти во државните студентски домови, Правилникот за работа и програмата на домовите.

Цената, која што ја плаќа Министерството за образование и наука месечно, за сместување и исхрана за еден студент изнесува 3.750 денари за 10 месеци во годината за фискалната 2009 година.

Во системот на стипендирање и кредитирање на студенти опфатени се:

- студентски стипендии со месечна стипендија од 4.000 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во годината;
- стипендии за најталентирани ИТ-студенти со месечна стипендија од 6.050 денари месечно за фискалната 2009 година за девет месеци во годината;
- студентски кредити, во месечен износ од 2.700 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во годината;
- стипендии-стари корисници, за студенти кои студираат на универзитетите надвор од Република Македонија и го остварile правото на користење на стипендија од претходните години, за струки и дисциплини кои не биле застапени на нашите универзитети и тоа по 5.400 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во годината;
- стипендисти согласно CEPUS програма, кои се опфатени во процесот на стипендирање и сместување и тоа по 60 евра месечно во денарска противредност за стипендирање, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 7.500 денари месечно за фискалната 2009 година;
- стипендисти, студенти со македонско потекло од земјите на Балканскиот полуостров, и тоа по 3.630 денари за стипендија за девет месеци во годината, а за сместување и исхрана 7.500 денари за фискалната 2009 година месечно за 10 месеци во годината;
- согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/02 и 17/03) опфатени се и студенти - деца на бранителите, кои примаат стипендија по 4.000 денари за фискалната 2009 година за девет месеци во годината.

Во Потпрограма SJ – Изградба на студентски домови се планира започнување на постапката за изградба на нов студентски дом во Скопје.

Во Потпрограма SK – Реконструкција на студентски домови се планира целосна реконструкција на дел од студентските домови.

Согласно одобрените средства со Буџет за 2009 година вкупните финансиски средства од раздел 16001 – Министерство за образование и наука за Програма 6 – Студентски стандард, Програма SJ – Изградба на студентски домови и Програма SK – Реконструкција на студентски домови се следните:

Програма/ Потпрограма	Ставка	Опис	Намена	Износ
Програма 6			**Вкупно:**	**386.770.000**
Потпрограма 60	425	Стоки и услуги	Договорни услуги	7.000.000
Потпрограма 60	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	1.500.000
Потпрограма 60	464	Разни трансфери	Стипендии за поддршка на студенти	300.400.000
Потпрограма 60	464	Разни трансфери	Плаќања за сместување и исхрана во студентски домови	
Потпрограма 60	483	Купување на мебел, опрема, возила и сл.	Купување на опрема за студентски домови	6.000.000
Потпрограма 60	486	Финансиски средства	Студентски кредити	71.870.000
Потпрограма SJ	482		**ИЗГРАДБА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ**	**10.000.000**
			Отпочнување со изградба на нов студентски дом во Скопје	6.000.000
			Изработка на изведбен проект за изградба на нов студентски дом во Скопје и вршење на стручно технички надзор	4.000.000
Потпрограма SK	482		**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ**	**20.410.000**
		Скопје	СЦ "Скопје" - Комплетна реконструкција на "Гоце Делчев"	7.410.000
		Скопје	СЦ "Скопје" - Комплетна реконструкција на "Стив Наумов" втора машка зграда	7.900.000
		Скопје	СЦ "Скопје" - Реконструкција на бараки за потребите на "Стив Наумов"	2.000.000
		Охрид	ДСД "Никола Карев"	500.000
		Штип	ДСД "Браќа Миладиновци"	600.000
			Изработка на проекти и вршење на стручно технички надзор	2.000.000

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-7206/1-08
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

61.

Врз основа на член 32 став 4 точка 6 од Законот за здравствената заштита (Службен весник на Република Македонија" бр.38/91; 46/93; 55/95; 10/04; 84/05; 111/05; 65/06, 5/07, 77/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година, ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА

В О В Е Д

Милениумските развојни цели кои треба да се достигнат до 2015 година, и тоа преку намалување на смртноста кај децата за 2/3 како и намалување на смртноста на мајките за ¾ , јасно ја отсликуваат заложбата на меѓународната заедница за глобално унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период. Овие развојни цели ја атрикулираат важноста за подобрувањето на здравјето на мајките и децата како интегрален дел на напорите на меѓународната заедница за редукција на сиромаштијата.

Во 2007 година забележан е пад на стапката на смртност на доенчињата во Р.Македонија (од 11.5 во 2006 година на 10,3 на 1000 живородени), а стапката на перинаталната смртност 15,5 на 1000 живородени со значителни регионални разлики. Во истата година стапката на смртност на децата под 5 години достигна 11,6 во 2006 година 12,9 на 1000 живородени. По однос на овие индикатори постојат регионални разлики како и разлики по поедини социо-економски групи на население.

Стапката на матерналната смртност во Р.Македонија има осцилаторен тек и се одржува на ниско ниво и во 2007 година изнесуваше 4,4 на 100.000 живородени .

Во изминатиот период, во подобрување на здравствената состојба и заштитата на мајките и децата постигнати се значајни резултати. Стапката на смртноста на доенчињата и малите деца е намалена, евидентни се позитивни промени во структурата на причините за смрт и возрасната структура на умрените доенчиња. Значајно е намален бројот на регистрирани заразни заболувања, посебно на оние против кои се врши задолжителна имунизација.

Здравствената дејност во Р.Македонија го продолжува континуитетот во спроведување на превентивните мерки и активности во унапредување на квалитетот на здравствената заштита на децата и жените во репродуктивен период во 2009 година како и унапредување на здравјето на оваа категорија на корисници на здравствени услуги.

Програмата за унапредување на здравјето на мајките и децата во 2009 година има за цел да обезбеди еднаков пристап на основните здравствени услуги на сите жени во врска со безбедното мајчинство и сите деца во врска со нивниот здрав почеток на живот и обезбедување на услови за оптимален раст и развој на децата без оглед на нивниот социоекономски статус , етничка и верска припадост и.т.н

Оваа програма е во согласност и со Стратегијата за демографски развој на Република Македонија за периодот 2008-2015 година и предвидените акциони планови за периодот 2008-2010 година.

Основни цели на Програмата се:

- Промоција на здрави животни стилови во насока на унапредување и заштита на здравјето на мајките и децата.
- Континуирано обезбедување на ефективни и ефикасни превентивни здравствени услуги кај децата и жените од репродуктивен период поврзани со безбедно мајчинство и правилен раст и развој на децата
- Зголемување на достапноста , квалитетот и одржливоста на услугите од превентивна здравствена заштита на мајките и децата
- Рана детекција , евиденција , дијагноза и следење на деца родени со ризик и со пречки во развојот
- Зајакнување на капацитетите на родителите , членовите на потесното семејство и локалната заедница во унапредување на раниот детски развој во рамките на семејството
- Ублажување на влијанието на социјалните детерминанти (сиромаштија и социјална нееднаквост) врз развој на неповолни здравствени индикатори кај мајките и децата
- Зајакнување на капацитетите на локалните заедници заради обезбедување на широка социјална подршка во севкупните напори за подобрување на здравствената сосотојба на мајките и децатаr

Очекувани резултати од Програмата се:

- Понатамошно намалување на стапката на смртност на доенчињата и малите деца , особено во регионите каде стапката е повисока од просечната во државата
- Намалување на перинаталната смртност
- Целосен опфат на децата со имунизација
- Целосен опфат на бремените жени со квалитетна антенатална заштита
- Целосен опфат на бремените жени со породувања со стручна помош и мерки за перинатална заштита на родилките
- Подигање на нивото на информираност на родителите за принципите на правилен раст и развој на децата

МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ ВО РЕПРОДУКТИВЕН ПЕРИОД

1. Подигање на степенот на информираност на важноста на сексуалното и репродуктивно здравје, планирање на

Зачувивање и унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на жената во поглед на сите негови елементи (укпотреба на контрацепција, третман на инфертилитет, бременост и антенатална грижа, безбедно породување, контрола на сексуално преносливи инфекции, сексуална злоупотреба и насилтво) е предуслов за безбедно мајчинство и

оптимализација на условите за правилен раст и развој на децата. Се повеќе се препознава потребата од зголемување на улогата на сите сегменти од примарната здравствена заштита во обезбедување на услуги во овој домен и во зголемување на достапноста на овие услуги до сите жени.

Жените во репродуктивен период (од 15-49 години) без оглед на брачната состојба, степен на образование, верска и етничка припадност ќе добиваат совети за планирање на семејството и превенција на СПИ (сексуално-преносливи инфекции) . Со оваа мерка посебно ќе биде опфатена адолесцентната популација преку здравствено воспитни активности и совети за заштита од несакана бременост и безбедно сексуално однесување.

- Здравствено – воспитна дејност

Оваа мерка промовира здраво и безбедно репродуктивно однесување на населението преку промоција на принципите на одговорното родителство и безбедно мајчинство, превенција на ризично сексуално однесување и можноста за планирање на семејството.
Со оваа мерка се опфаќа адолесцентната популација како и посебно ранливи групи кај жени во репродуктивен период преку :

- здравствено воспитни предавања за деца од училишна возраст и адолесценти
- патронажни посети кај семејства со членови од адолесцентна возраст заради советување за заштита од ризично сексуално однесување и последиците од него.
- изготвување, печатење и дистрибуција на здравствено-воспитни
- материјали наменети за поедини ризични целни
- медиумска подршка на промоција на репродуктивно здравје кај адолесценти и останата фертилна популација.

Извршители на овие услуги се здравствените организации од примарната здравствена заштита, превентивните тимови кои обезбедуваат превентивна здравствена заштита , поливалентната патронажна служба во соработка со Заводот за здравствена заштита на мајки и деца. Партиципаторна улога во промоцијата на репродуктивното здравје на жената имаат и другите сектори на ниво на локална заедница (образование, социјална заштита, членови и здруженија на локалните заедници)

- Совети за планирање на семејство

Најмалку 10% од жените во репродуктивниот период (15- 49 год.) или околу 50.000 жени се ќе се опфатат со совети за планирање на семејството со просек 2 совети по опфатена жена или вкупно 100.000 совети. Посебен акцент ќе се даде на жените во руралните подрачја и адолесцентките. Извршители се здравствените организации од примарната здравствена заштита и поливалентнтана патронажна служба ,во соработка со Завод за здравствена заштита на мајки и деца.

Заштита на планирана и сакана бременост

- Антенатална здравствена заштита

Антенаталната заштита претставува комплекс на постапки и интервенции кои бремената жена ги добива од страна на организирана здравствена служба.

Примарната цел на антенатална заштита е :

– Рано откривање на перинаталните ризици кај поедини вулнерабилни групи на бремени

- Рано лекување на патолошките соостојби во текот на бременоста со цел да се подобри исходот при рагање како кај новороденото така и кај родилката
- Социјална подршка на бремената жена со цел бременоста и породувањето да се доживуваат како позитивно животно искуство
- Во текот на 2008 година антенаталната здравствена заштита се спроведува преку следните мерки:
- За секоја бременост која се планира да се доноси, се воведува задолжително отварање на Мајчина книшка – вкупно 25 000 во Р.Македонија;
- Кај секоја бремена треба да се извршат 4 антенатални прегледи или вкупно 100.000 прегледи. При овие прегледи се врши активен здравствен надзор над здравјето на бремената и здравствено воспитување.
- Кај бремените кај кои се регистрирани патолошки состојби и ризици поврзани со бременоста, бројот на антенаталните прегледи е поголем заради благовремено лекуваање и упатување на лекување во високо специјализирани здравствени установи.
- Најмалку еден ЕХО преглед за откривање на морфолошки аномалии на плодот (вкупно 25 000 прегледи)
- Испитување на Рх фактор кај сите бремени првородки, околу 11.000 и спроведување на имунопрофилакса на сите Рх негативни мајки по рагање на Рх позитивен плод или после абортус.
- Се обезбедува во просек по 2 патронажни посети по бремени, а кај ризични бремености и повеќе, особено на бремени помлади од 18 и постари од 35 години, бремени со неповолни социјални услови за живеење и бремени со пониска здравствена култура или вкупно околу 52.000 патронажни посети

Извршители на овие активности се: здравствени работници од примарна и превентивна здравствена заштита, поливалентна патронажна служба во соработка со Завод за здравствена заштита на мајки и деца.

- Интрапартална заштита во болница

- Сите бремени со фактори на ризик ќе бидат благовремено упатени за третман и породување во соодветните институции (околу 20% од бремените и родилките)
- Стручна помош при рагање во здравствени установи кај околлу 98 % одсите породување на Р. Македонија, а во домашни услови со медицинска помош на акушерка (околу 2% од породувањата)

- Секојдневно доставување на увид податоците од страна на породилиштата за адресата, тежината на рагање и состојбата на новородените кои се испуштени од породилиштата и пријава на ризично родените деца до развојните советувалишта (таму каде постојат) или службата за превентивна здравствена заштита на деца и поливалентната патронажна служба во примарната здравствена заштита
  Извршители : сите породилишта во Р. Македонија

• Постпартална заштита

- Во просек по 2 патронажни посети по леунка, а кај породени во домашни услови и повеќе или вкупно околу 75.000 патронажни посети. Првата посета треба да биде извршена во првата недела по рагањето.
- По еден превентивен гинеколошки преглед 6 недели по породувањето или вкупно околу 25.000 прегледи.

Извршители на овие активности се: здравствени работници од примарна и превентивна здравствена заштита, поливалентна патронажна служба во соработка со Завод за здравствена заштита на мајки и деца.

• Едукација на здравствени работници и спроведување на здравствено воспитна дејност за безбедно мајчинство

- Едукација на здравствени работници кои се вклучени во обезбедување на антенаталната заштита за современи ставови во заштита на бременста и породувањето .
- Едукција на сите бремени жени и нивните семејства за предностите на антенаталната заштита со посебно внимание на бремени жени во одалечени и рурални подрачја преку работа во мали групи, разговор со бремени и родилки со опфат од околу 20% од бремените и родилките особено во руралните подрачја каде нивото на хигиенскиот, социјалниот и здравствениот стандард е понизок.
- Користењена јавни медиуми (радио, ТВ и печат) за популаризацијата за безбедно мајчинство
  Извршители – Здравстени установи од примарна здравствена заштита и поливалентна патронажна служба како и породилиштатата во Р.Македонија, и Гинеколошко-акуешерската клиника во соработка со Завод за здравствена заштита на мајки и деца.

МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И РАЗВОЈОТ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

1. **Тироиден скрининг** кај сите новоредени деца во Р.Македонија. Скринингот се врши во акредитирана лабораторија на Клиниката за детски болести во Скопје, а материјал ќе доставуваат сите породилишта во државата. Скринингот ќе се врши согласно доктринарните ставови и упатства на експертски тим на клиника за детски болести.

2. **Преглед на новородено од лекар во домот** – по еден превентивен преглед во првите 7 дена по породувањето кај сите новородени со посебен акцент кај децата родени во домашни услови

3. **Превентивни прегледи на доенчиња** –

- прегледи и советување на здраво доенче – во просек по 4 прегледи (или вкупно околу 100.000), Прегледите во 3,6 и 9 месец од возраста на доенчето се систематски – вкупно околу 75.
- прегледи кај деца родени со ризик во просек по три (3) или вкупно 7.500 прегледи (проценета застапеност на деца со ризик е 10% од сите живородени).

При овие превентивни систематски прегледи се врши активен надзор на детето користејќи соматски и развојни скрининг тестови за процена на растот и развојот како и здравствената состојба на детето. При систематски прегледи се врши и лабораториски испитувања на крв и урина. Сите отстапувања на здравствената состојба на децата благовремено се лекуваат од страна на матичниот лекар или се упатуваат на третман и рехабилитација на повисоко ниво на здравствена зачтита. Сите резултати од систематските прегледи се забележуваат во картоните за систематските прегледи кои ќе овозможат квалитативна и квантитативна анализа на пронајдените состојби. Полугодишни и годишни извештаи за регистрираните состојби од систематските прегледи се доставуваат до Заводот за здравствена заштита на мајки и деца каде ќе се врши евалуација на истите.

4. **Превентивен ЕХО ортопедски преглед** на колкови кај сите доенчиња (вкупно околу 25.000).

5. **Систематски прегледи на децата на возрсат од 3 и 5 години** со задолжително мерење на тежина и висина и проценка на исхранетоста како и лабораториски прегледи на крв и урина (вкупно околу 50.000). При овие прегледи се врши следење на растот и развојот и се пополнуваат картони за систематски прегледи кои ќе овозможат квалитативна и квантитативна анализа на пронајдените состојби.
Полугодишни и годишни извештаи за регистрираните состојби од систематските прегледи се доставуваат до Завод за здравствена заштита на мајки и деца каде ќе се врши евалуација на истите.

6. **Патронажни посети на доенче** – 5 патронажни посети по доенче (вкупно 100.000 посети) од кои 2 во новороденечкиот период заедно со посетата на леунката и по една на возраст помеѓу 4-6 месец, 7-9 месец и 12 месец од животот на доенчето. Кај децата родени со ризик се обезбедуваат поголем број на патронажни посети. Патронажната служба посебно обрнува внимание на децата кои се изложени на висок социоекономски ризик (деца чии родители се со ниско образование, деца од социјално маргинализирани подрачја, семејства кои примаат социјална помош, како и припадници на поедини ризични етнички групи каде смртноста на доенчињата е поголема). Кај овие ризични групи треба да комбинираат неколку интервенции како:

промоција на правилна исхрана, подобрување на интеракција мајка-дете, стимулација на психосоцијален развој и унапредување на детското здравје.

7. Водење на републички регистер за децата родени со ризик и подоцна откриени оштетувања – за овие деца се врши пријавување и се води републички регистер за деца родени со ризик и деца со пречки во развојот во Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

- Децата кои се со поголем ризик од смрт, се распоредуваат по групи (деца на вештачка исхрана, со рахит, мала родилна тежина, деца чии родители се со ниско ниво на образование и живеат во лоши социоекономски услови како и деца со хронични заболувања). За овој дел од детската популација со нагласени здравствени и социјални ризици, превентивните здравствени тимови во соработка со останатите социјални служби во локалната заедница треба да обезбедат поинтензивен здравствен надзор во домашни услови во прв ред преку патронажни посети со цел да се продолжи со надзор врз состојбата на детето и третман во домашни услови.

8. Едукација на семејствата за унапредување на нивната грижа за растот и развојот на децата

Со оваа мерка се подобрува знаењето и вештините на родителите и оние кои се грижат за децата во семејството. Едукацијата на родителите е усмерена кон:

- подобрување на интеракција мајка-дете
- стимулација на растот, развојот и раното учење во рамките на семејството
- промовирање на одговорност во заштитата на здравјето и развојот на децата помеѓу родителите и останатите членови на семејствата кои се грижат за децата.

Извршители на мерките од превентивната здравствена заштита на децата се превентивните тимови за здравствена заштита на деца, поливалентната патронажна служба, развојните советувалишта во соработка со Завод за здравствена заштита на мајки и деца.

МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ ВКЛУЧЕНИ ГИ ОНИЕ КОИ НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Децата од училишна возраст и адолесцентите се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и емотивни промени како и промени во однос на перцепција на социјалната средина. Сето тоа ги прави исклучително вулнерабилни на неповолните ризик фактори од околината кои се се поинтензивни во последните декади. Иако стапките на морбидитет и морталитет во оваа возрасна група се најниски, склоноста кон експериментално и експлораторно однесување креираат нови здравствени ризици поврзани во прв ред со однесувањето што го прави овој период исклучително вулнерабилен. Унапредувањето на нивното здравје треба да се насочи кон навремено усвојување на здрави животни стилови и намалување на разните видови на ризично однесување, земајќи ги во предвид приоритетните здравствени проблеми (повреди, проблеми поврзани со сексуалното и репродуктиво здравје, употреба на субстанци, ментални проблеми, пореметување во исхраната).

Мерките за унапредување на здравјто на оваа група се состојат од:

- Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој преку редовни систематски прегледи,
- Редовна имунизација против заразни заболувња според календарот за имунизација,
- Едукација за усвојување на здрави животни стилови со цел превенција и редукција на заболувања во периодот на адолесценција, а со тоа и превенција на хронични незаразни заболувања понатаму во адултната возраст,
- Рано препознавање на ризични видови на однесување (преку псохосоцијално интервју и советување),
- Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
- Превенција на компликации од хронични заболувања ??
- Следење и евалуација на здравствената состојба на децата и адолесцентите.

Извршители на овие мерки се здравствените работници од превентивната и примарната здравствена заштита, младинските центри за сексуално и репродуктивно здравје и патронажната служба во соработка со Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

Посебно вулнерабилната група на деца и адолесценти е онаа која е надвор од образовниот систем и немаат пристап до организиран систем на здравствена заштита (систематски прегледи, рано откривање на ризик фактори и состојби кои го нарушуваат здравјето со цел упатување и рано лекување, вакцинации, здравствено воспитување). Исклучување на оваа група од мерките на превентивна здравствена заштита води до загрозување на нивното здравје и здравјето на околината како и нарушување на принципот на еднаквост и право на сите деца до пристап на квалитетна здравствена заштита (Конвенција за правата на децата на ОН-Член 24). Потребен е активен пристап на здравственот сектор во откривањето на овие деца и нивно упатување до превентивните тимови кои обезбедуваат превентивна здравствена заштита на децата. Според проценките на Заводот за здравствена заштита на мајки и цека тој број изнесува околу 5000 деца на возраст од 7-18 години или 20% од вкпниот број на деца од учлишна возраст.

Мерките за унапредувае на здравјето на оваа група се состојат од:

- Активно откривање и здравствено просветување преку теренски посети од страна на патронажната служба,
- Упатување до превентивните служби во јавни здравствениот сектор за систематски прегледи и имунизации,
- Упатување до постоечки организирани форми на здравствена промоција и едукација во локалните заедници,
- Соработка со невладиниот сектор кој работи на промоција на адолесцентно здравје и локалната заедница.

Извршители на овие мерки се патронажната служба, превентивните служби во јавно здравствениот сектор во соработка со Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

Децата од училишна возрасат и адолесцентите се посебна популациона група која се карактеризира со забрзани физички и психички промени и како такви се исклучително подлежни на влијание на неповолните ризик фактори од околината. Иако се популациона група со низок морбидитет и морталитет, унапредувањето на нивното здравје треба да се насочи кон градење на здрави животни стилови и намалување на ризичното однесување кое влијае врз нивното здравје.

Посебно вулнерабилна група на деца и адолесценти е онаа која е надвор од образовниот систем и немаат пристап до организиран систем на здравствена заштита (систематски прегледи, рано откривање на ризик фактори и состојби кои го нарушуваат здравјето со цел упатување и рано лекување, вакцинации, здравствено воспитување). Исклучување на оваа група од мерките на превентивна здраствена заштита води до загрозување на нивното здравје и здравјето на околината како и нарушување на принципот на еднаквост и право на сите деца до пристап на квалитетена здравствена заштита (Конвенција за правата на децата на ОН-Чл.24)

Потребен е активен пристап на здравствениот сектор во откривањето на овие деца и нивно упатување до преветивните тимови кои обезбедуваат преветивна здравствена заштита на децата. Според проценките на Заводот за здравствена заштита на мајки и деца тој број изнесува околу 5000 деца на возраст од 7-18 години или 20% од вкупниот број на деца од училишна возраст.

Мерките за унапредување на здравјето на оваа група се состојат од:

- Активно откривање и здравствено просветување преку теренски посети од страна на патронажната служба.
- Упатување до превентивните служби во јавно здравствениот сектор за систематски прегледи и имунизации.
- Упатување до постоечки организирани форми на здравствена промоција и едукација во локалните заедници
- Соработка со невладиниот сектор кој работи на промоција на адолесцентно здравје и локалната заедница.
- Извршители на овие мерки се патронажната служба, превентивните служби во јавно здравствениот сектор во соработка Завод за здравствена заштита на мајки и деца.

АКТИВНОСТИ НА ЗАВОДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИ И ДЕЦА

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца врши надзор врз спроведување на мерките од Програмата како на локално така и на национално ниво , учествува во изготвување на упатства за спроведување на поедини мерки како и во обуката на здравствените работници кои ја спроведуваат Програмата. Заводот го следи прогресот на индикаторите за

здравјето на жените и децата, го известува Министерството за здравство и предлага мерки за подобрување на истите. Со своите промотивни активности, Заводот учествува и во промоцијата на здравјето и развојот на децата како и здравјето на жените во репродуктивен период поврзано со безбедно мајчинство.

1. **Континуирано следење и надзор на извршувањето на мерките од Програмата преку теренски посети и консултации со извршителите на активностите на општинско ниво.**
   - Теренски посети на тимовите кои обезбедуваат превентивна здравствена заштита на деца со посебен акцент на општините и подрачјата каде постојат неповолни здравствени индикатори (стапка на смртност на доенчињата и перинатална смртност над републичкиот просек) При овие посети се оценува исполнувањето на плановите за работа , се врши увид во спроведување на мерките од Програмата и се даваат препораки за унапредување на истите.
   - Теренски посети на службите за поливалентна патронажа заради оцена на работата како и надзор врз правилно водење на медицинска документација и евиденција на извршените посети.
   - Теренски посети на преветивните тимови кои работат на рана детекција , евиденција , дијагноза и тимско следење на психомоторниот развој на децата родени ризик и деца со пречки во развојот по унифицирана методологија и стандарди

2. **Следење на здравствената сосотојба и заштита на мајките и децата преку.**

- Следење, обработка и анализа на податоци од виталната и здравствената статистика во доменот на здравствената заштита и состојба на мајките и децата во Р.Македонија
- Развивање на системи за мониторирање на индикатори на здравствен статус на децата во однос на социјална нееднаквост и социоекономски субгрупи (маргинализирани, социјано загрозени семејства, семејства со ниско ниво на образование на мајката, како и дизагрегација на индикаторите по пол, возраст и.т.н)
- Следење на стапката на смртност на доенчиња и стапката на перинаталната смртност во Р.Македонија
- Следење и анализа на податоци од систематски прегледи кај деца од предучилишна возраст
- Прибирање, следење и анализа на податоци од регионалните развојни советувалишта . Во општините каде не се формирани развојни советувалишта, податоците ги испраќаат службите за преветивна здравствена заштита.

3. **Едукација на здравствен кадар кој обезбедува примарна здравствена заштита на мајките и децата со посебен акцент на преветивните тимови и поливалентната патронажна служба преку организација и учество на регионални семинари и работилници.**

Заводот за здравстена заштита на мајки и деца , едукацијата на здравствениот кадар кој ги спроведува мерките од Програмата ,ја извршува преку следните активности:

- Организација и учество на:

  - Регионални семинари и работилници за едукација на поливалентните патронажни сестри
  - Регионални семинари и работилници за преветивните тимови од ПЗЗ од областа на унапредување на исхраната, раниот детски развој , значењето на имунизацијата во унапредување на здравјето, превенција од повреди во раното детство
  - Регионални семинари за современи стандарди во доменот на унапредување на безбедно мајчинство
  - Регионални семинари за здравствено-згрижувачки кадар во јаслите и градинските од областа на раниот детски развој

4. Здравствено-едукативна дејност.

Заводот за здравстена заштита на мајки и деца , здравствено-воспитната активност ја спроведува преку слеедните активности :

- Организација и учество на:
  - Здравствено-воспитни предавања и работилници за деца од училишна возраст . Предавањата се изведуваат во средните училишта по класови со користење на современи аудиовизулени методи. Темите се од областа на превенција на ризично однесување (употреба и злоупотреба на супстанци, ризично сексулано однесување , насилно однесување – вкупно околу 300 предавања и околу 20 работилници
  - Здравствено-воспитни предавања , работилници и трибини наменети за населението во општини со неповолни здравствени индикатори кај децата и жените во репродуктивен период . Темите на овие здравствено-промотивни активности се од областа на раниот детски развој (исхрана, имунизација, здравствена заштита, стимулација на детски развој), адолесцентното здравје (ревенција на малолетничка бременост и контрацепција, превенција на СПИ, здрави животни стилови) како и безбедното мајчинство (здрава бременост, значење на антенатална заштита , исхрана и контрола на здравјето на бремената ...)
  - Едукација на сите бремени жени и членови на семејства за предностите од редовната антенатална заштита преку работа во мали групи и индивидуални советувања на бремени жени со опфат од околу 20% од бремените жени, со посебно внимание на бремение жени во руралните и оддалечени подрачја со пониско ниво на хигиенски и социјален стандард и пониско ниво на здравствена информираност.
  - Изготвување, печатење и дистрибуција на здравствено-промотивни пишани материјали: прирачници, водичи, брошури, летоци и постери наменети за здравствени работници, родители, адолесценти и други групи на население со цел унапредување на здравјето на мајките, децата и адолесцентите.

5. Изготвување на упатства, картони за систематски преглед и извештајни и документациони образци за работа тимовите кои спроведиваат преветивна здравствена заштита на деца и поливалентната патронажна служба.

Заводот за здравстена заштита на мајки и деца учествува во изготвување на следните упатсва и протоколи:

- Упатсво за работа на поливалентната патронажна служба
- Упатсво за работа на тимовите кои обезбедуваат преветивна здравствена заштита на деца од предучилишна возраст
- Упатство за спроведување на антенатална заштита на ниво на ПЗЗ
- Протоколи за имунизација
- Унифициран картон и упатство за следење на деца родени со ризик
- Упатство за спроведување на превентивни цели на лекари од ПЗЗ кои работат со деца од 0-18 години и жени во репродуктивен период.

6. Изготвување на Програма и Информација за спроведување програмата.

- Програма унапредување на здравјето на мајките и децата за 2009 година во која ќе бидат застапени приоритетните јавно-здравствени аспекти во доменот на унапредување на здравствената сосотојба на мајките и децата во Р.Македонија . Рок –31.10. 2008
- Информација за здравствената сосотојба и заштита на мајките и децата во Р.Македонија за 2007 година . Рок- 31.10. 2008

7. Подготовка и учество во промотвни кампањи наменети за промоција на Програмата и запознавање на населението за можностите за зголемен пристап до преветивните јавно-здравстени установи.

Заводот за здравстена заштита на мајки и деца учествува во соработка со Министерството за здравство во изготвување и спроведување на промотивни кампањи со цел да се запознаат корисниците на здравствените услуги за нивните права за користење на мерките од областа на превентиванта здравствена заштита и можноста за зголемен пристап до овие услуги.

8. Создавање на поддржувачка околина

За успешно извршување на сите наведени активности потребно е создавање на околина која ќе има поддржувачки став и партиципаторен однос кон сите активности кои се потребни за унапредување на здравјето на жените и децата. За тоа е потребно:

- Застапување кај сите релевантни институции и индивидуи (локални лидери, здравствени планери, образовни и здравствени институции, професионални асоцијации, родители, медиуми-електронски и печатени),

- Зајакнување на интерсекторската соработка.
- Соработка со меѓународно јавно-здравствени организации и со граѓанскиот сектор,
- Поголема инволвираност и соработка со приватниот сектор во обезбедување на услуги во овој домен.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во спроведување на своите активности , како дел од интегриран и интерсектори пристап во унапредување на здравјето на мајките и децата активно ќе соработива со сите државни и меѓународни организации кои се вклучени во здравствена, образовна и социјалната заштита на мајките и децата (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование, Републички завод за здравствена заштита, Клиника за детски болести, Клиника за гинекологија и акушерство, УНИЦЕФ, СЗО и др)

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на предвидените активности , програмски задачи и обврски во врска со остварување на превентивна здравстната заштита на неосигураните мајки и деца , како и активностите на Заводот за здравствена заштита во врска со спроведување на програмските активности во Р.Македонија , за 2009 година потребни се следните финансиски средства:

Р.бр.	Активности	Износ во денари
1.	Антенатални прегледи за 2300 неосигурани бремени жени (10%) по 4 прегледи = 9200 прегледи по 320 денари и по еден ЕХО преглед по 350 денари	3.749.000,00
2.	Одредување на крвна група и Рх фактор за мајката и детето 2250 прегледи х 150 денари	345.000,00
3.	Ро-гам за мајките со негативен РХ фактор -600 жени х 3240 денари)	1.944.400,00
4.	Патронажни посети на бремени жени 2300 х 2 = 4600 х 200 денари	920.000,00
5.	Патронажни посети на леунки и новороденчиња 2300 х 2 = 4600 х 200 денари	920,000,00
6.	Патронажни посети на доенчиња 2300 х 3 х 200 денари	1.380.000,00
7.	Патронажни посети на ризични доенчиња (за 10% неосигурани или 230 деца х 2 посети х 200 денари	92.000,00
8.	Патронажни посети на ризични доенчиња (за 10% неосигурани или 230 деца х 2 посети х 200 денари	92.000,00
9	Патронажни посети на семејства со здравствени и социјални ризици – вкупно 7500 семејства х 200 денари	1.500.000,00
10.	Тиреоиден скрининг на сите новородени деца 23.000 х 120 денари)	2.700.000,00

11	Рано откривање на перинатални ризици кај неосигурани бремени жени во референтни здравствени установи во Р.М	2.000.000,00
12	Систематски прегледи на 2300 доенчиња х 3 прегледи х 320 денари	2.208.000,00
13	Систематски лабораториски прегледи на 2300 доенчиња х 3 прегледи х 250 денари	1.725.000,00
14.	Систематски прегледи на деца во 3 и 5 година 4550 деца х 320 денари	1.456.000,00
15.	Систематски лабораториски прегледи на деца во 3 и 5 година 4550 прегледи х 250 денари	1.137.500
16.	Постпартален гинеколошки преглед (на 6 недели) на 2300 неосигурани породени жени х 320 денари	736.000,00
17.	Дополнителни систематски прегледи на доенчиња родини со ризик (230 х 4 х 320)	294.400,00
18.	Дополнителни систематски прегледи на 1200 деца родени со ризик од 1 до 6 години по 640 денари	768.000,00
	Вкупно 1-18	**24.003.300,00**
19.	**Активности на Заводот за здравствена заштита на мајки и деца**	
1.	Теренски посети на преветивни тимови, пунктови за вакцинација во ЈЗУ во РМ -50 посети х 5000 денари	250.000,00
2.	Регионални семинари и работилници за поливалентни патронажни сестри за сите аспекти направиле развој и раст на новороденчињата и малите деца, здравјето на адолесцентите и здравјето на жените во репродуктивен период 10 работилници по 50.000	500.000,00
3.	Регионални семинари и работилници за поливалентни патронажни сестри за следење на раст и развој на деца родени со ризик во домашни услови - 10 работилници по 50.000	500.000,00
4.	Регионални семинари и работилници за превентивните тимови од областа на промоција на ексклузивно доење, правилна исхрана, ран детски развој, рационална употреба на антибиотици, значењето на редовната имунизација во унапредување на здравјето, превенција од повреди во раното детство - 15 работилници по 50.000	750.000,00
5.	Регионални семинари и работилници за превентивните тимови и тимови од развојни советувалишта за користење на унифициран картон за деца родени со ризик - 5 работилници по 50.000	250.000,00
6.	Регионални семинари за лекарите од ПЗЗ за подобрување на пристапот до основните здравствени услуги на жените и децата во врска со современите стандарди во доменот на семејно, планирање антенаталната заштита, безбедно мајчинство како и зачувување и унапредување на здравјето на децата - 10 работилници по 50.000	500.000,00

7.	Едукација на семејства во рурални средини за детско здравје, безбено мајчинство и адолесцентно здравје - 30 по 5000	150.000,00
8.	Изработка, превод и печатење на брошури за промоција на здравје на мајките и децата: - имнизации - вакцинација и заштита - првите три години се најважни - правилна исхрана и превенција од зголемена телесна тежина кај деца од предучилишна возраст - 3 брошури по 25.000 примероци = 75.000 примероци по 15 денари - водич за бремени мајки 25.000x20 денари = 500.000	1.625.000,00
9.	Изработка, печатење и дистрибуција на упатства за здравствени работници: - Упатство за промоција на репродуктивно здравје наменето за патронажни сестри, - Упатство за безбедност во спроведување на имунизацијата, - Упатство за спроведување на систематски прегледи кај доенчиња и мали деца, - Соверемени ставови за исхрана на малите деца и превенција на обезитас, - Информација за здравствена состојба на децата и жените во РМ (5 x 400 примероци по 200 денари)	400.000,00
	Вкупно: 1-9 (19 точка)	**4.925.000,00**
20	**Медиумски и промотивни кампањи**	
	Кампања за спречување на заразни болести и вакцинација	400.000,00
	Кампања за безбедно мајчинство и ран детски развој	400.000,00
	Кампања за промоција на Програмата за здравјето на мајките и децата и запознавање на населението за можностите за зголемен пристап до превентивните јавно-здравствени установи	835.000,00
	Вкупно: 20	**1.635.000,00**
	Вкупно: од 1 - 20	**32.700.000,00**

Вкупениот износ за реализација на Програмата изнесува 32.700.000,00 денари.

Распределба на средствата по Програмата ќе ја врши Министерството за здравство месечно на здравствените организации извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Надзор над спроведувњето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во износ од 32.700.00 денари.

Здравствените установи кои се извршители во Програмата, најдоцна до 15.10.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6331/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

62.

Врз основа на член 32 став 4 точка 2 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на РМ",бр. 38/91,46/93, 55/95 ,10/04 и 84/05,111/05,65/06 и 05/07 и 77/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Задолжителната имунизација се спроведува континуирано, против определени заразни болести, за сите лица на одредена возраст.

Задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса се спроведува против определени заразни болести, за сите лица, по епидемиолошки индикации, сé додека истите траат.

I. **Континуирано, имунизацијата** се спроведува против: вирусна жолтица Б (Hepatitis B), туберкулоза (Tuberculosis), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б (Hib), дифтерија (Diphtheria), тетанус (Tetanus), голема кашлица (Pertussis), детска парализа (Poliomyelitis acuta), мали сипаници (Morbilli), заушки (Parotitis) и црвенка (Rubeola) за сите лица на одредена возраст, според оваа Програма.

II. **По епидемиолошки индикации**, задолжителната имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса, се спроведува против: туберкулоза (Tuberculosis) - имунизација и хемиопрофилакса; дифтерија (Diphtheria) - имунизација; тетанус (Tetanus) - имунизација и серопрофилакса; детска парализа (Poliomyelitis acuta) - имунизација; мали сипаници (Morbilli) - имунизација; беснило (Lyssa) - имунизација и серопрофилакса; жолта треска (Febris flava) - имунизација; колера (Cholera) - имунизација и хемиопрофилакса; маларија (Malaria) – хемиопрофилакса; цревен тифус (Typhus abdominalis) - имунизација; вирусна жолтица Б (Hepatitis B) - имунизација и серопрофилакса, како и имунопрофилакса и хемиопрофилакса на населението во случај на вонредни состојби, за сите лица според оваа Програма.

Задолжителна имунизација против заразните болести од точка I како и задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса, против заразните болести од точка I и II, се спроведува согласно Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник број 66 од 2004 година), Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и за лицата кои подлежат на таа обврска (Службен лист 68/91), како и Одлука од Министерот за здравство за воведување во редовниот Календар за имунизација, задолжителна вакцинација против заболувања причинети од хемофилус инфлуенца тип Б (Hib).

I. КОНТИНУИРАНА ИМУНИЗАЦИЈА

1. Имунизација против хепатитис Б

Имунизацијата се врши со давање на вакцина добиена по пат на генетски инженеринг од површински антиген од вирусот на хепатитис Б и содржи 10 микрограма површински антиген во 0,5 милилитри вакцина, односно во педијатриски дози, согласно со упатството на производителот.

Задолжителна имунизација против хепатит Б, на сите новородени, се врши со три дози вакцина и тоа:

- **Првата доза вакцина се дава во првите 24 часа од раѓањето.**
- Втората доза вакцина се дава во вториот месец од животот.
- Третата доза вакцина се дава на возраст од 6 месеци.

Новороденчињата кои од било кои причини, не отпочнале со имунизација против хепатит Б во првите 24 часа од раѓањето, првата доза вакцина, по правило, треба да ја примат најдоцна до возраст од 2 месеци.
Имунизацијата со три дози вакцина мора да се изврши најдоцна до 18 месечна возраст.
По исклучок, ако од било кои причини, со вакцинација не е отпочнато до 18 месечна возраст, детето подлежи на задолжителна имунизација против хепатит Б со три дози вакцина, најдоцна до 7 годишна возраст односно отпочнување на I одделение основно училиште.

На овие деца втората доза вакцина им се дава 1 месец после првата, а третата 6 месеци после првата доза.

По исклучок, вакцинацијата на сите наведени лица треба да се врши согласно следните растојанија меѓу дозите:

- **растојание помеѓу првата и втората доза најмалку 1, а најмногу 3 месеци;**
- растојание помеѓу втората и третата доза најмалку 2, а најмногу 17 месеци.

Започнатата имунизација не се прекинува, освен при трајни контраиндикации за примена на оваа вакцина.

На задолжителна имунизација против хепатитис Б не подлежат лица кои, според медицинска документација, прележале хепатит Б и лица кои се ХбсАг-носители.

При вакцинирање со вакцина против хепатит Б важат *општите контраиндикации* од Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и за лицата кои подлежат на таа обврска (Сл. Лист 68/91).

Вакцината не смее да се дава на лица кај кои постои хиперсензитивност на квасец или на било која друга нејзина компонента, како и на лица кои покажале хиперсензитивност при претходно давање на истата вакцина.

Посебна контраидикација: Кај новородени со телесна тежина под <2000 грама, не се препорачува давање на вакцина против хепатит Б.

Овие деца треба да примаат вакцина по достигање на тежина од најмалку 2000 грама, или по навршување на еден месец возраст, без разлика на иницијалната родилна тежина или гестациската возраст на раѓање.

2. Имунизација против туберкулоза:

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца без тестирање до крајот на првата година од животот.
2) На сите деца од навршена прва година до навршена тринаесетгодишна возраст со претходно тестирање, кои примарно не се вакцинирани, ако не реагираат на туберкулин, или кај кои реакцијата на туберкулин во пречник е помала од 6 мм.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца на седумгодишна возраст, односно во прво одделение на основното училиште, со претходно тестирање.
2) На сите деца на четиринаесетгодишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште, со претходно тестирање.

3. Имунизација против заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца на возраст од полни два месеци, односно со навршени 60 дена од животот, до навршени 6 месеци од животот, согласно календарот за вакцинација.
   Вакцинацијата се спроведува со давање на три дози вакцина на растојание од еден до три месеци.
2) Кај деца на возраст од 6-12 месеци кои не се вакцинирани, при што се даваат две дози на Hib вакцина, на растојание кое не смее да биде пократко од еден месец.
3) Децата на возраст од 1 до 5 години, кои не се вакцинирани против Hib инфекции, се вакцинираат со давање на само една доза вакцина.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца на возраст од 18 месеци, односно една година после комплетирањето на примоимунизацијата, со давање на една доза вакцина.

Доколку ревакцинацијата не се спроведе на оваа возраст, детето може да се ревакцинира најдоцна до навршување на 24 месеци возраст.

Имунизацијата се врши со давање на конјугирана Hib вакцина (лиофилизирана или течна), која се аплицира интрамускулно, во регијата на натколеница (кај доенчиња) или во горната третина на делтоидниот мускул кај поголеми деца, во доза од 0,5 мл.

При вакцинирање со оваа вакцина важат *општите контраиндикации* од Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и за лицата кои подлежат на таа обврска (Сл. Лист 68/91).

Вакцината не се дава на лица кои имале тешка животозагрозувачка алергиска реакција (анафилакса) на претходна доза на Hib вакцина.

Посебна контраиндикација: Кај деца помали од 6 недели возраст не се практикува давање на оваа вакцина, не затоа што не е безбедна, туку затоа што е можно да не даде добра заштита, дадена толку рано.

4. Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца родени од 1.10.2008 до 30.09.2009 година, на возраст определена со календарот за имунизација.
2) На сите деца до пет години од животот, кои до таа возраст не биле уредно вакцинирани, а не прележале голема кашлица.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца комплетно вакцинирани во 2008 година против дифтерија, тетанус и голема кашлица, на возраст определена со календарот за имунизација.
2) На сите деца во четвртата година, а најдоцна до наполнетата петта година од животот, ако претодно биле вакцинирани и ревакцинирани според календарот за имунизација.
3) На сите деца до пет години од животот, ако од вакцинацијата, ревакцинацијата, поминало најмалку една година, а не повеќе од две години.

5. Имунизација против дифтерија и тетанус

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца до петгодишна возраст кои не се вакцинирани, а ја прележале големата кашлица.

2) На сите деца родени од 1995 година наваму, кои не биле уредно вакцинирани против дифтерија и тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца на седумгодишна возраст, односно прво одделение на основното училиште и четиринаесетгодишна возраст, односно завршното одделение на основното училиште, кои претходно уредно се вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус, според календарот за имунизација.
2) На сите деца до четиринаесетгодишна возраст, вакцинирани прв пат во 2008 година против дифтерија и тетанус, ако од вакцинирањето поминало една година.

Имунизацијата на деца постари од седумгодишна возраст се врши со посебна Ди-Те вакцина (pro adultis).

6. Имунизација против тетанус

А. Вакцинирањето се врши:

1) На сите деца од навршена четиринаесетгодишна возраст до навршена осумнаесетгодишна возраст, кои порано не биле вакцинирани против тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца на осумнаесетгодишна возраст, односно во завршната година на средно образование, кои претходно биле вакцинирани и ревакцинирани против тетанус со вакцина Ди-Те-Пер, односно Ди-Те или Те.
2) На сите деца на четиринаесетгодишна возраст, односно до осумнаесетгодишна возраст, кои во 2008 година за првпат биле вакцинирани против тетанус, ако од вакцинирањето поминало една година.

7. Имунизација против детска парализа

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца родени од 01.10.2008 година до 30.09.2009 година, според календарот за имунизација.
2) На сите деца родени од 01.10.1995 година до 30.09.2008 година, кои порано не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца комплетно вакцинирани против детска парализа во 2008 година, ако од вакцинирањето поминало една година.

2) на сите деца на седумгодишна возраст, односно во прво одделение на основното училиште и на четиринаесетгодишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште.

8. Имунизација против мали сипаници

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца од навршени дванаесет месеци до навршена четиринаесетгодишна возраст кои не прележале мали сипаници, со еднократно вакцинирање. По правило, вакцинацијата мора да се изврши најдоцна до наполнета осумнаесетмесечна возраст.

Вакцинацијата се врши истовремено со вакцинирањето против заушки и рубеола со давање комбинирана вакцина - М. П.Р.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца на седумгодишна возраст, односно во прво одделение на основното училиште (во почетокот на учебната година, а најдоцна до крајот на месец октомври), со комбинирана М. П. Р. -вакцина.

9. Имунизација против заушки

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца од навршена дванаесетмесечна возраст до навршена четиринаесетгодишна возраст, со еднократно вакцинирање.

Вакцинирањето се врши по правило истовремено со вакцинирањето против мали сипаници и рубеола, со давање на комбинирана М. П. Р. вакцина.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца на седумгодишна возраст, односно во прво одделение на основното училиште (во почеток на учебната година, а најдоцна до крајот на месец октомври), со М. П. Р. -вакцина.

10. Имунизација против рубеола

А. Вакцинирање се врши:

1) На сите деца од навршена дванаесетмесечна возраст до навршена четиринаесетгодишна возраст, со еднократно вакцинирање.

Вакцинирањето се врши по правило истовремено со вакцинирањето против мали сипаници и заушки, со давање на комбинирана вакцина - М. П.Р.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) На сите деца на седумгодишна возраст, односно во прво одделение на основното училиште (во почеток на учебната година, а најдоцна до крајот на месец октомври), со комбинирана М. П. Р. -вакцина.

2) На сите деца од женски пол, во осмото одделение на основното училиште, односно на четиринаесетгодишна возраст, со давање на моновакцина против рубеола.

10. Имунизација против хуман папиломавируси

А. Вакцинирање се врши на сите деца од женски пол на 12 годишна возраст:

- **Првата доза вакцина се дава на 12 годишни девојчиња.**
- Втората доза вакцина се дава по два месеци од првата доза.
- Третата доза вакцина се дава по шест месеци од првата доза.

Имунизација против определени заразни болести со оваа Програма се спроведува според следниот календар :

КАЛЕНДАР НА ИМУНИЗАЦИЈА

Возраст на лица што подлежат на имунизација	Болест против која се врши имунизација	Вакцинација Ревакцинација
до 24 ч од раѓање, 2 и 6 месеци	Хепатит Б (3 дози)	вакцинирање
до 1 година	Туберкулоза (без тестирање)	вакцинирање
3, 4 и 5 месеци*	Хемофилус инфлуенца Б (3 дози)	вакцинирање
4, 5 и 6 месеци	Дифтерија, тетанус, гол. кашлица (3 дози)	вакцинирање
4, 5 1/2 и 7 месеци	Детска парализа (3 дози тритипна орална вакцина)	вакцинирање
13 месеци	Мали сипаници, рубеола, заушки	вакцинирање
18 месеци	Хемофилус инфлуенца Б	ревакцинирање
18 месеци	Дифтерија, тетанус, гол. кашлица	I ревакцинирање
20 месеци	Детска парализа (1 доза)	I ревакцинирање

4 години	Дифтерија, тетанус, гол. кашлица	II ревакцинирање
7 години (I одделение)	Мали сипаници, рубеола, заушки Туберкулоза (со тестирање) Детска парализа (1 доза) Дифтерија, тетанус (1 доза)	ревакцинирање I ревакцинирање II ревакцинирање III ревакцинирање
12 години , по 2 и 6 месеци од прва доза	ХПВ (3 дози)	вакцинирање
14 години (VIII одделение)	Туберкулоза (со тестирање) Рубеола (само женски деца) Детска парализа (1 доза) Дифтерија, тетанус (1 доза)	II ревакцинирање II ревакцинирање III ревакцинирање IV ревакцинирање
18 години**	Тетанус (1 доза)	V ревакцинирање

* невакцинираните деца на возраст од 6-12 месеци, се вакцинираат со две дози Hib
вакцина на растојание не помало од 1 месец.
На децата од 1-5 годишна возраст кои дотогаш не биле вакцинирани, им се дава
само една доза на Hib вакцина.

** или во завршната година на средното образование

II. ИМУНИЗАЦИЈА, СЕРОПРОФИЛАКСА И ХЕМИОПРОФИЛАКСА ПРОТИВ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ПО ЕПИДЕМИОЛОШКИ ИНДИКАЦИИ

1. Имунизација и хемиопрофилакса против туберкулоза

На задолжителна **имунизација** против туберкулоза подлежат лица до дваесетипетгодишна возраст, кои се посебно изложени на зараза од туберкулоза (лицата кои биле во семен контакт со заболени од туберкулоза и лицата кои почнуваат со работа во здравствени организации што се занимаваат со дијагностика и лекување на туберкулозата или во породилишта и детски предучилишни установи).

Хемиопрофилакса против туберкулоза е задолжителна и се спроведува согласно член 55 од Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и за лицата кои подлежат на таа обврска Службен лист бр.68/1991 година.

2. Имунизација против дифтерија

На задолжителната **имунизација** против дифтерија подлежат и лица постари од 14 години кои патуваат во подрачја зафатени со епидемија од дифтерија и во високо ризични подрачја и тоа:

1) Лица кои не се вакцинирани односно ревакцинирани против ова заболување;
2) Лица кои немаат документација за извршена имунизација;
3) Лица на кои од имунизацијата односно ревакцинацијата поминало десет и повеќе години.

Имунизацијата на лицата од точка 1 и 2 се врши со две дози вакцина Ди-Те (pro adultus), а од точката 3 се имунизираат со една доза вакцина Ди-Те (pro adultus).

Имунизацијата на лицата од точка 1, 2 и 3 треба да се изврши најмалку триесет дена пред заминување во гореспоменатите подрачја.

Листата на земји за кои е задолжителна имунизација против дифтерија ја донесува Министерството за здравство.

Ако дифтеријата се појави во епидемиска форма, на задолжителна имунизација против дифтерија подлежат и лица постари од 14 години, кои можат да бидат изложени на опасност од зараза. Лицата кои не се вакцинирани, односно ревакцинирани и лицата кои немаат документација за извршена имунизација, се вакцинираат со две дози вакцина Ди-Те (pro adultus), а на лицата кај кои од вакцинирањето, односно ревакцинирањето поминало повеќе од 10 години им се дава 1 доза вакцина Ди-Те (pro adultus).

3. Имунизација и серопрофилакса против тетанус

На задолжителна **имунизација** против тетанус подлежат и лицата од 14 до 18 години од животот, а во случај на повреда - и по тој период, ако дотогаш не се имунизирани против таа болест или не се потполно имунизирани, ако нема докази за имунизација или ако изминало повеќе од 10 години од последната имунизација.

Имунизацијата на овие лица се врши со давање на две дози вакцина на растојание од еден до три месеци.

На задолжителна имунизација против тетанус подлежат и сите повредени лица кај кои од потполната вакцинација или ревакцинација поминале повеќе од една, а помалку од десет години. Овие лица се вакцинираат со една доза вакцина, а серопрофилакса не се спроведува.

Серопрофилакса против тетанус е задолжителна за сите повредени лица што не се имунизирани против тетанус и за кои нема докази дека се имунизирани, како и ако од последната имунизација односо ревакцинација изминале повеќе од 10 години.

Серопрофилакса против тетанус се врши веднаш по утврдувањето на индикацијата со давање на првата доза вакцина против тетанус.

На повредениото лице му се дава соодветна доза хуман антитетанусен имуноглобулин или антитетанусен серум.

4. Имунизација против детска парализа

На задолжителна **инунизација** против детска парализа, ако за тоа постојат епидемиолошки индикации, подлежат лицатата за кои индикациите за вакцинација ги утврдува Министерството за здравство, на предлог на Републичкиот завод за здравствена заштита.

5. Имунизација против мали сипаници

На задолжителна имунизација против **мали сипаници,** ако постои епидемиолошка индикација, подлежат деца од наполнети шест до дванаесет месеци. Овие деца треба повторно задолжително да се вакцинираат по наполнета петнаесетмесечна возраст, а најдоцна до наполнета двегодишна возраст. На имунизација против мали сипаници подлежат и деца од наполнета осумнаесетмесечна возраст до наполнета четиринаесетгодишна возраст што се вакцинирани против мали сипаници, ако за тоа постојат епидемиолошки индикации (заболување на вакцинираните, епидемија на мали сипаници кај деца од таа возраст), што ги утврдува Министерството за здравство, по предлог на Републичкиот завод за здравствена заштита и ако од претходното вакцинирање против мали сипаници поминало повеќе од една година.

6. Имунизација и серопрофилакса против беснило

На задолжителна **имунизација** преотив беснило подлежат сите лица изложени на инфекција со вирусот на беснило, и тоа:

1) Лице што го каснало или на друг начин го повредило бесно или на беснило сомнително диво или домашно животно;
2) Лице што го каснало или на друг начин ранило куче или мачка, или друго животно кое не може да се подложи на десетдневна ветеринарска контрола.
3) Лице што го каснало куче или мачка или друго животно, кое во рок од десет дена од повредувањето покажало знаци на беснило, пцовисало, било убиено или отскитало.
4) Лице што можело да се зарази со вирус на беснило преку лигавицата или оштетена кожа.

Задолжителна имунизација против беснило се врши со интрамускуларно давање на вакцина против беснило, произведена од култура на келии со најмала заштита од 2,5 и.е по доза, и тоа веднаш по утврдување на

индикацијата - нултиот ден со две дози, седмиот и дваесетипрвиот ден, со по 1 доза вакцина.

Серопрофилакса против беснило е задолжителна за сите лица од точка 1,2,3 и 4, а се врши веднаш по утврдувањето на индикацијата, при давањето на првите две дози на вакцина против беснило, со хуман антирабичен имуноглобулин (HRIG), 20 и.е. на еден килограм телесна тежина.

На предекспозициона имунизација против беснило подлежат и лица што се професионално загрозени од инфекција со вирус на беснило, како што се: лабораториски работници, ветеринарски хигиеничари, ветеринари, ловочувари, препаратори.

Имунизација кај овие лица се врши со давање три дози вакцина и тоа: нултиот, седмиот и триесетиот ден. Имунитетот се одржува со давање една доза вакцина, секои три години.

На лицата што се комплетно предекспозиционо или постекспозиционо имунизирани против беснило, во случај на повторно повредување им се дава, ако од имунизацијата изминале до 3 години, три дози вакцина против беснило без серопрофилакса, и тоа нултиот, третиот и седмиот ден. Доколку изминале повеќе од три години, се врши потполна имунизација, при истовремена примена на серопрофилакса.

7. Имунизација против жолта треска

На задолжителна **имунизација** против жолта треска подлежат лица што патуваат во земја во која постои таа болест или во земја која бара имунизација против жолта треска, а се врши со давање на една доза вакцина, најдоцна 10 дена пред поаѓање во ендемското подрачје. Повторна имунизација се врши после десет години.

8. Имунизација и хемиопрофилакса против колера

На задолжителна **имунизација** против колера подлежат лицата што патуваат во земја која бара имунизација против таа болест, а се врши со давање на две дози вакцина на растојание од најмалку осум дена. Повторна вакцинација се врши после шест месеци.

Хемиопрофилакса против колера е задолжителна и се врши согласно член 54 од Правилникот.

9. Хемиопрофилакса против маларија

Хемиопрофилакса против маларија е задолжителна за лица пред заминување, за време на престојот и по враќање од земји, односно подрачја во кои постои ендемија на маларија.

Изборот на видот и дозирањето на хемиопрофилактичните средства се вршат врз основа на најновите препораки на Светската здравствена организација.

10. Имунизација против цревен тифус

На задолжителна **имунизација** против цревен тифус подлежат:

1) Лица вработени на чистење канализација, чистење на септички јами, отстранување на ѓубре и други отпадни материи и материјали од населбите;
2) Лицата што живеат во заедничко домаќинство со бацилоносител на цревен тифус;
3) Лица според епидемиолошки индикации, што ќе ги утврди надлежниот орган во Републиката.

Имунизација против цревен тифус се врши со давање на две дози вакцина на растојание кое не смее да биде пократко од петнаесет дена, ниту подолго од три месеци.

Ревакцинација на овие лица се врши по истекот на една година од денот на имунизацијата, а се повторува секои три години, сé додека тие лица се вработени на определени работи, односно додека постојат епидемиолошки индикации.

Посебна контраиндикација за имунизација против цревен тифус се смета бременоста, во текот на целото траење и периодот на лактација, како и животното доба до три години и после 60-тата година.

11. Имунизација и серопрофилакса против хепатитис Б

На задолжителна **имунизација** против хепатитис Б подлежат:

1. Сите лица во здравствени и други организации што во вршењето на своите работи доаѓаат во непосреден контакт со инфицирани лица и со инфективен материјал(крв, екскрети, секрети);
2. Новороденчиња од HBsAg позитивни мајки ;
3. Болни на хемодијализа;
4. Полови партнери на HBsAg позитивни лица;
5. Штитеници на заводи за ментално ретардирани;
6. Интравенски наркомани;
7. Хемофиличари.

Задолжителна имунизација против хепатитис Б се врши по претходно испитување на присуство на маркери на хепатитис Б (HbsAg, Anti HBs, Anti HBc). На имунизација не подлежат лица кај кои е утврдено присуство на маркери на хепатитис Б (HbsAg, Anti HBs, Anti HBc).

Новороденчиња, од HBsAg позитивни мајки, се вакцинираат без претходно испитување на маркери на хепатитис Б.

Имунизацијата против хепатитис Б се врши со вакцина добиена со генетски инженеринг од површински антиген од вирусот на хепатитис Б.

За вакцинација на новороденчиња и деца помлади од 10 години се дава доза од 10 микрограма во 0,5 мл вакцина.

За вакцинација на лица постари од 10 години се дава доза од 20 микрограма во 1 мл вакцина.

За вакцинација на пациенти на дијализа се дава двојна доза за определена возраст.

Задолжителна имунизација против хепатитис Б се врши со три дози, со интрамускуларно давање на вакцина против хепатитис Б по шема: првиот, 30. и 180. ден од утврдување на индикацијата (0, 1, 6 месеци).

Задолжителна имунизација на новороденчиња од HBsAg позитивни мајки, лица што имале акцидент со инфективен материјал и на пациенти пред стапување на дијализа против хепатитис Б се врши со четири дози по шема 0, 1, 2, 12 месеци.

Ревакцинацијат се врши, според епидемиолошките индикации, со една доза вакцина.

Серопрофилакса против хепатитис Б е задолжителна за новороденчиња на HBsAg позитивни мајки и за лица што имале акцидент со инфективен материјал, а се дава со првата доза на вакцина веднаш по утврдената индикација.

Серопрофилакса се врши со интрамускуларно давање на хуман хепатитис Б имуноглобулин - HBIG, во доза од 250 и.е. за новороденчиња, односно 12 и. е. на еден килограм телесна тежина за возрасни.

12. Имунопрофилакса и хемиопрофилакса на населението во случај на вонредни состојби

Задолжителна е имунопрофилакса (вакцинација и/или серопрофилакса) и хемиопрофилакса на населението со соодветни лекови, во случај на вонредни состојби како природни и други несреќи, изложеност на заразни болести, и/или сомнение на изложеност на биолошки агенси.

Се применуваат само средства што ги задоволуваат условите утврдени со прописите за производство и промет на лекови, што се одобрени за употреба согласно со прописите за пуштање на лекови во промет и што одговараат на барањата на Светската здравствена организација и тоа за заболувањата против кои истите постојат, согласно Одлука и Упатство на Министерството за здравство.

III.ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за задолжителна имунизација на населението за 2009 година потребни се:

III -1 ВАКЦИНИ ЗА КОНТИНУИРАНА ИМУНИЗАЦИЈА

	Вид на вакцина	Број на дози	Единечна цена	Вкупна вредност
1.	DI TE AL	30.000	10,00	300.000,00
2.	DI TE PRO ADULTIS	60.000	10,00	600.000,00
3.	RUBEOLA	25.000	38,00	950.000,00
4.	MRP	105.000	180,00	18.900.000,00
5.	TUBERKULIN	60.000	18,00	1.080.000,00
8.	BCG 0,1	70.000	17,00	1.190.000,00
9	ХИБ	145.000	280	40.600.000,00
10.	TETAVAX	40.000	8,00	320.000,00
11.	DI TE PER	200.000	38,00	7.600.000,00
12.	POLIO	200.000	18,00	3.600.000,00
13.	HEPATIT B за деца	80.000	230,00	18.400.000,00
14.	HPV	31.620	4.700,00	148.614.000
	ВКУПНО:			**242.154.000,00**

/// -2 ВАКЦИНИ ПО ЕПИДЕМИОЛОШКИ ИНДИКАЦИИ

Ред. Бр.	Вид на вакцина	Минимум потр. резер. дози кои ги обезб.Мин.за здрв.	Единечна цена	Вку. вред. На мин. потр. резер. дози
1.	IMOGAM RABIES 10 мл	30	19.000,00	570.000,00
2.	IMOGAM RABIES 2мл	30	4.000,00	120.000,00
3.	IMOVAX RABIES VERO	1.000	600,00	600.000,00
4.	TYHIM VI	200	330,00	66.000,00
5.	ТЕТАБУЛИН			
6.	Серум за HEPATIT B возрасни 5 ml	30	17.000,00	510.000,00
7.	Серум за HEPATIT B деца 1 ml	30	3.600,00	108.000,00
8.	Pneumacocal vaccine	100	1100,00	110.000,00
9.	FERBIS FLAVA вакцина	30	1.900,00	57.000,00
10.	Серум ANTI VIPERNUM	300	1.400,00	420.000,00
11.	DTP accelularna za pertusis	300	600,00	180.000,00
12.	POLIO IPV	50	710,00	35.500,00
13.	Мониторинг картички	155	100	15.500,00
14.	IMOVAX MUMPS	50	330,00	16.500,00
15.	MORBILLI	50	750,00	37.500,00
	ВКУПНО			**2.846.000,00**
	СЕ ВКУПНО			**245.000.000,00**

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на програмата изнесуваат 245.000.000,00 денари.

Од Буџетот на Република Македонија ќе се обезбедат 245.000.000,00 денари за набавка на вакцини, од III-1 за сите лица и минимум потребни резервни дози од III-2 за сите лица.

Набавените вакцини ќе се дистрибуираат до овластените здравствени установи-извршители, врз основа на доставени потреби од вакцини.

Средствата за набавка на вакцинии, серуми од III-2 точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 10 ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Оваа програма се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6583/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

63.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008 и 82/2008), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СЕЛАТА ВО 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на РМ за 2009 година, Раздел 14001- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма Б-Мерки за намалување на сиромаштија, Подпрограма ББ-Ревитализација на села, Категорија 48 - Капитални расходи, Ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршителите на работите, износот и изворот на средствата, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2009 година.

Средствата за реализација на Програмата за ревитализација на селата во 2009 година особено ќе се користат за:

- изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата и изградба и реконструкција на системи за наводнување.

II

Средствата од дел I од оваа програма ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма.

А.Намени

Реден број	Опис на работите	Износ во денари
1.	изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата и изградба и реконструкција на системи за наводнување	15.000.000
ВКУПНО:		**15.000.000**

Б.КРИТЕРИУМИ:

1. Подрачје во кое се наоѓа

1.1. Ридско планинско
1.2. Пограничко
1.3. Изразито неразвиено
1.4. Рамничарско

2. Досегашен начин на водоснабдување на населението

2.1. Од водоводна мрежа
2.2. Од јавна чешма
2.3. Од бунари
2.4. Останато

3. Досегашен начин на наводнувањето
3.1. Без наводнување
3.2. Со земјани канали
3.3. Цевна мрежа или отворена каналска мрежа
4. Финансиско учество на општината во изградбата или раконструкцијата на системот за водоснабдување и финансиско учество на водната заедница во изградбата и реконструкцијата на системот за наводнување

В.УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ БАРАТЕЛИТЕ
1. Изработен Основен (Главен проект)
2. Обезбедена Водостопанска согласност
3. Обезбедено Одобрение за градба
4.Одлука од советот на општината за сопствено учество во изградбата/реконструкцијата на системот за водоснабдување
5.Одлука од водната заедница за сопствено учество во изградбата/реконструкцијата на системот за наводнување
6. Доказ дека има обезбедено финансиски средства за 2009 година за реализација на проектот за кој се поднесува барање за користење на средства
7. Доказ (изјава, потврда или друго) дека за реализација на проектот или дел од проектот за кој се бара средства досега не е финансирано
8. Доказ од водната заедница дека инфраструктурата за наводнување им е предадена.
9.Опис на проектната документација за изградба или реконструкција (основен проект/главен проект), за која се бараат средства. Описот треба да содржи:
-Место на изградба или реконструкција;
-фаза на изградба или реконструкција;
-Вкупна инвистициона вредност на проектот;
-Вкупно вложени финансиски средства за реализација на проектот (со извори на финансирање), заклучно со 31.12.2008 година;
-Висина на финансиските средства што се бараат од оваа програма за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата и за реконструкција на системи за наводнување да не е повеќе од 1.000.000,00 денари, и
-Висина на финансиските средства што се бараат од оваа програма за изградба на системи за наводнување да не е повеќе од 50% од вредноста на инвестицијата, а најмногу до 3.000.000,00 денари.

III

1. Барања за користење на средствата од оваа програма за системите за водоснабдување може да поднесат единиците на локалната самоуправа, а за системите за наводнување водните заедници. Барањето се доставува до Министерството, за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 20.01.2009 година.

Некомплетните барања и барањата доставени надвор од предвидениот рок ќе се сметаат како ненавремени и некомплетни и нема да се разгледуваат.

2. Правата и обврските на корисниците на средства по оваа програма се утврдуваат со договор, што ќе го склучи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и корисниците на средствата.

IV

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-7130/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

64.

Врз основа на член 32, став 4, точка 5 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91,46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 05/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ/СИДА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

ВОВЕД

Годишната програма за заштита на населението во Република Македонија од синдромот на стекнат недостаток на имунитет - СИДА за 2009 година ќе се спроведе согласно препораките од на организациите на ОН и активностите предвидени во рамките на националната стратегија за превенција од ХИВ/СИДА 2007-2011 кои не се финансирани со програмата на ХИВ/СИДА на Министерството на здравство подржана со Глобален ФОНД. Оваа предлог програма ги опфаќа следните мерки и активности:

а) систем на програмски епидемиолошки испитувања и надзор;
б) лабораториски испитувања;
в) едукација на здравствените работници;
г) здравствено -едукативни активности на населението со фокус на младата популација..

а) Систем на програмски епидемиолошки испитувања и надзор

Системот на програмски епидемиолошки испитувања и надзор опфаќа:

Следење на епидемиолошката состојба во светот и кај нас, компаративна анализа и предлог мерки, како и следење на светските и домашните искуства и достигнувања во оваа област.

Организирање на епидемиолошки испитувања и надзор за навремено откривање на лица инфицирани со ХИВ вирусот и заболени од СИДА. Организирање на здравствен надзор над инфицираните со ХИВ вирусот заболени од СИДА и епидемиолошко следење кои опфаќаат испитување на околината, односно контактите (сексуалните партнери, членовите на семејството, посебно децата, лица кои користат опојни дроги), вршење на доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ.

Испитување на носителство на ХИВ вирусот на хоспитализираните болни по епидемиолошки и медицински индикации.

б) Лабораториски испитувања

Тестирање на крвта со цел да се утврди присуство на ХИВ вирусот, се врши во здравствени установи.

Тестирањето на крвта со цел да се утврди присуство (инфекција) со ХИВ вирусот, односно утврдување на антитела или антиген на вирусот, се врши со примена на високо софистицирани дијагностички методи ЕЛИСА, ЕЛФА и други поосетливи методи, како и конфирмација со тестот Western - blood, ПЦР, по протокол на Република Македонија.

Дефинитивна лабораториска дијагноза за носителство на ХИВ, односно утврдување на антитела или антиген на вирусот се врши во двете референтни лаборатории во Републичкиот завод за здравствена заштита - Скопје и Универзитетската Клиника за инфективни заболувања и фебрилни состојби - Скопје.

в) Едукација на здравствените работници

За едукација и информирање на здравствените работници во Република Македонија се организираат предавања, семинари, стручни состаноци, трибини и друго. Здравствените работници редовно ќе бидат информирани за епидемиолошката состојба во земјата и светот, најновите медицински достигнувања во областа на превенцијата и лекувањето на ХИВ/СИДА-та, како и со сите нови доктринарни стручни ставови.

Универзитетската Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби-Скопје ги изготвува доктринарните ставови за дијагностика, лекување и други аспекти на ХИВ/СИДА-та, а во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита ги изготвуваат стручните упатства за здравствените работници и ги спроведуваат едукативните активноси.

г) Здравствено-едукативни активности

Имајќи предвид дека единствен ефикасен метод за спречување на ширењето на инфекцијата со ХИВ вирусот претставува правилно информирање за природата на инфекцијата, патиштата на ширење и начинот на заштита. Здравственото информирање и едукација е задолжителна мерка која се спроведува во сите средини.

Содржината и начинот на информирање се прилагодува на средината во која се спроведува здравствено едукативната активност, во зависност од возраста и нивото на општата и здравствената култура.

Заради најшироко информирање на населението се спроведува:

- воведување постојани рубрики во дневниот печат со информација за епидемиолошката состојба, совети, новини во поглед на медицинските достигнувања, разни соопштенија, прашања и одговори и друго;
- Организирање на информативна и едукативна кампања за превенција од ХИВ/СИДА преку печатени и електронски медиуми.
- Здравствено едукативните активности помеѓу младата популација за превенција од ХИВ кои ќе бидат вршени по принципот на врсничка едукација како најсоодветен модел за пренесување на информации и вештини и истите ќе бидат спроведувани од страна на обучени едукатори за таа намена од граѓанскиот сектор.
- спроведување на здравствено - воспитна активност со посебен пристап кон лицата заразени со ХИВ вирусот.

1.Активности на Републичкиот завод за здравствена заштита

За остварување на целите и активностите утврдени со оваа програма, Републичкиот завод за здравствена заштита ги спроведува следните мерки и активности:

- учествува во изготвувањето на годишните планови на заводите за здравствена заштита за спречување на ширењето на инфекцијата со ХИВ,
- подготовка на годишен извештај за следење и проценка на имплементација на активностите планирани со Националната стратегија за ХИВ/СИДА за 2007-2011
- организира регионални советувања и семинари во соработка со заводите за здравствена заштита, подрачните Хигиенско епидемиолошки служби и подрачните државни санитарни и здравствени инспектори наменети за здравствените установи. На организираните советувања и семинари, здравствените работници ќе се запознаат поблиску со моменталната епидемиолошка состојба, како и други новини во врска со ХИВ и СИДА-та. На овие советувања ќе бидат разработени мерките и активностите за спречување на ширењето на ХИВ инфекцијата во државата;
- епидемиолошки увид во состојбата околу спроведување на единствена методологија за серолошка дијагностика на теренот во врска со откривање на ХИВ вирусот, според стандардите на СЗО и протоколите на Република Македонија;
- врши надзор и стручна помош во здравствените организации;
- ќе изврши околу 40 епидемиолошки испитувања и 1.000 серолошки анализи по епидемиолошки индикаци.
- организира лонгитудинално следење на сите серопозитивни лица во Републиката, со цел да се утврди должината на траењето на асимптомниот период на носителство на вирусот и факторите кои на тоа влијаат. Го следи порастот на серопозитивитетот и факторите кои допринесуваат за неговиот пораст.

- врши увид и стручен епидемиолошки надзор во здравствените установи над превземените мерки, утврдени во прописите за спречување и сузбивање на ширењето на ХИВ/СИДА. За таа цел ќе извршат 20 надзори на терен во здравствените установи и заводите за здравствена заштита;

- изготвува предлог Програма за заштита на населението од СИДА во Република Македонија за 2010 година до 31.10.2009 година.

- изготвува извештај на годишната програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА на Република Македонија за 2009 година најдоцна до 31.01.2010 и шестмесечен извештај за периодот од 01.01.-30.06 за 2009 најдоцна до 30.08.2009 и ги доставува до Министерството за здравство.

2. Активности на заводите за здравствена заштита

За остварување на целите и активностите утврдени со оваа програма, заводите за здравствена заштита ги спроведуваат следните мерки и активности:

- активно ја спроведуваат Програмата за подрачјата на единиците на локалната самоуправа за кои се надлежни;

- учествуваат во изготвувањето на оперативните планови за успешно спроведување на мерките за превенција на ширењето на ХИВ/СИДА-та во своите општини и регионите кои територијално ги покриваат заводите;

- организираат и непосредно одржуваат предавања, семинари и стручно усовршување на здравствените работници околу спречување и сузбивање на ХИВ/СИДА-та;

- вршат епидемиолошко следење во општините кои ги покриваат заради рано откривање на лица инфицирани со ХИВ, како и изворите и патиштата на пренесување.

- вршат лабораториски испитувања на ХИВ вирусот кај населението.

- изготвуваат и доставуваат до Републичкиот завод за здравствена заштита четири тримесечни извештаи за спроведените мерки и активности на својата територија;

- изготвуваат годишен извештај за реализација на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2009 година и го доставуваат до Републичкиот завод за здравствена заштита најдоцна до 15.01.2010 година;

- изготвуваат предлог програма за заштита на населението од ХИВ и СИДА за своето подрачје за 2010 година до Републичкиот завод за здравствена заштита најдоцна до 31.09.2009 година, со свои предлог мерки и активности за следната календарска година.

3. Активности на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет

Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет изготвува:

- следење на епидемиолошката состојба во светот и кај нас, а посебно во соседните држави како и стручните и научните достигнувања во оваа област;
- воспоставување на континуирана стручна соработка на проблемот на ХИВ/СИДА и неговото решавање со Унивезитетска Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и Републикиот завод за здравствена заштита, и заводите за здравствена заштита во прв ред заради размена и пренесување на искуства со другите земји од регионот.
- организирање и спроведување на пилот епидемиолошки истражувања во повеќе региони во државата, со цел за согледување на состојбата во однос на ХИВ/СИДА ставовите, навиките и однесувањата на одредени групи од интерес кои не се опфатени со активностите предвидени во националната стратегија за заштита од ХИВ/СИДА во Република Македонија
- давање на стручни сугестии во доменот на методологијата за спроведување на втората генерација на серолошките и бихевиоралните следења кои се спроведуваат во нашата земја со цел на обезбедување на што е можно по валидни информации како и стручно толкување на добиените резултати што е од интерес за правилно дефинирање на понатамошните ХИВ/СИДА интервенции.
- изготвување повремени информации, стручни упатства, летоци, брошури, предавања, студии, аудио и видео касети и други материјали и настапи во средствата за јавно информирање кои ќе придонесат на полето на подигнување на јавната свест за превенција од ХИВ/СИДА во нашата земја;

За спроведување на активностите согласно Програмата редовно да се известува Министерството за здравство.

4.Активности на Универзитетската Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

Универзитетската Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби врши тестирање на крвните примероци за утврдување на присуство на ХИВ антитела кај:

- пациенти по клиничка индикација, со клинички занаци за имун дефицит, лица кои инјектираат дроги, пациенти со ризик за ХИВ инфекција поради одредени медицински интервенции, сексуални партнери на ХИВ инфицирани лица, новороденчиња од мајки ХИВ позитивни, членови на фамилии на ХИВ позитивните лица и туберкулозно болни, и испитување на носителство на ХИВ вирусот на хоспитализирани болни по други епидемиолошки и медицински индикации.
- активности поврзани со давање на психоцоцијална грижа и поддршка на лица кои живеат со ХИВ/СИДА и нивните семејства од страна на обучени советувачи, социјален работник и психолог.
- Обезбедување на континуиран третман со антиретровирусна терапија за лицата кои живеат со ХИВ/СИДА.
- организира советувања и семинари за здравствените работници за имплементација општи и специфични мерки за превенција од ХИВ/СИДА во здравствени установи.

5.Активности на Институтот за клиничка биохемија

Институтот за клиничка биохемија врши тестирања на крвни примероци за утврдување на присуство на ХИВ антитела кај лица по одредени епидемиолошки индикации (пациенти на хронична дијализа, трансплантација, припрема за хируршка интервенција и др.)

6. Здравствено едукативните активности помеѓу младата популација за превенција од ХИВ/СИДА спроведени од граѓанскиот сектор, преку Заводите за здравствена заштита во Р.Македонија

- Обука на млади врснички едукатори за превенција на ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции

- Спроведување на врсничко едукативни работилници за превенција на ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции помеѓу млади во и вон образовен систем и млади во социјални институции

-Организирање на информативна и едукативна кампања за превенција од ХИВ/СИДА помеѓу млади преку печатени и електронски медиуми.

- Изработка, печатење и дистрибуција на едукативни материјали за превенција од ХИВ/СИДА.

- Средствата од оваа активност се доставуваат до Заводите за здравствена заштита, а истите до граѓанскиот сектор кој ќе биде извршител на планираните активности.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Бр.	Н а з и в		Износ во денари
1.	**Лабораториски испитувања на:**		
	Републички завод за здравствена заштита	(1.000 теста x 740 денари)	740.000
	ЗЗЗ Скопје	(100 теста x 740 денари)	74.000
	ЗЗЗ Битола	(200 теста x 740 денари)	148.000
	ЗЗЗ Прилеп	(150 теста x 740 денари)	111.000
	ЗЗЗ Тетово	(150 теста x 740 денари)	111.000
	ЗЗЗ Велес	(100 теста x 740 денари)	74.000
	ЗЗЗ Охрид	(150 теста x 740 денари)	111.000
	ЗЗЗ Кочани	(50 теста x 740 денари)	37.000
	ЗЗЗ Куманово	(150 теста x 740 денари)	111.000
	ЗЗЗ Штип	(100 теста x 740 денари)	74.000
	ЗЗЗ Струмица	(150 теста x 740 денари)	111.000
	Институтот за клиничка биохемија	(250 теста x 740 денари)	185.000
	Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби	(1500 теста x 740 денари)	1.110.000
	Вкупно		**2.997.000**
2.	Активности на Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицински факултет		**150.000**
3.	Здравствено-воспитни активности на РЗЗЗ и ЗЗЗ Универзитетска Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби (предавања, семинари, брошури, памфлети, настапи во ТВ и печатени медиуми, и медиумска промоција),		**2.353.000**
4.	Активности на Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби (психосоцијална работа), Набавка на лекови		**1.500.000**
5.	Здравствено едукативните активности помеѓу младата популација		**1.000.000**
6.	ФЗО - Партиципација за осигурени лица		**200.000**
	ВКУПНО:		**8.200.000**

Вкупните средства за реализација на програмата изнесуваат 8.200.000,00 денари.

Распределбата на средствата по Програмата ќе ја врши Министерството за здравство квартално на здравствените установи извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Надзор над спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

Здравствените установи кои се извршители во Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелата.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во износ од 8.200.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6579/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

65.

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2009 ГОДИНА

Агенцијата за млади и спорт, во рамките на обврските кои произлегуваат од Законот за организација и работа на органите на управата („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00), Програмата за работа на Владата на Република Македонија, определбите на Собранието на Република Македонија за следење на состојбите во областа на спортот, програмите и програмските определби на националните спортски федерации и актуелните состојби во дејноста спорт, се определува во 2009 година да реализира повеќе програмски задачи.

Со планираните средства ќе се реализираат програми со кои се остварува јавниот интерес на државата утврдени во членот 22 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04 и 81/08), при што како приоритет се наметнува одржување на националниот систем на натпревари и учеството на меѓународните натпревари на репрезентации, клубови и поединци кои остварile право и норма за учество.

Согласно утврдените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во раздел 16101 – Агенција за млади и спорт, истите да се користат за:

I. Потпрограма 20 спорт, ставка 463-Трансфер до невладини организации за кои се утврдени 80.000.000,00 денари

1.Раздел 16101 – Агенција за млади и спорт
Потпрограма 20 спорт,
ставка 463 – Трансфер до невладини организации

Реден број	опис	Износ
1.	Партиципација за финансирање на националните спортски федерации	10.000.000,00
2.	Партиципација за финансирање на други корисници од спортот	7.500.000,00
3.	Партиципација за финансирање на проекти од областа на спортот	25.000.000,00
4.	Партиципација за финансирање на спортските клубови за остварени спортски резултати во националниот систем на натревари	25.000.000,00

5.	Партиципирање и подршка на спортски клубови за обезбедување на услови за учество во национален и регионален систем на спортот	6.000.000,00
6.	Партиципација за уредување и одржување на информатичка спортска мрежа	6.500.000,00
	Вкупно:	**80.000.000,00 денари**

1.Партиципација за финансирање на националните спортски федерации, за кои се утврдени во износ од 10.000.000.00 денари.

Средствата се наменети за партиципација во обезбедување на непречена функција на 46 национални спортски федерации, во кои се здружени повеќе од 1.500 спортски клубови, а се насочени: за партиципација за стручна работа; обезбедување на просторни услови; функција на органи и тела во федерациите; стручна работа со репрезентациите на националните спортски федерации, чиј број изнесува повеќе од 150, во различни категории, по пол и возраст; обезбедување на стручна подршка во обезбедување на функционирање на националниот систем на натпревари во трети и четврти степен на натпревари.

2. Партиципација за финансирање на други корисници од спортот, за кои се утврдени износ од 7.500.000, 00 денари.

Програмите на националните спортски федерации, клубовите, општинските спортски сојузи, предвидуваат низа активности кои се условени со редовно комуницирање со органи и тела на меѓународните спортски асоцијации, при што со учеството се стекнуваат одредени права, но во исто време и обврски, за кои се потребни значителни средства. Така, приоритети имаат редовните годишни котизации за членство во меѓународните асоцијации, за кои се партиципира со дел од средства.

Значаен сегмент е реализацијата на обврските кои произлегуваат од меѓународните договори, кои Република Македонија ги ратификувала, со што и создала и одредени обврски во однос на нивно спроведување. Секако обврските се поголеми во однос на спроведување на договорите со кои се води борба против допингот во спортот и спречување на насилството на спортските терени.

Се планира да се подржат повеќе активности и тоа: примена на науката во спортот; обезбедување на мерни инструменти, опрема и реквизити за најуспешните спортисти; континуирана едукацијана стручните кадри во спортот (тренери, лекари, физиотерапевти, нутрицисти, психолози и др.); континуирани активности за

спроведување на процесот на децентрализација во спортот во сите единици на локалната самоуправа и други активности.

3. Партиципација за финансирање на проекти од областа на спортот, за кои се утврдени во износ од 25.000.000,00 денари.

Подршка и промоција на проекти на спортските клубови и здруженија, кои ќе се промовираат и реализираат идеи и активности со кои спортот ќе се користи, како средства за воспоставување и водење на младите во секојдневието и притоа ќе биде основна алтернатива во борба против пороците и несаканите појави кај младите. Секако, ќе се подржат и проектите кои ќе придонесат за социјална кохезија на младите, за дружење на млади од различни ентитети, меѓусебно запознавање и дружење, промоција на различни мултикултурни вредности, толеранција соживот, особено меѓу младите. Подршка на проекти со кои ќе се зголеми опфатот на лица со инвалидитет и лица со пречки во развојот.

4. Партиципација за финансирање на спортски клубови за остварени резултати во националниот систем на натпревари, за кои се утврдени во износ од 25.000.000,00 денари.

Со оваа ставка се подржуваат спортските клубови кои остариле пласман и се рангирани како најуспешни во националниот систем на натпревари. Националните спортски федерации, во зависност од системот на натпревари по завршување на натпреварите до Агенцијата за млади и спорт го доставуваат рангот на клубовите во националниот систем на натпревари, за кои се партиципираат 11 месечни рати во нивните програми. Висината на средствата е утврдена според рангот, а бројот на клубовите е утврден согласно вкупниот број и членови во федерациите. Такво право остваруваат 115 клуба во 30 национални спортски федерации. За дел од специфичните федерации, училишна студентска, за лицата со инвалидитет, воздухопловната, планинарски спортови, се дава месечен надоместок кој се употребува за одржување на системот на натпревари во тие федерации.

5. Партиципирање и подршка на спортски клубови за обезбедување на услови за учество во национален и регионален систем на спортот , за кои се утврдени во износ од 6.000.000,00 денари.

Подршка на спортски клубови за обезбедување на услови за учество во национален и регионален систем на спортот, организиран од националните спортски федерации. Со ова се подржуваат квалитетните спортски остварувања и активностите за зголемување на бројот на млади и граѓани кои се опфатени со тренажниот и натреварувачки спортски систем во Република

Македонија. Поголемиот број на спортски клубови учествува во овој систем на натревари, а подршката за нивните активности е запоставена повеќе години. Со цел да се зголеми бројот на активни спортисти и овозможи квалитетен тренажен процес и систем на натревари, ќе партиципираме и подржуваме програми на клубови кои учествуваат и остваруваат резултати во регионалниот систем на натревари.

6. Партиципација за уредување и одржување на информатичка спортска мрежа, за кои се утврдени во износ 6.500.000,00

Потреба и обврска е изградба на спортска информатичка мрежа како услов за пристап до современиот спорт, користење на современите тренажни технологии, комуникација, подготовка на база на податоци неопходна за планирање и следење на дејноста спорт со што се обезбедува информациско партнерство на сите субјекти што учествуваат во него.

Ќе се насочиме кон подигање на спортски информациски систем , подготовка на електронска работна база, информациски портал, инвестирање во технологијата и генерална информатичка култура.

Информатичката спортска мрежа ќе обезбеди сите субјекти во спортот да можат да го користат брзо и едноставно во текот на 24 часа.

Очекуваме со воспоставување на спортска информатичка мрежа зголемен опфат на млади и граѓани, повеќе приходи, подобра матријална база и побрз развој на спортот.

Информатичката спортска мрежа ќе одговори на барањата на националните спортски федерации, општинските спортски сојузи, Македонскиот Олимиски Комитет, медиумите и граѓаните, како и на централаната и локалната власт.

II. Потпрограма 30 млади, ставка 463-Трансфер до невладини организации

Реден број	опис	Износ
1.	Сегмент трансфери до непрофитни организации и подршка на младите и младинските здруженија	6.000.000,00
2.	Сегмент подршка на проекти за млади	15.000.000,00
3.	Сегмент планирана резерва за активности за унапредување на младински стандард	4.000.000,00
	Вкупно:	**25.000.000,00 денари**

1. Сегмент трансфери до непрофитни организации и подршка на младинските здруженија, кои се утврдени со износ од 6.000.000,00 денари.

Средствата ќе бидат насочени за поддржување на проекти на младински здруженија на граѓани чие членство се претежно млади луѓе на возраст до 30 години и други здруженија на граѓани кои работат со млади и чиишто активности се однесуваат на младите.

Овие средства се однесуваат на поддржување на проекти за подигање на степенот на активно учество на младите во сите области од нивен интерес, која е потврдена практика во земјите во Европа и пошироко.

Предност во прифаќањето на понудените проектите ќе имаат оние активности кои ги опфаќаат следните приоритетни области: придонес кон имплементација на Националната стратегија за млади, општествена вклученост, активно учество и работа со млади на терен, поддршка на активности поврзани со психо-физичкиот развој на младите и здравствена превенција на младите, обука на млади и тренинг на младински НВО.

2. Сегмент подршка на проекти за млади, за кои се утврдени во износ од 15.000.000,00 денари

Средствата се однесуваат на постигнување на резултати во однос на сите сегменти и утврдени приоритетни области на делување според Националната стратегија за млади и Акциониот план за имплементација на Националната стратегија за млади на Република Македонија, со кои се опфатени приоритетните потреби и проблеми на младите луѓе од нашата земја. Средствата се однесуваат и на поддршка и поттикнување на развојот на мрежата на невладините организации како услов за создавање на младинската структура врз принцип на единствена младинска политика, градење и развивање на младински канцеларии, обезбедување на материјални услови за нивно функционирање и др.

3. Сегмент планирана резерва за активности за унапредување на младински стандард, за кои се утврдени во износ од 4.000.000,00 денари

Средствата се планираат како резерва и ќе бидат насочени за непланирани активности во текот на годината, со кои ќе се обезбеди подршка на проекти поврзани со унапредување на младинскиот стандард, а истите не можат да се предвидат однапред.

III. Потпрограма 40 – Меѓународни активности за спорт и млади, ставка ставка 463 - Трансфер до невладини организации

Реден број	опис	Износ
1.	Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации	34.000.000,00
2.	Партиципација за финансирање меѓународните традиционални спортски приредби и манифестации	4.000.000,00
3.	Партиципација за учество и организација на европски и светски првенства на националните спортски федерации и клубовите кои остварале право за учество на меѓународни натпревари	14.000.000,00
4.	Планирана резерва	9.000.000,00
5.	За организација на меѓународни натревари во Спортската сала „Бортис Трајковски"	4.000.000,00
	Вкупно:	**65.000.000,00 денари**

1. Партиципација за финансирање на меѓународните програми на националните спортски федерации, за кои се утврдени во износ од 34.000.000,00 денари

Планирана е подршка на програмите на националните спортски федерации за нивно учество во меѓународниот систем на натпревари. Наши спортисти, репрезентации и клубови ќе настапат на регионални првенства (балкански и натпревари на земјите од Југоисточна Европа), Европски и Светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид на меѓународни натпревари. Со овие средства се партиципира до 10% од програмите на федерациите, што и ги условува да имаат строги критериуми при определувањето да се учествува на некој меѓународен натпревар. Слични се проблемите на екипните и индивидуалните спортови во однос на обезбедување подготовки и учество на меѓународните натпревари.

Со дел од средствата, непосредно ќе се финансираат и програмите на спортистите кои со своите резултати се потенцијални кандидати за учество на престојните зимски и летни олмиски игри.

Најголемиот дел од федерациите при определување на интересот за учество се определуваат за настап на балкански првенства и шампионати.

2. Партиципација за финансирање на меѓународните традиционални спортски програми и манифестации, за кои се утврдени во износ од 4.000.000,00 денари.

Во Република Македонија се одржуваат педесеттина традицинални спортски приредби и манифестации. Еден дел од нив се и составен дел на календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации. Свој висок рејтинг во изминатите неколку децении остварија повеќе манифестации со кои се претставивме пред меѓународната спортска јавност и како добри организатори и домаќини. Согласно програмата, во 2009 година ќе бидат подржани околу дваесеттина традиционални спортски манифестации, кои ќе се организираат во нашата земја. Сумата се определува во зависност од бројот на земји учеснички, учесници и квалитетот на натпреварувачите.

3. Партиципација за учество и организација на европски и светски првенства на националните спортски федерации и клубови кои остариле право за учество на меѓународни натпревари, за кои се утврдени во износ од 14.000.000,00 денари.

Во Република Македонија, очекуваме одржување на на повеќе меѓународни натревари и шампионати, за кои се планирани средства за партиципација. Поради големиот интерес на националните федерации за ораганизација на овие натревари определба е значителен дел од средствата да обезбедат самите.

4. Планирана резерва за кои се утврдени во износ од 9.000.000,00 денари.

Во текот на 2009 година планирано е учество на повеќе репрезентации и спортисти на меѓународната сцена при што очекуваме остварување на високи спортски резултати за што и се предвидени еднократни награди, како и за набавка на содветна опрема и рејквизити неопходни за учество на меѓународен натревар. Покрај ова ќе се подржат активности и натпревари кои неможе да се предвидат однапред.

5. За организација на меѓународни натревари во спортската сала „Борис Трајковски", за кои се утврдени во износ од 4.000.000,00 денари.

Во текот на 2009 година планирано е во Република Македонија одржување на повеќе натревари од редовниот систем на меѓународни натревари. За дел од натреварите меѓународните спортски асоцијации бараат користење на спортски обејкт со високи стандарди кои ги исполнува единствено Спортската сала „Борис Трајковски", а нејзините услуги ќе ги користат Кошаркарската, Ракометната и Одбојкарската федерација.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6309/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

66.

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ број 166/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 02.01.2009 година донесе

Г О Д И Ш Е Н П Л А Н
ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, МОДЕРНИЗАЦИЈА, РЕМОНТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2009 ГОДИНА

1. Со овој план се утврдуваат средствата потребни за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура за 2009 година.

2. Средствата утврдени во Разделот 130.01-Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се користат за следните вложувања:

О П И С	**Денари**
1 Машинско регулирање на колосеции свртници	44.530.000
2. Инвестиционо одржување на горен строј на пругите (замена на шини, прагови и изолирани состави)	34.160.000
3. Инвестиционо одржување на контактна мрежа	5.673.000
4. Инвестиционо одржување на електропостројки и осветлувања на станици	1.952.000
5. Интегрирана телекомуникациска мрежа ТК мрежа на делница Велес-Гевгелија	25.622.000
6. Интегрирана телекомуникациска мрежа ТК мрежа на делница Тетово-Гостивар	10.919.000
7. Интегрирана телекомуникациска мрежа ТК мрежа на делница Волково-Блаце	7.930.000
8. Патни премини Ѓ.Петров-Гостивар	6.100.000
9. Ремонт на пруга Неготино-Дуброво	30.914.000
10. Телекоманда за сообраќај	12.200.000
Севкупно	**180.000.000**

3. Динамика на реализација на предевидените активности: февруари - јули 2009 година
28.430.000 денари - I квартал
151.570.000 денари - II квартал

4. Министерството за транспорт и врски да достави извештај за реализацијата на овој план и образложение за евентуалните отстапувања од планраните активности.

5. Овој годишен план влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6751/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

67.

Врз основа на член 2 став 1 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03 ,65/04, 62/05, 111/05, 40/07 и 98/08) и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2009 ГОДИНА

I. Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Р. Македонија во 2009 година се заснова на Законот за социјалната заштита; Законот за семејство; Законот за вработување на инвалидните лица; Кривично правните прописи и други закони и подзаконски акти, со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита.

Со Програмата поблиску се уредуваат подрачјата на социјална работа, специфичните потреби на населението и начинот на остварувањето на социјалната заштита. Програмата е усогласена со одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Р Македонија за 2009 година, со која се предвидува донесување на програма на Владата на Р Македонија за средствата наменети за социјални надоместоци.

Со Програмата се врши усогласување на социјалната заштита со потребите на граѓаните од други услуги и мерки.

- Во Програмата се применети политиките и определбите на Владата на Република Македонија за 2009 год. со која се имплементираат стратешките приоритети на Републиката за тековната година; мерките утврдени со политиката на вработување во Стратегијата за вработување за 2006 - 2010 година и Националниот акциски план за вработување за периодот 2008 - 2010 година, Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година, Нацинална стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во РМ 2008-2018 година, Оперативниот план за спроведување на Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија 2008-2018 година, Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година, Акцискиот план за превенција и спаравување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012, како и Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Во реализацијата на социјалната заштита во 2009 година, значајно место ќе имаат меѓународните конвенции и препораки, меѓу кои се: Стратегијата за социјална кохезија на Европскиот комитет за социјална кохезија, Милениумските развојни цели на ОН во делот на првата развојна цел: намалување на сиромаштијата како и други препораки врз основа на кои ќе се врши постапно приближување кон законодавството на ЕУ.

Во рамки на реформските зафати во социјалната заштита во 2009 година ќе продолжи реализацијата на Проектот за имплементација на социјалната заштита (СПИЛ Проект), финансиран со средства од заем од Светска банка. Програмата за подршка на социјалната заштита има основна цел да се подобри ефективноста и ефикасноста на системот на социјалната заштита преку подобрување на администрирањето на различните видови на социјални бенифиции.

Во 2009 година во рамки на овој проект ќе се изготви соодветна софтверска апликација применлива во сите центри за социјална работа, меѓусебно поврзување на центрите за социјална работа, како и ИТ поврзување со Министерството за труд и социјална политика , Агенцијата за вработување и другите органи, партнери во реализацијата на социјалната парична помош.

Исто така, во рамките на реформските процеси во социјалната заштита во 2009 година ќе се изготви Проектот за условени парични трансфери (УПТ), поддржан од Светската банка.

II. Мерки и активности во остварувањето на социјалната заштита

Социјалната заштита и во 2009 година ќе се реализира преку обезбедување на:

- **услуги и мерки** за социјална превенција, вонинституционална заштита и институционална заштита за граѓаните кои се изложени на основните социјални ризици и

- социјална помош за корисниците:

- постојана парична помош за лицата неспособни за работа и социјално необезбедени;
- социјална парична помош за лицата способни за работа и социјално необезбедени;
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
- право на здравствена заштита;
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на телесно или интелектуално попречено дете;
- еднократна парична помош или помош во натура;
- право на домување и
- парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа.

Во 2009 година се предвидува да бидат опфатени со услугите и мерките на социјалната заштита следниве корисници на социјална заштита:

- малолетни лица без родителска грижа до 18 годишна возраст- 1.115 лица; лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, до навршување на 26 години - 472 лица; малолетни лица со воспитно социјални проблеми 7.898 лица; малолетни лица воспитно запуштени - 3.650; малолетни лица со

пречки во развојот - 5.875 лица ; други малолетни лица - , како и возрасни лица од следниве категории корисници: стари лица - по повеќе основи - 7.600 лица; полнолетни лица со психичка и физичка попреченост - 8.105 лица; лица од семејства со нарушени односи во семејството - 3.511 лица; возрасни лица со општествено негативни навики - 1033 лица; лица со признат статус на бегалец и нови барателиа на азил сместени во установа – 30 и други полнолетни лица корисници на услуги - 3.525 лица. Дел од овие лица ќе бидат опфатени со одделно право на социјалната парична помош, згрижување во установа, со вонинституционална социјална заштита и друг вид на услуги и мерки согласно со законот.

III. Активности во социјалната заштита

1. Продлабочување на процесот на децентрализација во социјалната заштита

Министерството за труд и социјална политика, и понатаму во 2009 година ќе продолжи со следење на имплементацијата на со закон создадената обврска на општините , Градот Скопје и општините во Градот Скопје, да организираат и обезбедат социјална заштита согласно со специфичните потреби за социјална заштита за своите граѓани. Ќе се преземат активности за развивање на соработка помеѓу централната власт преставувана од Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа со локалната власт на полето на социјалната заштита. Анализата на искуствата од оваа фаза на децентрализацијата, ќе помогне, во наредниот период да се оди кон продлабочување на процесот на децентрализација.

2. Справување со сиромаштијата и социјалната исклученост

Министерството за труд и социјална политика ќе продолжи со развивањето на политиките за социјално вклучување, во рамките на кои во изминатиот период произлегоа многу примери на добра пракса. Министерството за труд и социјална политика е еден од клучните носители на процесот на подготовка на Заедничкиот меморандум за инклузија, кој претставува основен документ во подготовката на Република Македонија како земја кандидатка за членството во ЕУ, да земе учество во отворениот метод на координација на социјалното вклучување. Заедничкиот меморандум за инклузија е средство за започнување на применувањето на социјалните цели на ЕУ во нашите национални политики. Како значајна активност за подготовка на Република Македонија во овој процес е подготовката на Националната стратегија за социјално вклучување како интегрален стратешки документ, во кој ке бидат инкорпорирани инклузивни политики за борба против сиромаштијата и социјалното искучување и примена на мултидимензионалниот пристап во изработката и имплементацијата на истиот документ. Во преден план ќе биде развојот на

вонинституционалните форми за социјална заштита на ранливите групи кои се истовремено, најмногу засегнати од последиците на сиромаштијата и социјалната исклученост. Мрежата на дневни центри за заштита на лицата со интелектуална попреченост ќе биде проширена со отворање на два нови дневни центри во Струмица и Липково. Вонинституционалната заштита ќе се зајакне и со уште два дневни центри за деца на улица и улични деца, како и еден дневен центар за корисници на дрога и членови на нивните семејства.

Во 2009 година се предвидува започнување со работа на советувалиште за помош на жртвите на семејно насилство, како и создавање на услови за формирање на посебни советувалишта за брак и семејство, со цел за обезбедување на стручен третман во уредувањето на односите во семејството. За обезбедување на помош за рано откривање и превенција од злоупотреба на дрога и други психотропни супстанции се планира отворање на пилот советувалиште во Скопје.

Сметајќи го за исклучително важен развојот на социјалните услуги на ликално ниво, Министерството за труд и социјална политика ќе ја поддржува секоја иницијатива на општините кои на своја територија ќе го градат системот на социјални услуги. Исто така, за да се подобри заштитата и овозможи превенција од социјално исклучување, Министерството за труд и социјална политика, ќе ја продолжи и продлабочи мултиресорската соработка со сите заинтересирани страни на ниво на владини и невладини институции и организации.

Во 2009 година, Министерството за труд и социјална политика, освен зајакнувањето на постоечките форми на вонинстиуционална заштита, ќе започне и со востановувањето на нови форми на заштита и социјални услуги, како што се: еден мал групен дом за лица со интелектуална и телесна попреченост во Неготино; клубови и дневни центри за стари и инвалидни лица и други форми на услуги во заедницата.

Согласно со Законот за малолетничка правда, се предвидува отворање на Дисциплински центар каде ќе се упатуваат малолетници со воспитно-социјални проблеми. Целта на упатувањето на малолетникот во Дисциплинскиот центар е за кратко време, со ефикасни педагошки методи кај малолетникот да се развие чувството на лична одговорност за сопственото однесување и постапки, а истовремено да се потикнат неговите внатрешни позитивни вредности, самиот малолетник максимално да биде вклучен во сопственото воспитување.

Потребата за развој и унапредување на организирана помош во дневното згрижување на стари лица, произлегува од Законот за социјална заштита за помош во дневно згрижување на стари и изнемоштени возрасни лица, преку давање услуги во врска со исхрана, дневен престој, културно-забавен живот, одржување на хигиена и друго. Во текот на 2009 година, Министерството за труд и социјална политика ќе отвори два дневни центри за стари лица во Богомила и Самоков. Во рамките на оваа заштита се реализира проектот "Народни кујни", кој во 2009 година ќе се развие со отворање на нови четири народни кујни.

Заштитата на бездомните лица ќе се подобри со отворање на Дневен центар за бездомници во Скопје.

Во рамките на расположивите финансиски можности, на биолошките семејства кои ќе се грижат за своите членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, повремено ќе им се помага со финансиски средства за задоволување на потребите за овие лица.

3. Активнисти поврзани со приближување на законодавството во областа социјалната заштита кон законодавството на ЕУ

Ќе се продолжи во континуитет да се следат законските прописи и препораки на ЕЗ во доменот на социјалната заштита со цел истите постапно да бидат имплементирани во нашето законодавство.

Во текот на 2009 година Министерството за труд и социјална политика ќе изготви нов Закон за социјална заштита, со цел за подобрување и стандардизација на условите, начинот и постапката за остварување на правата од социјална заштита, воведување на програма за условена парична помош за корисниците на правата на социјална заштита и мерки за субвенционирање на потрошувачката на енергија .

Со кривично правните прописи, надлежностите на центрите за социјална работа во спроведувањето на алтернативните мерки, воспитните мерки и постпеналната заштита е зголемена кај постапувањето со малолетните и возрасните сторители на кривични дела. За имплементација на алтернативните мерки ќе се зајакне стручниот потенцијал на кадрите во ценрите за социјална работа и ќе се зголеми бројот на програмите со кои ќе се реализираат алтернативните мерки.

4. Тековни активности во социјалната заштита

- **Спроведување на Акциониот план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012**

Со Акцискиот план ќе се обезбедат средства и механизми за спроведување на помош и заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија и ќе се воспостави координиран систем на соработка помеѓу владините институции, како и соработката помеѓу владините институции и невладините организации кои ја покриваат оваа проблематика, кој систем на соработка постојано ќе се унапредува.

- **Вклучување на здруженија на граѓани, на приватната иницијатива и на физички лица во социјалната заштита.** По заокружувањето на законските прописи со кои се создадени услови за вклучување на невладиниот сектор во вршењето на одредени работи од социјалната заштита во изминатиот период, во 2009 година, Министерството за труд и социјална политика ќе продолжи со активностите за договарање на партнерски однос во реализирањето на конкретни функции помеѓу соодветни здруженија на граѓани. Бројот на договорените партнерства ќе биде во зависност од расположивите буџетски средства , додека изборот на здруженијата на кои ќе им биде доверена социјалната функција , ќе биде на конкурс со што ќе се обезбеди транспарентност.

Ќе се донесат нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установите за социјална заштита.

Ќе се настојува, партнерски однос за одредени работи од социјалната заштита да се изгради и со физички лица кои ги исполнуваат пропишаните законски услови.

- **Помош на внатрешно раселените семејства и на семејствата на бегалците од други држави.** Покрај редовната грижа за внатрешно раселените лица, активностите на Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе бидат насочени на програми со кои ќе се стимулира враќањето на овие лица во местото на живеење, додека за бегалците од другите држави со признат статус на бегалец, ова министерство во соработка со Меѓуминистерското координативно тело ќе преземе мерки за олеснување на процесот на интеграција за овие лица, во рамките на што ќе се донесе Стратегија за интеграција.
- **Инспекциски надзор во социјалната заштита-** Со инспекциски надзор во социјалната заштита, во 2009 година се очекува понатамошно активно спроведување на надзорот над применувањето и спроведувањето на законските прописи со кои се уредени работите од социјалната заштита, надзор над остварување на правата и исполнувањето на обврските на корисниците на правата, исполнување на условите за вршење на дејности од социјалната заштита и друго предвидено со Законот. Од работата во инспекцискот надзор се очекуваат понатамошни позитивни резултати особено во примената на Законот во делот на паричните помошти и сл.

* * *

Средствата за надоместок на правата за заштита на социјално загрозеното население во Буџетот на РМ во 2009 година се предвидени на буџетска потпрограма **41-Надоместоци по основ на права од социјална заштита**, така што, средствата за оваа намена:

а) на ставката 471-Социјални надоместоци во износ од 2.847.000.000 денари, ќе бидат распоредени за

- **Постојана парична помош** - се исплаќа на лицата кои се неспособни за работа и неможат да остварат средства за егзистенција согласно други прописи. Во 2009 година се очекува бројот на овие корисници да изнесува 5.100 семејства, за што ќе бидат потребни 200.000.000 денари;

- **Социјална парична помош** - се исплаќа на домаќинства чии членови се способни за работа, но се материјално необезбедени. Во 2009 година се очекува да бидат опфатени околу 62.000 домаќинства. За исплатата на социјалната помош ќе бидат реализирани 1.638.000.000 денари;

- **Паричен надоместок за помош и нега од друго лице** - се исплаќа на лица кои не можат да ги вршат основните животни потреби без помош од друго лице (лицето е неподвижно, потполно слепо, заболено од дистрофија или сродни мускулни или нервно мускулни

заболувања, церебрална и детска парализа) како и на лице со тешки и најтешки пречки во психичкиот развој над 26 годишна возраст. За одделни категории на граѓани воведен е имотен ценсус како услов за стекнување со ова право и се очекува истото да го стекнат просечно околу 22.000 на корисници. Потребните средства за задоволување на правото ќе изнесуваат 935.800.000 денари;

- **Право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете** - ова право кое е утврдено со Законот за социјална заштита и со Законот за работни односи, го остварува еден од родителите на хендикепираното дете, доколку родителите се во работен однос. За оваа намена во 2009 година се предвидени 3.000.000 денари;

- **Еднократна парична помош и помош во натура** - ова право можат да го остварат лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови кои се лица со одреден степен на инвалидност. За ова право ќе се реализираат 44.000.000 денари; и

- **Право на домување** -право на домување согласно со Законот за социјалната заштита има лице без родители и родителска грижа до 18 годишна возраст, односно по престанување на старателството најмогу до 26 годишна возраст. Паричен надоместок за домување се обезбедува и за лицата со признат статус на бегалец, согласно со одредбите од Законот за азил и привремена заштита, се до периодот на преземање на оваа одговорност од страна на локалната самоуправа. За оваа намена во Буџетот за 2009 година се предвидени 2.000.000 денари.

- **Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа** - со правото можат да се стекнат лицата со стекнат статус на дете без родители и родителска грижа, доколку по полнолетството се без средства за егзистенција, односно се на редовно школување, се до навршување на 26 годишна возраст. Во 2009 година нивниот број ќе изнесува околу 100 лица. За оваа намена во Буџетот за 2009 година се предвидени 4.200.000 денари.

- **Право на надоместок за трошоци за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице во згрижувачко семејство-** ќе се исплатува на семејствата кои во семејството ќе згрижат лице, корисник на социјална заштита. Ова право ќе го остварат околу 200 семејства кои ќе згрижат околу 260 лица, за што се очекува да се реализираат 19.000.000 денари;

- **Сместување во ученички домови или други установи** на деца без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, злоставувано и социјално необезбедено дете); дете со нарушено поведение; за кои центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, воспитување, образование и нормален развиток на детето. За оваа намена во Буџетот за 2009 година се планирани 1.000.000 денари.

b) на ставката 433-Трансфери до Фондот за здравство во износ од 55.000.000 денари, ќе бидат распоредени за

- **Остварување право на здравствена заштита на корисниците на социјална заштита на следните права**: постојана парична помош, сместување во згрижувачко семејство, паричен надоместок за помош и нега од друго лице, сместување во установи за социјална заштита, парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјални надоместоци по видови на права и обврски е направена во согласност со Буџетот на Република Македонија за 2009 година со напомена дека овие средства во зависност од опфатот на правата во текот на годината може да се менуваат согласно со закон.

IV.Финансиски средства за социјална заштита

За остварување на Програмата за социјална заштита во Буџетот за 2009 година се планирани три буџетски програми: Програма 2-Вонинституционална социјална заштита, Програма 3-Институционална социјална заштита и Програма 4-Надоместоци и права во социјалната област.

- **На Програма 2- Вонинституционална социјална заштита,** во 2009 година се предвидени буџетски средства во износ од 502.374.000 денари, а се наменети за активностите на основните носители на социјалната заштита - центрите за социјална работа со нивните организациони делови (прифатилишта за бездомни лица, дневни центри за деца на улица корисници на дроги и членовите на нивните семејства и деца со пречки во развојот), Заводот за социјални дејности, како и соработка со невладините организации за поддршка на вонинституционалната заштита и финансиска поддршка на активности на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Во рамките на оваа програма се обезбедени и средства за реконструкција и опремување на објекти за вонинституционална социјална заштита.

- **На Програма 3- Иинституционална социјална заштита,** во 2009 година се предвидени буџетски средства во износ од 247.607.000 денари, а се наменети за активностите поврзани со згрижување на лица со социјален ризик на кои им се обезбедува целосна институционална заштита (сместување, исхрана, облекување, греење, здравствена грижа и др.) во социјалните установи за згрижување на лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој, деца без родители, деца и младинци со воспитно социјални проблеми и домови за стари лица. Во рамките на оваа програма, се обезбедени и средства за реконструкција и опремување на објекти за институционална социјална заштита. Исто така, во Буџетот за 2009 година за оваа програма се предвидуваат и средства од донации во износ од 12.462.000 денари, како и средства од сопствени приходи на установите за институционална заштита во износ од 31.630.000 денари.

- **На Програма 41- Надоместоци и права во социјалната област,** во 2009 година за недлежностите кои произлегуваат од законските прописи за социјална заштита се предвидени средства во изос од 2.847.000.000 денари за постојана парична помош, социјална парична помош, паричен надоместок за помош и нега, право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете, еднократна парична помош и помош во натура, право на домување, парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, право на надоместок за трошоци за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице во згрижувачко семејство, сместување во ученички домови или други установи; како и средства за остварување право на здравствена заштита на корисниците на социјална заштита во износ од 55.000.000 денари.

Во текот на 2008 година, во зависност од реализацијата и во зависност од потребите за остварување на одредени активности и права за социјална заштита, а со цел за наменско и рационално искористување на средствата, средствата за социјална заштита предвидени во оваа програма и во Буџетот на Република Македонија на раздел 15020-Социјална заштита ќе се прераспоредуваат по расходни ставки согласно со закон, со тоа што вкупниот износ на средства на раздел 15020-Социјална заштита не се менува освен со измени и дополнувања на Буџетот-ребаланс (донесени од страна на Собранието на Република Македонија). Исто така, во текот на 2009 година во зависност од потребите, буџетот од средства од донации и средства од сопствени приходи може да се проширува на барање на установите за социјална заштита, согласно со закон.

Во рамки на расположивите средства од Буџетот на Република Македонија за 2009 година и Програмата за остварување на социјалната заштита за 2009 година, ќе се настојува да се обезбеди редовна исплата на социјалната помош, со која на граѓаните им се обезбедува минимум на социјална сигурност. Исто така, ќе се настојува да се подобрат условите за живот и работа на згрижените корисници во институционалната и вонинституционалната заштита, а истовремено ќе се настојува да се прошири бројот и видот на дневните центри, како посоодветни форми на

згрижување. Ќе се работи на натамошно зајакнување на капацитетите на центрите за социјална работа и другите установи, преку обука на стручните кадри.

V. Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен весник на Република Македонија,,.

Бр. 19-6492/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

68.

Врз основа на член 57, став 3 од Законот за ветеринарното здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2009 ГОДИНА

I

Средствата за здравствена заштита на животните од заразни болести во 2009 година се утврдуваат во износ од 253.000.000,00 денари и тоа од следните извори:

во денари

1. Средства на Буџетот на Република Македонија Програма 4, Подпрограма 40, ставка 464	253.000.000,00

II

Средствата утврдени во дел I на оваа програма се користат за:

Ставка	Предвидени средства
1. Средства за здравствена заштита на животните	**160.400,000.00**
1.1 Превентивна заштита на заразни болести кај свињите	11.000,000.00
1.2 Превентивна заштита на заразни болести кај живината	1.000,000.00
1.3 Превентивна заштита од заразни болести кај копитарите	15.000.00
1.4 Превентивна заштита од заразни болести кај пчелите	200.000.00
1.5 Превентивна заштита од заразни болести кај дивечот	600.000.00
1.6 Превентивна заштита од заразни болести кај овците и козите	53.485,000.00
1.7 Превентивна заштита од заразни болести кај говедата	40.700,000.00
1.8 Надомест за заклани или еутаназирани заболени животни, транспорт до објектот за колење или местото за нештетно отстранување и трошоци за колење	45.000,000.00
1.9 Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при искоренување на заразните и други болести кај животните	5.000,000.00
1.10 Превентивни мерки за сузбивање на заразни болести кои не се предвидени со Годишната наредба	500,000.00
1.11 Имплементација на плановите за итна интервенција	700,000.00

1.12 Изготвување информативни брошури и летоци за одгледувачите на животни и промовирање на принципи за добробитта на животните	700,000.00
1.13 Подготовка и печатење на записници и други формулари потребни за спроведување на законските прописи	1,500,000,00
2. Средства за идентификација и регистрација на животните	**14.000,000.00**
3. Средства за одржување и надградба на информативни системи во Управата за ветеринарство	**2.000,000.00**
4. Средства за опремување на ветеринарната инспекција	**1.000,000.00**
5. Обука на ветеринарни инспектори	**600.000,00**
6. Заостанати обврски од 2008 година	**75,000,000.00**
ВКУПНО	**253,000,000.00**

III.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.1 на оваа програма во износ од 11.000.000 денари, ќе се користат за:

- Вакцинација и сузбивање на Класичната чума кај свињите вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на заразата	11.000.000,00

IV.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.2 на оваа програма во износ од 1.000.000 денари, ќе се користи за:

- Мониторинг на присуство на Авијарна Инфлуенца кај домашната и дивата живина	600.000,00
- Дијагностичко испитување на Њукастелска болест	400.000,00

V.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.3 на оваа програма во износ од 15.000 денари, ќе се користат за:

- вакцинација на копитарите против Антракс	15.000,00

VI.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.4 од оваа програма во износ од 200.000 денари, ќе се користат за:

- Дијагностичко испитување на Американска чума кај пчелино легло	200.000,00

VII.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.5 од оваа програма во износ од 600.000 денари, ќе се користат за:

- Дијагностичко испитување на Беснило	300.000,00
- Дијагностичко испитување на Класична чума кај свињите	300.000,00

VIII.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.6 од оваа програма во износ од 53.485.000 денари ќе се користат за:

- Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на Бруцелозата кај овците и козите	21.000.000,00
- Дијагностичко испитување на Бруцелозата кај овците и козите	17.785.000,00
- Вакцинација против Бруцелоза кај овците и козите	12.000.000,00
- Превентивна вакцинација против Антракс	700.000,00
- Дијагностичко испитување на Скрепи	2.000.000,00

IX.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.7 од оваа програма во износ од 40.700.000 денари, ќе се користат за:

- Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на Бруцелозата кај говедата	7.000.000,00
- Дијагностичко испитување на Бруцелозата кај говедата	5.500.000,00
- Превентивна вакцинација против Антракс	200.000,00
- Дијагностичко испитување на Спонгиоформна енцефалопатија кај говедата	7.000.000,00
- Туберкулинизација и ретуберкулинизација на говедата	21.000.000,00

X.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.8 од оваа програма во износ од 45.000.000 денари, ќе се користат за:

- Надомест за заклани или еутаназирани заболени животни заради сузбивање на заразни болести	44.900.000,00
- Транспорт до објектот за колење или местото за нештетно отстранување, трошоци за колење	100.000,00

XI.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.9 од оваа програма во износ од 5.000.000 денари, ќе се користат за:

- трошоци за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при сузбивање на заразни болести	5.000.000,00

XII.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.10 од оваа програма во износ од 500.000 денари, ќе се користат за:

- трошоци за спроведување превентивни мерки за заштита од заразни болести кои не се предмет на Годишната наредба	500.000,00

XIII.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.11 од оваа програма во износ од 700.000 денари, ќе се користат за:

- трошоци за набавка на реагенси за дијагностика на болести	700.000,00

XIV.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.12 од оваа програма во износ од 700.000 денари, ќе се користат за:

- изготвување информативни брошури и летоци за одгледувачите на животни и промовирање на принципи за добробитта на животните	700.000,00

XV.

Средствата од дел II точка 1, подточка 1.13 од оваа програма во износ од 1.500.000 денари, ќе се користат за:

- подготовка и печатење на записници и други формулари потребни за спроведување на законските прописи	1.500.000,00

XVI.

Средствата од дел II точка 2 од оваа програма во износ од 14.000.000 денари, ќе се користат за:

- идентификација и обележување на говеда	6.000.000,00
- идентификација и обележување на мали преживари	8.000.000,00

XVII.

Средствата од дел II точка 3 од оваа програма во износ од 2.000.000 денари, ќе се користат за:

- одржување и надградба на информативни системи за идентификација и регистрација на животните	1.900.000,00
- одржување и надградба на информативните системи за гранична ветеринарна инспекција	100.000,00

XVIII.

Средствата од дел II точка 4 од оваа програма во износ од 1.000.000 денари, ќе се користат за:

- опремување на гранична ветеринарна инспекција	200.000,00
- опремување на подрачна ветеринарна инспекција	800.000,00

XIX.

Средствата од дел II точка 5 од оваа програма во износ од 600.000 денари, ќе се користат за:

- обука на ветеринарни инспектори	600.000,00

XX.

Средствата од дел III алинеја 1, дел V алинеја 1, дел VIII алинеја 1, 3 и 4, дел IX алинеја 1, 3 и 5, дел XI алинеја 1 и дел XVI алинеја 1 и 2, на оваа програма ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и ветеринарните друштва во епизоотиолошките единици.

Средствата од дел IV алинеја 1, дел VI алинеја 1, дел VII алинеја 1 и 2, дел VIII алинеја 2 и 5, дел IX алинеја 2, 4 и 5 ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

Останатите средства од оваа програма ќе се исплатуваат на правно или физичко лице кои ги исполнува условите пропишани со Законот за ветеринарното здравство (Службен весник на РМ 113/2007) по склучување на договор помеѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и правното или физичко лице и врз основа на Законот за организација и работа на органите за државна управа (Службен весник на РМ бр. 58/2000) по донесено решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

XXI.

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја доколку се појават заразни болести во поголем обем.

XXII.

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку некоја мерка не биде извршена, а друга е извршена во поголем обем, пренамена на средствата може да врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно предвидените средства по оваа програма.

XXIII.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 - 7132/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

69.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08 и 107/08) и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА 2009 ГОДИНА

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Подршката на заедницата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што соодветствува на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата, при што државата и единиците на локалната самоуправа се грижат во согласност со расположивите материјални можности да им помогнат на родителите во издржувањето, подигнувањето, грижата и заштитата на децата.

Заштитата на децата како систем на организирани мерки и активности на државата за грижа и заштита на децата се остварува согласно со Законот за заштита на децата и подзаконските акти.

Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува со годишна Програма која согласно со Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Македонија и истата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на програмата е во согласност со утврдените програми со Буџетот на Република Македонија за 2009 година, како и врз основа на одредбите во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година во делот на надоместоците по основ на правата од детска заштита.

Врз остварувањето на заштитата на децата, влијаат и одредени развојни документи на Владата на Република Македонија: Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2008 - 2012 година, Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008 - 2015 година, Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија како и други акти и анализи со кои се влијае на подобрувањето на заштитата на децата.

Во реализацијата на заштитата на децата се позначајно место имаат и Конвенцијата за правата на детето и други конвенции и протоколи, потоа Милениумските развојни цели на ОН во делот на првата развојна цел: намалување на сиромаштијата и други документи со што се врши постапно приближување кон законодавството на ЕУ.

I. Цели и задачи во оствурувањето на заштитата на децата

Тргнувајќи од потребата, заштитата на децата постојано да се подига на повисоко ниво, како основен чекор кој беше направен согласно со измените и

дополнувањето на законот за заштита на децата, е определбата детето да стане субјект во заштитата и при тоа да му се обезбедува заштита на правото на живот и развој , заштита на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард, почитување на правото на детето на слобода, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот како и други социјални права. Исто така, во заштитата на децата предвидена е заштита од било каква форма на дискриминација, забрана за сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата, насилно одведување, продажба или трговија со децата, физичко или психичко насилство или нечовечко постапување, експлоатација и комерцијално искористување односно санкционирање на се што представува кршење на човековите права на децата.

Носителите на заштитата на децата кои посебно се акцентирани, се должни да ги преземат сите мерки за заштита на децата од нелегална употреба или злоупотреба на наркотици, психотропни супстанци и прекурзори, забрана за вклучување на малолетните лица во вооружени судири и други воени дејствија како и од верско организирање и дејствување и злоупотреба на децата за политичко или верско организирање и дејствување.

Во функција на подигнување на квалитетот на заштитата на децата, вградени се одредби кои произлегуваат од Директивата на Советот 2000/43// ЕЗ која се однесува на забрана на дискриминација врз основа на расата или етничкото потекло која во текстот на законот е разработена во сите сегменти на остварувањето на заштитата на децата.

Државата како основен носител на заштитата на децата, согласно расположивите финансиски можности, за одредени групи деца дава определена материјална помош на родителите за издржување, подигање, грижа и заштита на децата, но исто така финансиски го подржува организирањето и функционирањето на јавните установи и служби за заштита на децата.

Во согласност со опредебата содржана во Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија донесе Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008 – 2015 година и согласно со истата се направија соодветни законски измени во делот на правата за заштита на децата, а имплементацијата на истите започнува од 1 јануари 2009 година. Покрај овие цели и задачи, во текот на 2009 година се предвидени :

- Имплементација на Законот за изменување и дополнување на законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр 98/08 и 107/08) во кои се вградени одредби кои произлегуваат од Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008 - 2015 година (еднократна парична помош за новороденче кое право се проширува и се однесува за прво, второ и трето новороденче во семејството, без примена на имотен цензус, како и воведување на парична помош - родителски додаток за дете кое ќе се остварува за новородено второ, трето и четврто дете во општини чиј природен прираст е помал од 2,1 промили. Правото ќе се обезбедува за децата кои ќе се родат од 1 јануари 2009 година, без оглед на тоа дали родителот има засновано работен однос. Користењето на правото не е поврзано со исполнување на имотен цензус;
- Министерството за труд и социјална политика ќе поддржи отварање на нови детски градинки како и формирање на најмалку 5 групи на деца во други просторни услови кои би функционирале во состав на постојните општински јавни установи – детски градинки;

- Министерството за труд и социјална политика во соработката со ЕЛС ќе помогне во анкетирање и анализа на добиените податоци од теренот со цел да се зголеми бројот на детски градинки кои својата работа ќе ја организираат во две смени или ќе работат и во сабота;

Почетните анализи на тој план покажаа дека за овие активности ќе бидат потребни дополнителни финансиски средства и доплнителни вработувања на неопходниот кадар.

- Министерството за труд и социјална политика ќе подготви Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата со цел да се вградат одредби со кои ќе се прошири кругот на основачите на установи за деца – детски градинки, со вклучување и на Владата, како и изградба и функционирање на детски градинки врз основа на јавно - приватно партнерство. По овие основи се очекува да се зголеми бројот на детски градинки, а со тоа да се обезбеди поголем опфат на децата и зголемен пристап до овој вид на јавната услига – згрижување на деца во детските градинки.

- Постапна имплементација на „ Стандардите за рано учење и развој " во контекс на политиката за ран детски развој со крајна цел да се зголеми опфатот на децата и да се подигне квалитетот на образованието за преучилишната возраст на децата. Заради ограничените финансиски можности во 2009 г ќе се имплементира во 5 детски градинки во 5 општини, но не е исклучена и можноста, да се делува и преку детски центри во руралните средини.

- За да се зголеми опфатот на децата особено на тие што потекнуваат од сиромашните семејства ќе се подготви Правилник за остварување на право на партиципација во делот на трошоците кои ги плакаат родителите за децата кои ќе ги користат услугите на јавните детски градинкки.

Дејноста на заштитата на децата е од јавен интерес и се остварува преку обезбедување на:

- права за заштита на децата (детски додаток, посебен додаток,еднократна парична помош за новороденче , партиципација и родителски додаток за дете) ;
-облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца) и
- други облици на заштита на децата.

Основна цел на дејноста - заштита на децата и во текот на 2009 година е обезбедување на услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата како и во постојните јавни установи за згрижување и воспитание на децата, преку целосно и рационално искористување на просторните, кадровските и другите ресурси преку имплементација на постојните законски решенија, како и со изменување и доплнување на Законот за заштита на децата.

Поголем опфат на децата ќе се реализира со донесувањето на Стандатдите и нормативите за вршење на дејноста на детските градинки каде помеѓу другото се создаваат услови за проширување на мрежата на јавните установи – детски градинки вклучување и на приватниот сектор во заштитата на децата.

Тежиштето на активностите во насока на подобрување на заштитата на децата ќе биде усмерено кон остварување на следните **основни задачи**:

- после донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата ќе се пристапи кон негова имплементација преку изготвување на подзаконските акти во кои ќе се ревидираат потребните документи за стекнување со правата утврдени во законот, почитувајќи ја определбата на Владата на Република Македонија за „Регулаторна гилотина". Истовремено, ќе се интервенира со скратување на роковите за давање одговор на барателите на правата согласно Законот за заштита на децата, почитувајќи го принципот „молчењето значи одобрување";

- заокружување на процесот на децентрализацијата во дејноста заштита на децата ќе продолжи преку соработка со органите на локалната самоуправа, реализирање на надзорот, давање на препораки и насоки и воспоставување на партнерски однос во реализирање на дејноста;

-плурализација во дејноста преку заживување односно функционирање на приватниот сектор со основање на приватни установи за деца како и во рамките на со закон создадените услови за давање можност и на други физички и правни лица да вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на децата;

-организирање на одделни услуги од дејноста згрижување и воспитание и во други просторни услови (основно училиште, болница, дом на култура, месна заедница и други установи, во станот на родителите) согласно материјалните можности, со приоритет во вршење на истите во подрачјата каде не постојат објекти за организирано згрижување на деца, давање одредени услуги од дејноста на градинките на деца и семејства, како и организирање на повремено чување на деца во домашни услови, согласно Законот за заштита на децата;

-изградба на нови објекти, реконструкција и одржување на објектите во дејноста на заштитата на децата, со приоритетно, целосно и рационално искористување на сите кадровски, просторни и други ресурси како и развој на разни видови програми за дејноста со различно траење и цена на чинење;

-поддржување на програмските активности за деца од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, рекреативните и слободни активности и спорт, заштитата на деца со специфични потреби, како и програмски активности кои ги остваруваат организациите (здруженијата) за деца;

- поголема афирмација на раниот детски развој преку имплементација на Стандардите за рано учење и развој на децата;

- следење на развојот на заштитата на децата и работи поврзани со хумана популациона политика, остварувањето на правата за заштита на децата како и остварувањето на постапката согласно закон, со насоки за примена на законската и подзаконската регулатива;

- во рамки на СПИЛ проектот ќе финишираат активностите за воведување автоматска обработка на податоците во делот на правата за заштита на децата и поврзување на Министерството за труд и социјална политика со центрите за социјална работа;

- обезбедување на редовна и навремена исплата на со законот утврдени парични права за децата.

1.Права за заштита на децата

Правата за заштита на децата како парични надоместоци, под услови утврдени со Законот за заштита на децата ги обезбедува државата со средства од Буџетот на Република Македонија.
Поголем обем на права од определените права во законот може да обезбеди единицата на локалната самоуправа / општината,Градот Скопје и општината во Градот Скопје/, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

Паричните надоместоци согласно Законот се остваруваат како право на: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете и истите имаат за цел преку обезбедувањето на материјална помош на родителите да им помогнат за издржување, подигање, грижа и заштита на детето.

Во рамките на средствата утврдени со Буџетот на Република Македонија за 2009 година се предвидува парични примања на деца да користат околу 75 000 деца , како придонес во остварувањето на примарната одговорност на родителите во обезбедувањето на услови за живот, потребен за развој на детето, односно животен стандард што одговора на неговиот физички, ментален, душевен, морален и социјален развој.

а) Детски додаток

Детски додаток е право на детето кое може да го оствари еден од родителите на детето, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Републиката, за дете државјанин на Република Македонија кое е на редовно школување во Републиката, во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството како и другите услови утврдени со Законот за заштита на децата.
Право на детски додаток согласно Законот за заштита на децата и Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правата за заштита на децата може да има дете до наполнување на 18 години живот, доколку е на редовно школување и ако просечните месечни приходи и примања во семејството на детето по член на семејството не го надминуваат граничниот износ од 16% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година, односно 32% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година, за самохран родител. Правото на детски додаток може да го оствари еден од родителите на детето, при што требе да ги исполнува и другите услови предвидени со законот.

Правото на детски додаток во 2009 година се очекува да го остварат во просек околу 36.000 деца од околу 19 800.семејства.

Висината на детскиот додаток и во 2009 година ќе изнесува 4,60% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година за дете до 15 години живот, односно додека е редовен ученик во основно училиште; односно 7,30% за дете од 15 -18 години живот, односно додека е

редовен ученик во средно училиште. При тоа, вкупниот месечен износ на детски додаток за децата за кои родителот го остварил правото изнесува најмногу 1.800,оо денари.

б) Посебен додаток

Право на посебен додаток има еден од родителите на детето со постојано место на живеење во Република Македонија, ако детето е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија до навршени 26 години живот и тоа за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот, доколку не е институционално згрижено на товар на државата. Наодот, оцена и мислење за остварување на посебен додаток го издава соодветен стручен орган.
Правото на посебен додаток во 2009 година се очекува да го остварат во просек околу 5 500 деца од околу 5200 семејства.
Висината на посебниот додаток согласно Законот изнесува 27% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година .

в) Еднократна парична помош за новороденче

Еднократна парична помош за новороденче се обезбедува на семејството за прво, второ и трето новородено дете.
Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на Република Македонија.
Висината на еднократната парична помош за новороденче изнесува 30% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година.
Во 2009 година се предвидува правото на еднократна парична помош за новороденче да се оствари за околу 21.300 деца од околу 20.500 семејства.

г) Партиципација

Во зависност од материјалната состојба на семејството се обезбедува партиципација во трошоците за згрижување и воспитание во јавна установа за деца-детска градинка.
Партиципацијата ќе се обезбедува во цената на услугата по дете што ја плаќа родителот.
Во 2009 година се предвидува правото на партиципација да се оствари за околу 4.200 деца.

д) Родителски додаток за дете

Родителски додаток за дете е право кое го остварува мајка за своето второ, трето и четврто живородено дете, која е со место на живеење во општини на Република Македонија со стапка на природен прираст на населението под 2,1 промили, според статистичките податоци од Државниот завод за статистика на Република

Македонија објавени пред две години од тековната година, да е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење од најмалку три години во општината како и согласно другите услови утврдени со Законот.

Родителскиот додаток за дете не може да се оствари ако мајката во моментот на поднесувањето на барањето живее и работи во странство.

Во случај мајката да не е жива, да го напуштила детето, или од оправдани причини да е спречена непосредно да се грижи за детето, правото наместо мајката може да го оствари таткото или старателот доколку ги исполнуваат потребните услови.

Родителскиот додаток за второ дете ќе се исплатува месечно, за период од девет месеци, во висина од 30% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година.

Родителскиот додаток за трето дете ќе се исплатува месечно, за период од десет години, во висина од 50% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година.

Родителскиот додаток за четврто дете ќе се исплатува месечно, за период од 15 години, во висина од 70% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година.

Во случај мајката да роди четврто дете додека го остварува родителскиот додаток за трето дете, ќе остварува единствен родителски додаток месечно во висина од една просечна плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година.

Во случај мајката да роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) ќе остварува единствен родителски додаток во износ на повисокото право.

Во 2009 година се предвидува правото на родителски додаток за дете да се оствари за околу 6350 деца.

2. Облици за заштита на децата

а) Згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст - е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование и се обезбедува и остварува во детска градинка. Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца, под услови и на начин утврдени со Законот, можат да вршат и правни и физички лица.

Дејноста на детските градинки се остварува преку организирање и спроведување на програми кои според времетраењето на програмата се програми за: целодневен престој, полудневен престој, скратени програми, пилот програми, програма за продолжен престој, вонинституционални форми на активности со деца.

Во услови кога во местото на живеење нема јавна детска градинка, односно детската градинка нема слободни места, а родителите имаат интерес за вклучување во детска

градинка на одреден број деца, според кои во согласност со нормативите и стандардите за вршење на дејноста може да се формира една група, јавната детска градинка одделни услуги од својата дејност, може да организира во други просторни услови како и да организира и повремено чување на деца во домашни услови што ќе го остварува со постојниот кадар од детската градинка, надвореши соработници и стручни работници.
За овие активности јавната установа за деца – детска градинка треба да обезбеди согласност од Министерството за труд и социјална политика.
Во состав на јавна детска градинка согласно законот можат да се формираат советувалишта за деца и родители ,во функција на социјализација на децата и помош на родителите, според утврдени критериуми.

Во 2009 година ќе се следи реализацијата на „Основите на програмата за воспитно – образовната работа со децата од предучилишна возраст во јавните детски градинки" особено од аспект во подигање на квалитетот на услугата, но се очекува теоретските насоки да бидат осовремени и усогласувани со новите сознанија за раниот развој кај децата.

Квалитетот на услугата ќе се подигне и со донесување на Стандардите за рано учење и развој на децата кои ќе послужат како основа за унапредување на квалитетот на работата во јавните детски градинки но и пошироко, односно во рамки на семејството и локалната заедница. Со својата содржина тие се прилагодени за децата од 0 – 6 годишна возраст, за осознавање на нивното опкружување со луѓе и објекти а прилагодено на возрасните групи на децата со Законот за заштита на децата. Меѓутоа, стандардите ќе им помогнат и на родителите, стручните лица кои работат со мали деца како и на политичарите и членовите на локалната заедница да планираат и спроведуваат програми за квалитетна грижа и образование на малите деца.

Мрежа на установи за децата

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст се остварува во вкупно 51 јавна установа за деца - детска градинка распоредени во 40 општини во 180 објекти. Покрај тоа во девет села односно населени места функционираат групи за згрижување на деца во други просторни услови. Во текот на 2009 година постои можност, со исполнување на предвидените услови во Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детска градинка да се зголеми бројот на детските градинки и тоа заради создавање на поприфатливи услови за отпочнување со работа на приватни детски градинки како и заради фактот дека одредени помали општини покажуваат интерес за отварање на јавни установи за деца – детски градинки со мал капацитет.
Економските движења во стопанството, структурните и други реформи во нашата држава неминовно придонесоа за економски и социјални потешкотии во семејството, што резултираше и со намалување на бројот на децата во одредени детски градинки во изминатиот период. Заложбите на Владата на Република Македонија за подобрување на бизнис климата како и заложбите за активни мерки за вработување, треба да придонесат да се зголеми интересот за згрижување на децата во детските градинки. Со ваквата определба на Владата на Република Македонија, во одделни региони веќе се чуствуваат резултати односно зголемен интерес за згрижување во детски градинки.

Заради зголемениот интерес за згрижување на деца во детски градинки, користејќи ја законската можност за организирање на згрижувањето и воспитивањето во други просторни услови веќе се ставени во функција вакви групи во девет населени места. Се очекува ваквата тенденција да продолжи и во 2009 година кога се предвидува згрижувањето на децата во други просторни услови да се зголеми за најмалку 5 ново оформени групи во 5 населени места.

Анализата на состојбата на мрежата на детските градинки покажа дека во Република Македонија се опфатени околу 15% од генерациите од 0 до 6 годишна возраст или околу 22.460 деца. Искористеноста на постојните капацитети во просек изнесува 94%. Тргнувајки од овие показатели се наметна потребата за проширување на мрежата на јавни детски градинки. За да се овозможи проширување на мрежата на детските градинки во 2009 година Министерството за труд и социјална политика ќе предложи изменување и дополнување на Законот за заштита на децата со цел да се прошири кругот на основачи, помегу другото и врз основа на договори за јавно – приватно партнерство. Договорите за јавно - приватно партнерство ќе можат да се применуваат и од страна на централната власт, но и од страна на ЕЛС .

За децата од посиромашните семејства ќе се поддржи згрижувањето и воспитанието на децата со соодветна финансиска поддршка преку Правилник со кој ќе се уреди правото на партиципација.

Со цел за поцелосно искористување на капацитетите во јавните детски градинки, ќе се продолжи со обезбедувањето престој и исхрана и за деца од над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

Согледувајќи го значењето на раниот детски развој на децата особено за децата од ранливите групи на населението, во рамки на Декадата на Ромите, во 15 општини во Републиката и во 2009година, ќе продолжи да се имплементира проектот „ Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи". Финансирањето на овој проект се реализира со средства на Министерството за труд и социјална политика и РЕФ (Ромски едукативен фонд).

Работници во јавните установи за деца-детски градинки

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ја вршат работници од следните профили: негователи, воспитувачи, стручни соработници (виши медицински сестри, социјални работници, музички педагози, ликовни педагози, педагози по физичко воспитание), стручни работници (педагог, психолог, социјален работник, логопед, лекар, педијатар, правник, економист, дефектолог) и други профили на работници (готвачи, пом.готвачи, административни работници и др.) согласно со Законот и потребите за вршење на дејноста.

Бројот на групите во детската градинка претставува основа за утврдување на стандардите на потребното работно време за остварување на дејноста, односно претставуваат основа за утврдување на потребниот број на извршители.

Видот и степенот на образование, особено на т.н носечки кадри е предвиден во законот и подзаконските акти.

За жал иако бројот на опфатени деца расте, подолго време бројот на работници во детските градинки опаѓа. Според последната анализа на податоците, дејноста ја извршуваат вкупно 3.518 извршители од кои:

- 3048 вработени на неопределено време;

- 109 вработен на определено време;
- 249 ангажирани со договор за дело;
- 108 одстапени преку Агенција за времени вработувања и
- 4 вработени за итни и неодложни работи.

Во 2009 година се очекува неповолната статусна структура на работниците во детските градинки, како и недоволниот број на извршители да се подобри. Оваа определба треба да биде во контекст на имплементацијата на политиката на Владата на Република Македонија за преземање на дополнителни мерки и активности за поголема грижа и заштита за најмладата популација, како и определбата за зголемен опфат на деца со крајна цел за усогласеност на семејните и работните обврски на родителите.
Во функција на подигнување на квалитетот на услугите, ќе се настојува во рамки на расположивите материјални можности да се организираат обуки за работниците.

Изградба, тековно и инвестиционо одржување на објектите

Проширувањето на мрежата на јавните установи- детски градинки во 2009 година ќе се раализира согласно со Програма која ќе ги опфати приоритетите за изградба, доградба и реконструкција на простор наменет за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст. Се предвидува акцент да се стави на руралните населби, но и во општини каде капацитетите се под потребите на родителите и децата за овој вид на заштита.
Инвестиционите активности ќе бидат насочени кон довршување на започнатата изградба и опремување на новиот објект, наменет за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во населбата „Даме Груев“ во Општина Ѓорче Петров, но доколку се создадат услови може да се отпочне и со подготовки за изградба и во други општини каде би требало да се преземат активности за доградба и проширување на постојните капацитети. Овие активности ќе се реализираат согласно програмата за изградба, тековно и инвестиционо одржување на објектите.
Тековното одржување на објектите ќе се остварува во рамки на расположивите средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година со приоритетно извршување на неопходните работи заради обезбедување на нормално и безбедно функционирање и вршење на дејноста (замена на кровови, поправки на водовод, канализација и санитарни чворови, замена на дотраена дрвена столарија и термотехничка инсталација).

2.Одмор и рекреација на децата

Одморот и рекреацијата на децата е облик на заштита на децата кој како дејност се организира за престој, активен одмор, социјализација на децата, воспитни, образовни, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности со децата од 5 до 18 години живот, за развивање на психомоторниот развој на децата и способност за договарање, почитување на разликите и соработка во групи, способност за прифаќање на себеси и другите и ориентација во просторот.
Имајќи го во вид значењето на одморот и рекреацијата на децата како битен облик во заштита на децата, во рамки на расположивите финансиски средства, со посебна

програма, во 2009 година ќе се инвестира во реконструкција и опремување на одделни детски одморалишта кои подолг период беа надвор од функција.

3.Други облици на заштита на децата

За развој на личноста на детето, талентот, менталните, физичките, креативните и другите способности, подготвување за самостоен и одговорен живот се обезбедуваат и други облици за заштита на децата како програмски активности во областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, рекреативни и слободни активности и спортот.

Во рамките на системот на заштитата на децата се спроведуваат и други програмски активности со кој се унапредува дејноста, меѓу кои се:

- Спроведување на проекти за деца со пречки во телесниот и интелектуалниот развој;
- Спроведување на проекти, програми и едукација на стручниот и друг кадар воопшто како и заради имплементација на Стандардите за рано учење и развој на децата од предучилишна возраст;
- Програмски активности за оспособување на згрижувачко-воспитниот, воспитно-образовниот и друг кадар со најновите современи сознанија во работите кои ги вршат овие работници и согласно закон (професионален развој на кадрите);
- Програмски активности на соработка за унапредување на исхраната на децата, хигиено-техничките и здравствени услуги, дидактички материал;

Реализацијата на најголем дел од овие активности ќе се реализира во соработка со УНИЦЕФ, Потрага по заедничка основа - Мозаик, Фондација за образовни и културни иницијативи " Чекор по чекор", Ромскот едукативен фонд, стручни институции, невладини организации, органи, здруженија, и др.

II. Финансирање на заштитата на децата

Програмата за развој на заштитата на децата за 2009 година ќе се реализира со средства од Буџетот на Република Македонија за 2009 година и тоа од:

1. Раздел 150.10 Општествена заштита на децата ,во вкупен износ од 1.314.960.000 денари и тоа преку остварување на следнате програми:

Програма 2 - Дејност на детски градинки и одморалишта со вкупен износ од 200.697.000 денари и тоа за :

- Потпрограма 21 - Дејност на детски градинки со износ од 110.491 000.денари
- Потпрограма 22 - Дејност на детски одморалишта со износ од 8 706 000 денари.
- Потпрограма 2А Изградба, опремување и одржување на објекти во детска заштита

со средства во износ од 81 500 000 денари и

Програма А

А Децентрализација, односно **А2**- Пренесување на надлежности на ЕЛС со износ од 1. 114. 263 000 денари и

2. Раздел 150 20 -Социјална заштита

Програма 4 -Надоместоци и права во социјалната област:

-Потпрограма 43 - Надоместоци по основ на права од детска заштита со износ од 1.010 500.000 денари од кои за:

-Категорија 42-Стоки и услуги , во износ од 10 500 000 денари, наменет за :
- ставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт со износ од 10. 000 000 денари и
- ставка 425 Договорни услуги со износ од 500 000 денари.

-Категорија 47- Социјални бенефиции
- ставка 471 Социјални надоместоци во износ од 1 000 000 000 денари од кои ќе бидат наменети за :
- детски додаток..... 300 000 000 денари
- посебен додаток..... . 280 665 000 денари
- *еднократна парична помош за* новороденче(и пом. за опрема на новороденче) 104 261 000 денари
- партиципација ..... 19 024 000 денари
- родителски додаток за дете..... 296 050 000 денари

Распределбата на финанските средства наменети за правата за заштита на децата по видови на права е направена во согласност критериумите во законот и во согласност со расположивите средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

III. Мерки и активности за развој на заштитата на децата

За остварување на основните цели и задачи утврдени во оваа програма ќе се преземат следните мерки и активности:

1.Со соодветни измени и дополнување на Законот за заштита на децата кои се направени во функција на имплементација на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008 – 2015, со Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правата за заштита на децата ќе се овозможи доследна имплементација на истите од 1 јануари 2009 година;

2.По донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата со кој се предложени одредени осовременувања во законската регулатива во насока на прилагодување кон современите текови на општеството, како и заради вградување на одредби кои значат повисоко ниво на заштита како обврска од меѓународните документи, ќе се пристапи кон изменување и дополнување на подзаконските акти неопходни за имплементација на законот со почитување на определбата за намалување на документите кои треба да ги обезбеди барателот како и со скратување на роковите за одговор или решение за остварување на одреден вид на парична помош;

3.Со донесувањето на Правилникот за стандарди и нормативи за вршење на дејноста на детска градинка ќе овозможи во системот на заштита на децата да биде вклучен приватниот сектор, но и помалите општини кои во рамки на расположивите средства ќе можат да основаат јавни установи за згрижување и воспитување на деца- детски градинки што ќе одговараат на локалните потебите за ваков вид на грижа и заштита;

4 . Соработка со општините, општините во Градот Скопје при имплементацијата на процесот за децентрализација, а со општините во кои не се изградени објекти - детски градинки, ќе продолжи да се дава поддршка за остварување за организирано згрижување и воспитание на деца во други просторни услови кои се предвидени со Законот;

5. За да може да се зголеми кругот на основачи на јавни и приватни детски градинки, ќе се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за заштита на децата со вградување на одредби кои ќе овозможат изградба и функционирање на детски градинки врз основа на договор за јавно – приватно партнерство. Истовремено како основач ќе може да се јави и Владата на Република Македонија, која ќе делува во насока на поравномерен пристап на децата во детски градинки особено во руралните средини ;

6. Ќе се отпочне со процесот на примена на Стандардите за рано учење и развој, со што раниот детски развој ќе стане еден од приоритетите на сите носители на развојот и заштитата на децата вклучувајки ги тука државата, локалната заедница, родителите, стручните лица и сл. Примената на Стандардите ќе го олесни патот за натамошниот развој на личноста на детето и нејзино полесно вклучување во општеството;

7. Ќе се следи реализацијата на Основите на програмата за воспитно –образовната работа со децата од предучилишна возраст со цел истата да може да биде доградувана и усогласувана со новите сознанија за развој на децата и со Стандардите за рано учење и развој на децата;

8. Поцелосно искористување на расположивите капацитети со промовирање на скратени програми за децата од недоволно развиени подрачја и региони, со што ќе се реализира принципот на достапност и правичност на јавната услуга. Доколку родителите искажат потреба за згрижување на децата во втора смена и во сабота, Министерството ќе даде поддршка на ЕЛС во поширока реализација на таквата определба;

9. Надзор (стручен надзор, инспекциски надзор), спроведување и следење на остварувањето на Законот, како и мониторинг и евалуација на преземените активности;

10. Следење на развојот на заштита на децата и работи поврзани со хумана популациона политика како и остварување на правата за заштита на децата, остварувањето на постапката согласно закон, со насоки за примена на законската и подзаконската регулатива;

11. Обезбедување на редовна исплата на паричните примања на децата и

12. Донесување на Одлука за начинот на наплата на износот за "Детска недела".

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Бр. 19 - 6447/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

70.

Врз основа на член 32 став 4 точка 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06. 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, РАШИРЕНОСТА, СПРЕЧУВАЊЕТО И СУЗБИВАЊЕТО НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ ЛУЃЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА

Ц Е Л

Програмата има за цел спречување и сузбивање на бруцелозата кај луѓето на територијата на целата Република преку:

- планско спроведување на мерките и активностите за спречување на понатамошно ширење на бруцелозата и сузбивање на болеста на територија на целата Република;
- епидемиолошки набљудувања и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата;
- рано и активно откривање и навремено хоспитализирање на заболените, за да се спречат компликациите, инвалидноста, рецидивите и смртноста;
- лабораториско докажување;
- информирање и здравствено - воспитна дејност.

А. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За остварување на целите утврдени со оваа Програма ќе се спроведуваат следните мерки и активности:

- изготвување на оперативни планови за спречување и сузбивање на бруцелозата во 2009 година, и тоа посебно за подрачјата во кои во изминатите години е регистрирана бруцелозата, како и за територииите каде ова заболување не е регистрирано;

  Носители: Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици, во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита.

- организирање на регионални советувања со раководителите на Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици, здравствените организации, ветеринарната дејност и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како и ветеринарната инспекција во општините.

На советувањата ќе бидат разработени мерките и активностите за спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за регионот и одделно за секоја општина, врз основа на анализата на конкретната епидемиолошка и епизоотолошка состојба на ова заболување, како и на досега постигнатите резултати и преземените мерки.

Носители: Републичкиот завод за здравствена заштита, Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици.

- одржување регионални семинари, на кои здравствените работници ќе се запознаат со раширеноста на бруцелозата во Република Македонија, епизоотолошката и епидемиолошката состојба, клиничката слика, дијагностиката и другите карактеристики на бруцелозата, како и мерки кои треба да се спроведуваат за нејзиното сузбивање.

Носители: Републичкиот завод за здравствена заштита, Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици.

- Микробиолошко - лабораториска дијагностика на бруцелозата кај луѓето ќе се врши во лабораториите на Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици и Републичкиот завод за здравствена заштита.

Носители: Микробиолошките лаборатории на Заводи за здравствена заштита и нивните подрачни единици, Републичкиот завод за здравствена заштита.

- Верификација на сомнително - позитивните серолошки наоди, и стручно - методолошка помош за микробиолошката дијагностика ќе дава Републичкиот завод за здравствена заштита.

Носител: Републичкиот завод за здравствена заштита.

- За секој откриен случај на бруцелозата кај луѓето или добиен податок за заболен добиток, се вршат епидемиолошки, серолошки и клинички испитувања, со цел да се откријат сите заболени во таа населба.

Носители: Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици, Републичкиот завод за здравствена заштита.

- За секој случај на заболување од бруцелоза кај луѓето, покрај Заводот за здравствена заштита и/или неговата подрачна единица и Републичкиот завод за здравствена заштита, се известува и ветеринарната организација, Државниот санитарен и здравствен инспекторат како и ветеринарната инспекција во општините.

Носители: Здравствените организации.

- Секое лице кај кое клинички или епидемиолошки е поставена дијагноза или сомневање за бруцелоза, се упатува до специјалист-инфектолог за испитување и поставување на дијагноза. Секој потврден случај на бруцелоза се хоспитализира на одделенијата за инфективни болести во Републиката или на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби при Медицинскиот факултет во Скопје.

Носители: Здравствените организации.

- Здравствен надзор над ризичните групи на работници (ветеринарни работници, работниците во кланиците, во кожарската индустрија, во млекарниците, сточарите и други), ќе се врши преку здравствени прегледи, во кои се вклучени епидемиолошки и клиничко-серолошки испитувања на бруцелоза.

Носители: Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици.

- Евиденцијата и документацијата се води по единствена методологија, согласно Упатството од Републичкиот завод за здравствена заштита, а стручно-методолошка помош и контрола врши Републичкиот завод за здравствена заштита.

Носители: Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици, Републички завод за здравствена заштита.

- Здравствено просветување на населението се врши преку поединечни разговори, организирани предавања во работните организации и населбите, како и преку средствата за јавно информирање, при што населението се запознава со природата на болеста, начинот на пренесувањето, заштитата и друго.

Носители: Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици, Републички завод за здравствена заштита.

- **Заводите за здравствена заштите и нивните подрачни единици изготвуваат тромесечни и годишни извештаи за состојбата со бруцелозата на нивното подрачје и преземените мерки и активности за нејзино спречување и сузбивање и истите ги испраќаат до РЗЗЗ.**

РЗЗЗ врз основа на пријави за заразни болести, епидемиолошките анкети и теренските увиди изготвува повремени информации за состојбата со ова заболување, како и годишен извештај. Годишниот извештај за претходната година, РЗЗЗ го доставува до Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Фондот за здравствено осигурување, Ветеринарната инспекција и др.

Носители: Заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици, Републички завод за здравствена заштита.

* *
*

Министерството за здравство врз основа на извештаите од Републичкиот завод за здравствена заштита, по потреба ја известува Владата на Република Македонија.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмските активности за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за 2009 година, потребни се следните средства :

Ред. Број	Назив	Износ во денари
1.	Епидемиолошки надзор на терен и истражување	1.150.000,00
2.	Активности за Институт за епидемиологија	132.200,00
3.	Епидемиолошки анкети (1.310 X 500.00 ден.)	655.000,00
4.	BAB Test - 6.800 анализи x 196,00 денари	1.332.800,00
5.	Wright-ова реакција - 3.000 x 380,00 денари	1.140.000,00
6.	Coombs-ov тест - 1.500 x 120,00 денари	180.000,00
7.	Здравствено-воспитни активности	610,000,00
8.	Партиципација за 318 осигурени лица	2.800.000,00
	ВКУПНО:	**8.000.000,00**

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 8.000.000,00 денари.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во износ од 8.000.000,00 денари.

Распределбата на средствата по Програмата ќе ја врши Министерството за здравство тримесечно на здравствените установи извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Средствата предвидени за партиципација во износ од 2.800.000,00 денари во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија, врз основа на поднесен извештај за извршените здравствени услуги за кои е пресметана партиципација.

Надзор над спроведувњето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Здравствените установи кои се извршители во Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 6321/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

71.

Врз основа на член 43 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.166/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 2.01.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАМНОМЕРЕН И ОДРЖЛИВ РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2009 ГОДИНА

Член 1

За поттикнување на рамномерниот регионален развој на Република Македонија во 2009 година, во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, Раздел 280.01, Потпрограма 1А-Рамномерен и одржлив регионален развој , ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, се утврдени средства во износ од **166.500.000 денари**.

Член 2

Средствата од членот 1 од оваа Програма ќе се користат за следните намени:

Намена	Вкупно денари
1. Неповратно учество во финансирање проекти во планските региони	**90.650.000**
2. Неповратно учество во финансирање проекти во подрачјата со специфични развојни потреби	**25.900.000**
3. Неповратно учество за финансирање проекти за развој на селата	**12.950.000**
4. Исплата на средства за плаќање на придонесите за ПИО и ЗО за лица кои имаат стекнато право на плаќање	**29.000.000**
5. Исплата на средства за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити	**8.000.000**
Вкупно:	**166.500.000**

Член 3

Средствата од членот 2 точка 1 од оваа Програма во износ од **90.650.000 денари** ќе се користат за финансирање проекти на планските региони, врз основа на предложени проекти од советите на осумте плански региони во Република Македонија.

Член 4

Средствата од членот 2 точка 2 од оваа Програма во износ од **25.900.000 денари** ќе се користат за финансирање проекти во подрачјата со

специфични развојни потреби, определени со акт на Владата на Република Македонија.

Член 5

Средствата од членот 2 точка 3 од оваа Програма во износ од **12.950.500 денари** ќе се користат за финансирање проекти за развој на селата.

За користење на средствата од ставот 1 на овој член за одобрени проекти од општина со седиште во град, локалната самоуправа обезбедува учество од 50%.од вредноста на проектот.

Одобрените проекти од членот 2 точка 3 од оваа Програма од општина со седиште во село немаат обврска за кофинансиорање на проектите.

Член 6

Средствата од членот 2 точка 4 од оваа Програма во износ од **29.000.000 денари** ќе се користат за исплата на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лицата кои имаат стекнато право на плаќање заклучно со 31.12.2007 година, согласно член 71 од Законот за рамномерен регионален развој и истите продолжуваат да го користат до остварувањето на правото на пензија согласно со закон.

Член 7

Средствата од членот 2 точка 5 од оваа Програма во износ од **8.000.000 денари** ќе се користат за исплата на обврските за одобрените регреси на дел од камати по користени кредити заклучно со 31.12.2007 година согласно член 72 од Законот за рамномерен регионален развој и истата продолжува до завршувањето на отплатата на кредитите.

Член 8

Средствата од член 2 точка 1, 2 и 3 од оваа Програма ќе се одобруваат согласно утврдените принципи, цели и приоритети на регионалниот развој во Република Македонија и дефинираните мерки, инструменти и финансиски и други средства за нивна реализација утврдени со Стратегијата за регионален развој на Република Македонија и подзаконските акти за спроведување на Законот за рамномерен регионален развој.

Член 9

Средствата од член 2 точка 1, 2 и 3 од оваа Програма, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој, се доделуваат на центрите за регионален развој и единиците на локалната самоуправа.

Член 10

Следење на користењето на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој според оваа Програма ќе врши Министерството за локална самоуправа преку извештаи за реализација на проектите за кои се доделени финансиски средства подготвени од центрите за развој на планските региони и носителите на проектите.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19 – 7173/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

72.

Врз основа на член 19 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.166/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ЗА 2009 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, раздел 040.01 – Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 – Администрација, ставка 463 – Трансфер до невладини организации, за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации, во вкупен износ од 15 000 000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации, преку грантови за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

	Опис на приоритет	Вкупен износ во денари	Број на грантови	Износ на средства по грант
I	**Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење,** преку: • Продолжување на политиката за рамномерен регионален развој; • Развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој; • Јакнење на јавното приватно партнерство • Подобрување на условите на граѓаните за квалитетен и здрав живот со вложување во здравството, образованието, културата и животната средина; • Промоција на културниот идентитет во функција на препознатливост на Република Македонија во меѓународни рамки, заштита на културното наследство и развој на туризмот.	5.500.000	25	220.000
II	**Интеграција во НАТО и ЕУ**, преку: • Целосно вклучување на потенцијалот на граѓанскиот сектор и сите релевантни фактори во процесот на пристапување; • Поттикнување и поддршка на граѓански и деловни иницијативи за имплементација на проекти поврзани со Европската Унија и нивно членство во ЕУ организациите.	2.000.000	8	250.000
III	**Продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото**, преку:	3.500.000	20	175.000

	• Продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал; • Зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата особено во процесот на донесување на одлуки и поттикнување на активното учество на граѓанскиот сектор.			
IV	**Одржување добри меѓуетнички основи и соживот врз принципите на меѓусебната толеранција и почит и подеднакво спроведување на законот како и довршување на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор**, преку: • Довршување на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор и јакнење на меѓуетничката доверба.	2.000.000	10	200.000
V	**Инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава**, преку: • Натамошен развој на информатичко општество; • Подобрување на квалитетот на образованието во согласност со барањата на пазарот на трудот и економските потреби.	2.000.000	10	200.000

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 на оваа програма ќе се спроведе согласно добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Македонија, утврдена во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа Програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

5. Здруженијата на граѓани и фондации на кои ќе им бидат доделени средства согласно Програмата, по завршувањето на своите програмски активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, најдоцна до 31.01.2010 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе достави Извештај за реализација на Програмата до Владата на Република Македонија, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28.02.2010 година.

7. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 6350/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

73.

Врз основа на член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08). Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИТЕ И РЕПРЕЗЕНТАТИВНИТЕ ОБЈЕКТИ И СЛУЖБЕНИ ПРОСТОРИИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ВО 2009 ГОДИНА

I.

Со оваа програма се определуваат активностите кои ќе се преземат, висината на средствата и репрезентативните и резиденцијалните објекти и службените згради и службените простории коишто подлежат на инвестиционо одржување.

Средствата за реализација на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службените простории на органите на државната управа ќе се користат за:

1. Завршни надворешни работи – хортикултурно уредување на комплексот Вила 1 на Водно и набавка на мебел и опрема за ставање во функција на истата со што би се створиле работни услови за потребите на Претседателот на Република Македонија и неговиот кабинет.

2. Реконстукција на фасадата на објектот Влада на Република Македонија со цел подобрување на термичката и звучната изолација, со што значително би се подобриле условите за работа.

II.

Средствата за извршување на мерките и активностите од дел I на оваа програма се обезбедени од следните извори:

1. Буџет на Република Македонија за 2009 година, согласно со Раздел 040.02, Потпрограма 1А – Реконстукција на згради на владини органи.

- ставка 481 – Градежни објекти	**150.000.000,00**
- ставка 483 – Купување мебел, опрема, возила и машини	**30.000.000,00**

III.

Средствата од дел II на оваа Програма ќе се користат за следните намени:

А. РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ, РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ И УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

1. Комплекс Вили Водно
Вила 1

1.1. Хортикултурно уредување	15.000.000,00

Б. СЛУЖБЕНИ ЗГРАДИ И ПРОСТОРИИ

1. Влада на Република Македонија

1.1. Промена на постојната фасада од алуминиум со стаклена фасада – sид завеса	110.000.000,00
Набавка, изработка и монтажа на лифтови за лица со посебни потреби	25.000.000,00

В. КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ, ОПРЕМА, ВОЗИЛА И МАШИНИ, СТАВКА 483

1. Вила 1 на Водно

1.1. Набавка на мебел и опрема	30.000.000,00

ВКУПНО А, Б и В: 180.000.000,00

IV.

За извршување на оваа програма се грижи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

V.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19 – 6475/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

74.

Врз основа на член 57 став 3, од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО 2009 ГОДИНА

I

Средствата за ветеринарно јавно здравство во 2009 година се утврдуваат во износ од 20.000.000,00 денари и тоа од следните извори:

	во денари
1. Средства од Буџетот на Република Македонија	**20.000.000,00**

II

Средствата утврдени во дел I на оваа програма се користат за:

Ставка	Предвидени средства во денари
1. Следење и откривање на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло и следење на употребата на ветеринарно медицински препарати кај домашните животни и утврдување на антимикробна резистенција	11.500.000,00
2. Следење и откривање на салмонелозата и други зоонотски агенси кај животните и храната од животинско потекло	2.500.000,00
3. Програма за мониторинг на хигиенската исправност и квалитетот на храната од животинско потекло	2.000.000,00
4. Програма за мониторинг на безбедноста и хигиенската исправност на добиточна храна и другите производи за исхраната на животните	1.000.000,00
5. Програма за мониторинг на маститис кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето	500.000,00
6. Центар за несакани дејства од употребата на ветеринарно медицинските препарати	500.000,00
7. Воведување на ISO стандарди	1.500.000,00
8. Изготување и печатење на едукативни материјали, информативни брошури и медиумска кампања и други документи за потребите на Управата за ветеринарство	500.000,00
ВКУПНО	20.000.000,00

III

Средствата од дел II точка 1 на оваа програма во износ од 11.500.000 денари, ќе се користат за :

- трошоци за дијагностичко испитување на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло	10.500.000,00
- следење на употребата на ветеринарно медицинските препарати кај домашните животни и утврдување на антимикробна резистенција	1,000.000,00

IV

Средствата од дел II точка 2 на оваа програма во износ од 2.500.000 денари, ќе се користат за:

- трошоци за дијагностичко испитување и откривање на салмонелозата кај живината	2.000.000,00
- трошоци за дијагностичко испитување и откривање на салмонелозата и други зоонотски агенски кај свињите	500.000,00

V

Средствата од дел II точка 3 на оваа програма во износ од 2.000.000 денари, ќе се користат за:

- мониторинг на хигиенската исправност на храната од животинско потекло	1,500,000,00
- мониторинг на квалитетот на храната од животинско потекло	500,000,00

VI

Средствата од дел II точка 4 на оваа програма во износ од 1.000.000 денари, ќе се користат за:

- мониторинг на хигиенската исправност на добиточната храна и други производи за исхрана на животните	750,000,00
- мониторинг на квалитетот на добиточната храна и други производи за исхрана на животните	250,000,00

VII

Средствата од дел II точка 5 на оваа програма во износ од 500.000 денари, ќе се користат за:

- мониторинг на маститис кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето	500,000,00

VIII

Средствата од дел II точка 6 од оваа програма во износ од 500.000 денари, ќе се користат за:

- трошоци за изработка и воспоставување стандардни процедури за евалуација и следење на несаканите дејства кај ветеринарно медицински препарати и изработка и одржување на веб страна на Центарот за несакани дејства.	500.000,00

IX

Средствата од дел II точка 7 од оваа програма во износ од 1.500.000 денари, ќе се користат за:

- воведување ISO стандарди во Управата за ветеринарство	1.500.000,00

X

Средствата од дел II точка 8 од оваа програма во износ од 500.000 денари, ќе се користат за:

- изготување и печатење на едукативни материјали, информативни брошури и медиумска кампања и други документи за потребите на Управата за ветеринарство	500.000,00

XI

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуството на резидуи во сировините и производите од животинско потекло и следење и откривање на салмнолеозата и други зоонотски агенски кај животните и храната од животинско потекло.

XII

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку некоја мерка не биде извршена, а друга е извршена во поголем обем, пренамена на средствата може да врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно предвидените средства по оваа програма.

XIII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 7131/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

75.

Врз основа на член 32 став 4 точка 7 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04,84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

В О В Е Д

Со почетокот на школувањето, бројни фактори од училишната средина се јавуваат како ризични за здравјето на ученикот. Раната детекција на психо-социјалните, развојните и социо-економските ризици треба да претставува приоритет во грижата за училишните деца и младина.

Потребата за скрининг на здравјето на училишните деца и младина произлегува од брзиот психофизички раст и развој на ученикот и адолесцентот, односно следењето и откривањето на сите промени во тој развој.

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца и младина се систематските прегледи, кои се вршат организирано во јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштите на предучилишни и училишни деца и тимовите за превентивна стоматолошка заштита. Редовното извршување на планираните систематски прегледи, со целосно опфаќање на содржината на прегледот, овозможува континуиран надзор над здравјето и развојот на ученикот и адолесцентот.

Конитинуираното следење на растот и нутритивниот статус на деца и адолесценти овозможува формирање на национална база на податоци која ќе биде основа за понатамошни превентивни програми и стратегии.

1. ЦЕЛ НА СИСТЕМАТСКИОТ ПРЕГЛЕД

Систематските прегледи на учениците и адолесцентите се вршат со цел да се изврши :

- динамично следење на растот и развојот и состојба на исхранетост (нутритивен статус),
- рано откривање на отстапување на растот согласно возраста кај децата,
- детекција на состојби на потхранетост или здебеленост,

- рана превенција како фактор за намалување на заболувањата и состојбите на ризик кај деца, особено во функција за спречување на појава на незаразни заболувања во подоцнежниот период,
- откривање на ризик фактори за одредени заболувања,
- превенција на одредени заболувања,
- дијагностицирање на одредени пореметувања из аболувања со цел навремено да се лекуваат истите,
- откривање на штетни навики,
- корегирање на откриените аномалии и недостатоци,
- лекување на утврдените пореметувања и заболувања,
- формирање на национална база за раст и нутритивен статус за оваа популациона група.

2. ВОЗРАСТ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ПОДЛЕЖНИ НА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

Првиот систематски преглед се врши во прво одделение. Во текот на целото школување континуирано се следи здравствената состојба на учениците. Така во тек на основното образование задолжителни систематски прегледи се вршат и во 3-то, 5-то и 7-мо одделение. Средношколците се опфатени со систематски прегледи во 1-ви и 4-ти клас, а студентите во 1-ва година.

Возраста на ученикот е детерминирачки фактор за содржината на систематскиот преглед.

- Кај помалите ученици поголемо внимание се обрнувана општата ухранетост и развиеност, откривање на ризик фактори за одредени заболувања; превенција на одредени заболувања;дијагностицирање на одредени пореметувања и заболувања со цел навремено да се лекуваат истите како и корегирање на откриените аномалии и недостатоци
- Кај повозрасните ученици систематски треба да се следат физичките и психичките промени во пубертетот и адолесценцијата, како и откривање и сузбивање на заболувања и навики, кои штетно влијаат на здравјето (болести на зависност, алкохол, пушење, неуроза и сл.).

Одделни елементи на физичкиот или психичкиот статус, каде што со оглед на интензивниот развој се очекуваат нагли промени, ќе се следат со целни (насочени) систематски прегледи во пократки временски интервали, зависно од констатираните претходни состојби.

3. СОДРЖИНА НА СИСТЕМАТСКИОТ ПРЕГЛЕД

Систематскиот преглед опфаќа низа медицински постапки со кои се утврдува здравствената состојба , психичкиот и физичкиот развој на ученикот, односно студентот за рано откривање на заболувања или нарушувања како навремено би се превзеле потребни мерки за здравствена заштита.

Систематскиот преглед содржи :

3.1.Општ медицински преглед

- мерење на телесната тежина и висина и одредување на ИТМ заради оценка на телесниот раст и општа ухранетост
- преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети (на `рбетен столб, граден кош, стопала и др.);
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- мерење на пулс и крвниот притисок;
- испитување на видот,слухот и говорот;
- оценка на психичкиот развој;
- земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и првата менструација (кај ученички и студенти);
- земање податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на контрацептивни средства;
- откривање на навики и болести на зависност кои штетно влијаат врз здравјето (пушење, консумација на алкохол, употреба на таблети, лепак и дрога);
- упатување на лабораториски преглед (крвна слика и урина), а по потреба на радиолошки и друг специјалистички преглед;
- прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети ;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации;
- евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон ;
- кај патолошките наоди се запишува деталниот наод во здравствениот картон со превземање на соодветни мерки за санирање и следење на патолошките состојби;

3.2 контролни прегледи и
3.3 целни (насочени прегледи за поедини заболувања).

3.4 СТОМАТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД *:*

- контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците;
- евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон.

Стоматолошкиот преглед ќе го врши стоматолог, кој наодот ќе го внесе во специјален картон, препорачан од СЗО.

3.5. ЛАБОРАТОРИСКИ ПРЕГЛЕД *:*

- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина .

Контрола на понатамошниот развој или стагнација или евентуално потполно санирање на утврдените патолошки состојби се врши во одредени временски интервали по извршениот систематски преглед.

При систематски преглед се врши оценка на психофизичките способности и се дава мислење за подобноста на ученикот за понатамошно школување , односно одредено занимање.

4. ПРОЦЕНКА НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ

Бројот на учениците и студентите кои треба да бидат систематски прегледани во 2009 година е процент врз основа на на бројот на учениците и студентите според податоците добиени од Министерството за образование и наука.

а) Основно образование :

Во 2009 година со систематски прегледи треба да бидат опфатени 108.290 ученици од основните училишта, од кои :

- **25 151** ученици во 1 одд.
- **25.897** ученици во 3 одд.
- **28 880** ученици во 5 одд.
- **28 362** ученици во 7 одд.

б). Средно образование:

Во средните училишта во текот на 2008 година, со систематски прегледи ќе бидат опфатени 46673 ученици и тоа:

- **25563** ученици во први клас
- **22100** ученици во четврти клас.

в) Високо образование:

Во 2009 година, со систематски прегледи ќе бидат опфатени 14.232 студенти, од кои во првата година 12.658 студенти.

Вкупно ученици (основно и средно) како и студенти кои треба да бидат опфатени со систематски прегледи се 169.196.

Програмата предвидува реализација на систематските прегледи со опфат од 90 до 95% од вкупното планирање.

5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивните тимови од ЈЗУ во примарна здравствена заштита, односно специјалисти по училишна

медицина и доктори по општа медицина, а за студентите од Универзитетите систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивните тимови од здравствените установи специјализирани за таа дејност во рамките на универзитетите во градовите каде се наоѓаат универзитетите.

Здравствено промотивната активност ќе ја извршуваат истите тимови во соработка со Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита ќе изработи

1. Прирачник за превенција од болести на зависност и злоупотреба на супстанци- за здравствени работници, наставници,професори
2. Превенција од болести на зависност и злоупотреба на супстанци-Брошура за родители,
3. Превенција од болести на зависност и злоупотреба на супстанци-летоk за адпелсценти и млади
4. Прирачник за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на адолесценти и млади- за здравствени работници,наставници
5. Унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на адолесценти и млади- брошура за родители
6. Унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на адолесценти и млади -леток за адолесценти и млади
7. Унифициран картон за имунизација со пишано упатство како унифицирана евиденција
8. Картон за општи и систематски прегледи со печатено упатство
9. Картон за стоматолошки систематски прегледи на училишни деца и младина со печатено упатство.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца ќе изведува теренски посети за стручно-методолошка поддршка за превентивните тимови за училишните деца и младина во ЈЗУ во примарна здравствена заштита, во Република Македонија.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во соработка со РЗЗЗ ќе врши едукација на превентивните тимови за училишните деца и младина во ЈЗУ -примарна здравствена заштита, во Република Македонија.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во соработка со поливалентната патронажна служба ќе учествува во откривање на семејства кои имаат деца надвор од образовниот систем со цел вклучување на истите во здравствениот систем заради изведување на систематските прегледи и вакцинациите и унапредување на нивното здравјето

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во соработка со членовите на локалните заедници и граѓанскиот сектор ќе учествуваат во здравствена едукација на децата од училишна возраст и младина кои живеат во рурални средини или припаѓаат на ромските заедници и не посетуваат училиште.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита ќе достави Информација за извршување на мерките од Програмата до Министерството за здравство на Република Македонија.

6. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Мерките и активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат:

- Од Буџетот на Република Македонија предвиден за реализација на оваа програма за неосигурани ученици и студенти, и тоа:

Ред бр	Назив	Износ во денари
1.	За систематски прегледи на неосигурани лица (од вкупно 169.196 ученици и студенти од кои 12% се неосигурани лица , 20.303 Х 320.00 денари)	6.497.126,00
2.	Систематски прегледи на неосигурани лица неопфатени во образовниот систем, 5.000 Х 320,00 денари.	1.600.000,00
3.	За систематски стоматолошки прегледи на неосигурани лица (од вкупно 169.196 ученици и студенти од кои 12% се неосигурани лица = 20.303 x100.00 denari)	2.030.300,00
4.	За систематски стоматолошки прегледи за неосигурани лица на возраст од 7-18 години неопфатени во образовниот систем 5.000 Х 100,00 денари	500.000,00
5.	Лабораториски прегледи на неосигурани лица (од вкупно 169.196 ученици и студентиод кои 12% се неосигурани лица = 20.302 Х 250.00 денари)	5.075.750,00
6.	Лабораториски прегледи на неосигурани лица на возраст од 7 до18 години неопфатени во образовниот систем 5.000 Х 250,00 денари	1.250.000,00
7.	За залевање на забите на првите катници кај децата до 6 годишна возраст	5.000.000,00
8.	За едукативно-пропаганден материјал на децата во врска со залевањето на забите	1.000.000,00
	Вкупно 1-8	**23.193.006,00**
9	Печатење на обрасци за пратење на здравствената состојба на децата од училишна возраст: - унифициран картон за имунизација со пишано упатство 30.000 картончиња х 20,00 денари = 600.000 денари - инифициран картон за систематски прегледи на училишни деца и младина со печатено упатство =30.00 х 20,00 денари = 600.000,00 - унифициран картон за стоматолошки систематски прегледи на училишни деца, младина и студенти со печатено упатство = 30.000 х 20,00 денари = 600.000,00	**1.800.000,00**
10	Изработка печатење и дистрибуција на упатства за здравсвени работници: - Упатство за безбедност во спроведување на имунизација, - Упатство за спроведување на систематски прегледи кај	**240.000,00**

	училишни деца и универзитетска младина, - Превенција на обезитас кај училишни деца 3 x 400 примероци x 200 денари	
11	Теренски посети за стручно-методолошка поддршка на превентивните тимови за училишни деца и младина во здравствените домови и мониторирање на програмата 50 посети по 5.000 денари	**250.000,00**
12	Ренинзи за здравствените работници (лекари и медицински сестри) од превентивните тимови кои работат со деца од училишна возраст на теми поврзани со ризчни видови на однесување, имунизација, унапредување на квалитетот на систематските прегледи - (20 x 50.000 ден.) Тренинзи на здравствените работници од превентивните тимови и од ПЗЗ кои работат со деца од училишна возраст, со цел да се надмине биомедицинскиот пристап во работата и да се минимизираат бариерите кај младите преку унапредувае на коминикациски вештини при работа со млади и вештини на водење на психосоцијално интервју и советување (20 x 50.000)	**2.000.000,00**
13.	Здравствено-едукативни активности и изработка на промотивни материјали и: 1. Прирачник за превенција од болести на зависност и злоупотреба на супстанци за здравствени работници, наставници - 2000 примероци. 2. Превенција од боелсти на зависност и злоупотреба на супстанци Брошура за родители на македонски, албански, Турски и ромски јазик 169 434 летоци. 3. Превенција од боелсти на зависност и злоупотреба на супстанци - леток за адолесценти и млади на македонски, албански, турски и ромски јазик 170.000 летоци 4. Прирачник за унапредувае на сексуалното и репродуктивно здравје на адолесценти и млади - за здравствени работници, наставници 2000 примероци. 5. Унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на адолесценти и млади - брошура за родители на македонски, албански, турски и ромски јазик 169.434 летоци. 6. Унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на адолесценти и млади - леток за адолесценти и млади на македонски, албански, турски и ромски јазик - 170.000 летоци	**7.116.824,00**
14	Активности за промоција на програмата за систематски прегледи	**400.000,00**
15.	За партиципација на 148.893 ученици и студенти потребни се 5.500.000,00 денари	**5.500.000,00**
	ВКУПНО: (1-15)	**40.500.000,00**

Вкупните средства за реализација на програмата изнесуваат 40.500.000,00 денари.

Распределба на средствата по Програмата ќе ја врши Министерството за здравство месечно на здравствените установи

извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, во износ од 5.500.000,00 ден Министерството за здравство ги дозначува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија врз основа на извештај за партиципацијата за исвршени систематски прегледи на осигурените ученици и студенти.

Средствата предвидени за печатење на обрасци за пратење на здравствената состојба на децата од училишна возраст, како и за здравствено-едукативни активности и изработка на промотивни материјали ќе се реализираат преку спроведување на тендерска постапка од страна на Министерството за здравство. Прирачниците и брошурите ќе бидат изработени од страна на Заводот за здравствена заштита мајки и деца во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита.

Надзор над спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во износ од **40.500. 000.00 денари.**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 6330/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

76.

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07 и 88/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 02.01.2009 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2009 ГОДИНА

I

Со оваа Програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, обемот и локалитетите на кои ќе се вршат Основните геолошки истражувања за 2009 година.

II

Средствата за финансирање на Основните геолошки истражувања за 2009 година се утврдуваат во износ од 31.618.000,00 (триесет и еден милион шесто и осумнаесет илјади денари), обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година, раздел - 10001, програма 2, потпрограма 20 - искористување на природните ресурси, категорија – 48 – капитални расходи, ставка – 485 (други нефинансиски средства).

Висината на средствата по предложените проекти, а кои се предмет на реализација со оваа програма се во согласност со обемот предвиден со проектната документација, динамиката на истражување и степенот на истраженост, а се со цел обезбедување на Основни геолошки карти и геолошки податоци за градбата и структурата и карактеристиките на карпите за потребите на Републиката и тоа:

1	Анализа на постојната геолошка документација и изработка на проектна документација и отпочнување со реализација на геолошките истражувања за изнаоѓање на геотермална енергија на локалитетот по течението на река Пена - Тетово	6.000.000,00
2	Рецензија на Проектот за изнаоѓање на геотермална енергија на локалитетот по течението на река Пена - Тетово	500.000,00
3	Основна геолошка карта (ОГК-2) реон Огражден во мерка 1: 50 000, II – фаза (теренска реализација)	7.000.000,00
4	Основна хидрогеолошка карта (ОХГК) 1: 100 000 лист Гостивар, III - фаза (продолжување со реализација)	1.750.000,00
5	Основна инженерско геолошка карта (ОИГК) 1: 00 000 лист Гостивар, III - фаза (продолжување со реализација)	1.750.000,00
6	Основна геолошка карта ОГК-2 во мерка 1: 50 000 руден реон Берово-Пехчево-Делчево (печатење), IV - фаза (финална верзија - печатење)	1.378.700,00
7	Основна хидрогеолошка карта (ОХГК) 1: 100 000 лист Крушево (печатење), IV - фаза (финална верзија - печатење)	1.000.000,00
8	Основна инженерско геолошка карта (ОИГК) 1: 100 000 лист Крушево (печатење), IV - фаза (финална верзија - печатење)	1.000.000,00
9	Обезбедување, скенирање, векторизација,	

	дигитализација и печатење на Основните геолошки карти на Република Македонија во мерка 1 : 25 000“	1.922.700,00
10	Исплата на средства за проекти во тек од програми од 2008 година	9.316.600,00

III

Распоредот на средствата по одделни проекти ќе ги врши Министерството за економија врз основа на Договори со изведувачите согласно дел II од оваа Програма.

IV

Министерството за економија за реализираните буџетски средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализацијата на оваа програма, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31 јануари 2010 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19 – 6400/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

77.

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91,46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДРЕДЕНИ ГРУПИ НА НАСЕЛЕНИЕ И ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИ КОИ НЕ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2009 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Заради обезбедување на здравствена заштита на одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани на Република Македонија кои не се здравствено осигурани по ниеден основ на здравствено осигурување, а со цел да се обезбеди грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на родилките, доенчињата, децата од 1до 18 годишна возраст, лицата постари од 65 години и лица без оглед на возраста кои заболеле од потешки и заразни заболувања, а кои немаат можност за вклучување во задолжителното здравствено осигурување, се обезбедуваат средства за финансирање на здравствената заштита на товар на средствата од Буџетот на Република Македонија.

Според податоците на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, здравствена заштита по овој основ на товар на Буџетот на Република Македонија, просечно годишно користеле околу 2.880 родилки, исто толку доенчиња, околу 5.000 неосигурени деца, околу 8.000 неосигурени лица постари од 65 години и околу 3.000 неосигурени лица користеле здравствена заштита за одредени потешки заболувања. За овој број на граѓани се обезбедуваат средства за здравствена заштита, на товар на Буџетот на Република Македонија. Според оваа програма неосигураните лица ќе користат услуги од примарна здравствена заштита, освен лекови на рецепт од ПЗЗ, здравствена заштита во болнички услови за одредени потешки заболувања, како и породување на мајките и лекарски прегледи на доенчињата.

Со цел да се обезбедат основни здравствени услуги на овие лица, со оваа програма Владата на Република Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Македонија за покривање на трошоците при користење на здравствената заштита.

Со донесувањето на оваа програма, им се обезбедува здравствена заштита:

1. На неосигураните родилки и доенчињата до 1 годишна возраст, следните основни здравствени услуги:

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и оперативно породување)
- куративни лекарски прегледи на доенчиња
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови

2. На неосигурани деца од 1 до 18 годишна возраст и за лицата постари од 65 години, следните основни здравствени услуги:

- лекарски преглед (општ и специјалистички),
- основни дијагностички испитувања ,
- итна медицинска помош,
- лекување во ординација и во болнички услови, освен лекови на рецепт во ПЗЗ,
- итна стоматолошка здравствена заштита.

3. На лицата кои не се здравствено осигурани, а немаат можност за вклучување во задолжителното здравствено осигурување, без оглед на возраста, доколку не се опфатени со друга програма, им се обезбедува здравствена заштита во врска со лекување и обезбедување на лекови, медиицнски потрошен материјал и медицински помагала на следните заболувања:

- ревматска грозница;
- прогресивни, нервни и мускуларни заболувања:
  - Duchenne - ова мускулна дистрофија,
  - паркинсонова болест,
  - миотонии,
  - митохондриални миопатии,
  - мијастении,
  - спинални мускулни атрофии,
  - амиотрофична латерална склероза - болести на моторен неврон,
  - хередитарни сензомоторни невропатии;
- прогресивна системска склероза (Sclerodermia);
- церебрална парализа;
- мултиплекс склероза;
- цистични фибрози;
- епилепсија;
- пемфигус и лупус еритематодес;
- дислексија, дисграфија и дислалија (рехабилитациони вежби);
- заразни болести :
  - ХИВ/СИДА,
  - беснило (Lyssa ; Rabies),
  - цревен тифус (Typhus abdominalis),
  - црвенка (Rubeola),
  - детска парализа (Poliomyelitis anteror acuta),
  - бруцелоза (Brucellosis)
  - дифтерија (Diphtheria),
  - дизентерија (Dysenteria bacillaris),
  - туберкулоза (Tuberculosis)
  - ехинококоза (Echinococcosis),
  - заразно воспаление на мозочните обвивки (Meningitis),
  - заразно воспаление на мозокот (Encephalitis),
  - голема кашлица (Pertussis),
  - мали сипаници (Morbilli),
  - овчи сипаници (Varicella),
  - шарлах (Scarlatina),
  - тетанус (Tetanus),

- хепатитис (Hepatitis),
- заушки (Parotitis epidemica),
- салмонелоза (Salmonellosis),
- колера (Cholera asiatica),
- маларија (Malaria),
- карантински заболувања (големи сипаници, вирусни хеморагични трески, чума),
- роговска грозница (Q - treska).

ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

I. За здравствена заштита на неосигураните родилки и доенчиња до 1 годишна возраст потребни се сретства за:

1. Интрапартална заштита на родилки – 2.220	
а) неоперативно породување (15.000.00 денари x 1.970) б) оперативно породување-царски рез (40.000,00 x 250)	29.550.000,00 9.000.000,00
2. Куративни лекарски прегледи на доенчиња до 1 година (320,00 денари x 2.050 x 2)	1.312.000,00
3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година (350,00 денари x 2.050 x 1)	717.500,00
4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови (2.050,00 x 900,00 x 10% по десет дена)	1.856.200,00
Вкупно	**42.435.700,00**

II. За здравствена заштита на неосигурени деца од 1 до 18 годишна возраст потребни се средства за:

1. Општ лекарски преглед (320,00 денари x 4.000)	1.280.000,00
2. Основни дијагностички испитувања - лабараторија и рентген (500,00 денари x 5.000 x 20%)	500.000,00
3. Итна медицинска помош (800.00 денари x 5.000 x 10%)	400.000,00
4. Лекување во болнички услови (900,00 денари болнички ден x 5.000 x 5% x 5 дена)	21.301.900,00
5. Итна стоматолошка здравствена заштита	311.800,00
Вкупно:	**3.793.700,00**

III. За здравствена заштита на неосигурени лица постари од 65 годишна возраст потребни се средства за:

1. Општ лекарски преглед (320,00 денари x 3.000)	960.000,00
2. Основни дијагностички испитувања - лабараторија и рентген (500,00 x 3.000 x 20%)	300.000,00
3. Итна медицинска помош (800,00 x 3.000 x 10%)	240.000,00
4. Лекување во болнички услови (900,00 болнички ден x 3.000 x 10% x 6 дена)	1.420.000,00
5. Итна стоматолошка здравствена заштита (250,00 x 3.000 x 10%)	75.000,00
Вкупно:	**2.995.000,00**

IV. За лекување во врска со наведените заболувања од точка 3 на оваа програма, потребни се :

1. Општ лекарски преглед (320,00 денари x 3.000)	960.000,00
2. Основни дијагностички испитувања - лабараторија и рендген (500,00 x 3.000 x 30%)	450.000,00
3 Лекување во болнички услови (900,00 болнички ден x 3.000 x 10% x 6,5 дена)	1.755.000,00
Вкупно:	**3.165.000,00**

V. Вкупно потребни средства за реализирање на оваа програма се **80.390.000,00** денари од кој износ за партиципација за осигурените лица во врска со лекувањето на осигурените лица од оваа програма се наменети 28.000.000,00 денари. Средствата во износ од 52.390.000,00 денари ќе се наменат за здравствените установи како надоместок за извршените здравствени услуги.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи, извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во програмата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија согласно законските прописи за ослободување од партиципација и врз основа на фактички документирана евиденција за ослободување од партиципација на

корисниците на здравствените услуги за основите наведени во оваа програма.

Министерството за здравство врши надзор над спроведување на програмата за што ќе изготви посебно упатство за реализација на сретствата за Фондот за здравствено осигурување и Јавните здравствени установи и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

Здравствените установи и Фондот за здравствено осигурување имаат обврска најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализацијата на средствата и наменското користење на истите планирани со Програмата.

Здравствените услуги на неосигурените лица содржани во оваа програма се остваруваат врз основа на потврда издадена од соодветната подрачна служба на Фондот, дека не постои друг основ за осигурување според член 5 од Законот за здравствено осигурување, освен за интрапарталната здравствена заштита на неосигурените доилки и доенчиња до една годишна возраст.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6322/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

78.

Врз основа на член 49 став 1 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/08 и 96/08) и член 21 од Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/08) и член 39 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.166/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.01.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ, ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

1. ПРОГРАМА ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ЗА 2009 ГОДИНА

Програмата за научно - истражувачка дејност во Република Македонија се остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, Законот за научно - истражувачка дејност (“Службен весник на Република Македонија” бр.46/2008 и 103/2008), Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/2008).

Со програмата се финансираат активностите од научно - истражувачката дејност на субјектите и тоа:

- Национални научно - истражувачки програми и проекти,
- Меѓународни научно - истражувачки програми и проекти,
- Оспособување, развој и создавање на научно-истражувачки кадри,
- Меѓународна научна соработка и трансфер на знаења и вештини,
- Издавање на научни книги, годишни зборници и научни списанија, објавување на домашни научни трудови во странски научни списанија и објавување на странски научни трудови на македонски јазик и јазиците на заедниците,
- Организација на научни собири,
- Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство,
- Престои на странски истражувачи во Република Македонија,
- Други намени утврдени со Законот за научно-истражувачка дејност.

1.1. Научно - истражувачки проекти (национални и меѓународни)

Континуираната научно-истражувачка работа низ научно-истражувачки проекти во природните, биотехничките, техничките, медицинските, хуманитарните и општествените науки претставува перманентна ориентација. Во областите од национален карактер како што се: историјата, македонскиот јазик, фолклорот и археологијата постојат области кои не се доволно истражени, а кои се од големо значење за меѓународно афирмирање на нашата држава. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во научно-истражувачката дејност се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научно - истражувачката работа превентивно делува на “одливот на мозоци” од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежно стабилен и континуиран развој на државата.

1.2. Издавачка дејност

Резултатите од научно-истражувачката дејност се главен индикатор за активноста на научните работници. Тие се верификуваат преку нивно објавување во форма на трудови во печатени книги и научни списанија, зборници издадени од научните институции и зборници од одржани научни собири. Печатеното издаваштво е незаменлив начин на комуникација на научниот работник со соодветна научна јавност но и пошироко.

1.3. Стипендии за млади научно-истражувачки кадри

Министерството за образование и наука во 2009 година ќе доделува средства за стипендии за млади талентирани научни кадри - последипломци преку објавување на конкурс за доделување на средства за стипендии на кандидати со висок просек на завршени студии, исто така ќе се одобруваат средства за еднократен надомест за изработка и одбрана на магистерски и докторски трудови.

1.4. Организирање на научни собири во Република Македонија

Програмата предвидува финансиска поддршка за организирање на научни собири од национален и меѓународен карактер. За оваа година Министерството за образование и наука ќе софинансира 70 научни собири во Република Македонија.

1.5. Учество на научни работници на меѓународни собири

Усовршувањето на научните работници во странство се остварува преку нивно активно учество на конференции, семинари, конгреси и симпозиуми. За овие престои се покриваат дел од патните трошоци, дневните трошоци и котизацијата за учество на собирот.

1.6. Студиски престои во странство и престој на странски научни работници во Република Македонија

Еден од инструментите за поддршка на усовршувањето на домашните научно - истражувачки кадри во странство е софинансирањето на студиските престои. Во доделувањето на овие средства ќе се применат критериумите за селекција на апликантите за ваков вид на поддршка врз основа на должината на престојот, статусот на институцијата каде ќе се престојува, програмата на престојот и др.

1.7. Програми на јавните научни установи

Од Програмата за научно-истражувачка дејност за јавните научни установи (научните институти) се издвојуваат средства за следните програмски активности: научно - истражувачки проекти, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на научни собири во странство, студиски престои во странство, престој на странски научни работници во Република Македонија, набавка на научно-истражувачка опрема, набавка на странска научна литература, адаптација и санација на објекти и др.

1.8. Набавка на научна странска литература

Во 2009 година се планира континуирана набавка на научна литература (периодика). Најновите светски научни податоци и резултати, кои најчесто се сместуваат во посебни информатички бази на податоци се набавуваат и се прават достапни за нашите научни истражувачи. Пристапот до податоците овозможува и размена на научни информации со што се придонесува нашата држава да биде активен учесник во процесот на научната глобализација.

1.8.а Пристап до електронски бази на податоци

Врз основа на член 54, став 5 од Законот за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/2008) Министерството за образование и наука има обврска да обезбеди услови за формирање бази на библиографии на научните работници, а со цел библиометриска евалуација на резултати од научно - истражувачката дејност во државата. Најитно е потребно да се преземат мерки за годишно ажурирање на податоците за објавените трудови и за бројот на цитати.

1.9. Други расходи - (реферална дејност, исплата на рецензии за проекти и други активности)

Формирањето на единствена база на податоци за сите научни работници во државата со целокупна научно-истражувачка активност претставува придобивка која овозможува увид во потенцијалот на научните работници со што би бил ефикасно ангажиран за развојот на државата. За вклучување во меѓународните бази на податоци е ангажиран Рефералниот центар при Народната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје.

Исто така се утврдува исплата на рецензии на научни работници кои извршиле рецензирање на нови проекти, годишни извештаи и завршни извештаи за национални и меѓународни проекти.

2. ПРОГРАМА ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2009 ГОДИНА

Потребата за финансиска поддршка за поттикнување и помагање на технолошкиот развој за 2009 година се темели врз обврските на државата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој утврдени во Уставот на Република Македонија, во Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, како и програмските определби за развој на научно-истражувачката дејност во Република Македонија.

Средствата наменети за поттикнување и помагање на технолошкиот развој ќе се насочат кон поддршка на активностите на носителите на технолошкиот развој за поттикнување и помагање на развојот на технологиите, иновациите, информациски и комуникациски знаења и трансфер на информации. Во основа ќе се користат за софинансирање на развојно-истражувачки проекти, односно програми за подобрување и развој на технолошката инфраструктура, како и за проекти и програми од посебен интерес за технолошкиот развој на Република Македонија. Средствата ќе се наменуваат и за поттикнување на иноваторството (поддршка за реализација на иновациски предлози и презентација на постигнувањата во иноваторството) и други активности во функција на унапредување на технолошкиот развој.

2.1. Развојно-истражувачки проекти

Со средствата од Буџетот за 2009 година ќе се прифатат за софинансирање нови развојно-истражувачки проекти чии носители се субјектите на технолошкиот развој со задолжителна соработка (директно ангажирање) на научно-истражувачкиот кадар од универзитетите во Република Македонија.

Потребата од планирање на предвидените средства во Буџетот се должи на позитивните искуства и резултати од софинансирањето на ваков вид проекти во изминатиот повеќегодишен период. Ефектите од софинансирањето на развојно-истражувачки проекти се: нови производи, нови производни линии и погони, рационализација во производните процеси, супституција на неквалитетни или увозни суровини, нови вработувања, заштеда на енергија, заштита на животната средина, и слично.

Дел од средствата утврдени во Буџетот за 2009 година ќе бидат наменети за финансирање на изготвување на Програмата за технолошки развој со која треба да се утврдат насоките за развој на политиките во технолошкиот развој и приоритетните подрачја за развојни истражувања во функција на поинтензивен техничко-тенолошки развој.

2.2 Иновациски проекти

Со средствата од Буџетот за 2009 година ќе се кофинансира иноваторството, пронаоѓаштвото и рационализаторството, како значајни компоненти за забрзан развој, бидејќи развојната способност на секоја земја се мери по бројот на иновации создадени во една држава. Средствата ќе се наменат за софинасирање на: изработка на прототипови, иновативни решенија, организирање на традиционалната изложбата на пронајдоци МАКИНОВА и друго.

Средствата кои досега се вложувани за оваа намена се исклучително мали и со нив не може да се унапредува оваа значајна дејност. Резултатите кои иноваторите ги постигнуваат на домашен, а особено на меѓународен план, се многу значајни, а досега вложените средства повеќе од оправдани. Потребни се сериозни напори, за зголемување на вложувањата на државата за овие намени.

2.3. Технолошка инфраструктура

Со дел од средствата утврдени во Буџетот за 2009 година треба да започне поддршката на развојот на технолошката инфраструктура, утврдена во новиот Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој. Во таа насока ќе се софинансира развојот и унапредувањето на постојната техничко - технолошка инфраструктура која значително заостанува зад потребите. Во изминатиот период, заради недоволни средства не е направена поголема активност во оваа насока, иако е тоа исклучителен приоритет, доколку се цени дека е потребно да се следат современите текови и трендови во Европа и пошироко.

3. ПРОГРАМА ЗА ТЕХНИЧКА КУЛТУРА ЗА 2009

Потребата за финансиска поддршка за поттикнување и помагање на техничката култура за 2009 година се темели врз обврската на државата за поттикнување и помагање на техничката култура утврдени во Уставот на Република Македонија и во Законот за поттикнување и помагање на техничката култура.

Определувањето на висината на потребните средства за поттикнување и помагање на дејноста е направена врз основа на предлог-програмите за работа и проектите изготвени од страна на носителите на дејноста кои имаат јавни овластувања за вршење на оваа дејност.

Распределбата на средствата кои ќе бидат утврдени во Буџетот за оваа намена ќе се врши врз основа на Годишна програма за поттикнување и помагање на техничката култура, (член 5 од Законот за поттикнување и помагање на техничката култура) и врз основа на Правилникот за критериумите за доделување средства за остварување на програмите за работа, односно проектите во областа на техничката култура.

3.1. Обука за техничка култура (програмски активности, програми за работа и проекти)

Средствата ќе се наменат за обука преку: организирање на семинари и курсеви во домовите за техничка култура и струковите сојузи; организирање и учество на регионални, државни и меѓународни смотри на талентирани ученици од основните и средните училишта во областа на природните и техничките науки; организирање и одржување собири, фестивали и изложби од државен и меѓународен карактер и друго.

Со средствата од Буџетот за 2009 година треба да се поддржат и следните конкретни активности на државно ниво:

Државна смотра на млади техничари и природници; Државна смотра „Наука на младите"; Државен собир на радиоаматерите; Државен собир на трактористи; Државен собир на воздухопловните и ракетните моделари; „Денови на Македонската фотографија"; Државни фестивали на непрофесионалниот филм; Летни фото и филмски школи; МАКИНОВА 2009; ЕКОНОВА 2009; и др.

Со дел од средствата ќе се поддржат и активности на меѓународен план: организирање и учество на меѓународни натпревари и манифестации (Светски купови во ракетно моделарство; Меѓународен фестивал на документарен филм „Камера 300"; ФОТОМЕДИА 2009; учество на Регионален натпревар на млади таленти - за земјите од Југоисточна Европа; Меѓународната олимпијада на млади таленти; и др.).

Со Буџетските средства се обезбедуваат и средствата потребни за задолжителна котизација во меѓународните организации од областа на техничката култура.

3.2. Материјални трошоци

Средствата за материјални трошоци за реалните потреби за остварување на програмските активности на носителите на јавни овластувања во техничката култура во Република Македонија за 2009 година се предвидува да се обезбедат од страна на носителите на дејноста.

3.3. Државна награда "Гоце Делчев"

Согласно Законот за државни награди („Службен весник на Република Македонија" бр.52/2006) преку Министерство за образование и наука, во Република Македонија се доделува државната награда "Гоце Делчев", со која се оддава општествено признание за особено значајни

остварувања од интерес за државата, во областа на науката. Во една календарска година се доделуваат најмногу три награди.

Предвидените средства за научно - истражувачка дејност, технолошки развој и техничка култура по намени за 2009 година е прикажан на наредната табела:

Табела 1. Преглед на распределените средства за научно - истражувачката дејност за 2009 година

ПРОГРАМА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА
ОД РАЗДЕЛОТ 16001-МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА-СЕКТОР ЗА НАУКА И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ТЕХНИЧКА КУЛТУРА
ПОТПРОГРАМА 71-НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ЗА 2009 ГОДИНА

	АКТИВНОСТИ	БУЏЕТСКИ СТАВКИ							
Ред..бр.		420	421	423	424	425	426	464	ВКУПНО
1	Програма за развој и работа и развој на јавните научни установи (научни институти)	5.000.000	8.500.000	9.000.000	2.500.000	1.800.000	200.000		27.000.000
2	Научно-истражувачки проекти (национални)	10.700.000	500.000	6.000.000	1.300.000	6.400.000			24.900.000
3	Научно-истражувачки проекти (меѓународни)	8.000.000	500.000	3.000.000	5.000.000	500.000		-	17.000.000
4	Издавачка дејност (печатење на научни книги и научни списанија)					4.000.000			4.000.000
5	Стипендии за последипломски студии и еднократна помош за изработка на м-р и д-р трудови.							35.700.000	-
6	Организирање на научни собири	2.000.000		500.000					2.500.000
7	Учество на научни работници на научни собири во странство	2.500.000				1.000.000			3.500.000
8	Студиски престои на научни работници во странство и престој на странски научни вработници во Р.Македонија	100.000							100.000
9	Набавка на странска научна литература					500.000			500.000
10	Адаптација и санација (одржување на згради)				3.000.000				3.000.000
11	Технолошки развој					20.000.000			20.000.000
12	Техничка култура					7.000.000			7.000.000
13	Државни награди (награда Гоце Делчев)							300.000	-

14	Други расходи (исплата на експертски и советодавни тела,рецензии, реферална дејност, објавување на огласи, конкурски и други активности					2.000.000			2.000.000
15	Пристап до научни информации-електронски бази на податоци					800.000			800.000
16	Контрибуција и Членарина во Меѓународни организации (ФП 7, СЕЕРАНЕТ, ЕУРЕКА)					1.000.000			1.000.000
	ВКУПНО	28.300.000	9.500.000	18.500.000	11.800.000	45.000.000	200.000	36.000.000	149.300.000

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 7194/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

79.

Врз основа на член 69, став 1 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр.47/97, 7/00, 89/04, 54/07 и 113/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Потпрограма 20 - Шумарство, Ставка 485 - Други нефинансиски средства, се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финанансираат, извршителите на работите, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2009 година

II

За извршување на активностите од дел I на оваа програма, се утврдуваат средства од следните извори :

	денари
1. Буџетот на РМ	110.000.000,00
2. Сопствените приходи	50.000.000,00
- ЈП и други	42.500.000,00
- промет на дрво	500.000,00
- приватни шуми	7.000.000,00
Вкупно:	160.000.000,00

III

Дел од средствата од дел II на оваа програма во износ од 70.000.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

1. Пошумување:

1а За пошумување на голини и ерозивни земјишта се утврдуваат средства во износ од 20.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се изврши пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост на површина од 500 ха. За извршено комплетно пошумување, на извршителот на работите ќе се исплатат по 40.000,00 денари за површина од 1 ха, или за 500 ха вкупно 20.000.000,00 денари;

1б За мелиорација на деградирани дабови шуми со пошумување, се утврдуваат средства во износ од 12.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се изврши преведување на деградирани дабови шуми во повисока форма на одгледување со пошумување со садници од родот на дабовите (Querqus), на површина од 300 ха. За извршена мелиорација, на извршителот на работите ќе се исплатат по 40.000,00 денари за површина од 1 хектар, или за 300 ха вкупно 12.000.000,00 денари;

1в За обезбедување на шумски саден материјал, се утврдуваат средства во износ од 6.648.800,00 денари.

Со овие средства ќе се обезбедат 550.000 шумски садници кои ќе се користат за:

-пошумување на земјиште во приватна сопственост. За оваа намена ќе се обезбедат 500.000 броја садници со просечна цена од 12,00 денари.

-спроведување на Одлуката за определување ден за еколошка акција на младите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2001). За оваа намена ќе се обезбедат 49.900 садници со просечна цена од 12,00 денари за една садница и 100 садници со просечна цена од 500,00 денари за една садница.

2. За спроведување на нега, односно прореди на шумски култури и шуми до 30 годишна возраст подигнати на голини и ерозивни земјишта, се утврдуваат средства во износ од 10.200.000,00 денари.

Со овие средства ќе се извршат прореди во шумски култури и во шуми до 30 годишна возраст на површина од 850 ха, од кои во државна сопственост на 800 ха и во приватна сопственост на 50 ха. За извршување на проредите ќе се исплатат по 12.000,00 денари за 1 хектар, или за 850 ха вкупно 10.200.000,00 денари.

3. За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти, се утврдуваат средства во износ од 11.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се извршат следните работи:

- теренски увиди и лабораториски испитувања на главните причинители за оштетувањата на шумите и шумските култури и анализа на податоците од биоиндикаторски точки поставени на територијата на Република Македонија. Врз основа на детални анализи, Шумарскиот факултетот ќе изготви Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2008 година, со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки во 2008 година. За извршување на оваа мерка ќе се исплатат средства во износ од 1.000.000,00 денари и

- авиосузбивање на штетникот боров четник (Thaumatopea pityocampa Schiff.) во боровите шуми и шумски култури на површина од околу 10.000 ха во повеќе региони во Република Македонија. За извршување на оваа мерка ќе се исплатат средства во износ од 10.000.000,00 денари.

4. За изработка на 3 (три) студии од областа на шумарството се утврдуваат средства во износ од 3.000.000,00 денари и тоа за:

- изработка на Студија за превентивна и пресупресивна заштита на шумите од пожари во Република Македонија, ќе се исплатат средства во износ од 800.000,00 денари;

- изработка на Студија за шумски подрачја ризични од ерозија во Република Македонија, ќе се исплатат средства во износ од 1.000.000,00 денари и

- изработка на Студија за развој на шумска патна мрежа во Република Македонија, ќе се исплатат средства во износ од 1.200.000,00 денари.

5. За имплементација на активностите од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2009 година, се утврдуваат средства во износ од 5.151.200, 00 денари.

Овие средствата ќе се користат за учество на конгреси, советувања, семинари, симпозиуми, билатерални, мултилатерални и други средби од областа на шумарството кои се во функција на стручно унапредување и осовременување на програмските активности, материјално - технички средства за имплементирање на активностите предвидени со програмата, како и за недоволно предвидени работи кои ќе произлезат во текот на годината при реализација на програмата.

6. За неизмирени обврски по Програмата за проширена репродукција на шумите во 2008 година, се утврдуваат средства во износ од 2.000.000,00 денари.

IV

Дел од средствата од дел II на оваа програма во износ од 90.000.000,00 денари ќе се користат за спроведување на Акцијата ,,Ден на дрвото – засади ја својата иднина".

Со овие средства ќе се обезбедат и засадат 20.000.000 шумски садници.

Извршителот на работите, односно корисникот на средствата е Јавното претпријатие ,,Македонски шуми" - Скопје.

Исплатата на средствата ќе се врши врз основа на приложени записници од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за извршено засадување на 20.000.000 шумски садници на локации определени од страна на извршителот на работите.

V

Реализацијата на работите наведени во дел III, точка1, потточки 1а и 1б и точка 2 од оваа програма, ќе се врши врз основа на соодветни оперативни програми изработени на концизен и јасен начин од страна на извршителите на работите.

Извршителите на работите, односно корисниците на средствата од дел III, точка 1 потточки 1а и 1б на оваа програма се Јавното претпријатие ,,Македонски шуми" - Скопје и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

Извршителите на работите, односно корисниците на средствата од дел III, точка 2 на оваа програма, се Јавното претпријатие ,,Македонски шуми" - Скопје, правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена и сопствениците на приватни шуми.

Садниците наведени во дел III, точка 1 потточка 1в од оваа програма, ќе се употребат за пошумување на земјиште во приватна сопственост и за спроведување на Еколошката акција на младите во Република Македонија.

Распределба на шумските садници наменети за пошумување од дел III, точка 1 потточка 1в, ќе се врши преку подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

VI

Исплатата на средствата од дел III, точка 1 потточка 1а и 1б и точка 2 на оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП ,,Македонски шуми" - Скопје, правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена и сопствениците на приватните шуми.

Исплатата на средствата од дел III, точка 1в на оваа програма, ќе се врши врз основа на документација за издадени садници и по добиено известување од подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дека садниците се издадени на сопствениците на приватно земјиште и за Еколошката акција.

Исплатата на средствата од дел III, точка 3 алинеа 1 на оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Шумарскиот факултет - Скопје.

Исплатата на средствата од дел III, точка 3 алинеа 2 и точка 4, ќе се врши со јавна набавка.

VII

Средствата од оваа програма се неповратни.

VIII

Доколку при реализација на оваа програма дојде до зголемување на обемот на мерките и активностите во одделни позиции, а другите мерки и активности делумно или воопшто не се реализираат во текот на годината, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе изврши пренамена на средствата од една во друга позиција во рамките на вкупно расположивите средства.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 - 7133/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

80.

Врз основа на член 5 став (7) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07 и 88/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЕНЕРГЕТСКИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ЗА 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат локалитетите на кои ќе се вршат детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини за 2009 година.

II

Средствата за финансирање за реализација на позициите предвидени со Програмата за детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини за 2009 година се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година, Раздел 10001, - Министерство за економија, Потпрограма 20 - Искористување на природните ресурси, ставка 485 – Други нефинансиски средства во износ од 40.000.000 денари.

Предвидените средства се за доистражувања на јагленовото наоѓалиште "Неготино" и изготвување на проектна документација за доистражување на јаглени во рамки на јагленовите наоѓалишта „Лавци„, „Звегор – Стамер„, „Панчарево„ „Живојно„ и „Страгомишта„, а се однесуваат на следните позиции:

Ред. број	Вид позиција	Износи
1	Реализација на истражувањата и испитувањата предвидени со проект за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Неготино" - Неготино	22.000.000,00
2	Надзор над извршувањето на истражувањата предвидени со проект за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Неготино" – Неготино и Рецензија на Елаборатот за рудни резерви	743.438,00
3	Изработка на Главен рударски проект за експлоатација на јаглен од јагленовото наоѓалиште "Неготино" – Неготино	6.000.000,00
4	Рецензија на Главниот рударски проект за експлоатација на јаглен од јагленовото наоѓалиште "Неготино" – Неготино	500.000,00
5	Изработка на проект за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Живојно" - Битола	850.000,00

6	Рецензија на Проектот за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Живојно" - Битола	150.000,00
7	Изработка на проект за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Лавци" - Ресен	850.000,00
8	Рецензија на Проектот за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Лавци" - Ресен	150.000,00
9	Изработка на проект за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Страгомишта" - Кичево	850.000,00
10	Рецензија на Проектот за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Страгомишта" - Кичево	150.000,00
11	Изработка на проект за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Звегор - Стамер" - Делчево	850.000,00
12	Рецензија на Проектот за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Звегор - Стамер" - Делчево	150.000,00
13	Изработка на проект за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Панчарево" - Берово	850.000,00
14	Рецензија на Проектот за дополнителни детални геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Панчарево" - Берово	150.000,00
15	Анализа на геолошката документација, согледување на условите за изнаоѓање на нафта и изработка на проект за геолошки истражувања на нафта и гас на територијата на Република Македонија (проект во тек од 2008 година).	5.756.562,00

III

Распоредот на средствата по одделни проекти ќе ги врши Министерството за економија врз основа на Договори со изведувачите во рамките на предвидените износи согласно делот II во оваа програма.

IV

Министерството за економија за реализираните буџетски средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализираната Програма за детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини за 2009 година, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31 јануари 2010 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 6401/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

81.

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр.166/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
"АТРАКТИВНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ЗА 2009 ГОДИНА"

Член 1

Со оваа програма се уредува распределбата на средствата за планските региони во Република Македонија по намени, планирани во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, раздел 19101, Потпрограма 3А "Атрактивни плански региони", ставка 464.

Член 2

Средствата од членот 1 од оваа програма ќе се користат за следниве намени:

Вкупно средства	150.000.000
1. Активности преку Министерството за локална самоуправа	
1.1. Кофинансирање на расходи за тековно работење на осумте Центри за развој на планските региони	9.600.000
2. Активности преку Бирото за регионален развој	
2.1. Неповратно учество во финансирање проекти на планските региони	98.280.000
2.2 Неповратно учество во финансирање проекти во подрачјата со специфични развојни потреби	28.080.000
2.3 Неповратно учество во финансирање проекти за развој на селата	14.040.000

Член 3

Средствата од членот 2, точка 1.1 од оваа програма, се распределуваат во еднаков износ на осумте Центри за развој на планските региони.

На секој Центар за развој на планскиот регион му се распределуваат средства во висина од 1.200.000 денари, кои се наменети за финансирање расходи за тековно работење.

Од средствата од ставот 2 на овој член се финансираат расходи за бруто плати за максимум 5 вработени во секој Центар за развој на планскиот регион.

Член 4

Средствата од членот 2, точка 2.1 од оваа програма, ќе се користат за финансирање проекти во Планските региони, предложени од осумте Совети за развој на планските региони.

Член 5

Средствата од членот 2, точка 2.2 од оваа програма, ќе се користат за финансирање проекти во подрачјата за специфични развојни потреби, утврдени со акт на Владата на Република Македонија.

Член 6

Средствата од членот 2, точка 2.3 од оваа програма, ќе се користат за финансирање проекти за развој на селата.

Општините со седиште во град обезбедуваат 50% учество за реализација на проекти од средствата од ставот 1 на овој член.

Член 7

За спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за локална самоуправа.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 7172/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

82.

Врз основа на член 32 став 4 точка 8 од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

В О В Е Д

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Македонија. Без потребните количества сигурна крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа, квалитетна и рационална здравствена заштита на населението.

Владата на секоја држава има должност и одговорност кон своите граѓани за континуирано самообезбедување со доволни количини на сигурна крв. Последниве 20-тина години, заради брзиот развој на медицината (кардиохирургија, коскеномозочна трансплантација, хемо и зрачна терапија) потребите од крв се во постојан пораст. Од друга страна, заради појава и страв од некои познати (непознати) инфекции преносливи со крв, владите на сите земји се трудат да обезбедат доволно крв по реална цена, да го подигнат степенот на сигурноста на крвта и да овозможат порационална клиничка употреба на истата.

Затоа е потребно постојано да се поттикнува националната свесност околу важноста на крвта и да се создаде кај населението потреба да се дарува, како граѓанска должност и солидарна помош за оние на кои таа им е потребна.

Значењето на крводарителството и обезбедувањето на потребните количества крв и крвни продукти повеќекратно се зголемува во вонредни услови. Високиот степен на развиеност на крводарителството и резервите од крв и крвни продукти ја зголемуваат ефикасноста на здравствената служба во однос на одбрамбената способност на Републиката.

Потребите од крв и крвни продукти се обезбедуваат со постојаниот развој на крводарителството. За таа цел, Владата на Република Македонија, преку Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување го утврдува значењето, поставеноста и принципите на крводарителството и ги обезбедува административните, организационите и финансиските услови за развој на оваа дејност.

1. ПРИНЦИПИ ЗА РАЗВОЈ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО

Дарувањето крв е право и обврска на граѓаните, што произлегува од одредбите на Законот за здравствена заштита, при што граѓаните имаат право на здравствена заштита, вклучувајќи го и лекувањето со крв и крвни продукти.

Крводарителството во Република Македонија се темели на принципите на доброволност, анонимност, бесплатност и солидарност. Само ваквите принципи обезбедуваат посигурна крв и продукти.

Принципот на доброволност се однесува само на граѓанинот како поединец, бидејќи тој по сопствена волја и без присила се определува согласно своите хумани чувства и свест за помагање на болните, односно повредените.

За определбата за дарување крв е потребен висок степен на мотивираност, која може да се обезбеди само со правилна и насочена здравствено-воспитна и мотивациска активност во рамките на едно организирано општество. Единствената награда на граѓанинот кој дарува крв е чувството дека му помогнал или спасил живот на некој сограѓанин. Истовремено, тоа кај дарителот предизвикува и сигурност дека и нему ќе му биде помогнато во случај на потреба.

Крводарителот за дадената крв не добива никаков финансиски надомест. Во исто време, Организацијата на Црвениот крст и Трансфузиолошката служба не смеат да остваруваат никаква добивка, освен надомест за покривање на комплетните трошоци по единица крв.

Со самото дарување на крв, крводарителот изразува највисок степен на солидарност со сите оние на кои таа им е потребна, без оглед на возраст, пол, раса, боја, национална или верска припадност.

Со придржување кон споменатите принципи, Република Македонија ги исполнува сите поставени услови од страна на Светската здравствена организација и Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОВОЛНИ КОЛИЧИНИ СИГУРНА КРВ

Потребите од крв и крвни продукти во Република Македонија, кои се утврдуваат согласно повеќе показатели и критериуми, и во 2009 година се на ниво од 55.000 единици крв.

Со развојот на кардиохирургијата, трансплантацијата и поинванзивна хемотерапија, може да доведе до зголемена потреба која ќе се утврди дополнително.

Организирањето и подготовката на крводарителската акција опфаќа :

- планирање на крводарителска акција во одредена средина;
- утврдување на термин за нејзино изведување, во договор со организаторот на акцијата во самата средина;
- редовни контакти и посети во средината во која се планира да се изведе акцијата;

- дистрибуција на информативно-едукативен материјал (брошури, агитки, плакати, флаери, летоци), спроведување на анкети и предавања;
- договор со организаторите за обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- доставување на информативно-едукативен материјал, објавување на акцијата;
- организирање на мотивациски предавања;
- организирање на семинари и работилници за едукација на мотиватори за доброволно и бесплатно крводарување; анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални дарители на крв;
- учество на волонтери на самата акција за прифаќање на крводарителите;
- организирање на кампањи и крводарителски акции со студентите на сите државни и приватни универзитети во државата;
- работа на клубови на крводарители;
- евидентирање на крводарителската акција на посебни формулари и внесување на база податоци за крводарителите во софтверски компјутерски програм;
- учество во работата на комисиите за крводарителство на Црвениот крст на разни нивоа;
- организирање на вонредни акции, особено во летниот период во случај на недостиг на крв;
- редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за информирање.

За болните и повредените од внатрешноста кои се лекуваат во Клиничкиот центар - Скопје и во приватните болници кои имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување, како и за резерви, секоја од општините е должна 30 % од остварените количини на крв да ги упати во Републичкиот завод за трансфузиологија.

Квалитетот и сигурноста на крвта и крвните продукти треба да се осигурат низ целиот синџир почнувајќи од пораката за анимација на граѓаните, преку правилната селекција на дарителите, процесирањето на крвта се до апликација на пациентите.

Тоа побарува :

- Постоење на добро организирана и ефикасна Служба за трансфузиона медицина со контрола на квалитетот на сите сегменти.
- Прибирање на крв само од доброволни без надомест дарители (кои даруваат од алтруистички, хумани мотиви) од популација со низок ризик и ригорозни постапки за селекција на дарителите.
- Испитување на сите дарувани единици на инфекции преносливи со крв (според законските регулативи и епидемиолошката ситуација во секоја земја);
- Добра лабораториска практика во сите аспекти на имунохематолошките тестирања, приготвување на компонентите, чување и транспорт на крвта и крвните продукти.

- Редукција на непотребните трансфузии преку употреба на алтернативни секогаш кога тоа е можно, како и соодветна клиничка употреба на крвта и продуктите.

За постигнување на сето ова, трансфузиолошката служба ќе треба да се интегрира на национално ниво, со единствени доктрини на работа и поврзана со единствен информативен систем, содржани и во

Законот за безбедност во снабдувањето со крв (Службен весник бр 110/2007 година).

Редовните дарители (кои даруваат барем два пати во годината) се една од главните цели на Службата за трансфузиона медицина.

Следејќи ги основните чекори на социјалниот маркетинг ќе се дизајнираат ефикасни кампањи за регрутирање/задршка на дарителите кои ќе влијаат на промена на локалните разлики на културата, однесувањето и навиките на луѓето.

На луѓето им се потребни мноштво информации за надминување на стравовите, предрасудите или пак игнораниот став кон крводарувањето. Овие информации треба да ги пласираат на населението стручни, тренирани и обучени тимови на Службите за трансфузиологија и мотиватори на Црвениот крст, преку печатени (изложби,паноа,брошури,постери) и електронските медиуми, или на учениците на часовите по биологија, литература, ликовно и физичко воспитување. Во ова треба активно да се вклучи и Министерството за образование, преку воведување или промени на досегашниот наставен програм.

Неколку пати во годината треба да се спроведат посебни кампањи, наменети за одредени целни групи (средношколска младина, заедно со наставници и родители, студентска младина, жени, невработени, војници-полиција), на кои ќе им се пријде селективно, со посебни слогани и материјали, како и практикување на крводарителски акции на разни собири и места како : верски празници, шопинг центри и др.

Посебно внимание ќе обрнеме и кон другите етноси (албанското, турското, ромското) каде нема традиција за доброволно дарување, туку инцидентно крв се дарува за член од фамилијата или за пријател (овој вид дарување е 10 пати поризичен за инфекции преносливи со крв отколку доброволното дарување). За нив е предвидено да се разработи посебна стратегија, со печатени материјали на мајчин јазик и со вклучување на лидери од нивната средина (верски, спортски, политички, бизнис) и вклучувајќи се во процесот на едукација уште од основното и средното образование.

3. НОРМИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА КРВОДАРИТЕЛИТЕ

Согласно принципите на Светската здравствена организација, Советот на Европа и Етичкиот кодекс на Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, се утврдуваат следните норми, права и обврски на крводарителите :

- Крводарител во Република Македонија може да биде секој човек, без оглед на пол, раса, боја, национална и верска припадност;
- На потенцијалните дарители не смее да се врши притисок за дарување на крв;
- Кон крводарителите треба да се негува љубезен и коректен однос;
- Крводарителите имаат етичка одговорност кон здравствената служба и примателите на нивната крв, по однос на давање реални податоци за прележана болест и моменталната здравствена состојба;
- Крводарителите се здрави граѓани меѓу 18 и 65 годишна возраст;
- Бројот на крводарувања во текот на една година се ограничува на четири пати за мажи и три пати за жени. При
- дарувањето на крвна плазма или крвни клетки до 12 пати годишно;
- Крв може да се дарува само по претходен лекарски и лабораториски преглед, согласно со претходно утврдени медицински критериуми;
- Податоците за крводарителот, вклучувајќи ги и лабораториските резултати се третираат како професионална тајна;
- На крводарителите им се гарантира дека нивната крв ќе биде употребена само како лек за болните и повредените, без надомест;
- Крводарителите имаат право на благодарници и други пишувани признанија;
- Крводарителите добиваат симболични подароци со знак на Црвениот крст или крводарителски белези и пораки;
- Крводарителите добиваат крводарителска книшка, а по потреба сертификати од лабораториски резултати, без паричен или друг вид надомест;
- Крводарителите што дарувале крв над 10 пати се ослободуваат од плаќање на партиципација при користење на определени видови здравствена заштита (што е регулирано со општ акт на Фондот за здравствено осигурување и со Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија);
- Крводарителите имаат право на 2 слободни денови од работа и настава за секое дарување на крв, како и за секои три дарувања на крвна плазма или крвни клетки. (Регулирано со Законот за работни односи на Република Македонија, "Службен весник на Р.М.бр. 62/05).

4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО

Учесници во реализација на Програмата за крводарителство во Република Македонија се : 1. Владата на Република Македонија, односно Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување; 2. Црвениот крст на Република Македонија и 3. Републичкиот завод за трансфузиолија со трансфузиолошките служби при здравствените установи во Република Македонија.

4.1 Министерството за здравство

- Предлага програма за крводарителство до Владата на Република Македонија;
- Ја следи реализацијата на програмата и превзема соодветни мерки за нејзино целосно спроведување;
- Утврдува потреби на државата од крв, крвни продукти и резерви, во соработка со Републичкиот завод за трансфузиологија и службите за трансфузиологија при здравствените установи во Републиката;
- Утврдува обврски и задачи на учесниците во Програмата;
- Утврдува конкретни мерки и услови за реализација на Програмата;
- Утврдува, предлага и донесува прописи за крводарителството, за статусот на крводарителите и нивното здравје, за земање, чување, преработка, промет и употреба на сигурна крв, крвни продукти и крвни деривати;
- Утврдува мерки за максимална грижа за здравјето на примателот.

4.2. Црвениот крст на Република Македонија во областа на крводарителството ги врши следните задачи :

- Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Евиденција на крводарителските акции и изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги доставува до Министерството за здравство на Република Македонија;
- Доделување на признанија на крводарителите.

4.3. Републичкиот завод за трансфузиологија со трансфузиолошките служби при здравствените установи во Републиката ги врши следните задачи :

- Учествува во утврдувањето на потребите за крв и крвни продукти за населението во Република Македонија, заедно со Министерството за здравство;
- Прибирање, контрола, чување и дистрибуција на крв и крвни продукти;
- Здравствена контрола и евиденција на крводарителите;
- Се грижи за обезбедување на сигурна трансфузија на крв и крвни продукти;
- Ги спроведува утврдените мерки за максимална грижа за здравјето на примателите на крв и крвни продукти;
- Изготвување на периодичен и годишен извештај за реализација на Програмата за крводарителство;
- Учество во здравствено-воспитна, мотивациска и истражувачка работа за развој и унапредување на крводарителството.

4.4. Заеднички активности на Црвениот крст на Република Македонија и Републичкиот завод за трансфузиологија :

- Планирање и програмирање на крводарителските акции, како и изготвување на годишни програми, оперативни планови и извештаи за реализација на Програмата за крводарителство;

- Евалуација на постигнатите резултати, како и предлози за измени и дополнувања на Програмата за унапредување на;

- крводарителството, согласно новонастанатата состојба и потреби од крв и крвни продукти;
- Изготвување на стереотипни предавања за определени средини (ученици-студенти, вработени, невработени и др);
- Следење на позитивните искуства од други земји и постојано осовременување на промотивните материјали и др.

4.5. Фондот за здравствено осигурување

- го следи реализирањето на здравствените услуги на крводарителите кои имаат над 10 крводарувања;
- поднесува извештај до Министерството за здравство за извршените здравствени услуги на крводарителите кои имаат над 10 крводарувања;
- ги трансферира средствата до давателите на здравствените услуги на крводарителите кои имаат над 10 пати крводарувања.

5. СОРАБОТКА

Учесниците во Програмата ќе обезбедат меѓусебна соработка, внатрешна поддршка од здравствените организации и нивните здруженија во Републиката, други хуманитарни организации, фондации, и спонзори кои можат да дадат придонес во крводарителството, средствата за јавно информирање, верските заедници и други институции.

Учесниците во Програмата соработуваат и со : Министерството за образование, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за млади и спорт и др.

На надворешен план имаме соработка и поддршка од Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Светската здравствена организација, Советот на Европа - оддел за крводарителство и од други меѓународни организации и фондации.

6. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Финансиска и правна поддршка на Црвениот крст на Република Македонија и Службата за трансфузиона медицина и е потребна од страна на Владата, како и нејзино финансирање на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија.

Финансиските средства во Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2008 година ги обезбедува Министерството за здравство на Република Македонија.

6.1 ОРГАНИЗИРАЊЕ И ПОДГОТВУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ

- Надоместок на трошоци за подготвување и организирање на крводарителски акции на Општинските организации на Црвен крст;

За планирани 55.000 крводарувања на ООЦК	120,00	**6.600.000,00**
	Вкупно:	**6.600.000,00**

6.2. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНО-ВОСПИТНИ, ПРОПАГАНДНИ МАТЕРИЈАЛИ И МОТИВАЦИСКИ СРЕДСТВА ЗА КРВОДАРИТЕЛИТЕ

Во рамките на изготвувањето на здравствено-воспитните, пропагнадните материјали и мотивациските средства се планира реализација на следните активности :

А. Изготвувње на здравствено-воспитни и пропагандни материјали:

Вид на дејност	количинина	ед. цена	вкупно
1. Плакат "повик"	20.000	6.00	120.000,00
2. Плакат за 17 Март	2.00	20.00	40.000,00
3. Евидентни листови за крв. акции	10.000	2.00	20.000,00
4. Флаер/агитка	20.000	3.00	60.000,00
5. Картички за повик	40.000	2.00	80.000,00
6. Одбележување на 17 Март			100.000,00
		ВКУПНО (А):	420.000,00

В. Јубилејни признанија и мотивациони средства

1. Значка за 5-то дарување	3.000	35.00	105.000,00
2. Значка за 10-то дарување	2.000	35.00	70.000,00
3. Значка за 25-то дарување	1.000	35.00	35.000,00
4. Плакета за 50-то дарување	200	900.00	180.000,00
5. Плакета за 75-то дарување	50		45.000,00
6. Плакета за 100-то дарување	20		18.000,00
7.Признанија за општини со исполнет план за крводарителство	24		48.000,00
8. Печатење на јуб. благодарници	6.000	7.00	42.000,00
9. Стимулативни средства-подароци за крводарители			2.500.000,00
		ВКУПНО (Б)	**3.043.000,00**

.Организирање на едукативни форми

- Организирање на семинари за едукација на мотиватори во крводарителство

1. Републички семинари за едукација на мотиватори	200.000,00
ВКУПНО:	**200.000,00**

Вкупно под точките 6.1, 6.2 и 6.3 : **8.763.000,00**

7. АКТИВНОСТИ НА РЕПУБЛИчКИОТ ЗАВОД ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА

7.1. Печатење на материјали

Ред. Бр.		Количина	Единечна цена	Износ во денари
1.	Медицински прашалници при секое дарување	55.000	1,00	55.000,00
2.	Крводарителски книшки	20.000	6,00	120.000,00
3.	Картони за евиденција на дарители на крв	20.000	21,00	42.000,00
4.	Медицински потврди за дарители на крв	20.000	1,00	20.000,00
	ВКУПНО:			**237.000,00**

Вкупно по Програмата за крводарителство за 2009 година подточките 6.1, 6.2, 6.3 и 7.1 се обезбедуваат ..... 10.500.000,00 денари.

8. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на програмата изнесуваат 30.000.000,00 денари.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во износ од **30.000.000,00 денари**,

Распределба на средствата по Програмата ќе ја врши Министерството за здравство квартално на Црвениот крст на Македонија и Републичкиот завод за трансфузиологија извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Црвениот крст на Македонија и Републичкиот завод за трансфузиологија кои се извршители во Програмата, најдоцна до 15.01.2010 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата, согласно табелите.

9. СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТ ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА

Средствата за надомест за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над десет крводарувања се трансферираат до Фондот за здравствено осигурување. За 6.000 крводарители по просечна партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител годишно се трансферираат средства во вкупен износ од **19.500.000,00** денари.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија со обврска Фондот да достави извештај за наменското користење на средствата согласно критериумите од оваа Програма за ослободување од партиципација на лицата кои имаат дарувано крв над 10 пати.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 6323/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

83.

Врз основа на член 16, став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05 и 137/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА

1. Урбанистички планови и урбанистички проекти, како планови од значење на Републиката, чија изработка во 2009 година ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија се следните:

1.1. Изработка на урбанистичко планска документација за ски центар Мусица – Крушево.

1.500.000,00 денари

1.2. Изработка на Урбанистички проекти за нови Технолошко развојни индустриски зони

7.800.000,00 денари

1.3. Изработка на урбанистички планови за развој на туризмот и културното наследство: СРЦ Галичица – Охрид.

2.300.000,00 денари

1.4. Изработка на Елаборати за Услови за планирање за Урбанистички планови вон Урбан опфат.

500.000,00 денари

1.5. Средства за изработка на Ажурирани геодетски подлоги

400.000,00 денари

Вкупно: 12.500.000,00 денари

2. Изработката на урбанистички планови и урбанистички проекти од оваа програма се финансира од Буџетот на Република Македонија.

3. За начинот и динамиката на спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за транспорт и врски, кое во рамките на предвидените средства може да врши соодветни поместувања на планираните износи, по претходна измена на Програмата, согласно закон.

4. Министерството за транспорт и врски за реализираните буџетски средства ќе достави Извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за изработени урбанистички планови, заклучно со 31.01.2010 година.

5. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19 – 6428/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

84.

Врз основа на член 14 став 5 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.01.2009 година, донесе

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

I. Со оваа Програма се утврдуваат работите и изворите на средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2009 година.

II. П Р И Х О Д И

1. Трансфер од Централниот буџет (делот од акцизата од деривати од нафта)	3.748.547.000
2. Надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата	660.000.000
3. Надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што ја плаќаат возилата регистрирани надвор од Република Македонија	80.000.000
4. Надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)	1.230.000.000
5. Други приходи (пренесени салда од денарската и посебните девизни сметки за повлекување на заеми од МФИ од 2008 год.)	30.000.000
Вкупно I:	**5.748.547.000**
6. Странски кредити	
6.1. Светска Банка	1.979.500.000
6.2. ЕБРД	276.000.000
Вкупно II:	**2.255.500.000**
Вкупно приходи I + II:	**8.004.047.000**

III. Р А С Х О Д И

Средствата во висина од **8.004.047.000** денари ќе се користат за следните намени:

III.1. Потпрограма 10 АДМИНИСТРАЦИЈА		**91.500.000**
1. Плати, наемнини и надоместоци		30.000.000
2. Стоки и услуги		51.500.000
3. Капитални расходи		10.000.000
III.2. Потпрограма 2А ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА		**4.283.545.000**
1. Инвестиции од странски кредити		**2.255.500.000**
1.1. Е-75 Куманово-Табановце		447.500.000
1.2. Проект за регионални и локални патишта		1.808.000.000
2. Сопствено учество во инвестициите со странски кредити		**673.890.000**
2.1. Обиколница на Скопје I фаза		250.000.000
2.2. Е-75 Куманово-Табановце		98.450.000
2.3. Проект за регионални и локални патишта		325.440.000
	вкупно проценета вредност со ДДВ	**обезбедени средства**
3. Инвестиции со сопствени средства	**10.863.000.000**	**1.184.155.000**
3.1. М-6 Штип - Струмица (дел. Сулдурци-Радичево)	708.000.000	300.000.000
3.2. Р-106 Градско-Фариш-Ленски мост-Прилеп	1.540.000.000	50.000.000
3.3. Коридор 8 (изградба на I делница од автопатот)	6.450.000.000	12.000.000
3.4. Изградба на Р-112 Коњско - Кожуф	708.000.000	200.000.000
3.5. Средно Водно -Сончев град	110.000.000	31.000.000
3.6. М-5 Обиколница Охрид (улица Железничка)	142.000.000	92.250.000
3.7. Клучка Крклино - влез во Битола	125.000.000	102.550.000
3.8. К1-Р-104 Коломот - мост с. Близанско	600.000.000	111.855.000
3.9. Тетово - Јажинце рехабилитација	160.000.000	160.000.000
3.10. Куклиш - Банско	120.000.000	100.000.000
3.11. Клучка за поврзување на ТИРЗ Скопје 2	80.000.000	100.000
3.12. Клучка за поврзување на ТИРЗ Тетово	80.000.000	100.000
3.13. Изградба на приклучоци, реконструкција и рехабилитација на регионални патни правци, сигнализација и градежни работи за наплатни станици		24.300.000
4. Инвестиционо одржување на патишта		**170.000.000**

III. 3. Потпрограма 20 ПАТИШТА	**3.629.002.000**
5. Тековно одржување на патишта	**800.000.000**
6. Експропријација	**613.788.000**
6.1. Коридор X Демир Капија - Смоквица	31.000.000
6.2. Коридор 8	123.000.000
6.3. Автопат Миладиновци - Штип	92.250.000
6.4. Скопје - Блаце	30.500.000
6.5. Магистрални и регионални патишта	337.038.000
7. Расходи за студии, проектирање, надзор, провизии, материјални и други трошоци	**680.175.000**
7.1. Подготовка на проекти и физибилити студии	458.175.000
7.2. Надзор на изградба на патишта	120.000.000
7.3. Материјални и други трошоци и услуги	102.000.000
8. Средства за локални патишта и улици	**330.000.000**
9. Отплата на кредити	**1.104.620.000**
9.1. Отплата на главница	694.120.000
9.2. Отплата на камата	410.500.000
10. Пренесени обврски од претходни години	**100.419.000**
- Доспеани обврски по основ на меѓународни финансиски организации (АСБ)	100.419.000
Вкупно расходи (III.1. + III.2. + III.3.):	**8.004.047.000**

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Бр. 19 – 6460/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

85.

Врз основа на член 36, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008 и 82/2008), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со Програмата за ревитализација на текстилната индустрија во Република Македонија за 2009 година (во натамошниот текст: Програма) се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за користење на средства од Буџетот на Република Македонија за 2009 година, наменети за имплементација на компонентите од Стратегијата за реструктуирање на текстилната индустрија преку: развој на пазар, комерцијална инфраструктура, технолошки развој и развој на човечки ресурси (во натамошниот текст Буџет).

Средствата од Буџетот наменети за Програмата, ги распоредува Министерството за економија.

1

Средствата од Буџетот во вкупен износ од **2.800.000,00 денари** наменети за имплементација на компонентите од Стратегијата за реструктуирање на текстилната индустрија преку: развој на пазар, комерцијална инфраструктура, технолошки развој и развој на човечки ресурси во 2009 година, ќе се користат за следниве намени:

1.1. Развој на пазар во износ од 300.000,00 денари

Постапката за избор на консултант- експерт за развој на пазари, ќе се спроведе во Министерството за економија во согласност со Законот за јавни набавки (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 136/2007 и 130/08).

Изготвената експертиза ќе осигури поддршка на компаниите и на група компании во секторот во насока на унапредување на перформансите на постојните пазари и пробив на нови пазари, унапредување на внатрешната способност на компаниите за изведување на маркетиншки активности на странските пазари (тренинг, планирање, рекламирање) и активностите кои ќе се фокусираат на барање нови стратешки партнери и воспоставување производи и маркетинг-врски во странство (пазарно истражување, стратешко партнерство, инвестирање).

1.2. Комерцијална инфраструктура во износ од 300.000.00 денари

Постапката за избор на консултант- експерт за развој на комерцијална инфраструктура, ќе се спроведе во Министерството за економија во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија„ бр. 136/2007 и 130/08).

Експертизата е во функција да ги охрабри компаниите, да воспостават вертикална и хоризонтална мрежа во производството и да градат заедничка развојна инфраструктура, со која ќе придонесат за:

- надминување на пречките кои ги спречуваат малите и средни претпријатија за зголемување на нивните конкурентски способности и приодот на меѓународните пазари;
- зголемување на инвестициите во технологија, развој на знаења и производи;
- решавање на прашањата поврзани со енормното производство и вработувањето.

1.3. Технолошки развој во износ од 1.100.000,00 денари

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на повик во јавните гласила за покажување на интерес за поднесување на проекти од страна на текстилните компании поврзани со нивниот технолошки развој. Делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 180.000,00 денари поединечно за секој барател.

За надоместување на дел од трошоците, барателот до Министерството за економија ја доставува следнава документација:

- Пријава и барање (се подига од архивата на МЕ или од веб страницата www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на РМ;
- Информација за економско финасиската состојба на субјектот издадена од Централен регистар на РМ;
- Договор помеѓу барателот и изведувачот на обуката, пуштен во промет во текот на 2009 година;
-Фактура од изведувачот на обуката пуштена во промет во текот на 2009 година
- Извод од банката депонент во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон изведувачот на обуката, согласно Договорот;

Горе наведената документација се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.

Делот од трошоците за оваа намена ќе бидат надоместени доколку се исполнат следниве критериуми:
- Деловниот субјект да има доставено комплетно барање со сите горенаведени документи;

- Деловниот субјект да има позитивно мислење во Информацијата за економско финасиската состојба на субјектот издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;

1.4. Развој на човечки ресурси во износ од 1.100.000,00 денари

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на повик во јавните гласила за покажување на интерес за поднесување на проекти од страна на текстилните компании поврзани со развој на човечки ресурси во компаниите. Делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 180.000,00 денари поединечно за секој барател.

За надоместување на дел од трошоците, барателот до Министерството за економија ја доставува следнава документација:

- Пријава и барање (се подига од архивата на МЕ или од веб страницата www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на РМ;
- Информација за економско финасиската состојба на субјектот издадена од Централен регистар на РМ;
- Договор помеѓу барателот и изведувачот на обуката, пуштен во промет во текот на 2009 година;
-Фактура од изведувачот на обуката пуштен во промет во текот на 2009 година
- Извод од банката депонент во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон изведувачот на обуката, согласно Договорот;

Горе наведената документација се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.

Делот од трошоците за оваа намена ќе бидат надоместени доколку се исполнат следниве критериуми:
- Деловниот субјект да има доставено комплетно барање со сите горенаведени документи;
- Деловниот субјект да има позитивно мислење во Информацијата за економско финасиската состојба на субјектот издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;

* * *

Трошоците наменети за точките 1.3 и 1.4 , ќе им бидат исплатени на текстилните компании во зависност од расположивите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во Архивата на Министерствтото за економија.

2

Министерството за економија за реализација на буџетските средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Макеонија за реализација на Програмата за ревитализација на текстлната индустрија во Република Македонија во 2009 година, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31 Јануари 2010 година. Извештајот ќе содржи и индикатори за успешност од реализацијата на Програмата и тоа: процент на зголемување на извозот, број на фирми со воведена нова технологија, број на спроведени обуки.

3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија,, .

Бр. 19 – 6403/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

86.

Врз основа на член 36, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2 јануари, 2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2009 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година, раздел 1001, подпрограма ДГ - Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, ставка 464,425 и, Подпрограма 40 – Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ, ставка 464, во вкупен износ од **30.000.000 (триесет милиони) денари.**

II

Средствата од став I на оваа програма ќе се користат за следниве намени:

1. Активности и проекти преку Министерството за економија (подпрограма ДГ)

10.000.000 денари

1.1. Кофинансирање на бизнис инкубатори
Кофинансирање на трошоците за програмски активности на бизнис инкубаторите (согласно доставена годишна програма)

1.000.000 денари

1.2. Кофинансирање на трошоци на бизнис центрите за проекти од нефинансиска природа на МСП
Финансиска поддршка на доставени и усвоени предлог проекти од регионалните бизнис центри (можни предлози: претприемништво, нефинасиски форми на поддршка на бизнисот, организирање на бизнис форуми, регионални деловни средби, саеми, промоција, и друго)

2.050.000 денари

1.3. Кофинансирање на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ)- Enterprise Europe network

Кофинансирање на редовните активности на Центарот во согласност со неговата тригодишна програма. (Проектот е кофинансиран и од ЕУ преку ЦИП програмата 2007-2013).

6.200.000 денари

1.4. Обсерваторија за МСП-изготвување и публикување на годишен Извештај за МСП во 2009 година

Изготвување и публикување на извештаи за малите и средни претпријатија во 2007 година.

200.000 денари

1.5. Форум за МСП-организирање на 2 регионални и една национална конференција

Организирање на квартални состаноци на работните групи, 4 регионални дискусии, состаноци со регионалните центри за основање на локални МСП форуми.

200.000 денари

1.6. Печатење на брошури:
1.Водич за МСП (на македонски, англиски и албански јазик),
2.Национален самооценувачки извештај за мали претпријатија (Повелба)

Печатење на Водич за МСП и Повелбата за Мали и средни претпријатија.

350.000 денари

2. Активности и проекти преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото (подпрограма 40)

20.000.000 денари

2.1. Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ

Финансирање на оперативните трошоци на Агенцијата за целосно извршување на работните задачи и проектите утврдени во Програмата за активности на Агенцијата и оваа Програма

8.500.000 денари

2.2. Кофинансирање на Фондот за развој на човечки ресурси

Кофинансирање на оперативните трошоци и активностите врзани за работата на Фондот за развој на човечки ресурси – обуки на менаџерските тимови на претпријатијата, обука на тренери.

1.200.000 денари

2.3. Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри

Поддршка на деловните центри во активностите поврзани со понатамошно функционирање на мрежата на центри, и имплементација на програми за помош, информирање и советување на малите и средни претпријатија и креирање на база на податоци за МСП во општините.

1.000.000 денари

2.4. Ваучерски систем за советување

Имплементација на Ваучерскиот систем за советување. за советодавни услуги кај најмалку 60 клиенти;, вклучување на нови (најмалку 3) бизнис центри во ваучерскиот систем за советување, одржување на веб страната за консултанти, воведување на иновативен ваучер, воведување на нова целна група – потенцијални претприемачи, мониторинг на претпријатија корисници на ваучер кај најмалку 30 клиенти.

3.000.000 денари

2.5. Претприемачки награди
Организирање медиумска кампања и доделени награди за микро и мали претпријатија. Доделување на најмалку 2 награди за микро и 2 за мали претпријатија.

400.000 денари

2.6. Претприемничко образование
Реализирање на 10 работилници за промоција на претприемништвото и обука за подготвување на бизнис план меѓу младите луѓе (студенти и ученици) со вкупен опфат на 300 студенти.

400.000 денари

2.7. Европски ден на претприемачите
Организирање на Европскиот ден на претрпиемачи-годишен настан – (9 мај)

1.000.000 денари

2.8. Подигање на свеста за Информациско - комуникациска технологија
Организирање на 5 регионални презентации за промоција на значењето на Информациско - комуникацискатa технологија.

500.000 денари

2.9. Кампања за воведување на стандарди за квалитет
Организирање 5 регионални презентации за важноста од поседување на меѓународен стандард и организирање на обука за 15 консултанти за меѓународен стандард кој им е потребен на претпријатијата кои извезуваат.

500.000 денари

2.10. Меѓународна научна соработка
Организирање на научен собир за промоција на меѓународна научна соработка со учество на претставници од минимум 3 странски земји и имплементирање на најдобрите практи од другите земји во РМ.

200.000 денари

2.11. Подигање на свеста за права на интелектуална сопственост
Организирање на 5 регионални презентации за важноста на интелектуалната сопственост.

300.000 денари

2.12. Доживотно учење – претприемништво
Организирање на 5 регионални семинари за промоција на Законот за образование на возрасни и промоција на концептот за доживотно учење и 2 округли маси на оваа тема иницирани од локални партнери.

300.000 денари

2.13. Публикување брошури за МСП
Публикување брошури и организирање кампања во соработка со деловни здруженија, комори, медиуми. за значењето и улогата на претприемништвото и на малите и средни претпријатија.

300.000 денари

2.14. Промотивни активности (саеми, работилници, деловни партнерства)

Поддршка при организирање на саеми; организирање на работилници; организирање на директни деловни средби; и поддршка при склучување на партнерства.

600.000 денари

2.15. Кофинансирање на останати донаторски проекти
Сопствено учество во имплементација на донаторски проекти каде се бара.

600.000 денари

2.16. Кофинасирање на трошоците за спроведување на анализа за потребите за обуки во 500 претпријатија
Утврдување на методологија прашалници и ангажирање на регионалните бизнис центри и другите засегнати страни.

1.200.000 денари

ВКУПНО : 30.000.000 денари

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

IV

Министертвото за економија ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализираната Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2009 година, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31 јануари, 2010 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19 – 6483/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м–р **Никола Груевски,** с.р.

87.

Врз основа на член 32 став 4 точка 1 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на РМ", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 05/07 и 77/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.01.2009 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Програмата содржи мерки, задачи и активности за заштита на здравјето на населението во Република Македонија, што треба да ги реализира мрежа на јавни здравствени установи од превентивен вид:10 заводи за здравствена заштита со 21 подрачна служба (333) и Републичкиот завод за здравствена заштита - Скопје (Р333).

Заводите за здравствена заштита во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита обезбедуваат спроведување на одредби на поголем број на закони со кои се регулирани следењето, истражувањето и проучувањето на здравствената состојба на населението, причините за појавата и ширењето на заразните и други болести што имаат социјално-медицинско значење, како и влијанието на еколошките фактори врз здравјето, предлагање и преземање на мерки, заради заштита и унапредување на здравјето на целокупното население во Република Македонија, независно дали е здравствено осигурено или не.

Со задачите од оваа програма се обезбедува остварување на загарантирани права, утврдени потреби и интереси на сите граѓани што имаат карактер на унапредување на здравјето и преземање на мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата, како и остварување на задачите и активностите на заводите за здравствена заштита утврдени со член 110 од Законот за здравствената заштита и препораките на СЗО.

Во Програмата е утврден видот на задачите, содржината, обемот и роковите за нивно извршување, како и финансиски средства за реализација на Програмата. Во целина, оваа програма претставува здравствена безбедност на граѓаните во државата.

Мерките, задачите и активностите ќе се вршат организирано во 4 основни дејности:

1. Социјално-медицинската,
2. Епидемиолошката,
3. Санитарно-хигиенската, и
4. Лабораториската и микробиолошката дејност.

Заводите за здравствена заштита, кои се носители на здравствената безбедност, имаат седишта во следните 10 општини: Битола, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Скопје, Тетово, Велес и Штип.

Овие 10 заводи ќе вршат задачи и во своите 21 подрачни служби од санитарно-хигиенската, епидемиолошката дејност и социјално-медицинската дејност за потребите на населението од преостанатите општини во Република Македонија, според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Сл.весник на Република Македонија", бр.55/04) и Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Република Македонија", бр.5/02), а во рамките на локалните здравствени ризици што го оптоваруваат здравјето на населението.

Републичкиот завод за здравствена заштита ќе ги врши задачите за потребите на целокупното население од Република Македонија, освен во цитираните четири дејности и во доменот на:

1. Заштитата на населението од јонизирачки зрачења,
2. Безбедност и здравје на работа и превентивна здравствена заштита на работниците, и
3. Испитувањето и контролата на лековите.

Наведената организациона поставеност на овие јавни здравствени институции е крајно рационална, како во поглед на вкупниот број вработени стручни кадри (околу 700 или 3% од вкупниот број вработени во јавниот здравствен сектор), така и во поглед на скапата медицинска и лабораториска опрема, неопходна за сите видови на лабораториско истражување и дијагностицирање, што главно е лоцирана во 10-те седишта на ЗЗЗ и РЗЗЗ.

Во вкупните активности на оваа програма за 2009 година, за прв пат се предвидуваат и активности за оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците во Република Македонија, кои ќе ги спроведуваат Институтот за медицина на трудот при Здравствен дом Скопје и службите за медицина натруд при здравствените домови во Скопје, Битола, Охрид, Прилеп, Куманово и Велес

Поодделно реализацијата на утврдените задачи и активности ќе се врши и тоа во:

I. АКТИВНОСТИ НА РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА/ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ЗАВОДИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА/ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

Улогата на Републичкиот завод за здравствена заштита и на заводите здравствена заштита во сегашните околности треба да се фокусира на квалитетно и професионално обезбедување на основните јавно здравствени функции.

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба.
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризиците за јавното здравје.
3. Здравствено воспитување.
4. Социјално учество во јавно здравство.
5. Развој на политики и институциски капацитети за планирање и управување со јавното здравство.
6. Зајакнување на институциските капацитети за легислатива и зајакнување на јавното здравство
7. Евалуација и промоција на еднаков пристап до потребните здравствени услуги.
8. Развој на хумани ресурси и едукација за јавно здравство.
9. Обезбедување квалитет на здравствените услуги на индивидуи и популација.
10. Истражување во јавното здравство.
11. Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето.

Со оглед дека во нашиот здравствен систем во тек е процес на продолжување на започнатите реформи, Републичкиот завод за здравствена заштита со својата модернизација може да придонесе за подобрување и зајакнување на следните функции во Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување:

a) Развој на здравствена политика и анализа на квалитетот и економската ефикасност на разните сегменти и функции на системот, изготвувањето стратегии и акции од јавно здравствен аспект,
b) Креирање и дисеминација на податоци и информации битни во водењето на здравствената политика,
c) Современа превенција и контрола на болестите,
d) Учество во мултисекторската соработка за подобро здравје како и
e) Развој на хумани ресурси и институционални капацитети оптимални за развој на здравствениот систем.

I. СОЦИЈАЛНО-МЕДИЦИНСКА ДЕЈНОСТ

Врз основа на домашната легислатива, меѓународните трендови, акти и стратегии, Секторот за социјална-медицина во РЗЗЗ и Службите за социјална медицина во ЗЗЗ ја следат здравствената состојба на населението, системот и организацијата на здравствената заштита, планираат, програмираат, прибираат, обработуваат, анализираат и евалуираат податоци од здравствена статистика, учествуваат во промоција на здравјето, изготвување и спроведување на посебни програми од здравствената дејност и предлагаат мерки за решавање на здравствените потреби на населението, утврдувааат приоритети за задоволување на потребите и подобрување на здравствената состојба на населението на национално, регионално и локално ниво.

Секторот за социјална медицина во РЗЗЗ добива особено важна улога во обезбедувањето квалитетни, валидни и ажурирани податоци за здравствената состојба и здравствениот систем, како и стручна експертиза за креирање на политика базирана на докази - евиденција и изготвување стратегии.

Модернизацијата на Секторот за социјална медицина треба да се одвива преку зајакнување на капацитетите (едукација на кадрите), подобрување на информатичката инфраструктура, создавање бази на податоци и информациони под системи на здравствениот информационен систем, изготвување стратешки документи и современи публикации.

ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНО-ЗДРАВСТВЕНИ ФУНКЦИИ

1. Креирање здравствена политика - Изготвување стратешки документи и Стратегии:

јавно здравствена функција:

5: Развој на политики и институциски капацитети за планирање и управување со јавното здравство

6: Зајакнување на институциските капацитети за легислатива и зајакнување на јавното здравство

9. Обезбедување квалитет на здравствените услуги на индивидуи и популација

11. **Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето**

- Учество во изготвување и имплементација на Стратегија за Јавно здравје - како основен документ со кој ќе се дефинираат сите приоритетни проблеми во јавното здравство, како и начините за нивно решавање
- Хармонизација на постоечките стандарди и нормативи за квалитетна здравствена заштита, со стандардите на ЕУ
- Изготвување Стандарди и нормативи за здравствената дејност согласно ЕУ
- Анализа на законската регулатива која ја уредува безбедноста на пациентите согласно ЕУ прописи
- Учество во имплементација на Законот за правата и безбедноста на пациентите
- Учество во изготвување на Закон за јавно здравје
- Учество во имплементацијата и мониторингот на политиките и активностите предвидени во Националниот Извештај за милениумските развојни цели, кој се базира на потпишаната Милениумска декларација на ООН
- Учество во имплементацијата на Националниот акционен здравствен план за Ромите, партиципација на здравствениот сектор во Декадата за вклучување на Ромите до 2015г.

- Учество во изготвување на Национална Стратегија за превенција на насилство
- Учество во имплементација на Национална Стратегија за превенција на семејно насилство
- Учество во подготовка на Протокол за жртви на семејно насилство
- Учество во изготвување Национална Стратегија за безбедност во сообраќајот
- Учество во изготвување стратегија за сиромашните - дел здравство
- Учество во изготвување на стратегија за млади - дел здравство
- Учество во изготвување на стратегија за незаразни болести
- Учество во изготвување на стратегија и програма за намалување на перинатална и доенечка смртност во Република Македонија
- Учество во реорганизација на здравствените служби и зајакнување на нивната функција на давање услуги.
- Учество во модернизација и реорганизација на јавно-здравствените служби и зајакнување на нивната функција (РЗЗЗ и 10ЗЗЗ)
- Учество во активности за подобрување на здравјето на мајките и децата, како и заштита на половата рамноправност.
- Учество во имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународната здравствена регулатива
- Активности за зајакнување на капацитетот на здравствениот систем за одговор на вонредни состојби.
- Имплементација на активностите од соработката помеѓу Министерството за здравство и UNICEF, UNDP, UNIFEM, СЗО и други организации
- Учество во изготвување на Акционен план за намалување на стигмата од туберкулоза
- Учество во изготвување на предлог Акционен план на Стратегијата за контрола на тутунот во Република Македонија за периодот 2008-2010
- Учество во изготвување на предлог Акционен план на Стратегијата за контрола на алкохолот во Република Македонија

- Учество во изработка на 15 превентивни програми, особено Програмата за систематски прегледи на училишни деца и младина и Програмата Здравје за сите

Индикатори: Состаноци, Презентации, Работилници, Трибини, Изготвени стратегии

Рок: Континуирано, а во контекст на претходно утврдена динамика на одредени проекти

Извршители: Специјалисти по социјална медицина - членови во експертски работни групи од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и Заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ) ,

2. Статистички истражувања од областа на здравството

јавно здравствена функција:

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје

Статистичките истражувања ќе се спроведуваат согласно постоечката легислатива.

2.1. Ревизија на постојните домашни закони и подзаконски акти во областа на здравствената статистика, водење медицинска документација и евиденции во областа на здравството, и хармонизација со прописите и стандардите на Европската Унија од Јавното здравство (Одлука на ЕУ бр. 1786/2002 од 23.09.2002 и пратечки документи.;

- Изготвување на нов предлог Закон за евиденции и збирки на податоци во здравството, усвојување од Влада и Парламент
- Подготовка на подзаконски акти - Правилници за негова имплементација
- Проект за имплементација на новата евиденција во здравството според стандардите на ЕУ, во соработка со Секторот за Европска интеграција и меѓународна соработка при Министерството за здравство (финансиски поддржано од Секторот за ЕУ интеграција)
- Подготовка на стручно-методолошко Упатство за примена на новиот Закон за збирки на податоци во здравството
- Подготовка на нови обрасци за евиденции во здравството согласно новиот Закон и стандардите на ЕУ
- Едукација на здравствените работници за примена на новиот Закон за збирки на податоци во здравството
- Теренски увиди за примена на новиот Закон за збирки на податоци во здравството

Индикатори: изготвен Закон за евиденции и збирки на податоци во здравството и усвоен од Влада и Парламент, изготвени подзаконски акти - правилници за негова имплементација, нови обрасци за евиденција, изготвено стручно-методолошко Упатство за примена на новиот Закон, одржани семинари за едукација, спроведени теренски увиди

Рок: декември 2009

Извршители: Специјалисти по социјална медицина - членови во експертски работни групи од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

2.2. Функционирање и развивање на Здравствено-статистички информативен центар

- Развивање и надградување на постоечките софтвери за водење на евиденциите во здравството, согласно домашната легислатива и меѓународните побарувања(EUROSTAT, HFA, MDG, TRANSMONEE и др.)
- Развивање информациони под системи и нивно поврзување со базите на податоци во Фондот за здравствено осигурување, Министерството за здравство, Бирото за лекови, здравствените организации, а вертикално со Заводите за здравствена заштита (во согласност со активностите предвидени во Проектот за управување со здравствениот сектор)
- Примена на SPSS-програма за обработка на податоците
- Надградување на веб страна
- Развивање на Центарот за информации на граѓаните

Индикатори: Изготвени софтвери, развиени информациски подсистеми, достапни ажурирани податоци, објавени податоци, ажурирана веб страница, континуирана активност на Центарот за информации на граѓаните

Рок: Континуирано во текот на 2009

Извршители: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (Р333) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (333)

2.3. Изготвување на Здравствен статистички годишник – Здравствена карта, според ЕУ стандарди

Овој современ годишник ќе биде подготвен по препораките на СЗО, односно по најновите барања на Европската Комисија. Во годишникот ќе бидат објавени ажурирани податоци од областа на здравствена статистика.

Индикатор: Изготвен Здравствено-статистички годишник – Здравствена карта

Рок: 31 октомври 2009

2.4. Изготвување Извештај за здравјето на населението во Република Македонија

Извештајот ќе биде изготвен согласно принципите за изработка на извештај за здравјето во земјите членки на ЕУ објавен на веб страната Health and Consumer Protection Directorate General (Health Status Report with regard to the Member States of the EU)..

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

Индикатор: Изготвен Извештај за здравјето на населението и објавен на веб страната на Републички завод за здравстена заштита - Скопје.

Рок: 31 декември 2009

2.5. Изготвување стандарди и индикатори во системот на здравствена заштита согласно Програмата на СЗО Здравје за сите во 21 век - HFA база;

Во 2009 година ќе се продолжат активностите за спроведување на здравствените индикатори " Здравје за сите" донесени од СЗО.

– ќе се изготват здравствени индикатори според утврдените табеларни прегледи од СЗО при што ќе се користат податоци од редовната рутинската здравствена статистика и посебни анкетни истражувања. Ќе се организираат семинари со инструктажа за правилно прибирање податоци за здравствени индикатори;

Индикатори: организирани семинари за инструктажа за правилно прибирање податоци за здравствени индикатори, изготвени здравствени индикатори според утврдените табеларни прегледи од СЗО врз основа на податоци од редовната рутинската здравствена статистика и посебни анкетни истражувања, ажурирана веб страна на СЗО и РЗЗЗ со ХФА индикатори

Рок: 31 октомври 2009

Извршители: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ),

3. Информации за здравствената состојба на вулнерабилни групи и приоритетни јавно-здравствени проблеми

Јавно здравствена функција:

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје
4. Евалуација и промоција на еднаков пристап до потребните здравствени услуги
7: Социјално учество во јавно здравство
11. Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето

3.1. Информации за здравствената состојба на вулнерабилни групи: деца, жени во репродуктивна возраст (рано откривање на рак на дојка и грло на матката кај жената) Роми, затвореници, сиромашни, хомосексуалци, комерцијални сексуални работници, раселени лица, социјално исклучени лица

Поради актуелноста на здравствените проблеми и вулнерабилноста,, на овие групи, неопходно е да се подготват посебни информации за следните ранливи групи: Роми, сиромашни, хомосексуалци, комерцијални сексуални работници, затвореници итн. Ова би требало да биде усогласено со основните принципи за човекови права, а во контекст на милениумските развојни цели на ООН, Меморандумот за социјално вклучување, Националната Стратегија за ЕУ интеграција и на Декадата за вклучување на Ромите до 2015г.
Информации ќе се изготват за најприоритетните вулнерабилни групи.

Индикатори: Изготвени 2 информации за најприоритетни вулнерабилни групи.

Рок: 30 јуни 2009; 31 декември 2009
* рок за ЗЗЗ 1 месец пред рок за РЗЗЗ

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ),

3.2. Информации за приоритетни јавно здравствени проблеми

Ќе се изготват информации за одбрани приоритетни јавно здравствени проблеми, со акцент на оптовареноста со болест и економското чинење на болеста; хронични дегенеративни незаразни болести, повреди, насилство и други приоритетни состојби, за кои се води евиденција според законските прописи и меѓународните стандарди.

Информација за јавно-здравствениот аспект на:

- сообраќајниот трауматизам
- кардиоваскуларните болести
- шеќерната болест
- мускуло-скелетни заболувања

Индикатори: Изготвени 4 информации

Рок: 31 март 2009; 30 септември 2009
* рок за ЗЗЗ 1 месец пред рокот за РЗЗЗ
** ќе се изготвува по 2 информации на шест месеци според приоритет утврден од Министерството за здравство

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и службите за социјална медицина од Заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ),

4. Здравствена промоција - здравствено воспитување

Јавно здравствена функција:
3. Здравствено воспитување
4. Социјално учество во јавно здравство

4.1. Изготвување програми за промоција на приоритетните јавно-здравствени проблеми, со интра и интерсекторски пристап, а со цел вклучување и на популацијата.

Програмите ќе имаат за цел промоција на здравјето и здравствена едукација на целата популација, а особено на одделни вулнерабилни групи за:

- здрав стил на живеење: физичка активност, правилна исхрана, непушење, неконзумирање алкохол и дроги, справување со стрес, решавање на конфликти, безбедност, безбеден секс
- превенција на заболувањата и умирањата од кардиоваскуларни, малигни, респираторни заболувања, шеќерна болест, повреди (на работа, во домот, во сообраќај, рекреација) и насилство
- подобрување и унапредување на условите за живеење (исхраната, водоснабдувањето, диспозицијата на отпадни материи и заштита на населението од аерозагадувањето).

Индикатори: Објавени информации преку WEB страна на РЗЗЗ и ЗЗЗ, и други медиуми

Рок: Континуирано според утврден приоритет од Министерство за здравство

Извршители: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

4.2. Спроведување истражувања за стил на живот и изготвување современ апликативен софтвер

Јавно здравствена функција:
10. Истражување во јавното здравство

Ќе се спроведе истражување на репрезентативен примерок од општата популација, како и на одделни вулнерабилни групи со цел да се открие

ризичното однесување на популацијата, кое доведува до појава на низа заболувања, што ќе овозможи да се предложат соодветни интервентни програми за нивна превенција.

Ќе се спроведе истражување за преваленцата на пушењето кај младите во Република Македонија (GYTS).

Индикатори: изготвен софтвер, спроведени истражувања, анализирани и објавени податоци од истражувањето, податоци на веб страната на РЗЗЗ

Рок: 30 ноември 2009

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ).

4.3. Дизајнирање промотивни материјали: брошури, лифлети, постери за одделни заболувања и повреди, специјални за одделни целни групи.

Индикатори: Дизајнирани промотивни материјали

Рок: Континуирано за одбрани приоритети

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ),

4.4. Центар за информации на граѓаните – Канцеларија за односи со граѓаните

Содржината на Здравствено-статистичкиот информативен центар опфаќа информации за јавноста од следниве области: РЗЗЗ - организација, функција и маркетинг на услуги, промоција на здравје, здравствено законодавство, протоколи, стандарди и нормативи, здравствено осигурување и права на пациенти, здравствена екологија, заразни болести, незаразни болести, повреди и насилство, лекови, здравствена статистика и здравствена информатика.

Принципот на работа на Центарот е следен:

- Престој во просториите и одговарање на прашања од граѓаните на
- Р.Македонија во Центарот за здравствена информација на граѓаните во РЗЗЗ
- Регистрирање на телефонските повици на граѓаните
- Упатување до надлежната институција за одговор на поставените прашања

- Одговор добиваат усно, писмено по пошта, преку електронска пошта (меил) или при посета на Центарот каде што граѓаните можат да побараат консултација, пристап на интернет и пропаганден материјал (брошури, флаери...)

Континуирано ќе се обезбедуваат:

Најнови информации, публикации, здравствено-пропаганден материјал, календар на значајни датуми во годината, настани-конференции, симпозиуми, кампањи и активности на Здравствено-информативниот центар

Индикатор: Континуирана активност на Центарот за информации на граѓаните

Рок: Континуирано во текот на 2009

Извршители: Републички завод за здравствена заштита – Скопје, Сектор за социјална медицина и другите сектори од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ),

4.5. Веб страна

Ажурирање на веб страната со информации кои се директно поврзани со промоција на здравјето општо, и конкретно за одредени приоритетни јавно-здравствени проблеми и вулнерабилни групи. Веб страната ќе претрпи измени и ќе се модернизира во согласност со светските здравствени веб страни, а по модел на Велшката и Хрватската веб страна.

Индикатори: Ажурирана веб страница

Рок: Континуирано

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина и другите сектори од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ), како и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)
-

5. Публикации

Јавно здравствена функција:

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје
3. Здравствено воспитување

Публикациите за заболувањата од социјално-медицинско значење ќе се изготват врз база на обработката на податоците од постоечките регистри за

незаразните заболувања. Ќе се презентираат податоци според повеќе параметри: морбидитет, структура, пол, возраст, место на живеење (град-село) општини, здравствени организации и др.:

- Регистар за рак
- Регистар за шеќерна болест
- Амбулантно-поликлинички морбидитет
- Болнички морбидитет
- "Здравствени индикатори - Здравје за сите" во Република Македонија.
- Здравствена карта на РМ
- Извештај за здравјето на населението во РМ
- Публикации за изготвени информации, анализи и извештаи
- Здравствено-пропагандни материјали (брошури, агитки, плакати)

Индикатори: Отпечатени и дистрибуирани публикации и здравствено-пропагандни материјали

Рок: Континуирано во текот на 2009

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

6. Едукација

Јавно здравствена Функција:

8: Развој на хумани ресурси и едукација за јавно здравство
9. Обезбедување квалитет на здравствените услуги на индивидуи и популација
10. Истражување во јавното здравство

- Едукација на јавно здравствените работници од Заводите за здравствена заштита, локалната самоуправа и општините за менаџмент во јавното здравство, раководење и управување за здравје - во функција на децентрализација на јавно здравствените услуги и имплементација на Законот за локалната самоуправа
- Едукација и инструктажа на здравствените работници за примена на новиот Закон за евиденции и збирки на податоци во здравството
- Обезбедување на соодветни кадри, дополнителна едукација на постоечките кадри за информативна технологија, како и дополнително ангажирање на експерти од оваа област во функција на Здравствено статистичкиот-информативен центар
- Едукација на здравствените работници од примарната здравствена заштита за превенција на интерперсоналното насилство, со акцент на семејното насилство во соработка со Министерството за труд и социјална политика - протокол за жртви на семејно насилство

- Континуирана медицинска едукација и професионален развој (TEACH VIP, Healthy-plan it)
- Едукација за подобрување на комуникациските вештини и решавање на конфликти

Индикатори: Број на тематски едукативни семинари и курсеви број на одржани семинари за секоја тематска област, број на слушатели кои завршиле едукативни семинари по тематска област, изготвени едукативни материјали за секоја тематска област

Рок: *Континуирано според приоритети*

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

7. Интерсекторска соработка со други владини, невладини и меѓународни институции

Јавно здравствена функција:

4. Социјално учество во јавно здравство
   7.1. 7.1. Национална кампања за превенција на насилство
   7.2. 7.2. Активности за Светскиот ден на здравјето за 2009
   7.3. 7.3. Активности за Светскиот ден на жртвите на сообраќајни несреќи
   7.4. 7.4. Унапредување на здравјето - Светски денови тематски

Индикатори: Број на одржани тематски промоции и презентации, трибини, број на тематски промотивни материјали: дизајнирани, печатење и дистрибуција

Рок: Континуирано, 7 април 2009

- **Извршители**: Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводи за здравствена заштита

II. ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ

Епидемиолошката дејност во Република Македонија во 2009 година ќе ги спроведува следните мерки и активности:

- следење, проучување и анализа на епидемиолошката состојба како и решавање на епидемиолошките проблеми поврзани со заразните заболувања на одделни подрачја и на републиката во целост;
- собирање, обработка и анализа на пријави и извештаи за заразни заболувања. Изготвување на седмоднени извештаи, месечни билтени

со епидемиолошки коментар, периодични и годишни извештаи и информации, извештаи и анализи за состојбата и движењето на заразните заболувања и преземените мерки за нивно спречување и сузбивање;

- изготвување на програми и оперативни планови за спречување и сузбивање на заразните заболувања;
- изготвување на оперативни планови при појава на зголемен број на заразни заболувања или епидемија, со противепидемиски мерки и активности за целата здравствена дејност;
- профилактичка и по епидемиолошки индикации дезинфекција, дезинсекција и дератизација, како и контрола на истата;
- учество во изготвување на годишните програми и оперативните планови за имунизација, изготвување на стручни упатства и препораки за вакцинација, укажување на стручно-методолошка помош во врска со имунзацијата, следење на нејзиното извршување, како и евалуација на задолжителната имунизација и изготвување на шестмесечни и годишни извештаи.

Секторот за епидемиологија и микробиологија при Републичкиот завод за здравствена заштита и епидемиолошките служби во заводите за здравствена заштита во Република Македонија во текот на 2009 година, епидемиолошката дејност ќе ја спроведуваат врз основа на Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, подзаконски акти од оваа област, како и врз основа на програмите кои ги донесува Владата на Република Македонија.

Согласно наведената законска регулатива, препораките на глобалната политика "Здравје за сите" и политиката "21 цел за 21 век" и понатамошна евалуација на Програмата за превентивна здравствена заштита во Република Македонија, во идниот период потребно е значајно намалување на негативните ефекти, кои одредени заразни заболувања ги имаат на здраствената состојба на населението и обезбедување на контрола, елиминација и ерадикација на тие заразни заболувања.

Во контекст на заложбите на Република Македонија за приближување односно интеграција кон Европската Унија, и конечното одобрување на кандидатскиот статус на нашата земја за влез во ЕУ, во идниот период епидемиолошката дејност ќе продолжи со своите активности насочени кон усогласување со правната регулатива на Европската заедница.

Приоритетни цели од доменот на епидемиологијата се:

- одржување на резултатите постигнати со ерадикација на детската парализа;
- елиминација на автохтоните мали сипаници и рубеола и превенција на конгенитална инфекција со рубеола;
- елиминација на тетанусот кај новороденчињата;
- контрола на останатите заболувања против кои се спроведува задолжителна имунизација;

- континуирано спроведување на задолжителна имунизација на сите новородени со вакцина против хепатитис Б, воведена во 2004 година, со цел превенција хроничната хепатит Б инфекција и нејзините последици;
- континуирано спроведување на задолжителна имунизација со вакцина против Хемофилус инфлуенца Б, со цел редукција на бројот на заболени од менингитис, пнеумонија и други инфекции предизвикани со оваа бактерија;
- намалување на високиот морбидитет од ентероколитите кај малите деца, од труењата со храна вклучително и салмонелозите, како и од другите цревни заразни заболувања и вирусниот хепатит А;
- намалување на морбидитетот од останатите вирусни хепатити;
- редуцирање на опасноста од внесување и ширење на маларија;
- намалување на опасноста од внесување и ширење на колера и други тропски и паразитарни заболувања;
- намалување на инциденцата од бруцелозата, ехинококозата и други зоонози;
- природно жаришните инфекции;
- превенција на СИДА;
- редукција на заболувањата кои се пренесуваат по полов пат;
- спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции;
- грипот и други акутни респираторни заболувања;
- спречување и сузбивање на заразните заболувања од поголемо епидемиолошко и социјално значение и тоа: при поединечни случаи на нови заразни заболувања, заболувања кои повторно се јавуваат и појава на епидемии на заразни заболувања;
- следење, проучување и анализа на хроничните незаразни заболувања.

ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНО-ЗДРАВСТВЕНИ ФУНКЦИИ ВО ЕПИДЕМИОЛОГИЈАТА

1. Креирање здравствена политика - Изготвување стратешки документи и Стратегии

Јавно здравствена функција:

5: Развој на политики и институциски капацитети за планирање и управување со јавното здравство

6: Зајакнување на институциските капацитети за легислатива и зајакнување на јавното здравство

Развојот на политики и институциски капацитети за планирање и управување со јавното здравство, како и зајакнување на институциските капацитети за легислатива и зајакнување на јавното здравство, се спроведува преку:

❖ **Учество во изготвување и имплементација на Национална Стратегија за јавно здравје**

- ❖ **Учество во изготвување на Национална Стратегија за проценка и управување со здравствени ризици поврзани со појавата на заразни и незаразни заболувања**
- ❖ **Учество во изготвување и имплементација на Стратегија за Јавно здравје на подрачје на заводите за здравствена заштита**

Индикатори:
- Состаноци
- Презентации
- Форуми
- Трибини
- Изготвени стратегии - упатства за процена на здравствени ризици

Рок: декември 2009

Извршители: Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333

- ❖ **Учество во изготвување на стратешки документи во делот на:**

- здравствена заштита (закони и подзаконски акти);
- заштитата на населението од заразни болести на територијата на Република Македонија (закони и подзаконски акти);
- заштитата на населението од незаразни болести;
- подготвување на правни инструменти на полето на јавното здравство;
- проценка на влијанието на законодавството врз здравјето;
- активности поврзани со консултации, знаење и информации;
- хармонизација на постоечките законски и подзаконски акти и стандарди од областа на задравствената заштита на населението од заразни болести, со постоечките Директиви на ЕУ и препораките на СЗО, со цел заштита на здравјето на населението:

  * Одлука на ЕУ бр. 2119/98 од 24.09.1998 (мрежа за епидемиолошки надзор и контрола на заразните заболувања)
  * Одлука на ЕУ бр. 2000/57/ЕЦ од 22.12.1999 (Систем за рано известување и брз одговор за превенција и контрола на заразните заболувања)
  * Одлука на ЕУ бр. 2000/96/ЕЦ од 22.12.1999 (прогресивно опфаќање, покривање на заразните заболувања во мрежа)
  * Одлука на ЕУ бр. 2002/253/ЕЦ од 19.03.2002 - последна ревизија (анекс) на 28.04.2008 (за дефиниција на случај за заразни заболувања)
  * Одлука на ЕУ бр. 2003/534/ЕЦ од 17.07.2003 (за заразни заболувања подложни на пријавување)
  * Одлука на ЕУ бр. 2003/542/ЕЦ од 17.07.2003 (Одлуката ЕУ бр. 2000/96/ЕК од 22.12.1999 – за оперативноста на мрежи за надзор)

Индикатори: Изготвени нацрт и усвоени завршни прописи и документи од областа на здравствена заштита од заразни заболувања, усогласени со Европските директиви.

Рок: декември 2009

Извршители: Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333.

❖ **Изготвување и имплементација на стратегии кои се дел од двегодишниот договор за соработка помеѓу Министерството за здравство и Светската здравствена организација 2008-2009, а кои се однесуваат на следните области, односно приоритети:**

- Приоритет бр. 1: Зајакнување на здравствените системи
- Приоритет бр. 2: Незаразни болести, ментални нарушувања, насилство, повреди, промоција на здрави животни стилови и безбедност на храна, во делот кој се однесува на незаразните болести;
- Приоритет бр. 3: Заразни болести, во смисла на зајакнување на капацитетите за рано откривање, проценка, одговор и справување со големи епидемии и болести склони кон пандемии, обезбедување на правичен пристап до вакцини со проверен кавалитет за сите, поширока примена на стратегијата Стоп за ТБЦ, како и универзален пристап до превенција на ХИВ, вклучувајќи подобрено следење и евалуација на национално ниво.
- Приоритет бр. 4: Здравствена сигурност, подготвеност за вонредни настани и одговор, во делот за зајакнување на капацитетите и изотвување на планови за подготвеност за кризни состојби и ефективно справување со здравствени кризи во делот кој го покрива епидемиолошката дејност.
- Приоритет бр. 5: Здравјето и животната средина со акцент на здравјето на работното место.

Индикатори: Изготвени и усвоени стратешки документи од областа на здравствена заштита на заразни и незаразни, вакцино-превентабилни заболувања и ХИВ/СИДА, активности во врска со нивната имплементација.

Рок: декември 2009

Извршители: Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333

2. Статистички истражувања од областа на здравството

Јавно здравствена функција:

1. *Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба*
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје

2.1. Здравствено-информативен систем за заразните и незаразни болести и вакцинации - национална датабаза за заразни болести и вакцинации

❖ **Осигурување на правилна здравствена информација и знаење во развојот на јавното здравство, што вклучува:**

- Понатамошен развој и операционализација на одржлив систем на здравствен надзор (следење) за воспоставување на компарабилни, квантитативни и квалитативни индикатори на ниво на државата врз база на прибирање, анализа и дистрибуција на податоци и информации;
- Развој на информатички систем за рано известување, детекција и надзор над здравствени ризици како од заразните заболувања, вклучувајќи ја опасноста од ширење на болеста надвор од државните граници (и резистенцијата на патогени агенси), така и незаразните заболувања;
- Подобрување на системот за трансфер и размена на информации и податоци во здравствениот сектор;
- Воведување и понатамошен развој на електронско поврзување на Републичкиот завод за здравствена заштита со Заводите за здравствена заштита, за поефикасно следење на заразните и незаразните заболувања, на сите нивоа;
- Обезбедување на достапност на здравствени информации од јавен интерес (ажурирање на веб-страни на интернет);
- Зајакнување на капацитетите за евиденција на заразните заболувања преку остварување на комуникација и пристап до европската мрежа за епидемиолошки надзор и контрола над заразните болести;
- Развој на стратегии и механизми за превенција,
- Примена на СПСС програма за обработка на податоци и понатамошна едукација на кадри за работа со оваа програма;
- Размена на информации - стратегии за вакцинација/имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса;
- Прибирање на податоци и размена на информации за најважни незаразни болести врз основа на што се продолжува со следење, анализирање на состојбата со овие болести и адекватен одговор, како и за појава на ретки заболувања;

Индикатори:

- Прибирање и обработка на податоци за заразни и незаразни заболувања според демографски, географски и социо-економски карактеристики - возраст, пол, професија, начин на однесување во врска со здравјето како на пр. злоупотреба на разни супстанции, исхрана, физичка активност, сексуално однесување и живеење, работни услови и услови од околината.
- Тренинзи за едукација и доедукација на стручен кадар за работа со статистички програми (СПСС) и други информативни системи за обработка на епидемиолошки податоци и нивна имплементација.
- Имплементација на софтвери за електронско поврзување и прибирање и размена на податоци и информации за заразни и незаразни болести.
- Прибирање и обработка на податоци за антимикробна резистенција (како сериозна здравствена закана за целокупното население).

- Прибирање и анализа на податоци за најважни незаразни болести и тоа:
- малигни неоплазми,
- кардиоваскуларни заболувања,
- невропсихијатриски пореметувања,
- дијабет,
- ревматски заболувања,
- респираторни заболувања.

Рок: декември 2009

Извршители: Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333

3. Управување со здравствениот ризик од поедини заразни болести

Јавно здравствена функција:

1: Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2: Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје
4: Евалуација и промоција на еднаков пристап до потребните здравствени услуги
11: Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето

3.1. Спречување и сузбивање на заразните заболувања во Република Македонија

3.1.1. Собирање, обработка и анализа на пријавите за заразни заболувања

- секојдневно собирање, обработување и анализирање на пријавите за заразни заболувања од целата Република индивидуални пријави за заболување - смрт од заразна болест и збирни пријави за грип) и епидемиолошки анкети за поодделни заразни заболувања ;
- изготвување на табеларни седмодневни извештаи и месечни Билтени со епидемиолошки коментар;
- изготвување на годишни табеларни и текстуален (со епидемиолошки коментар) извештаи за движењето на акутните заразни заболувања по заводи и организациони единици, по пол и возраст на заболените и месец на јавувањето;
- при појава на зголемен број на заболени или епидемија, ќе се прават теренски увиди и до Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат ќе бидат доставени посебни информации и извештаи. Во информациите ќе биде прикажана состојбата и предложените и преземените мерки;
- во текот на годината, преку теренски увиди епидемиолошките служби на Р333 и 333, во соработка со ДСЗИ ќе вршат контрола и ќе укажуваат стручно-методолошка помош во однос на пријавувањето и

евиденцијата на заразните заболувања и ќе даваат појаснувања по писмен или усмен пат.

Индикатори:

- Ќе бидат прибрани и обработени приближно 28000 индивидуални пријави за заболување-смрт од заразна болест, околу 1500 збирни пријави за грип и АРИ, како и приближно 2000 епидемиолошки анкети за поодделни заразни заболувања;
- Ќе се изготват 48 табеларни седмодневни извештаи за заразните болести, 12 месечни билтени со епидемиолошки коментар, еден годишен извештај со епидемиолошки коментар и три годишни табеларни извештаи (по заводи и организациони единици, по пол и возраст на заболените и месец на јавувањето);
- Ќе бидат направени околу 30-40 теренски епидемиолошки увиди,
- Ќе бидат изготвени околу 50 информации за состојбата со заразни заболувања.

- **Извршители:** Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333

3.1.2. Рано известување и предупредување за појава на заразни болести и брз одговор (АЛЕРТ-систем)

Во 2009 година ќе продолжат активностите на АЛЕРТ- системот за надзор над заразните заболувања со цел за брз одговор при појава на епидемија, кој како илот проект започна да функционира во 2006 година во три пилот заводи.

- Согласно одлуката на Министерството за Здравство, во 2009 година системот ќе продолжи да функционира на територијата на цела држава;
- Ќе се спроведува континуирана едукација на здравствените работници за работа со софтверот
- Понатамошен развој на софтверски решенија;
- Прибирање на збирни неделни извештаи од заводите за здравствена заштита и нивните ОЕ, статистичка обработка и анализа на доставените податоците;
- Доставувавање на повратни информација (во вид на неделни, месечни тримесечни, шестомесечни и годишни извештаи) до заводите и до здравствените институции кои се вклучени во проектот, како и до Министерството за здравство.
- Министерството за здарвство преку Програмата обезбедува средства за интернет конекција за пријавување од заводите до Р333, согласно АЛЕРТ Проектот.

Индикатори:

- Тренинзи за едукација и доедукација на стручен кадар за работа со софтверскиот информатички систем, дизајниран за потребите на АЛЕРТ-системот.

- Изготвување на 52 неделни, 12 месечни и 1 годишен извештај за целата територија на републиката каде што функционира АЛЕРТОТ.

Извршители: Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333 и др. здравствени установи

3.1.3. Откривање и проучување на патиштата на ширењето на заразните заболувања и контрола на мерките за нивно спречување и сузбивање

За оваа цел епидемиолошката дејност ќе спроведува одредени програмски мерки и активности, предвидени со:

- Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија за 2009
- Програма за заштита на населението во Република Македонија од синдромот на стекнат недостаток на имунитет - СИДА за 2009.

Понатаму, епидемиолошката дејност ќе биде вклучена во спроведување на:

- епидемиолошки проучувања, препорачување и превземање на мерки и активности при појава на случаи на заболувањата против кои се спроведува задолжителна имунизација, беснило, хеморагични трески, туларемија, лајшманиоза, како и при појава на зголемен број или епидемии на цревен тифус, паратифуси, салмонелози, вирусни хепатити, менингити, грип и други заразни заболувања;
- преку теренски увиди, епидемиолошките служби на Р333 и 333, во соработка со ДСЗИ ќе вршат контрола, укажување на стручно-методолошка помош, изготвување информации со епидемиолошки коментар за најдената состојба и превземените мерки;
- изготвување и доставување до Министерството за здравство Извештај за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија за 2008 година (рок:март 2009) и предлог Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија за 2010 година (рок:октомври 2009 година);
- изготвување и доставување до Министерството за здравство Извештај за заштита на населението во Република Македонија од синдромот на стекнат недостаток на имунитет - СИДА за 2008 година (рок: март 2009 година) и предлог Програма за заштита на населението во Република Македонија од синдромот на стекнат недостаток на имунитет - СИДА за 2010 година (рок:октомври 2009 година).

Индикатори:

- Здравствени прегледи за следење на бацилоносителство кај лицата кои се сомнителни на бацилоносителство или прележале цревен тифус, паратифус, бациларна дизентерија, салмонелози.

- Лабораториско испитување и идентификација на причинителот при појава на зголемен број заболени или епидемија на ентероколити.
- Серолошко испитување/диференцијална дијагноза за секој случај на вирусен хепатит
- Серолошко испитување/диференцијална дијагноза за секој случај на мали сипаници и рубеола
- Број на епидемиолошки истражувања, анкети и предлог мерки во случај на појава на заболени од заболувањата против кои се спроведува задолжителна имунизација, како и при појава на зголемен број на заболени од беснило, хеморагични трески, туларемија, лајшманиоза и при појава на зголемен број или епидемии на црвен тифус, паратифуси, салмонелози, вирусни хепатити, менингити, грип.
- Извештај за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија за 2008 година и предлог Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија за 2010 година;
- Извештај за заштита на населението во Република Македонија од синдромот на стекнат недостаток на имунитет - СИДА за 2008 година и предлог Програма за заштита на населението во Република Македонија од синдромот на стекнат недостаток на имунитет - СИДА за 2010 година

Извршители: Р333 Епидемиолошка и микробиолошка дејност во соработка со 333 и ветеринарната дејност

3.1.4. Анализа и информација за спречување и сузбивање на интрахоспитални инфекции

Епидемиолошката дејност при Р333 во 2009 година во врска со реализацијата на оваа задача ќе ги спроведе следните активности:

- најмалку еднаш годишно, на територијата на секој завод за здравствена заштита ќе изврши теренска контрола и епидемиолошки увиди во здравствени установи;
- при посетите ќе укажува стручно-методолошка помош;
- за најдената состојба ќе бидат изготвени извештаи кои ќе се доставуваат до Министерството за здравство и други релевантни институции;
- преземените мерки и активности ќе бидат прикажани во годишниот извештај по Програмата за превентивна здравствена заштита;

Епидемиолошката дејност при заводите за здравствена заштита, преку епидемиолошки увиди и соодветни микробиолошки испитувања во здравствените организации на својата територија, ја следат и анализираат состојбата, предлагаат и превземаат соодветни мерки за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции.

Индикатори: Извршени теренски увиди, подготвени информации и извештаи со препорачаните мерки и актвности во врска со спречувањето на интра-хоспиталните инфекции, годишен извештај за интрахоспитални инфекции.

- **Извршители:** Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333

3.1.5. Организација, контрола и евалуација на вакцинацијата (согласно ПРОГРАМАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)

Следење на реализацијата на Програмата за спроведување на задолжителната имунизација на населението против определени заразни болести во 2009 година ќе се врши преку:

- теренски епидемиолошки увиди, при што ќе биде укажувана потребната стручно-методолошка помош и посебно внимание ќе се обрне на:
  - контрола на спроведувањето на општинските планови и програми;
  - контрола на теренот за доставените податоци за новородените, умрените, доселените и отселени деца до 18 годишна возраст, од службите задолжени со прописи за спроведување на оваа обврска;
  - контрола на чување и ракување со вакцините, транспортот и одржувањето на студениот синџир;
  - увид во опфатот на лицата кои подлежат на имунизација (вакцинален статус);
- освен теренски увиди во евиденцијата, за процена на вакциналниот статус ќе бидат испитани парни серуми за сероконверзија на сите видови вакцини;
- за најдените состојби на терен ќе бидат изготвувани информации и извештаи;
- ќе биде изготвен годишен извештај за опфатот со извршената имунизација за 2008 година, со епидемиолошки коментар (рок: март 2009).
- во октомври 2009 година, до Министерството за здравство ќе се достави предлог Програмата за спроведување на задолжителната имунизација на населението против определени заразни болести во Република Македонија во 2010 година.

Индикатори:

- Направени 40-50 епидемиолошки увиди на терен,
- Изготвени 40-50 информации и извештаи за извршените увиди и предложените мерки,
- Испитување на околу 600 парни серуми за сероконверзија,
- Изготвен годишен извештај за спроведената вакцинација во 2008 година,
- Изготвена Предлог Програма за задолжителна имунизација на населението во Р.М. за 2010 година.

Извршители: РЗЗЗ Сектор за епидемиологија и микробиологија во соработка со ЗЗЗ и здравствените установи кои спроведуваат вакцинација.

3.1.6. Мерки и активности за ерадикација на детска парализа

Епидемиолошката дејност во републиката, и по сертифицирањето на Република Македонија како земја ослободена од полио од страна на СЗО, ги продолжува активностите во врска со активниот надзор над детската парализа и АФП.

Во врска со ова активност, епидемиолошката служба при РЗЗЗ врши:

- епидемиолошки надзор над полиомиелитот и АФП, преку прибирање и обработка на "Неделните извештаи за активен надзор на АФП", кои ги испраќаат заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици, Детската клиника и Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби од Скопје;
- доставување на збирен извештај преку "Формулар за неделно пријавување на случаи на полио и акутна флакцидна парализа" до Министерството за здравство и до Канцеларијата на СЗО во Скопје, како и до СЗО Копенхаген;
- увиди и контрола на известувањето во здравствените институции кои доставуваат АФП извештаи до РЗЗЗ;
- по добивање на итна пријава за АФП веднаш ќе биде:
  - направена епидемиолошка анкета за регистриран случај на АФП;
  - проверен вакциналниот статус на пријавениот случај и неговите блиски контакти на возраст до 15 години, во соработка со ЗЗЗ;
  - земен материјал за вирусолошко испитување од случајот и неговите контакти кој се испраќа во референтната лабораторија на СЗО за полиовируси во Софија, за поставување на дијагноза;
  - направена контрола на опфатот со вакцинацијата против детска парализа на подрачјето каде е регистрирано заболувањето;
- активно учество во подготвувањето на годишен извештај за спроведувањето на надзорот над АФП/полиомиелит во земјата и остварувањето на индикаторите за успешен надзор.

Во зависност од најдената состојба ќе биде предложена дополнителна или вонредна имунизација, како и други мерки и активности, согласно Планот за акција за одржување на статусот на земја "ослободена од полио" на Република Македонија за период 2008-2010, и во согласност со актуелните препораки на СЗО.

Индикатори:

- Изработка на 52 неделни извештаи за активен надзор за АФП,
- Епидемиолошки анкети на пријавени АФП случаи (најмалку 5),
- Итни информации и известување до сите надлежни институции за појава на т.н. "критичен АФП случај" и мерките преземени во врска со

тоа, согласно Националниот Акционен План за одржување на статусот на земја "ослободена од полио",
- Извршени теренски увиди (најмалку 5) при појава на случај на АФП, особено ако се работи за "критичен случај",
- Испраќање на околу 15 материјали од АФП случаи и нивни контакти за вирусолошка дијагноза во референтна лабораторија,
- Изработка на годишен извештај за спроведувањето на активниот надзор над АФП/полиомиелит.

Извршители: РЗЗЗ Епидемиолошка и микробиолошка дејност во соработка со ЗЗЗ и со примарната здравствена заштита, Клиниката за детски болести и Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби.

3.1.7. *Продолжување на мерки и активности за превенција и контрола на мали сипаници и рубеола како и мерки за елиминација на автохтоните мали сипаници и рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција*

Согласно програмските активности за контрола на мали сипаниците и превенција на нивното епидемиско јавување, кои во републиката се отпочнати пред повеќе од 35 години, како и редукција на стапката на инциденца на мали сипаници на помалку од 1/100.000 жители, започнат е процесот на елиминација на автохтоните мали сипаници (посебна Програма од 1992). Врз основа на Програмата за превентивна здравствена заштита за 2009 година, а во согласност со препораките на СЗО, секторот ќе изготви и ќе имплементира Предлог програма за елиминација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција во Република Македонија 2009-2010 (рок: декември 2008).

Секторот во соработка со заводите за здравствена заштита и здравствените установи кои спроведуваат вакцинација, посебно ќе се ангажира во:

- надзор и постигнување на висок опфат над 95% со вакцина против мали сипаници и рубеола во секое населено место на децата кои подлежат на вакцинација;
- одржување на високиот опфат со вакцина против мали сипаници и рубеола над 95%, со примена на соодветни стратегии (спроведување вонредна или дополнителна имунизација на предлог на РЗЗЗ, со одлука на Министерството за здравство, на одредена територија и/или одредени ризични групи;
- епидемиолошко истражување и лабораториска потврда на секој случај сомнителен на мали сипаници и рубеола;
- при сомневање за појава на епидемија заболувањето да се потврди со лабораториска дијагноза кај првите 10 случаи;
- при појава на случај на мали сипаници, зголемен број заболени или епидемија, во соработка со заводите за здравствена заштита, ќе се превземаат потребните мерки и активности за соодветна лабораториска дијагностика, утврдување на вакциналниот статус на

заболените и опфатот со имунизација на територијата каде е регистрирано заболувањето;

- координација и континуирано следење на сите активности на регионално и локално ниво, како и предлагање и преземање мерки и активности со цел спречување и сузбивање на епидемиското јавување и елиминација на автохтоните мали сипаници и рубеола на територијата на Република Македонија;
- континуирано информирање за трендовите во движењето на мали сипаниците и рубеолата кај нас, во соседството и светот;
- во соработка со здравствените установи и заводите за здравствена заштита ќе бидат организираат регионални семинари на кои здравствените работници ќе се запознаат со Програмата зе елиминација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција во Република Македонија 2009-2010, како и со препораките и програмите на СЗО за елиминација на автохтони и идентификација на импортирани случаи на мали сипаници;
- месечни извештаи за бројот на заболени, вакцинален статус, лабораториска потврда и исходот на заболувањето, кои се доставуваат до Министерство за здравство, СЗО Канцеларија - Скопје и СЗО Регионална канцеларија – Копенхаген;
- соработка со високо специјализирани и референтни здравствени установи во спроведувањето на поедини задачи;
- соработка со Канцеларијата на СЗО во донесувањето на заеднички одлуки за целите на елиминација на мали сипаниците во Македонија и евентуалната помош во реализација на оваа цел.

По привремената акредитација за мали сипаници на вирусолошката лабораторија на РЗЗЗ од страна на СЗО, понатаму ќе се работи на подобрување на перформансите до остварување на иницијативата за добивање на трајна акредитација, односно прогласување на оваа лабораторија за референтна лабораторија за мали сипаници во Македонија и понатамошно одржување на таквиот статус.

Индикатори: Семинари, активности за дијагноза на секој сомнителен случај на мали сипаници и рубеола, извршени теренски увиди при зголемен број или епидемија на мали сипаници, епидемиолошки анкети на заболени, подготвени информации, извештаи и предлог мерки, изготвена Предлог програма за елиминација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција во Република Македонија 2009-2010.

Извршители: РЗЗЗ Сектор за Епидемиологија и микробиологија во соработка со ЗЗЗ.

3.1.8. Елиминација на тетанус кај новороденчиња

Секторот епидемиологија при РЗЗЗ во соработка со епидемиолошката дејност при заводите за здравствена заштита ќе пружа стручно-

методолошка помош за спроведување на активностите за остварување на оваа цел:

- перманентен увид во однос на опфатот со Те-Ал вакцина на женската популација на 18 годишна возраст, кој задолжително во секоја општина и населба мора да биде над 95%;
- дополнителна имунизација на женската популација во генеративниот период со Те-Ал вакцина, во средините со висок ризик и при непознат и/или непотполн вакцинален статус;
- задолжителна заштита со оваа вакцина на неимунизираната женска популација за време на бременост;
- перманентен надзор и во зоните на низок ризик (гинеколошко - акушерските оделенија);
- координација и континуирано следење на сите активности на регионално ниво, како и
- предлагање и преземање на други мерки и активности со цел спречување на појава на неонатален тетанус.

Извршители: Р333 Епидемиолошка дејност во соработка со 333.

3.1.9. Ставање под контрола на заболувања против кои се спроведува задолжителна имунизација

Цел на мерките и активностите во фазата на ставање под контрола односно во фазата на превенција на епидемиско јавување на големата кашлица, заразните заушки и рубеолата е редукција на стапката на инциденца на помалку од 1 на 100.000 жители, односно намалување на конгениталните компликации од рубеола на 0,01 на 1.000 живородени.

За постигнување на овие цели потребно е одржување на опфат над 95% во секоја општина и населба, со соодветните вакцини против овие заболувања, согласно Календарот за имунизација на Република Македонија.

Епидемиолошка дејност при Р333 ги превзема следните активности:

- координира и континуирано го следи превземањето на мерки и активности на регионално и на ниво на целата република, преку теренски посети и телефонските и други видови контакти (интернет пошта, пишувани дописи и други), со заводите за здравствена заштита и нивните организациони единици, здравствените организации кои ја спроведуваат задолжителната имунизација и Министерството за здравство - Сектор за Превентивна здравствена заштита;
- подготвува и доставува стандарди и методолошки упатства, односно Програми за контрола, елиминација и ерадикација на определени заразни заболувања, во соработка со заводите за здравствена заштита, а во согласност со препораките, стандардите и методолошките упатства на СЗО;
- континуирано информира за трендовите на движење на заразните заболувања против кои се врши задолжителна имунизација кај нас и во

светот, со предлог мерки за спречување на нивно евентуално ширење и во Република Македонија.

Епидемиолошка дејност при ЗЗЗ ги спроведуваат мерките и активностите на регионално и локално ниво.

Извршители: РЗЗЗ Епидемиолошка дејност во соработка со ЗЗЗ и здравствените организации кои ја спроведуваат задолжителната имунизација.

3.2. Спроведување на мерки за спречување на внесување и сузбивање на тропски, карантински и паразитарни заболувања во Република Македонија

3.2.1. Спроведување на мерки за спречување на внесување и сузбивање на колера

Епидемиолошки дел

- Согласно препораките на СЗО, дадени во документот International Health and Travel (Меѓународни Патувања и Здравје), редовно се следи движењето на колерата во светот, а посебно во земјите со кои нашата земја одржува тесни економски, културни и други врски;
- стручно-методолошка помош на здравствени работници и институции кои се во вклучени во следење, дијагностика и терапија на карантински заболувања;
- проучување на сите фактори кои можат да делуваат на појавата и ширењето на колерата;
- епидемиолошко испитување и извидување на евентуално загрозените подрачја во републиката;
- организација на испитување на суспектните лица на колера и контактите;
- предлог мерки за отстранување на условите и состојбите кои условуваат појава и ширење на колера.

Микробиолошки дел

- по епидемиолошки индикации ќе се вршат испитувања на дијареални заболувања, како и отпадните води за што од теренот ќе бидат земани примероци за лабораториско испитување.

Лабораторијата за испитување на колера при РЗЗЗ - Одделение за бактериологија постојано е во приправност за дијагностика на колера за целата република.

Извршители: РЗЗЗ Сектор за Епидемиологија и микробиологија во соработка со ЗЗЗ.

3.2.2. Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на маларијата во Република Македонија

Секторот ја следи епидемиолошката состојба во светот, а посебно во оние делови каде маларијата е ендемска, согласно документот на СЗО International Health and Travel (Меѓународни Патувања и Здравје) и укажува на потребата да се спроведува хемиопрофилакса на оние лица кои патуваат во земјите каде има маларија.

Во нашата република постојат можности за внесување и ширење на маларијата од земји во кои таа се одржува ендемски. Повремено се регистрираат поединечни импортирани случаи, но поради преземените мерки спречено е нејзино понатамошно ширење во републиката.

Епидемиолошка дејност при РЗЗЗ ќе ја следи епидемиолошката состојба во врска со маларијата во другите земји во светот, посебно каде се појавува во ендемска форма. Во врска со ова:

- ќе го известува Министерството за здравство како и ЗЗЗ за актуелната состојба во светот;
- ќе врши контрола на мерките, кои ги спроведуваат заводите за здравствена заштита и ќе укажува стручно-методолошка помош;
- во референтната лабораторија на Републичкиот завод за здравствена заштита за оценка на квалитетот на микроскопската дијагностика се контролираат позитивните материјали (препарати) и 10% од прегледаните негативни препарати од теренот;
- во случај на појава на заболување од маларија ќе бидат преземени мерки предвидени со законски акти, ќе биде направена епидемиолошка анкета од епидемиолог и по писмен пат ќе биде известено Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Извршители: РЗЗЗ Сектор за Епидемиологија и микробиологија во соработка со ЗЗЗ.

3.2.3. Спречување на внесување и ширење на други тропски заразни и паразитарни болести

- Испитувањата ќе се вршат на следните паразити:
  - Enatamoeba histolitica и други цревни паразити - фецес;
  - Ancylostoma duodenale и други хелминти - фецес;
  - Filariasis - размаски од густа капка од периферна крв;
  - Onchocerciasis;
  - Shistosoma haematobium;
  - Diphylobothrium latum.

- ќе се следи движењето и состојбата на заболувањата со тропски паразити во светот, а особено во земјите со кои нашата земја има интензивни трговски, туристички и други врски;
- ќе се изготвува извештај за состојбата со овие заболувања, како и за секој поединечно откриен случај на заболување.

Микробиолошки дел

Лабораторијата за испитување на паразитарни заболувања во Р333 постојано е во приправност за нивна дијагностика .

Индикатори: Ќе бидат извршени околу 900 анализи на материјал земен од приближно 250 лица.
Извршители: Р333 Сектор за епидемиологија и микробиологија во соработка со 333.

ОБЕМ НА РАБОТА ПО ПОЕДИНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ
НА ЕПИДЕМИОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ

ЗАВОДИ	Број на пријави за заразни болести, без групни пријави за грип	Епидемиолошки анкети	Епидемиолошко извидување	Контрола на клицоносители	Интрахоспитална контрола (земени мостри)
Битола	3000	1500	250	200	700
Куманово	3500	2000	300	200	800
Кочани	2500	800	280	200	500
Охрид	1000	500	80	100	500
Прилеп	2500	1000	120	150	500
Струмица	1400	700	90	100	400
Тетово	2900	1000	130	150	600
Велес	2700	800	250	300	600
Штип	1500	700	100	100	500
Скопје	7000	1000	400	500	900
ВКУПНО	**28000**	**10000**	**2000**	**2000**	**6000**

3.3. Следење на грипот и други акутни респираторни заболувања

Епидемиолошката дејност континуирано ја следи состојбата на ова заболување во светски и европски рамки, преку непосреден увид во извештаите и информациите на СЗО, ECDC, EISS и други релевантни тела и институции, како и состојбата во републиката.

За секој важен настан во светот во врска со грипот, како и за состојбата со грип во републиката, заводите за здравствена заштита и нивните подрачни единици редовно се известувани од страна на Р333, преку месечниот билтен за заразни заболувања.

Епидемиолошката дејност ќе го следи движењето на грипот и на други акутни респираторни заболувања (АРИ) во Република Македонија, преку:

- прибирање, обработка и анализа на добиените пријави за поединечни случаи на заболување од грип;
- при појава на зголемен број или епидемија на грип ќе се прибираат и обработуваат групни пријави за заболување - смрт од грип, како и од заболувања слични на грип (АРИ);
- ќе се обработуваат поединечни информации доставени од страна на ЗЗЗ,
- ќе се вршат теренски увиди и за состојбата и преземените мерки, ќе бидат изготвувани информации, со повремено известување на јавноста за состојбата во земјата.

Во текот на годината ќе се вршат епидемиолошки, вирусолошки и бактериолошки испитувања, при појава на зголемен број или епидемиска форма на грип и заболувања слични на грип (АРИ).

- И во 2009 година ќе продолжи да функционира лабораторија за инфлуенца во рамките на вирусолошката лабораторија на РЗЗЗ.

Индикатори:
- Информации и извештаи за движењето на грипот во Македонија (20);
- Ќе бидат земени и обработени околу 150 материјали (брисеви, испироци), како и 300 парни серуми за серолошки испитувања за докажување на причинители на грип/акутни респираторни заболувања.
- Со најнови информации за грип редовно ќе се ажурира интернет страната на РЗЗЗ и редовно ќе се даваат информации на печатените и другите медиуми во врска со грипот и другите акутни респираторни заболувања.
- Ажурирање на Упатства и препораки.

Извршители: РЗЗЗ Сектор за епидемиологија и микробиологија во соработка со ЗЗЗ и Министерство за здравство.

3.3.1. Активности поврзани со следење на пандемиска инфлуенца, сезонска инфлуенца и птичји грип

- Редовно следење на состојбата со инфлуенца (пандемиска, сезонска) во светски рамки, како и следење на состојбата и превземените мерки од страна на државите каде се јавуваат заболени и умрени лица од птичји грип.
- Во соработка со Министерството за здравство, епидемиолошката дејност активно ќе учествува во ажурирање на оперативниот План за активности пред и во тек на евентуална пандемија на грип, со посебен осврт на пандемија од птичји грип, во изготвување на дополнителни препораки и Упатства, како и во пружање на стручна методолошка

помош во спроведување на активностите на заводите за здравствена заштита и други јавни здравствени установи;

- Врз основа на Регионалните оперативни планови, РЗЗЗ ќе врши набавка и дистрибуција на лекови, вакцини, заштитни, дезинфекциони и други средства на барање на Комисијата за следење на пандемиски грип, согласно Програмата за превентивна здравствена заштита;
- Ажурирање и евиденција на документот „Преглед на одговорни и контакт лица на ниво на Медицинските установи и другите институции при посебни состојби од областа на акутните заразни заболувања во Р. Македонија„.
- Активно учество при одржување на состаноци на Националната Комисија за заразни болести, како и стручната Комисија за следење на пандемиска инфлуенца и птичји грип при Министерството за здравство.

3.4. Испитување на причинителите на серозните менингити

- Во зависност од актуелната епидемиолошка ситуација ќе се прават теренски увиди при што во соработка со ЗЗЗ ќе бидат земени околу 100 парни серуми од заболени лица во републиката, на кои ќе се вршат вирусолошки испитувања на следните вируси: influenzae "A" и "B" adenovirus, herpes simplex, herpes zoster, enterovirus (coxackie, ECHO, poliovirus).
- Одделението за вирусологија е во постојана приправност за дијагностика на серозните менингити.

- **Извршители:** РЗЗЗ Сектор за епидемиологија и микробиологија во соработка со ЗЗЗ и другите здравствени институции.

3.5. Следење, проучување и анализа на хроничните незаразни болести

Епидемиолошката, во соработка со социјално-медицинската дејност врз основа на здравствено-статистичките податоци:

- ќе го следат, проучуваат и анализираат движењето на незаразните заболувања од посебен интерес (кардиоваскуларни, малигни заболувања, дијабет, хронични опструктивни белодробни заболувања, хронични бубрежни заболувања, самоубиства, трауматизам, апсентизам, болести на зависност, професионални заболувања), со посебен акцент на малигните неоплазми.

Со спроведување на активностите за превенција, рано откривање и лекување на малигните неоплазми ќе се добие значаен бенефит во подобрување на здравјето на населението. Се очекува во рок од 5 години намалувањето на бројот на малигните неоплазми за околу 10% на годишно ниво, со што бројот на заболените ќе се намали за 300 до 350 годишно, или 1500-1750 за 5 години. Со тоа ќе се заштедат 18-21 милион денари на годишно ниво (90-100 милиони за 5 години).

Во врска со ова, во 2009 година ќе се спроведуваат следните активности:

- епидемиолошка анализа и обработка на околу 3000 пријави на малигни заболувања;
- изготвување на тромесечни, шестмесечни и годишни извештаи за состојбата со малигните заболувања, во соработка со социјално-медицинската дејност;
- мултисекторски тим од РЗЗЗ (епидемиолог, специјалист по социјална медицини и специјалист по хигиена) ќе спроведува тимско епидемиолошко испитување на теренот заедно со мултисекторски тим од заводите за здравствена заштита, за анализа на состојбите на регионално и субрегионално ниво и откривање на спецификите на теренот;
- организирање на околу 10-ина кампањи во републиката со вклучување на локалната самоуправа и сите авторитети на локално ниво во работни установи, училиштата, факултети и слично;
- организирање на околу 15 учества во јавните медиуми на локално и национално ниво;
- печатење на 2 едукативни брошури и најмалку 3 флаери за промоција.

Извршители: РЗЗЗ Епидемиолошка дејност во соработка со Секторот за социјална медицина и Секторот за хигиена и заштита на човекова околина, како и со ЗЗЗ.

4. Здравствена промоција - здравствено воспитување

Јавно здравствена функција:
3: Здравствено воспитување

Во врска со спречувањето и сузбивањето на заразните и незаразните болести, епидемиолошката дејност при Републичкиот завод за здравствена заштита ќе врши здравствено-воспитна активност, преку:

- изготвување и одржување на предавања на различни теми од областа на заразните и незаразните заболувања, како и изготвување на печатен материјал и негова дистрибуција во различни институции и претпријатија, училишта, единици на локална самоуправа итн.;
- давање информации на средствата за информирање и јавни настапи во медиумите, како и редовно известување за тековните активности и актуелните состојби на интернет страната на РЗЗЗ;
- создавање на широк круг на здравствени соработници во социјалната, детската заштита и образованието, како основна мерка за превенција и сузбивање на СИДА-та,
- достапност и изготвување на соодветна литература и брошури, флаери, постери за заразни и незаразни заболувања, вклучувајќи ја ХИВ/СИДА-та, каде материјалите ќе се изготвуваат како од страна на секторот така и од невладините организации кои се соработници на полето на превенција,

- континуирана работа на советувалиштето за пред и пост-тест советување и тестирање на ХИВ при РЗЗЗ, за сите оние кои на база на доброволност и анонимност ќе побараат тестирање.

Индикатори: Предавања (30), информации (50), публикации (30), брошури (5), флаери (10), јавни настапи (30), ажурирање на содржината на интернет страната.

5. Едукација

Јавно здравствена функција:
8: Развој на хумани ресурси и едукација за јавно здравство
9: Обезбедување квалитет на здравствените услуги на индивидуи и популација
10: Истражување во јавното здравство

5.1. Тренинг и едукација на здравствени работници и специјалистичкиот кадар од епидемиологија на локално ниво

- Едукација на јавно здравствените работници од заводите за здравствена заштита, локалната самоуправа и општините за менаџмент во јавното здравство во областа на епидемилогија, раководење и управување за здравје - во функција на децентрализација на јавно здравствените услуги и имплементација на Законот за локалната самоуправа.
- Редовна едукација на дипломирани доктори по медицина и други здравствени работници и соработници, а посебно доктори на специјализација од превентивно-медицинските дисциплини, за кои е предвиден задолжителен турнус од областа на епидемиологијата (по веќе утврдена програма).
- Учество и имплементација на научно-истражувачки проекти од јавното здравство, во соработка со други домашни и меѓународни институции (Министерство за здравство, СЗО, Глобален Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, УНИЦЕФ, УНАИДС и др.).

6. Публикации

Јавно здравствена функција:
1: Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2: Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје
3: Здравствено воспитување

- Подготвување на Месечни Билтени за состојбата и движењето на заразните болести во Република Македонија.
- Подготвување на Годишен Извештај за движењето на заразните болести во Република Македонија

- Изготвување на Годишен Извештај за спроведувањето на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија
- Изготвување на Годишен Извештај за спроведувањето на Програмата за заштита на населението од СИДА
- Изготвување на Годишен Извештај за спроведувањето на Програмата за бруцелоза
- Изготвување на Годишен Извештај за следење на интрахоспитални инфекции
- Изготвување на Годишен Извештај за спроведувањето на АЛЕРТ системот
- Изготвување на Годишен Извештај за состојбата со малигните неоплазми во Република Македонија.
- Едукативни брошури за превенција на заразни и незаразни заболувања.

7. Активности на РЗЗЗ и ЗЗЗ во случај на вонредни состојби

Јавно здравствена функција:
11: Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето

Во случај на епидемии од поголеми размери, несреќи, елементарни непогоди, закана од биолошко оружје и др., епидемиолошката дејност при РЗЗЗ ќе изготвува стручни упатства и препораки од својот домен на работа, во соработка со Министерството за здравство.
Епидемиолошката дејност активно учествува во изработка на Национален План за одговор на здравствениот сектор при кризни состојби.

Мерките и активностите на теренот ќе ги спроведуваат заводите за здравствена заштита, здравствените установи и други институции во соработка со РЗЗЗ.

МИКРОБИОЛОШКА - ЛАБОРАТОРИСКА ДЕЈНОСТ

1. Заводите за здравствена заштита и Републичкиот завод за здравствена заштита во текот на 2009 година, ке ги спроведуваат следните задачи:

- поставување на етиолошка дијагаоза за заразните заболувања што е од важност за понатамошно лекување;
- одредување, контрола и евалуација на антибиотската терапија;
- откривање на изворите на заразата, клицоносителите и патиштата на пренесување;
- ретроспективни испитувања преку серолошко -лабораториски анализи;
- типизација на причинителите;
- контрола на преземените мерки (дезинфекција, стерилизација, имунизација, осетливост на популацијата, ефекти од лекувањето и др.);

- проучување, усвојување и воведување на нови методи за поширока примена при поставување на етиолошка дијагноза;
- здравствени други испитувања предвидени со Законот за здравствена заштита на населението од заразни болести и други прописи;
- микробиолошки прегледи на лицата кои доаѓаат во нашата земја од други земји, во кои има маларија, колера, како и други заболувања, што ги утврдува Министерството за здравство на Република Македонија;
- микробиолошки прегледи на вода, храна, простории и опрема за производство и промет на прехранбени производи за оценка на хигиенската исправност;
- микробиолошка контрола на лица што работат во производство или во промет со животни намирници, или во снабдувањето на населението со вода за пиење, лица вработени во предучилишни и училишни установи, лица кои пружаат фризерско-берберски услуги и козметичка нега или кои работат во производство и промет со козметички средства;
- микробиолошка контрола во здравствени организации (операциони сали, сала за реанимација и други простории, инструменти, работни површини, материјали и друго);
- микробиолошка контрола на лица вработени во здравствени организации, а се занимаваат со прегледи, лекување, нега и услужување на болни и лица кои работат во производството, опремувањето и издавањето на лекови или на друг начин во текот на работата доаѓаат во непосреден допир со лекови.

Микробиолошката дејност при заводите и Републичкиот завод, изготвуваат годишен Извештај за обемот на извршената работа и истиот го доставува до Републички завод за здравствена заштита - Сектор за епидемиологија и микробиологија - Одделение за заразни болести, до 28.02.2010 година.

2. Републички завод за здравствена заштита

Во склоп на спроведување на микробиолошката дејност, вирусолошката лабораторија во Републичкиот завод за здравствена заштита врши молекуларна дијагностика на акутните заразни заболувања. Со помош на ПЦР - технологајата се врши докажување на причинителите на заразните заболувања:

- HIV и HIV2
- Hepatitis virosa B
- Hepatitis virosa C
- Morbili
- Rubeola
- HPV (Human papilloma virus)
- HSV (Herpes simplex virus)
- CMV (Cytomegalovirus)
- Chlamidia

Одделението за заразни болести по обработка на добиените годишни извештаи, изготвува годишен Извештај за целата Република и го доставува до Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување до 30.04.2010 година.

III. САНИТАРНО-ХИГИЕНСКА ДЕЈНОСТ

Врз основа на домашната легислатива, меѓународните трендови, акти и стратегии санитарно-хигиенската дејност во Република Македонија ја спроведуваат Републичкиот завод за здравствена заштита и заводите за здравствена заштита, преку:

- следење, спроведување и предлагање мерки за снабдување на населението со здравствено исправна вода за пиење;
- санитарен надзор над објектите за водоснабдување, над изворишта и нивната околина;
- следење на здравствената исправност на водата за пиење со бактериолошки анализи и санитарно-хемиски анализи, во обем за основна анализа, периодична, за нови зафати и по хигиено-епидемиолошки индикации;
- следење на отстранувањето на цврстите и течните отпадни материи вклучувајќи и медицински отпад, надзор над објектите и локациите за отстранување, преработка на крајна дипозиција на отпадните материи;
- следење на хигиенскиот квалтиет на површинските и отпадни води од здравствено еколошки аспект;
- следење на состојбата на загаденост на воздухот од здравствено-еколошки аспект и влијанието врз здравствената состојба на населението;
- предлагање мерки за заштита на воздухот од загадување;
- следење на бучавата во комуналната средина и влијанието врз здравствената состојба на населението;
- санитарно-хигиенски надзор над објектите од јавниот сообраќај, спортско-рекреативните објекти, предучилишните и училишните објекти, стопански објекти, здравствени објекти;
- учество во донесување, ревизија и спроведување на урбанистички планови на општините од здравствено-еколошки аспект;
- следење и проучување на исхраната и ухранетоста на населението;
- следење на здравствената исправност на прехрамбените производи со бактериолошка анализа и со основна санитарно-хемиска анализа;
- следење состојбите во објектите за производство и промет на прехрамбените производи и во објектите за општествена исхрана;
- здравствен надзор над лицата кои работат во производството и промет на прехрамбени производи во предучилишни, училишни и здравствени организации, како и лица кои работат во производство на лекови, медицински потрошен материјал, помошни лековити средства и козметички препарати; и
- следење и проучување на хигиенските услови во работната средина, по барање на органи на управа и други нарачатели.

Секторот по хигиена и заштита на човековата околина при Републичкиот завод за здравствена заштита:

- Ја координира, стручно контролира и насочува работата на санитарно-хигиенската дејност во заводите за здравствена заштита во Република Македонија;

- Носител е на изготвувањето и имплементацијата на стратешките документи и акциони планови во областа на здравствената екологија:

- Ги координира активностите за изготвување национални прописи и оприлагодување кон меѓународбните пропис од областа на здравствената екологија:
-
- Изготвува доктринарни ставови во методолошкиот пристап и начинот на евалуација на извршените мерки и активности во санитарно-хигиенската дејност;

- Врз основа на спроведени истражувања и добиените податоци од заводите за здравствена заштита, врши мониторинг и дава оценка на здравствено-еколошкиот ризик од одредени фактори во животната средина;
- Ги идентификува приоритетните проблеми и потенцијални ризични состојби по здравјето на ниво на Републиката и го известува Министерството за здравство;

1. Статистички истражувања од областа на здравството

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба.
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје.

2. Процена на здравствено-еколошкиот ризик и приоритетни јавно-здравствени проблеми повразни со здравствената екологија

- Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба,
- Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното
- здравје,
- Евалуација и промоција на еднаков пристап до потребните
- здравствени услуги,
- Социјално учество во јавно здравство,
- Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето - радијациона сигурност, радијациона безбедност, метролошки сервис, спречување на пролиферација со нуклеарни материјали

3. Процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење и водоснабдувањето како и воспоставување на здравствена евиденција на водоснабдувањето.

На секој градски водовод се врши санитарно-хигиенски увид 4 пати годишно, локалните селски водоводи и селата без локални водоводи најмалку 1 теренски увид годишно. Останатите јавни објекти – крајпатни чешми, споменички чешми, чешми во рекреативни подрачја и др. ќе бидат опфатени најмалку еднаш годишно. Квалитетот на водата се контролира со земање на примероци за бактериолошка и хемиска анализа и стручни извидувања со издавање на стручно мислење.

За оние јавни водоснабдителни објекти со кои стопанисува организација за водоснабдување, видот, динамиката и обемот ќе биде утврден со договор помеѓу заводите и установите за водоснабдување. За останатите водоснабдителни објекти каде не стопанисува организација за водоснабдување, односно села со сопствен водовод, села со други видови на водоснабдителни објекти, води со посебни својства-минерални, лековити и сл, локални водонсбдителни објекти и во и вон населени места (чешми, бунари, извори и др.) обемот и бројот на примероци за вода за пиење ремковно ќе го одреди Комисија на здружението на специјалисти по хигиена со претставници од сите заводи за здравствена заштита до 01.01.2009 година.

Републичкиот завод за здравствена заштита континуиан надзор ќе врши над 10 градски водоводи во согласност со програма, а според хигиенски и епидемиолошки индикации преку изведување на потребните лабораториски детерминации на дел од параметрите на физичко-хемиска анализа, радиоактивност, пестициди и паразитолошка анализа, односно анализи кои не се вршат во заводите за здравствена заштита.

Заводите за здравствена заштита на крајот на тековната година подготвуваат анализа за проценка на ризикот на водата за пиење согласно програмските активности и извршените увиди и анализи спроведени по договорите помеѓу заводите и установите за водоснабдување. На крај, ќе се изготват стручно-методолошки препораки за унапредување на квалитетот на водоснабдувањеато и превенција на појава на потенцијални штетни здравствени ефекти во врска со водата за пиење. Проценката ја доставуваат до собранијата на општините, чии подрачја територијално ги покриваат и до Републичкиот завод за здравствена заштита. Врз основа на надзорот Републичкиот завод за здравствена заштита дава оценка на квалитетот и безбедноста на водата за пиење и ја оценува снабденоста на потрошувачите во разни хидролошки состојби во тек на секоја година.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап

Индикатори:
Редовни извештаи за наодите од анализите / **Рок:** Континуирано цела година по програма и план/

Годишна информација за квалитетот и здравствената исправност на водата и водоснабдителните објекти на подрачјето на заводот и мерки за санација/ **Рок: декември 2009**
Експертски информации за одредени здравствено-еколошки ризици во водоснабдувањето и мерки за санација.

Извршители: Сектор по хигиена и здравствена екологија и Одделенија за хигиена и лабораториите на Р333 и 333

3. 1. Процена на здравствено-еколошкиот ризик од квалитетот на површинските води од здравствена аспект

Процена на ризикот а врз основа на утврдениот статус и извршени лабораториски испитувања на површинските води, а особено оние кои се користат како извориште на вода за пиење и водите за рекреативно капење од здравствен аспект.

Следењето ќе се врши со санитарно-хигиенски увиди на објектите и локалитетите кои се од здравствен интерес, од страна на стручен тим на територијално надлежниот завод за здравствена заштита, во соработка со Републички завод за здравствена заштита, по потреба. Основните супстрати на активност се водите кои се користат како изворишта на вода за пиење, водите кои се користат за спортско-рекреативни цели, и водите кои се користат како води за примарно земјоделско производство – води за наводнување на култури кои се консумираат во свежа состојба, како и за култури кои се користат во механички или термички обработена состојба. Локалитетите, индикациите, и бројот на увиди и земање на мостри ќе се утврдуваат според актуелните потреби.

Бројот на увиди и на земање на примероци за бактериолошка и физичко-хемиска анализа ремковно ќе го одреди Комисија на здружението на специјалисти по хигиена со претставници од сите заводи за здравствена заштита до 01.01.2009 година.

Бројот на увиди и бројот на мостри, според актуелни хигиенско-епидемиолошки состојби може и да се зголемува во однос на поставената рамка.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори:
Редовни Извештаи за наодите од анализите **/Рок:** Континуирано цела година по програма и план/
Годишна информација за здравствено-еколошкиот ризик од квалитетот на површинските води од здравствена аспект на подрачјето на заводот и мерки за санација/ **Рок: декември 2009/**
Експертски информации за одредени здравствено-еколошки ризици о и мерки за санација
Извршители: Сектор по хигиена и здравствена екологија и Одделенија за хигиена и лабораториите на Р333 и 333

3.2. Процена на здравствено-еколошкиот ризик на хигиенскиот квалитет на воздухот

Остварување на задачата се одвива со мониторинг и испитување на следните видови загадувачки материи и тоа:

- Во заводите за здравствена заштита Скопје, Велес – лебдечки честички (чад) SO_2 – сулфур двооксид и олово, додека само во Скопје и CO – јаглерод моноксид, олово, и само во Велес и кадмиум;
- Во сите заводи за здравствена заштита ќе се следи аероседиментот.

Задачата ќе се реализира со стандардни методи на земање примероци атмосферски воздух и стандардни методи за лабораториска дијагноза. Наодите за чад, SO_2, олово, кадмиум ќе се презентираат како 24-часовен просек во мг/м^3 воздух, јаглерод моноксидот како часовен просек во мг/м^3 воздух, а аероседиментот како месечен просек во мг/м^2 површина.

Мерни места за следење на аерозагадувањето е даден во табела бр. 1 во прилог.

Табела бр. 1 - Следење на квалитетот на воздухот во заводите за здравствена заштита

Завод за здравствена заштита	Број на мерните места за Аероседимент	Чад и SO_2	Олово и кадмиум	CO
Битола	10	-	-	-
Куманово	4	-	-	-
Кочани	4	-	-	-
Охрид	6	-	-	-
Прилеп	7	-	-	-
Струмица	4	-	-	-
Скопје	30	7	1	4
Тетово	4	-	-	-
Велес*	12 + 4	3	8	-
Штип	4	-	-	-
Вкупно РМ:	**74**	**10**	**9**	**4**

* Се следи аероседиментот во Кавадарци

Ќе се следи влијанието на загадениот воздух врз здравјето на луѓето преку обработка на морбидитетот на респираторни заболувања кај предучилишни (0-6 годишна возраст) и училишни деца (7-14 годишна возраст) во град и села.

Во случаи на акутни состојби на загаденост на воздухот на ниво на аларм од прв, втор или трет степен, од страна на територијално надлежниот завод во најкус рок и по најкус пат ќе се известува Министерството за здравство,

Републичкиот завод за здравствена заштита и Министерството за животна средина и просторно планирање

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори:
Редовни и вонредни известувања, информации, извештаи/**Рок:** Континуирано цела година по програма и план/
Оцена на морбидитетот на респираторните заболувања кај предучилишни и училишни деца до 14 години во град и во село, како и на национално ниво по методологијата на СЗО. / **Рок: декември 2009/**
Годишни анализи, со оценка на најдените состојби и предлог мерки.

Извршители: Сектор по хигиена и здравствена екологија и Одделенија за хигиена и лабораториите на РЗЗЗ и ЗЗЗ.

3. 3. Процена на задравствено-еколошкиот ризик на штетната бучава во животната средина

Проценка на изложеност на населението на комунална бучава во три града во Република Македонија преку одредување на индикаторите за изложеност ЛАeq 24х и ЛА мах. Методи: мерење на бучавата на 14 мерни места во Скопје, четири мерни места во Битола и три мерни места во Куманово, во текот на една седмица на пролет и есен.

Проценка на негативните ефекти од бучава кај изложената популација преку одредување на индикаторите вознемиреност и нарушување на спиењето кај општата популација во Скопје и Битола. Методи: примена на стандардизирани прашалници кај репрезентативен примерок.

Одредување на вулнерабилни групи - претшколски и школски деца изложени на зголемено ниво на бучава во училишната средина и во станбенатта зона.
Студија за проценка на ризикот кај школски деца изложени на различни нивоа на бучава со примена на психолошки тестови.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап

Индикатори:

Тренинг за усогласување на методологијата за проценка на изложеност на бучава и проценка на негативните ефекти. / **Рок:** Континуирано цела година по програма и план/

Извештаји за резултатите од проценка на изложеност и извештаји за резултатите од проценката на негативните ефекти кај општата популација и проценка на ризикот кај децата. / **Рок: декември 2009/**

Предлог мерки за намалување на бучавата и други понатамошни активности. Редовни и вонредни известувања, информации, извештаи **/Рок:** Континуирано цела година по програма и план/

Извршители: Сектор по хигиена и здравствена екологија и Одделенија за хигиена и лабораториите на Р333 и 333

3.4. Процена на здравствено-еколошкиот ризик од медицинскиот отпад

Евалуација на структурата, потеклото и крајната диспозиција на медицинскиот отпад.Тренинг на кадарот инволвиран во различни фази на продукција, собирање, транспорт и крајна диспозиција на медицинскиот отпад. Промоција на здравствено-еколошкиот ризик.

Апроксимација на легислативата која се однесува на имплементација на управувањето со медицинскиот отпад.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори:
Информација за видот и степенот на здравствено-еколошкиот ризик од медицинскиот отпад/ **Рок: декември 2009** /
Одржани тренинзи и промотивни презентации
Промотивни публикации и упатства
Извршители: Сектор по хигиена и здравствена екологија на Р333

3. 5. Процена на безбедноста на храната како потенцијален здравствено-еколошки ризик

За проценка на здравствено-еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението во Републиката и спроведување на превентивно-здравствени активности за спречување на алиментарни-токсоинфекции со храна, заводите за здравствена заштита во текот на 2009 година ќе ги извршат следните активности:

Санитарно-хигиенски увиди на:

- Објекти за исхрана во предучилишни установи;
- Објекти за исхрана во училишни установи;
- објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи;
- објекти за исхрана во објекти за настава во природа;
- објекти за исхрана во работни организации;
- објекти за производство на храна од јавно-здравствен интерес;
- Земање примероци на храна за проценка на безбедноста на храната;
- Проценка на хигиенските услови во горе наведените објекти со земање на брисеви од работни површини, прибор и апаратура за приготвување на храната, најмалку 70 во секој завод за здравствена заштита, како и котрола на хигиенските навики на вработените;

- Во 2009 година од страна на заводите за здравствствена заштита ќе бидат анализирани храни по динамика и обем која ќе ја предложи Комисија на здружението на специјалисти по хигиена со претставници од сите заводи за здравствена заштита до 01.01.2009 година, со користење на методологија на Републичкиот завод за здравствена заштита согласно капитациониот модел, а со цел да се направи проценка на ризикот од небезбедна храна во Република Македонија.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори:
Извештаи и информации за извршените увиди
Извештаи и информации за здравствената безбедност на прехранбени производи
Информација за безбедност на храната по здравјето на населението во регионот
/ Рок: декември 2009 /
Извршители: Одделенија за Хигиена при ЗЗЗ и Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ и лабораториите на ЗЗЗ и РЗЗЗ

3.6. Целосна студија на исхраната за проценка на ризикот од алиментарен дневен внос на хемиски контаминенти

- Целосната студија на исхрана за проценка на просечниот неделен алиментарен внес на резидуи на пестициди, микотоксини и на тешки метали и нутритиенси кај популацијата во Република Македонија во тек на 4 сезони, по методологија препорачана од Светската здравствена организација.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори:
Извештај за степенот на контаминација на храната подготвена за консумирање со хемиски контаминенети.
/ Рок: : декември 2009 /
Извршители: Одделенија за Хигиена при ЗЗЗ и Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ и акредитираната лабораторијата на РЗЗЗ

3.7. Проценка на здравствениот ризик од санитарно-хигиенските услови во образовни институции

Во рамките на активностите за унапредување на здравјето на предучилишни и училишни деца ќе се извршат санитарно-хигиенски увиди во објекти за престој на деца и училишни објекти и тоа: Во заводот Велес 71, заводите Скопје и Битола по 70, а останатите заводи за здравствена заштита по 30.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори:

Информација за состојбата со мерки со процена на ризикот и мерки за санација и управување со ризикот.
Обработка на податаоци и изготвување на информација на национално ниво.
/ Рок: декември 2009 /
Извршители: *Одделенија за Хигиена при ЗЗЗ и Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ и лабораториите на ЗЗЗ и Републичкиот завод за здравствена заштита.*

3.8. Процена на подготовката за одговор на здравството при кризни состојби

Евалуација на управувањето, состојбата и подготвеноста на здравствениот сектор за правилен и навремен одговор при кризни состојби. Обука на менаџерскиот кадар инволвиран во доменот на управување и донесување на одлуки за подготовка и одговор на здравствениот систем при кризни состојби, како и на одговорните и стручни лица за различни фази на подготовка на план за кризни состојби на ниво на здравствени установи.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори:
Извештај за видот и степенот на здравствениот ризик од кризни состојби и подготовка на национален план за одговор на здрвствениот сектор при кризни состојби.
/ Рок: декември 2009 /
Одржани тренинзи и промотивни презентации
Извршители: Сектор по хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ

4. Информации за здравствената состојба на вулнерабилни групи и приоритетни јавно-здравствени проблеми

Функција:
1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба.
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје.
3. Евалуација и промоција на еднаков пристап до потребните здравствени услуги.
4. Социјално учество во јавно здравство.
5. Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето.

4.1. Воспоставување на единствен национален систем за следење на растот и нутритивен статус на популациони групи на деца и адолесценти во РМ во функција на на рана детекција на прекурсори на можни здравствени ризици за појава на хронични незаразни заболувања

Дизајнирање на методологија за воспоставување на единствен систем за следење на растот и нутритивниот статус на популациони групи деца и адолесценти и негово спроведување во 2009 г.
Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Извршители: Одделенија за Хигиена при ЗЗЗ и Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ
/ Рок: декември 2009/

4.2. Национална платформа за намалување на здравствен ризик од здебеленост на училишни деца од 6-7 годишна возраст

Антропометриски испитувања за процена на нутритивниот статус за откривање на состојба на здебеленост на деца од 6-7 години за учебна 2009/10 година во Република Македонија по методологија на СЗО. Спроведување на анкета за навиките во исхраната и особеностите на стилот на живеење. Воспоставување на клубови за исхрана во основните училишта како прва фаза во спроведување на превентивни активности за здрава исхрана и здрав стил на живеење

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори: Извештај
Извршители: Одделенија за Хигиена при ЗЗЗ и Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ
/ Рок: декември 2009/

4.3. Проценка и информации за нутритивниот статус кај Ромска популација-деца и возрасни како посебен приоритет

Со помош на наменски изготвени прашалници и антропометриски и лабораториски тестирања на статистички репрезентативен примерок ќе се направи нутритивен профил за детекција на здравствен ризик. Дистрибуција на брошура на ромски јазик за исхрана на деца во основно училиште

Извршители: Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ
Индикатори: Одржани промотивни прегледи и промотивни презентации
/ Рок: декември 2009/

4.4. Детекција и проценка на ризикот од неправилната исхрана на болните во стационарните здравствени установи во Република Макеодниј а

Анкета за исхрана во стационарни здравствени установи во РМ и Мониторинг на дневниот оброк во стационарните кујните на здравствените стационарни установи во РМ.

Извршители: Одделенија за Хигиена при ЗЗЗ и Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ
/ Рок: декември 2009 /

4.5. Рано откривање на некои ризик-фактори на заболувања на циркулаторниот систем врзани со исхраната кај возрасна популација и јавна промоција на ризиците по здравјето:

Антропометриски испитувања за процена за БМИ, биохемиски анализи за детекција на липиден статус, мерење на крвен притисок и промотивнио активности.

Извршители: Одделенија за Хигиена при ЗЗЗ и Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ
/ Рок: декември 2009/

4.6. Нутритивен статус и исхрана кај болни од инфламаторни цревни заболувања и болни од карцином

Антропометриски испитувања за процена на нутритивниот статус, биохемиски и хематолошки анализи. 5-дневна анкета за исхрана на болните.

Учесници: Клиника за гастроентерохепатологија, Институт за онкологија и радиотерапија, Сектор за Хигиена и здравствена екологија на РЗЗЗ
Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори: Извештај
/ Рок: декември 2009 /

5. Тренинг и Едукација

Ј.З.У. Функција:
1. Развој на хумани ресурси и едукација за јавно здравство.
2. Истражување во јавното здравство

Публикации

функција:
1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје

5.1. Здравствено-воспитна активност на санитарно-хигиенската дејност

Здравствено-воспитната активност на санитарно-хигиенската дејност во заводите за здравствена заштита е особено значајна во спроведување на

превентивните активности за подобрување на здравјето на населението посебно на вулнерабилни популациони групи.

За 2009 година планирани се неколку конкретни области во кои ќе бидат насочени здравствено воспитните активности и тоа:

- Подготвување на Вториот акционен план за храна и исхрана на Република Македонија за периодот од 2009 до 2013 година.
- Процена на подготовката за одговор на здравството при кризни состојби;
- Подготовка и печатење на Водич за подготвување на здравствено акциониот план за толотните бранови
- Подготовка и печатење на брошура за исхрана на болни од инфламаторни цревни заболувања
- Подготовка и печатење на брошура за исхрана на болни од карцином
- Дистрибуција на Водичи за безбедна храна "Пет чекори до безбедна храна" наменети за ученици од основните училишта
- Водич за "Здрава исхрана на стари лица"
- здравствен ризик од неправилна исхрана особено од консумирање на освежителни безалкохолни пијалоци;
- курсеви за HACCP
- Здравствениот бенефит од спроведување на редовни физички активности во периодот на детството, адолесценцијата и раниот адултен период.
- Манифестација за одбележување на Светскиот ден на срцето,
- Манифестација за одбележување на Светскиот ден на храната.

Карактер на задачите: Интерсекторски пристап
Индикатори: Изготвена публикација
/Рок: декември 2009/
Извршители: Р333–Сектор по хигиена и здравствена екологија

6. Едукација

Функција:
1. Развој на хумани ресурси и едукација за јавно здравство
2. Истражување во јавното здравство

6.1. Тренинг и едукација на специјалистичкиот кадар за процена на здравствениот ризик од медиумите на животната средина.

- Семинар за обука на специјалистички кадар од заводите за методологијата на работа и усогласување на мерните инструменти согласно препораките на СЗО
- Семинари за обука на наставници во основни училишта за безбедност на храна и исхрана

/Рок: Континуирано цела година по програма и план/

IV. РАДИЈАЦИОНА БЕЗБЕДНОСТ

1. Статистички истражувања од областа на здравството

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба.
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје.

2. Процена на здравствено-еколошкиот ризик и приоритетни јавно-здравствени проблеми поврзни со здравствената екологија

- Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба,
- Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното
- здравје,
- Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето - радијациона сигурност, радијациона безбедност, метролошки сервис, спречување на пролиферација со нуклеарни материјали

2. 1. Радиоекологија

1. Од областа на радиоактивната контаминација на животната средина,во редовни услови на ниска контаминација се работи следниот мониторинг на:
- контаминација на воздухот во Скопје и Гевгелија
- контаминација на атмосферските талози од Скопје, Гевгелија и Охрид
- контаминација на почвите од Скопје и Штип
- контаминација на природната добирочна храна
- контаминација на лебот,брашното
- контаминација на водите за пиење од Скопје и Охрид
- Контаминација на млекото од млекарницата во Битола
- контаминација на земјоделското производство

Во сите наведени медиуми ќе се испитува вкупна алфа, бета и гама активност и содржината на Sr-90 и ураниум

2. Мониторинг на надворшното гама зрачење на територијата на Република Македонија преку континуиран автоматизиран систем на 12 мониторинг станици.
3. Во случај на нуклеарна несреќа ќе се работи според планот за нуклеарни несреќи.

2.2. Дозиметрија и процена на радијациона сигурност

а) Следењето на степенот на изложеност на јонизирачко зрачење кај професионално изложените лица преку:
- месечен персонален дозиметриски мониторинг на цело тело за сите лица професионално изложени лица на јонизирачко зрачење, со употреба на TL – дозиметри,

- идентификација на дејности и селекција на лица со најголема изложеност на екстремитетите и нивно вклучување во месечен/тромесечен персонален дозиметриски мониторинг на екстремитети кај професионално изложени лица на јонизирачко зрачење,
- радијационен мониторинг на лице место во контролирани работни зони на јонизирачко зрачење и извештај за измерените дози, проценетите дози и нивото на работна изложеност.

2 .3. Медицински надзор на експонирани работници

Ќе се следи здравствената состојба на лицата професионално експонирани на јонизирачки зрачења и во 2009 година преку здравствени прегледи најмалку еднаш годишно со преземање на неопходните мерки за заштита на здравјето на тие лица.

V. ДЕЈНОСТ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЛЕКОВИ

Секторот за испитување и контрола на лекови при ЈЗО - Републички завод за здравствена заштита - Скопје заедно со Министерството за здравство ќе вршат евалуацијата на поставените задачи со цел да во производство и промет се најдат вакцини, токсини, имуно серуми и алергени; производи од деривати на човечка крв и други биолошки производи со проверен квалитет.

Контрола и испитување на: имунолошки производи: вакцини, токсини, имуно серуми и алергени; производи од деривати на човечка крв и други биолошки производи.

Од овие медицински производи ќе бидат земени препарати од домашно производство, увоз и промет како и комплетна постапка при регистрација и контрола на секоја серија пуштена во промет.

Карактер на задачите:
Индикатори:
Изготвен ивештај
/Рок: континуирано /
Извршители: РЗЗЗ –Сектор за испитување и контрола на лекови.

VI. БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ НА РАБОТА И ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ

Безбедноста и здравјето на работа претставува нов и современ концепт за унапредување на здравјето на професионално експонираните работници и за превенција на професионалните болести и повредите на работа. Станува збор за нов стратешки пристап во проценка на ризиците на работно место, со што нагласката се става на елиминирање и минимизирање на професионалниот ризик на местото на неговото создавање. Воспоставувањето на интегриран пристап во обезбедувањето

на превентивни услуги за безбедноста и здравјето на работа и , наместо унапредување на медицината на трудот, се темели на обврската за за хармонизирање на националното законодавство со директивите на Европската унија, Конвенциите на Меѓународното биро за труд, Глобалниот план за акција за здравјето на работниците на СЗО за период 2008-2017, како и на Стратегијата на Европскта Комисија за здравје и безбедност на работа за периодот 2007-2012 година. Донесувањето на Закон за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник на Рм вр.92/07) ја наметна обврската за донесување на Програма за безбедност и здравје на работа, како и на сите стручни и подзаконски акти што треба да обезбедат спроведување и функционалност на системот за унапредување на безбедноста и здравјето на работа. Со оглед на отпочнатиот реформски процес во областа на безбедноста и здравјето на работа, а во отсуство на евидентен прогрес во оваа област, ЈЗУ Републички завод за здравствена заштита, како врвна специјализирана јавно-здравствена институција во Република Македонија, може да придонесе за подобрување на интерсекторската соработка во оваа област и зајакнување на следните функции во Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување:

а) Развој на здравствена политика и анализа на квалитетот и економската ефикасност на системот за безбедност и здравје на работа, изготвувањето на Програма, стратегија и акции од јавно здравствен аспект, клучни за унапредување на безбедноста и здравјето на работа,
б) Креирање и дисеминација на податоци и информации битни во водењето на здравствената политика во областа на безбедноста и здравјето на работа ,
в) Современа превенција и контрола на професионалните болести и повреди на работа,
г) Учество во мултисекторската соработка за унапредување на безбедноста на работа и унапредување на здравјето на професионално експонираните работници,
д) Развој на хумани ресурси и институционални капацитети оптимални за развој на безбедноста и здравјето на работа.

Врз основа на домашната легислатива, меѓународните трендови, акти и стратегии, РЗЗЗ ја следи здравствената состојба на работничката популација во Република Македонија, како и системот и организацијата на здравствената заштита на работниците, ги прибира, обработува, анализира и евалуира релевантните здравствено-статистички податоци што се значајни за планирање и донесување на одлуки за унапредување на здравјето на работниците, предлага мерки за решавање на здравствените потреби на работниците и утврдува јавно-здравствени приоритети во оваа област. ЈЗУ РЗЗЗ има есенцијална улога во обезбедувањето квалитетни, валидни и ажурирани податоци за здравствената состојба на работниците и организацијата на здравствениот систем во оваа област, што претставува основа за стручна експертиза за креирање на политика базирана на докази и изготвување на стратегијата за безбедност и здравје на работа.

Унапредувањео на јавно-здравствените аспекти на професионалното здравје треба да се одвива преку зајакнување на капацитетите (едукација на кадрите), подобрување на информатичката инфраструктура, создавање бази на податоци и информациони под системи на здравствениот информационен систем, изготвување стратешки документи и современи публикации.

ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНО-ЗДРАВСТВЕНИ ФУНКЦИИ

јавно здравствена функција:

5: Развој на политики и институциски капацитети за планирање и управување со јавното здравство
6: Зајакнување на институциските капацитети за легислатива и зајакнување на јавното здравство
9. Обезбедување квалитет на здравствените услуги на индивидуи и популација
11. Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето

1. Креирање здравствена политика - Изготвување стратешки документи – Програма и Стратегија за безбедност и здравје на работа и професионално здравје

- Изготвување и имплементација на Програмата и Стратегијата за Безбедност и здравје на работа како основен документ со кој ќе се дефинираат сите приоритетни јавно-здравствени и други проблеми во оваа област, како и начините за нивно решавање
- Хармонизација на националното законодавство со регулативата на ЕУ, МОТ, СЗО и ЕК,
- Изготвување на стручни основи за донесување на подзаконските акти од надлежност на здравството што се есенцијални за обезбедување на функционалност на системот за безбедност и здравје на работа,
- Анализа на законската регулатива која ги уредува правата на работниците како пациентите согласно ЕУ директивите и МОТ конвенциите за следење на здравствената состојба на работниците,
- Учество во изготвување на Закон за јавно здравје со нагласка на јавно-здравтсвените аспекти на безбедноста и здравје на работа.
- Учество во изготвување на Национална Стратегија за проценка и управување со здравствени ризици поврзани со појавата на заразни и незаразни заболувања
- Учество во модернизација и реорганизација на јавно-здравствените служби и зајакнување на нивната функција со нагласка на обезбедување на основните функции за професионално здравје,
- Активности за зајакнување на капацитетот на здравствениот систем за јавно-здравствената подготвеност за одговор на кризи со нагласка на

работниците од првата линија на одговор и критичните инфраструктурни сектори,

Индикатори: Состаноци, презентации, работилници, трибини, изготвена програма и стратегија

Рок: Континуирано, а во согласност со претходно утврдена динамика на одредени проекти

Извршители: Одделение за медицина на труд и советникот на Директорот на ЈЗУ РЗЗЗ, Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ) во соработка со Министерство за здравство, Министерството за труд и социјална политика, СЗО, СБ.

2. Статистички истражувања од областа на здравството

јавно здравствена функција:

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје

Статистичките истражувања ќе се спроведуваат согласно постоечката легислатива.

2.1. Ревизија на постојните домашни закони и подзаконски акти во областа на здравствената статистика, водење на медицинска документација и евиденции во областа на безбедноста и здравјето на работа и учество во хармонизација со прописите и стандардите на Европската Унија

- Учество во изготвувањето на нов предлог Закон за евиденции и збирки на податоци во здравството со нагласка на евиденциите за безбедност и професионално здравје,
- Учество во Проект за имплементација на новата евиденција во здравството според стандардите на ЕУ и МОТ што се однесуваат на безбедност и здравје на работа,
- Учество во подготовките на стручно-методолошко Упатство за примена на новиот Закон за збирки на податоци во здравството
- Учество во подготовка на нови обрасци за евиденции во здравството согласно новиот Закон и стандардите на ЕУ во делот на професионалното здравје,

Индикатори: дадени, елаборирани и усвоени коментари кон Закон за евиденции и збирки на податоци во здравството и усвоен од Влада и Парламент, дадени, образложени и усвоени коментари кон подзаконските акти и новите обрасци за евиденција во деловите кои се однесуваат на

професионалното здравје: одржани семинари за едукација, спроведени теренски увиди

Рок: декември 2009

Извршители: Одделението за медицина на труд и советникот на Директорот на ЈЗУ РЗЗЗ, Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

2.2. Функционирање и развивање на Здравствено-статистички информативен центар

- Развивање и надградување на постоечките софтвери за водење на евиденциите во областа на безбедноста и здравјето на работа во согласност со домашната легислатива и меѓународните побарувања(EUROSTAT, HFA, MDG, ESAW и др.)
- Примена на SPSS-програма за обработка на податоците
- Надградување на веб страна со информации з абезбедност и здравје на работа
- Развивање на Центарот за информации на граѓаните со содржини што се однесуваат на безбедност и здравје на работа

Индикатори: Изготвени софтвери, достапни ажурирани податоци, објавени податоци, ажурирана веб страница, континуирана активност на Центарот за информации на граѓаните

Рок: Континуирано во текот на 2009

Извршители: Одделението за медицина на труд, Советник на Директорот на ЈЗУ РЗЗЗ Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

3. Информации за здравствената состојба на вулнерабилни групи и приоритетни јавно-здравствени проблеми

Јавно здравствена функција:

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје
4. Евалуација и промоција на еднаков пристап до потребните здравствени услуги
7: Социјално учество во јавно здравство
11. Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето

3.1. Информации за здравствената состојба на работничката популација

Поради актуелноста на здравствените проблеми и вулнерабилноста на работничката популација, неопходно е да се подготви посебни информација за здравјето на професионално експонираните работници и да се идентификуваат приоритетние јавно-здравтвени проблеми.

Индикатори: Изготвена 1 информација за здравствената заштита и здравствената состојба на професионално експонираните работници.

Рок: 1 месец по доставувањето на податоците

Извршители: Одделение за медицина на труд, советник на директорот на ЈЗУ РЗЗЗ, Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

3.2. Информации за приоритетни јавно здравствени проблеми

- Ќе се изготват информации за повредите на работа и професионалните болести како приоритетни јавно-здравствени проблеми на работничката популација.

Индикатори: Изготвена 1 информација

Рок: 1 месец по доставување на податоците

Извршители: Одделение за медицина на труд, советник на Директорот на ЈЗУ РЗЗЗ, Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

4. Публикации

Јавно здравствена функција:

1. Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2. Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје
3. Здравствено воспитување

- Публикациите за повреди на работа и за професионални болести ќе се изготват врз база на обработката на податоците од постоечкиот регистар за професионални болести и евиденцијата за повреди на работа. Ќе се презентираат податоци според повеќе параметри: морбидитет, структура, пол, возраст, место на живеење (град-село) општини, здравствени организации и др.:

Рок: 31.10.2009
Извршители: Одделение за медицина на трудот и советник на Директорот на ЈЗУ РЗЗЗ, Сектор за социјална медицина од Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и служби за социјална медицина од заводите за здравствена заштита (ЗЗЗ)

5. Управување со здравствениот ризик од поедини заразни болести

Јавно здравствена функција:
1: Мониторинг, евалуација и анализа на здравствената состојба
2: Проценка, следење, истражување и контрола на ризици за јавното здравје
4: Евалуација и промоција на еднаков пристап до потребните здравствени услуги
11: Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето

5.1. Спречување и сузбивање на заразните заболувања во Република Македонија

Врз основа на прибраните и обработени околу 28000 индивидуални пријави за заразни болести, ќе се направи анализа на учеството на појавата на професионалната инфекција во појавата и развојот на професионалните заразни болести (антракс, бруцелоза, хепатит Б).

Индикатори: 12 месечни информации за движењето на професионалните заразни болести1 годишна информација за состојбите со професионалните заразни болести во Република Македонија

Рокови: секој месец за претходниот месец и 31.03. 2010 за Годишната информација

Извршители: Одделение за медицина на труд, Советник на Директорот на ЈЗУ РЗЗ и Секторот за епидемиологија и микробиологија, ЈЗУ РЗЗЗ

6. Активности во случај на вонредни состојби и пандемиски грип

Јавно здравствена функција:
11: Редуцирање на влијанието на итни состојби и катастрофи врз здравјето

Во случај на епидемии од поголеми размери, несреќи, елементарни непогоди, закана од биолошко оружје и др., ќе изготвува стручни упатства и препораки од областа на безбедноста и здравјето на работа – работници во

првата линија на одговор и работници од секторите што ја претставуваат критичната инфраструктура.
Учество во изработка на Национален План за одговор на здравствениот сектор при кризни состојби.

Индикатори: *Изработен план за подготовка за одговор на работниците во* првата линија на одговор и на работниците што припаѓаат кон критичната инфраструктура

Рокови: тековно во текот на целата година (според индикација)

Извршители: мултисекторска соработка во ЈЗУ РЗЗЗ, Одделение за медицина на труд, советник на директорот на ЈЗУ РЗЗЗ.

7. Едукација

Јавно-здравствена функција:

1. Развој на хумани ресурси и едукација за јавно здравство
3. Истражување во јавното здравство

7.1. Тренинг и едукација на специјалистите по медицина на труд за процена на ризикот на работно место.

7.2. Едукација на јавно здравствените работници, инжинерите за заштита на работа, стручните лица по безбедност и здравје на работа и трудовите инспектори за безбеноста и здравјето на работа, како и за основите на националната и регулативата на меѓународните организации во областа на безбедноста и здравјето на работа.

Индикатори: реализирани две трибини и две работилници

Рок: Континуирано цела година по програма и план

Извршители: Одделение за медицина на труд, советник на Директорот на ЈЗУ РЗЗЗ

VII. Превентивна програма за оценка на здравствената состојба и работната способност кај невработени лица во Република Македонија

Невработеноста претставува еден од главните проблеми во Република Македонија кој е поврзан со долгогодишниот процес на преструктуирање и општествено- економската транзиција. Според Државниот завод за статистика стапка на невработеност изнесува 36,1%, а во II квартал 2006 г вкупно невработени се пријавени 319 316 од кои мажи 187 770 (58,8%) и жени 131 546 (41%).

Невработеноста е и глобален проблем. Покрај промените на работната сила како стареењето на работоспособното население, зголемено учество на жените, зголемена мобилност и подигање на нивото на образование, се очекува и зголемнување на стапката на невработеност на глобално ниво да биде главен и долгогодишен проблем.

Невработеноста е асоцирана со здравствени проблеми поврзани со економски тешкотии, сиромаштија, непогодни услови за живеење, лоша исхрана и водоснабдување, социјални и психолошки проблеми, стрес , неподобен животен стил (пушење и алкохол) и повисоки стапки на морбидитет и морталитет (кардиоваскуларни заболувања, карциноми, инфективни заболувања, дијабетес)
Исто така дел од од оние кои официјално се водат како невработени, а работат на црниот пазар на труд, често под било какви услови, се изложени на непознати ризици со што претставуваат исклучително вулнерабилна популација. Ова како како проблем е присутно и во Република Македонија .

Според Глобалната стратегија на СЗО (WHO Global Strategy on occupational Health for all) владите на земјите членки на СЗО треба да водат политика која ќе овозможи секој граѓанин да има вработување согласно потребите и способностите како и да обезбеди разумни приходи во здрави и безбедни работни услови. Имајќи го предвид големиот процент на невработени во Република Македонија грижата на државата за оваа посебно вулнерабилна група манифестирана како грижа за нивната здравствената состојба и работоспособност е важен поттик во економските реформи бидејќи само здраво работоспособно население е во состојба да ги носи економските реформи и да се справи со реформските предизвици. Вклучување на отворен пазар на труд на здрави и работоспособни поединци е еден од главните фактори за економски просперитет. Европската Комисија дава особено значење на сите мерки и активности за одржување и промовирање на здрава работна сила имајќи ја предвид социјалната и економската димензија на невработеноста (Програма за акција на Европската Унија во областа на јавно здравје , 2003-2008)

Досега за невработените, како специфична вулнерабилна група на популација и покрај различни мерки кои општеството ги спроведува не се

креирани посебни превентивни здравствени пророграми ниту е изведена стручна или научна проценка за здравствената состојба и работна способност кај нив како потенцијал на пазарот на трудот. Интерес е на општествената заедница да ја спроведе оваа превентивна програма имајќи ги предвид можните позитивни ефекти врз продуктивната работна сила и нејзините импликации во рамките на социјален одржлив развој.

НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:

Носител и реализатор на програмата е Институтот за медицина на трудот на РМ, колаборативен центар на СЗО од областа на медицина на труд и јавно здравствените служби за медицина на труд при Здравствените домови во Скопје, Битола, Охрид, Прилеп, Куманово, Велес.

ЦЕЛИ

Целите на програмата се :

- Утврдување на здравстената состојба кај невработеното население,
- Утврдување на работоспособноста кај невработеното население
- Проценка на влијанието на претходните работни места во однос на професионални заболувања и заболувањата во врска со работа
- Проценка на факторите кои влијаат на здравствената состојба и работоспособноста (должината на невработеност, животниот стил, социоекономските и др фактори)
- Проценка на хроничниот стрес
- Здравствено - воспитна активност кај невработените со промоција на здравје

ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

- Јавно здравствената мрежа на службите за медицина на труд и Институтит за медицина на труд на РМ , СЗО Колаборативен центар, располагајќи со специјализирани кадри и профили активно ќе бидат вклучени во реализација на програмата.
- Се планираат 2000 насочени превентивни медицински прегледи (систематски прегледи) на подрачје со вкупно 187 860 невработени (или 58,8% од вкупно невработени во целата држава) покриено со јавно здравствената мрежа. Земајќи ја предвид дистрибуцијата на невработеноста според Агенцијата за вработување на Република Македонија по центри за вработување, превентивните прегледи ќе бидат изведени со следната дистрибуција: во Скопје(85 782 невработени) 910 прегледи (Институт за медицина на труд на РМ, СЗО Колаборативен центар- 660, Служба за медицина на труд во Поликлиника Букурешт- 250) Велес (15 474 невработени) - 160 прегледи, Куманово (30 093 невработени) - 320 прегледи, Охрид (12

242 невработени) - 130 прегледи, Прилеп (24 250 невработени) - 260 прегледи Битола (20 019 невработени) - 220 прегледи.

- Скрининг превентивни медицински (систематски) прегледи ќе бидат бидат изведувани кај официјално невработени лица 18- 64 години .
- Прегледите ќе се состојат од : преглед на специјалист по медицина на трудот, ЕКГ на срце, стандарден лабораториски преглед на крвта и урината и ќе биде применуван прашалник за евалуација на стрес. Ќе биде изведувана и превентивно едукативно -воспитната функција во текот на прегледите .
- По анализата на добиените податоци ќе бидат изготвувани извештаи за секое лице посебно и ќе бидат давани предлози за превентивни мерки.Овие извештаи ќе им бидат давани на прегледуваните лица. При постоење на индикации , одредени лица со зголемен ризик од оштетување на здравјето ќе бидат повикувани во Институтот за медицина на трудот на РМ за дополнителни испитувања како на пример неспецифични бронхопровокациони тестови, гасни анализи, ергометрија, риноманометриско мерење на назалната функција, алерготестови, офталмолошки, оториноларинголошки, или невропсихијатриски прегледи.
- Во текот на прегледите ќе биде изведено и епидемиолошко испитување на невработено население со примена на посебно дизајниран прашалник за да се добијат основните информации за должината на невработеноста, социјалните фактори, живеалиштето, исхраната, претходните професионалните здравстени ризици, животниот стил како и здравствената состојба.
- На Министерството за здравство на РМ по статистичка обработка на податоците ќе му биде доставен збирен извештај за здравствената состојба кај прегледаните невработени лица, нивната работна способност и ќе бидат предложени понатамошни превентивни мерки.

ДИНАМИКА

Програмата ќе биде реализирана во текот на јануари- декември 2009 год .

Д И Н А М И К А

Програмата ќе биде реализирана во текот на 2008 год . Ќе бидат изведувани прегледи и промовирана кампањата, а евалуацијата ќе биде изведена во текот на последниот месец. Оценката на здравствената состојба и работна способност ќе се извршува преку:

- Преглед на специјалист по медицина на труд	200,00 денари
- ЕКГ	100,00 денари
- Основни лабораториски аналици (крвна слика, гликемија, урина)	150,00 денари
- Психолошки тестирања	50,00 денари
ВКУПНО:	500,00 денари

За програмските активности за анализа на здравствената состојба и проценка на работната способност кај невработеното население во Република Македонија,кои ќе ги спроведуваат Институт за медицина на труд Скопје и мрежата од Служби за медицина на труд во Здравствените домови. потребни се следните финансиски средства:

Здравствена установа	Број на прегледи	Вкупно денари
Институт за медицина на труд	660 x 500	330.000,00
Здравствен дом Скопје Поликлиника Букурешт	250 x 500	125.000,00
Здравствен дом Прилеп	260 x 500	130.000,00
Здравствен дом Охрид	130 x 500	65.000,00
Здравствен дом Куманово	320 x 500	160.000,00
Здравствен дом Велес	160 x 500	80.000,00
Здравствен дом Битола	220 x 500	110.000,00
ВКУПНО	**2000 X 500**	**1.000.000,00**

За реализација на програмските активности во анализа на здравствената состојба и проценка на работната способност кај невработеното население во Р. Македонија потребни се следните средства:

Институт за медицина на труд на РМ:

Рр. Бр.	Назив	Износ во денари
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд. (660 x 200 ден)	132 000
2.	ЕКГ (660 x 100)	66 000
3.	Основни лабораториски анализи крвана слика, гликемија, урина (660 x 150)	99 000
4.	Психолошки тестирања (660 x 50)	33 000
	ВКУПНО	**330. 000**

Служба за медицина на труд- Поликлиника "Букурешт":

Ред бро	Назив	Износ во денари
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд. (250 x 200 ден)	50 000
2.	ЕКГ(250 x 100)	25 000
3.	Основни лабораториски анализи крвана слика, гликемија, урина (250 x 150)	37 500
4.	Психолошки тестирања (250 x 50)	12500
	ВКУПНО	**125 000**

Служба за медицина на труд- Прилеп:

Ред бр.ј	Назив	Износ во денари
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд. (260 x 200 ден)	52 000
2.	ЕКГ (260 x 100)	26 000
3.	Основни лабораториски анализи крвана слика, гликемија, урина (260 x 150)	39 000
4.	Психолошки тестирања (260 x 50)	13 000
	ВКУПНО	**130 000**

Служба за медицина на труд- Охрид:

Ред Бр.	Назив	Износ во денари
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд. (130 x 200 ден)	26 000
2.	ЕКГ(130 x 100)	13 000
3.	Основни лабораториски анализи крвана слика, гликемија, урина (130 x 150)	19 500
4.	Психолошки тестирања (130 x 50)	6500
	ВКУПНО	**65 000**

Служба за медицина на труд- Куманово:

Ре. Бр.	Назив	Износ во денари
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд. (320 x 200 ден)	64 000
2.	ЕКГ (320 x 100)	32 000
3.	Основни лабораториски анализи крвана слика, гликемија, урина (320 x 150)	48 000
4.	Психолошки тестирања (320 x 50)	16 000
	ВКУПНО	**160 000**

Служба за медицина на труд- Велес:

Ред брј	Назив	Износ во денари
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд. (160 x 200 ден)	32 000

2.	ЕКГ (160 x 100)	16 000
3.	Основни лабораториски анализи крвана слика, гликемија, урина (160 x 150)	24 000
4.	Психолошки тестирања (160 x 50)	8000
	ВКУПНО	**80 000**

Служба за медицина на труд- Битола:

Ред бр.ј	Назив	Износ во денари
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд. (220 x 200 ден)	44 000
2.	ЕКГ (220 x 100)	22 000
3.	Основни лабораториски анализи крвана слика, гликемија, урина (220 x 150)	33 000
4.	Психолошки тестирања (220 x 50)	11000
	ВКУПНО	**110 000**

VIII. Превентивна програма за оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците во Република Македонија

Поддржувањето на здравствената рурална политика се налага како потреба во контекст на "Глобалниот акционен план за здравјето на работниците 2008-2017"на СЗО каде здравјето на земјоделците е фокусирано во акција 9 за минимизирање на разликите меѓу различни групи на работници . Земјоделците спаѓаат во вулнерабилна група работници со специфични професионални ризици кое пошироко ги опфаќа членовите на домаќинствата, односно руралното население на различни начини вклучено во дејноста земјоделие. Повеќе од 68% од светската популација живее во руралните подрачја, а повеќе од 1300 милиони рурални жители во светот имаат приходи под национално дефинираните граници на сиромаштија.

Земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболовот се најчести професионални активности како релевантни извори на приходи кај руралната популација во Република Македонија. Сепак, најголемиот број од жителите во руралните средини се вклучени во земјоделски работи на различни нивоа во одгледување на земјоделски култури, но и во сточарството, многу често на фамилијарна основа. Култивираната почва од агрикултурен аспект се проценува на 662 000 хектари. Во прилог на ова е спроведениот последен Попис за земјоделие на РМ 2007 год од страна на Државниот завод за статистика во рамките на Владината политика.

И покрај големото значење на земјоделието во економијата, анализата, третирањето и превенцијата на професионалните здравствени

ризици во замјоделието недостасуваат или се безначајни. Во основа, недостасуваат податоци за здравствената состојба на земјоделските работници. Исто така, повеќето од земјоделските работници, поради фамилијарниот карактер на извршување на земјоделските работи, не се соодветно опфатени со специфична здравствена заштита која ја обезбедуваат законите насочени кон безбедноста и здравјето на работа, односно со службите за медицина на труд. Старосната граница на руралното население која во одредени области се зголемува над 65 год и искористувањето на детскиот труд во фамилијарното работно ангажирање се посебни аспекти и проблеми на руралното здравје.

Одредени податоци за балканските земји укажуваат високи стапки на повредите на работа како резултат на употреба на стари машини, повреди од животни при што најчести професионални заболувања се однесуваат на оштетување на слухот, алергиите, заболувања од биолошки штетни нокси мускулни- скелетните заболувања, труења со пестициди, оштетувања од вибрации. Во Република Македонија регистрирани се податоци дека повредите на работа во земјоделието се 5,2% од сите повреди. Исто така, забележано е дека стапката на инфективните и паразитарните заболувања како причина за смрт е повисока во руралните во однос на урбаните средини (16,8: 10,5 на 100 000 жители).

Според последниот попис над 40% од вкупното население е рурално население. Но, трендот на урбано - руралните односи во Република Македонија е загрижувачки со намалување на процентот на руралното население. Ова укажува на интензивната миграција и рапидно зголемување на жителите во урбаните центри. Просек на лекарски посети на еден жител во руралните подрачја е 3,7, кај урбаните 7,9. Еден доктор во урбаните подрачја дава услуги на 929 пациенти (норматив 1300-2000), а во руралните на 2258 (норматив 1500-2000). Во однос на урбаните средини, кај луѓето од руралните предели, пристапот до превенцијата на здравјето е многу послаб.

Подобрувањето на здравјето кај луѓето што живеат во руралните предели бара мултидимензионален пристап, кооперативна активност со цел промоција на физичката , менталната и социјалната благосостојба. Квалитетот на здравјето се базира на многу широки детерминанти како средина, економија, ресурси, образование и заштита на здравјето. Затоа, фокусирањето на борбата против сиромаштијата во руралните предели треба да биде основа за развојните стратегии, каде се вклопува и превентивната програма за поттикнување на руралниото здравје.

НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:

Носител и реализатор на програмата е Институтот за медицина на трудот на РМ, колаборативен центар на СЗО од областа на медицина на труд и јавно здравствените служби за медицина на труд при Здравствените домови во Скопје, Битола, Прилеп, Куманово, Велес, Дебар, Тетово, Струмица, Охрид.

Ц Е Л И

Целите на програмата се :

- Добивање на податоци за професионалните ризици кај земјоделците, со програмирано епидемиолошко испитувања
- Утврдување на здравстената состојба кај земјоделците и руралното население, проценка на професионалните заболувања и заболувањата во врска со работа и предлагање на превентивни медицински мерки.
- Превентивен надзор кај лицата со зголемен професионален ризик за оштетување на здравјето.
- Здравствено - воспитна активност за руралното население во врска со професиналните здравствени ризици,
- Едукација на здравствените кадри

ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Носител и реализатор на програмата е Институтот за медицина на трудот на РМ , Колаборативен центар на СЗО од областа на медицина на труд.

Превентивните мерки и активности вклучуваат:

- Почетното епидемиолошко испитување, неговото организирање и спроведување е предвидено за земјоделци (3000 лица) на територијата на Република Македонија во кое ќе бидат вклучени службите за медицина на труд (Скопје, Битола, Прилеп, Куманово, Велес, Дебар, Тетово, Струмица, Охрид) со цел да се добијат основните информации (со примена на прашалник). Според епидемиолошките принципи, со податоците за професионалните здравстени ризици и здравствената состојба кај испитуваните земјоделци ќе се лоцираат и проценат основните проблеми на медицината на трудот кај земјоделците.
- Се планираат 300 насочени превентивни медицински прегледи, по методологија на случаен избор од повеќе места во Републиката, на терен со медицинска екипа, кај избраната земјоделска популација .
- Прегледите ќе се состојат од: преглед на специјалист по медицина на трудот, спирометриско тестирање на белодробната функција, ЕКГ на срце, проценка на визус, аудиометрија, стандарден лабораториски преглед на крвта и урината, психолошки тестирања (проценка на стресогени фактори и одредување на стрес индекс). Според индикации за експозицијата кај дел од лицата ќе бидат изведени токсиколошки анализи за труење со пестициди со одредување на серумска холинестераза и ќе биде одредуван и СО во крв. Пред прегледите со цел анимација на населението и во текот на прегледите, според добиените податоци ќе биде изведувана и превентивно едукативно - воспитната функција. По анализата на добиените податоци ќе бидат изготвувани извештаи за секое лице посебно и ќе бидат давани предлози за превентивни мерки. При постоење на индикации , одредени лица со

зголемен ризик од оштетување на здравјето ќе бидат повикувани во Институтот за медицина на трудот на РМ за дополнителни испитувања: неспецифични бронхопровокациони тестови, алерготестови по prick метода со стандардни инхалациони алергени, ергометрија, риноманометриско мерење на назалната функција, офталмолошки, оториноларинголошки, невропсихијатриски прегледи .

- Ќе биде изведен десетмесечен аеропалинолошки мониторинг на поленските концентрации за детекција на алергогените полени во воздухот, поврзани со земјоделската активност (на 2 мерни места во рурални средини)
- Ќе бидат одржани работилници за професионалните рурални ризици кај земјоделците (за матичните лекари од руралните предели и специјалисти по медицина на трудот),
- Ќе биде изработен пропаганден материјал и брошура (македонски и албански јазик).

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

за оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците во Република Македонија, потребни се следните средства:

Ред. број	Назив на активности
1.	Прегледи на специјалист по медицина на труд
2	Спирометриско испитување на белодробната функција
3.	**EKG**
4.	Аудиометрија
5.	Психолошки тестови (македонски и албански јазик) -проценка на стресогени фактори - проценка на стрес индекс
6.	Проценка на визус
7	Основни лабораториски анализи - крвна слика, гликемија, урина

8.	Токсиколошки анализи-СО во крв
9.	Токсиколошки анализи - холинестераза во серум
10.	Неспецифични бронхопровокативни тестови
11.	**Алерготестови по скин-прицк метода со стандардни инхалациони алергени**
12.	**Ergometrija**
13.	Риноманометрија
14.	Офталмолошки прегед
15.	**Оториноларинголошки преглед**
16.	**Невропсихијатриски преглед**
17.	Аеропалинолошки мониторинг на едно место во текот на 10 месеци
18.	Епидемиолошко испитување: подготовка, изработка на прашалник за професионални ризици и здравствена состојба кај земјоделците (македонски и албански јазик) и пополнување на прашалниците
19.	Надоместоци за екипите при теренската работа
20.	Едукативни и здравствено- воспитни активности на 300 лица земјоделци
21.	Едукативни работилници за 10 служби по медицина на труд

22.	Изработка на брошура и пропаганден материјал, печатење и дисеминација (македонски и албански јазик)
23.	Трошоци за статистичка обработка на податоците
	ВКУПНО 1.000.000,00 ден.

Вкупните средства од буџетот на Република Македонија потребни за реализација на програмата за оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците во Република Македонија изнесуваат 1.000.000, 00 ден.

IX. Скрининг на хроничните хепатитис Ц

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

1. Континуирано следење на епидемиолошката состојба во земјата, преку спроведување на организирани активности за рано откривање на инфекцијата со скрининг тестови на теренот;

ИЗВРШИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ

Во решавање на проблемот на хепатитис Ц неопходно е воспоставување на континуирана стручна соработка и координација преку:

1. Републичкиот завод за здравствена заШтита во Скопје;
2. Институтот по епидемиологија на Медицинскиот факултет во Скопје;

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на пограмските активности за 2009 година потребни се следните средства:

А	**Републичкиот завод за здравствена заштита - Скопје**	23.600.000,00
	РАДИЈАЦИОНА БЕЗБЕДНОСТ	5.000.000,00
	ДЕЈНОСТ ЗА КОНТРОЛА НА ЛЕКОВИТЕ	200.000,00

	БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ НА РАБОТА И ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ	200.000,00
	НАБАВКА НА ТЕСТОВИ ЗА СКРИНИНГ НА ХЕПАТИТИС Ц ЗА РИЗИЧНИ ГРУПИ (1.000.000,00 ДЕН.) И СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА СКРИНИНГ (500.000,00 ДЕН)	1.500.000,00
	ПАНДЕМСКИ ГРИП	5.000.000,00
	ВКУПНО: А	**35.500.000,00**
Б	**ЗАВОДИ**	
1.	Завод за здравствствена заштита – Штип	4.200.000,00
2.	Завод за здравствствена заштита - Тетово	6.000.000,00
3.	Завод за здравствствена заштита - Струмица	3.800.000,00
4.	Завод за здравствствена заштита - Прилеп	4.000.000,00
5.	Завод за здравствена заштита - Скопје	10.000.000,00
6.	Завод за здравствена заштита - Куманово	5.600.000,00
7.	Завод за здравствствена заштита - Охрид	4.400.000,00
8.	Завод за здравствена заштита - Кочани	3.800.000,00
9.	Завод за здравствена заштита - Битола	5.000.000,00
10.	Завод за здравствена заштита - Велес	5.200.000,00
	ВКУПНО: Б	**52.000.000,00**
В	**Институт за медицина на труд**	**2.000.000,00**
Г	**Институт по епидемиологија и биостатистика за активности за скрининг за Хепатитис Ц**	**500.000,00**

Вкупните средства за реализација на оваа програма ќе се обезбедат и од Буџетот на РМ за 2009 год. во износ од 90.000.000,00 денари,

Распределба на средствата по Програмата квартално ќе ја врши Министерството за здравство на здравствените установи, извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Надзор над спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Здравствените установи кои се извршители во Програмата, најдоцна до 31.01.2010 година ќе достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2009 година, предвидени со Програмата.

Програмата ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година во износ од 90.000.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6580/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м–р **Зоран Ставрески,** с.р.

88.

Врз основа на член 24а став 10 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04 и 127/06), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗНИ РЕДОВИ ЗА НОВИ ЛИНИИ И ЗА ПРОМЕНА НА ОДОБРЕНИ ЛИНИИ ВО МЕЃУОПШТИНСКИОТ И МЕЃУНАРОДНИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА И НА ВОЗНИОТ РЕД

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници и за формата и содржината на образецот на дозволата и на возниот ред („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/07) во член 4 во ставот 3, зборовите: „поднесување на барањето“ се заменуваат со зборовите: „електронското барање“.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

“Електронското барање, обработката на податоците како и целокупната постапка за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии се врши преку електронски систем достапен на интернет страницата на Министерството за транспорт и врски.

Пред поднесувањето на барањето по електронски пат, законскиот застапник или лице овластено од законскиот застапник на превозникот поднесува барање до Министерството за транспорт и врски за добивање на корисничко име и лозинка за најавување на електронскиот систем за внесување на податоците и потпишува и доставува изјава заверена на нотар дека податоците кои ќе бидат внесени со електронското барање се веродостојни и вистинити.“

Член 3

Во член 6 во ставот 1 зборот “барањето“ се заменува со зборовите “електронското барање“ .

Ставот 2 се брише.

Член 4

Членот 7 се менува и гласи:

„Во електронското барање превозникот пополнува задолжителни информации за исполнување на условите за одобрување на возниот ред согласно одредбите во член 24-а став 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај.

Како доказ за исполнување на условот од член 24-а став 4 алинеа 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај, превозникот внесува податоци за сите возила со кои располага (со капацитет 22+1 седиште по возило), регистрирани на име на фирма или за кои има договор за лизинг, како број на регистрација, марка и тип на возило, број на шасија, број на мотор, број на седишта, дата на важење на регистрација, потврда за секое возило дека ги исполнува посебните техничко-експлотациони услови пропишани за возила за вршење на меѓуопштински и меѓународен линиски превоз предвидени со Правилникот за посебни техничко-експлотациони услови за возилата за вршење на одделните видови на превоз во патниот сообраќај и за формата и содржината на потврдата за исполнување на посебните техничко-експлотациони услови. Потврдата за техничко-експлотациони услови се внесува во скенирана форма.

Доколку возниот ред за линијата е со повеќе поаѓања кои не можат да се одржуваат со едно возило, превозникот треба за тие возни редови да поседува толку возила колку што е потребно за да може да ги одржува сите поаѓања броејќи ги и возилата кои му се потребни за одржување на предходно веќе одобрени возни редови.

Како доказ за исполнување на условот од член 24-а став 4 алинеа 5, од Законот за превоз во патниот сообраќај,превозникот внесува податоци за возачите во редовен работен однос кај превозникот,како податоци за платени придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување согласно закон.“

Член 5

Членот 8 се менува и гласи:

„Одобрувањето за возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии кое се врши преку електронски систем го следи и контролира Комисијата за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.

Врз основа на добиените резултати од компјутерски обработените апликации, Комисијата од став 1 на овој член доставува предлог листа на одобрени, односно одбиени барања до министерот за транспорт и врски за одобрување.“

Член 6

Во член 10 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Доколку во рок од 6 до 12 месеци од денот на поднесување на барањето за издавање на дозвола за одобрен возен ред за меѓународна линија не се издаде дозвола без оглед на причината за неиздавање, постапката за издавање на дозвола се запира, а возниот ред за одобрената линија се одзема.“

Во ставот 4 кој станува став 5 по зборот “линијата“ се става запирка и зборовите “ и истата ќе се брише од регистерот на одобрени линии“ се заменуваат со зборовите „а возниот ред за одобрената линија се одзема“.

Член 7

Во членот 11 зборот „барање“ се заменува со зборовите “електронско барање“.

Член 8

Во член 12 во ставот 2 точката се брише и се додаваат зборовите “со точно наведување кој превозник кое поаѓање ќе го одржува“.

Член 9

Во член 13 во ставот 1 зборовите “утврдувањето на предлогот“ се заменуваат со зборовите “електронското барање“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Критериумите од став 1 алинеја 2 од овој член се применуваат при одобрување на возен ред за патничка и директна меѓународна линија за делот на територијата на Република Македонија.“

Член 10

Членот 14 се менува и гласи:

„Почетна и крајна станица во возниот ред за меѓуопштинските линии можат да бидат само седиштата на општините.

Места за застанување односно попатни станици во возниот ред за меѓуопштинските линии можат да бидат населени места.

Почетни станици и места за застанување во возниот ред за меѓународни линии можат да бидат само населени места во кои има автобуски станици.“

Член 11

Во членот 15 зборот „Барањето“ се заменува со зборовите: „Електронското барање“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Доколку во возниот ред има повеќе поаѓања ќе бидат одобрени само поаѓањата кои ги исполнуваат критериумите од член 13 од овој правилник.“

Член 12

Во член 16 зборовите “во постапката“ се заменуваат со зборовите “електронското барање“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Доколку за еден возен ред, електронско барање поднесат два или повеќе превозника, барањето за возен ред се одобрува на превозникот кој прв аплицирал.“

Член 13

Членот 17 се менува и гласи:

„Важноста на возниот ред и дозволата за вршење на линиски превоз на патници се продолжува на барање на превозникот.

Барањето за продолжување на возниот ред и дозволата, во меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, се поднесува до Министерството за транспорт и врски и тоа најкасно 30 дена пред истекот на важноста. Кон барањето за продолжување на возниот ред и дозволата за вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници, превозникот ги приложува следните документи:

- копија од лиценцата за вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници,
- список на возила во сопственост, односно возила што ги користи по договор за лизинг, со фотокопии од сообраќајни дозволи заверени на нотар и возачки дозволи од возачите,
- список на возачи во редовен работен однос и доказ за платени придонеси по основ на вработување,
- потребен број на возни редови и
- доказ за платени административни такси.

Барањето за продолжување на возниот ред и дозволата, во меѓународниот линиски превоз на патници, се поднесува до Министерството за транспорт и врски и тоа во рок од 3 до 6 месеци пред истекот на важноста. Кон барањето за продолжување на возниот ред и дозволата за вршење на меѓународен линиски превоз на патници, превозникот ги приложува следните документи:

- копија од лиценцата за вршење на меѓународен линиски превоз на патници,
- список на возила во сопственост, односно возила што ги користи по договор за лизинг, со фотокопии од сообраќајни дозволи заверени на нотар и возачки дозволи од возачите,
- список на возачи во редовен работен однос и доказ за платени придонеси по основ на вработување согласно Законот за работни односи,
- распоред-план на возење на возачите за експлоатација на линијата,
- договор за заедничка експлоатација на линијата со странскиот превозник во два примероци на јазикот на превозниците, заверен на нотар доколку со меѓународен договор е предвидено линискиот превоз на патници да се воспоставува врз основа на реципроцитет,
- потребен број на возни редови, итинерери и ценовници и
- доказ за платени административни такси.“

Член 14

Во член 18 во став 1 во алинејата 1 по зборовите „став 2“ се додаваат зборовите “и 3“.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„Доколку се исполни некој од условите од став 1 на овој член, не се продолжува важноста на возниот ред и дозволата за вршење на линиски превоз на патници и возниот ред и дозволата се одземаат и се бришат од евиденцијата на издадени дозволи за меѓуопштински линиски превоз, односно од регистарот на издадени дозволи за меѓународни линии.

Важноста на возниот ред и дозволата за меѓународен линиски превоз на патници не се продолжува доколку постапката за нејзино продолжување не заврши во рок од 6 до 12 месеци и возниот ред и дозволата се одземаат и се бришат од регистерот за издадени дозволи за меѓународни линии.“

Член 15

Членот 19 се менува и гласи:

„Регистрираниот возен ред и издадената дозвола за вршење на линиски превоз на патници можат да престанат да важат и пред истекот на рокот на важење ако:

- превозникот престанал да ги исполнува условите врз основа на кои се издадени,
- престанала важноста на лиценцата,
- на барање на превозникот и
- превозникот престанал да постои по други посебни прописи.

Доколку се исполни некој од условите од став 1 на овој член возниот ред и дозволата за вршење на линиски превоз на патници се одземаат и се бришат од евиденцијата на издадени дозволи за меѓуопштински линиски превоз односно од регистарот на издадени дозволи за меѓународни линии.“

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-226
9 јануари 2009 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-5512-400.
Телефакс: +389-2-5512-401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009003